број 74-75 2010

Театарски гласник

КАВАДАРЦИ ГРАД НА КУЛТУРАТА

СОДРЖИНА

Светски ден на театарот 5
Македонска порака од Никола Ристановски 5
Меѓународна порака од Џуди Денч.....6
Кавадарци град на културата 7
АНГЕЛИНА ДИМОВСКА:
Добар почеток и крај.....24
ЉУБОМИР ГРУЕВСКИ:
Стамено чекорење кон театарските висини.....29
ЃОРЃИ ЈОЛЕВСКИ:
Охридско лето 2010 под мотото
"Театарски реминисценции" 49
СЛОБОДАНКА ЧИЧЕВСКА
Интернационален фестивал на античка
драма "Стоби 2010" 61
ГОЦЕ РИСТЕВСКИ:
Домот на Јаго, Ристо и татковината.....65
ЉУБОМИР ГРУЕВСКИ:
По потрага по самопотврда и квалитет 80
АЛЕКСАНДРА БОШКОВСКА:
Сон што стана јаве 87
ЕЛЕНА РОМАНОВА:
Скомрахи 92
ТОДОР КУЗМАНОВ:
Многу желби, мечти и фантазија 94
НАТАЛИЈА КРСТЕВА:
Фестивал на комедија-Куманово.....100
Скупи фест 2010 105
ФЕЛИША ХАРДИСОН ЛОНДРЕ:
Приближување на театрите од целата земјина
топка 108
ПЕТРЕ БАКЕВСКИ:
Една средба, едно трајно паметење.....116
Д-р КОСТА БАЛАБАНОВ:
Прилог кон проучувањето на драмските
трудови на Јордан Хаџи Константинов-Џинот 123
ЕЛЕНА ЈОСИМОВСКА:
Сведоштва за тетарската дејност во Штип низ
сеќавања, репортерски белешки и публикувани
спомени од 19 и првите децении на 20 век.126
РИСТЕ СТЕАФАНОВСКИ:
Театарски денови за паметење.....133
ЛОРЕТА ГЕОРГИЕВА:
Промоција на монографијата "Турски театар" ...142
Проф. д-р. ВАСИЛ ТОЦИНОВСКИ:
Вреден монографски труд 146
ПЕТРЕ БАКЕВСКИ:
Живо сведоштво , цела историја.....149
Беа со нас: Димитар Христов, Кирил Здравевски,
Петар Стојановски - Бабец, Миле Поповски, Дими-
тар Зози, Радмила Златковиќ.....159
ИВАН ИВАНОВСКИ:
Брилијантен творечки дух.....164
ПРЕМИЕРИ 168

Театарски гласник

Списание на театрите и на театарските
професионалци во Македонија

Издавач:
Дирекција за култура и уметност на Скопје

За издавачот:
Мирко Стефаноски

Адреса:
Булевар "Св. Климент Охридски" 58б
п.фах 519, 1000 Скопје, Македонија

Телефон / факс:
+389(0) 2 3222 341, 3165 064, 3238 372

Е- маил:
skleto@unet.com.mk
Главен и одговорен уредник:
Ристо Стефановски

Компјутерска подготовка и графичко обликување
Горан Јованов

Коректура:
Богица Стефановска – Романова

Предна корица: Кавкавски круг со креда, Народен
театар "Војдан Чернодрински" – Прилеп
Задна корица: Премиери и копродукции одиграни
на Скопско лето 2010: "Паго Суно" – продукција
Скопско лето, "Спиноза" – Мал драмски театар -
Битола, Драмски театар – Скопје, Македонски
народен театар – Скопје, "Изгубена верба" – Маке-
донска Опера и Балет, " 3327 (Деветте книги на
Никола Тесла) – продукција Литл Брадр , " Влади-
мир, Косара. И љубовта" – Фестивал "Барски Љет-
опис – Црна Гора

"Театарски гласник" излегува со финансиска
поддршка на Министерството за култура на Репуб-
лика Македонија

КАВАДАРЦИ ГРАД НА КУЛТУРАТА 2010

Печатењето е финансирано од општина Кавадарци

ГРАДОНАЧАЛНИК АЛЕКСАНДАР ПАНОВ И СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
2010
ДОМ НА КУЛТУРА КАВАДАРЦИ
КЕ КАВАДАРЕЧКА КУЛТУРНА ЕСЕН - 2010

ТЕАТАРСКИ ГЛАСНИК

СКОПЈЕ , 2010

Никола Ристановски

СВЕТСКИ ДЕН НА ТЕАТАРОТ – 27-ми март 2010

МАКЕДОНСКА ПОРАКА

Актер, Македонски народен театар, Македонија

Интернационален театарски институт - УНЕСКО
International Theatre Institute - UNESCO
македонски центар

Далеку од мојата земја - ме прашуваат за мојот театар. Никогаш не сум имал доволно дистанца од него, за да знам се за него... Ја немам ни сега. Но, сигурен сум, дека спецификата на тој Театар - е детерминирана од поднебјето, од менталитетот, јазикот, наследството, општествениот момент… И се разбира - од поединци. - Индивидуи.. Некои Глумци, режисери... Живи луѓе.

Во конкретниов случај - И со уште нешто - кое незнам како точно се нарекува - но силно го чувствувам. Нешто што не е правец - ниту вид. Нешто што не е систем - туку инстинкт. Нешто што не е естетика - туку антрпологија… Нешто што има свои подеми и падови. Но и свои длабоки корени. Тоа е мојот Театар.

Вечерва повторно ќе бидам дел од него - и сосема - инстиктивно ќе ја оставам пред неговите врати - целата таканаречена култура што ја создава современиот поредок,- користејќи ги технолошките митови од една страна, и принципот на задоволување на физиолошките потреби - од другата.

И повторно - како и секогаш - ќе ги затворам вратите на сето она што го спречува - вистинското поимање на човековата суштина и индивидуалност. Ќе ги оставам надвор - сите слатки вистини - бранети со бедеми од лаги, и сето она - што коренито ги навредува - сеопфатните и разнобојни човечки искуства.

Освен нив, во него ќе ги најдам - сите оние хумани вредностии - што сме ги подзаборавиле патем - силувани од оние кои владеат со светот надвор - со законот на посилниот, со поредокот, со принуди и награди и со привидот на образованието.

Тој Театар - силно ќе се спротистави на историјата - затруена со митологија, ќе ја воспостави – сегашноста - како единствена возможна рамка за вистинска љубов, и - суптилно, чувствено и разумно - ќе ја насети смислата на нашата иднина и идентитет.

Мојот Театар - вечерва - повторно ќе се пресоблече во рувото на Дон Жуан, ќе ја отфрли бесмилата на апсурдот и погубноста на малограѓанштината. И по којзнае кој пат - ќе се обиде да ги напипа -принципите за човечката несреќа, како и изворите на неговата бесконечна сила. Ќе се обиде да го спротивстави - убавото на грдото. Да го просее доброто од злото. Помислувам дека таквиот Театар би можел да биде - нова Ноева барка….

Далеку од дома - си ја допуштам себеси оваа Илузија, зашто - конечно - без илузии - во ова време на "чисти сметки" и "реални нешта" - ние се повеќе нема да бидеме во состојба да живееме како човечки суштества,

Можеби затоа - сеуште верувам во луѓето - кои се во состојба да сонуваат преку Театарот. И да бидат негова суштина .

Тие едноставно - понекогаш имаат талент - да го замислат оној Живот, - кој неличи - на животот што го живееме денес.

И тие имаат моќ да го менуваат на подобро.

Џуди Денч

МЕЃУНАРОДНА ПОРАКА

Една од најголемите британски актерки, популарна и наградувана за улогите во театарот, филмот и телевизијата

Светскиот ден на театарот ни дава уба-ва можност да го славиме Театарот во неговите безбројни форми. Театарот е извор на забава и инспирација и, тој умее да ги соедини големиот број различни народи и култури низ светот. Но, тој е многу повеќе од тоа, ни дава можност да се образуваме и информираме.

Театарски претстави се играат по целиот свет, и нè само во традиционалните театарски простори. Претстави може да има во некое африканско селце, во подножјето на некоја планина во Ерменија, на некое мало островце во Тихиот океан. Потребен му е само простор и публика. Театарот може да не насмее и да не расплаче, но треба да не тера на размислување и делување.

Театарот се создава со тимска работа. Актерите се тие што се гледаат, но има зачудувачки голем број на лица кои не ги гледаме. Тие се, исто толку, важни колку што се и актерите бидејќи нивните разновидни и стручни вештини овозможуваат да се случи претставата. Славата и успехот и ним им припаѓа.

Светскиот ден на театарот се слави на 27 март. Но, од најразлични причини, секој ден треба да биде ден на театарот, ние имаме одговорност да ја продолжиме традицијата на забава, образование и просветување на нашата публика без којашто не би можеле да постоиме.

КАВАДАРЦИ - ГРАД НА КУЛТУРАТА



И нашата земја ја прифати концепцијата и ја спроведува значајната акција културата да се поддржува и постојано да се промовира во сите свои жанрови и форми на комуникација. Тука спаѓа и инсистирањето таа да се развива во секое место, така ширејќи го духот и разбирањето на сите животни процеси, што се тема и предмет на културното творештво. За таа цел во европските земји започна да се определува Град на културата, каде во одредена година се концентрира локалното културно творештво, а се одржуваат гостувања од сите краишта, за со тоа да се даде придонес кон заедништвото и духовното единство. Во тие акции учествуваат и творци од нашата земја. Таква ктивност во Република Македонија ја започна и успешно ја спроведува Министерството за култура, определувајќи секоја година едно место како Град на културата, за да биде средиште на културните збиднувања.

Во 2010 година тоа е Кавадарци, град познат со културни творци во сите области, со значајни творечки резултати во музиката, ликовните уметности, науката итн.. Во Ваташа беше првата македонска печатница. Во тој град граѓаните ја сакаат културата и има достоинства за да се репрезентира мислата и


Кавадарци во зима

творештвото на кавадарчаните. Кавадарци се избори за овој почесен статус со развиената културна активност досега и, посебно, во последните години во своите културни институции Домот на културата "Иван Мазов - Климе", Музејот - галеријата и Библиотеката "Феткин", со бројните досегашни културни манифестации, некои на републичко ниво, како Средба на хоровите, Тиквешкиот гроздобер, одбележување на закројувањето на лозјата на Свети Трифун и сл., како и со културните бележитости полошкиот манастир Свети Ѓорѓи, моклишкиот манастир Свети Никола, еколошките центри планината Кожуф, езерото "Тиквеш", висорамнината Витачево и др. За изборот на Кавадарци за Град на културата придонесе и поддршката што за културата ја дава општинската управа на чело со градоначалникот Александар Панов.

Списанието "Театарски гласник" традиционално го одбележува Градот на културата на своите предни страници. Во оваа година е одбрано да се претстави развојот на театарското творештво во Кавадарци и од кавадарчани, како и да се презентира делото на најпознатите театарски творци од Кавадарци. Прилозите за овој број ги подготвија естетичарот д-р Кирил Темков и академскиот графичар Владимир Темков, директор на Домот на културата, кој го носи името на најпознатиот македонски театарски критичар Иван Мазов - Климе, каде што главно се случуваа манифестациите во оваа празнична година за кабвадаречката култура и каде дејствува градскиот театарски ансамбл.

Болва во уво

ТЕАТАРОТ ВО КАВАДАРЦИ

Театарот е значајна уметност, која има љубители во сите култури и епохи. Всушност, неговата доблест се трајните вредности на човечките карактери, кои на различен начин, но впечатливо се сретнуваат со многуте проблеми во животот, потоа односите помеѓу луѓето, кои секогаш заслужуваат да бидат разгледани и доживеани во своето драматично случување, како и дијалогот, кој е средство за изнесување на мислите и метод за разбирање на човечките ставови и намери. Театарот е жива слика на едно општество и неговата изведба и популарност значат многу за секоја заедница, која со својот театар се збогатува културно и хуманистички.

Кавадарчаните го сакаат театарот, како што се љубители на сите видови уметност. Уште патувачките театри доаѓале, исполнувајќи ги срцата на кавадарчани со интересирање и радост. Тие и самите сакале да прават претстави, како што се преправање во џаламари на децата и младината на Прочка, правење училишни приредби, весели игри на Бадник или на другите верски празници, како и шеговити настапи на серенадите, свадбите или на забавите по убавите кавадаречки дворови.

Овие беа своевидно воведување во вистинските театарски претстави, кои се правени во Кавадарци од 1920-тите години. Запаметено е дека во нижата гимназија, која е основана во Кавадарци во 1919 година, директорот Ѓорѓе Константиновиќ, по потекло од Дојран, ги анимирал учениците да подготвуваат едночинки. Првата целовечерна претстава во Кавадарци ја подготвиле токму учениците на тоа училиште во 1925 година, пиесата "Зла жена" од Јован Стерија Поповиќ - играле Александар Глигориев - Линин (потоа познат како собирач на тиквешките народни песни), Ристо Поп Стефанов, Апостол Апостолов, а истата година наставниците на училиштето, заедно со учениците, подготвиле претстава "Моминска клетва" од Јанко Веселиновиќ. Првата претстава на кавадаречките аматери била "Коло и Невенка" (1926) со изведувачите Светлана Поп-Коцева, Љубица Мициќ, Таска Казанџиева, Славчо Темков и др. Заради големиот успех, претставата била повторена неколку пати. Тоа ги охрабрило учесниците, па подготвиле и пиеса "Цар Ќиро", изведена во салата на хотелот "Балкан" (која долго ќе остане главен градски изведувачки простор за театри и подоцна за кино). Режирал Славчо Темков, подоцна прочуен детски новинар, кој долго време бил главен двигател на театарскиот аматеризам во градот, а играле Киро Попов, Ап. Апостолов, Султана Чемерска, Нора Велова, Слободанка Хадкинсон и др. Успесите ги привлекле и другите кандидати за аматери, па во режија на Сл. Темков се подготвени уште неколку претстави: "Агата од Рибник", "Кнез Иво од Семберија", "Зла жена".

Првото кавадаречко културно-просветно друштво "Братство", основано во 1928 година, имало и театарска група. Нејзините членови учествувале како придружни членови во патувачките театри на Димче Трајковски, Петре

Чорбаџи Теодос- сезона 1963/64

Прличко ("Боем") и др., кои публиката во Кавадарци сакала да ги види. Првата самостојна претстава изведена од кавадаречките актери, дури делумно на македонски јазик (1936), била драматизацијата на "Слугата Јернеј и неговото право" од словенечкиот писател Иван Цанкар, најпозната новела за прашањето на праведноста од нашиот регион. Режирал Сл. Темков, а во главните улоги настапиле Димката Ангелов и Милан Даскалов. Претставата имала голем успех, но властите бргу ја забраниле заради револуционерната содржина и "лошиот српски јазик". Слична судбина доживела и "Смртта на

Сцена од "Коштана"

Младите интелектуалци од Кавадарци биле движечка сила на културно-забавниот живот во Тиквешкиот одред, во Втората бригада и во другите единици на народноослободителната војска - Мито Хаџи Василев, Иван Мазов... Неколку денови по ослободувањето во септември 1944 година, во Кавадарци е оформено одделение за Агит-проп: Љупчо Шкартов (подоцна претседател на Општината и носител на изградбата на ново Кавадарци), за библиотеката бил одговорен Велко Коцев (подоцна познат новинар), за просветата Апостол Апостолов, за хорот и оркестарот Александар Линин и за театралната група Милан Даскалов, кој главно бил режисер на сите пиеси. Во театралната група активно членувале Лазар Грозданов, Илија Каровски, Лена Миткова, Вера Гечева, Вера Апостолова, Коце Каров, Илчо Бањански, Ласко Мукаетов, Александар Грков и многу други. Се работело во зградата на сегашното основно училиште "Страшо Пинџурот". Групата подготвувала скечеви и едночинки и создавала популарни сатирични "врапчиња", кои најчесто ги пишувал подоцна познатиот писател Лазо Каровски.

Првата претстава била "Ѓоре Магаревски" од Владо Малески, режија М. Даскалов. Биле направени и едночинки "Хитлер во агонија", "Девојчето од Север", "Сонцето од Исток" и др., а со најголема амбиција била подготвена пиесата "Печалбари" од Антон Панов, во која настапила и Васка Биџова (тогаш евакуирана во Кавадарци). Претставите биле играни пред преполнета сала на тогашното кино во хотелот "Балкан", како и по селата, каде трупата гостувала самостојно или како дел од политичките митинзи на кои говореле познатите револуционери. За Новата 1945 година, првата во слобода, била подготвена интересна приредба со драматичен приказ на окупацијата, а по полноќниот час било претставено ослободувањето и радоста на луѓето. Со амбиција да творат, младите љубители од групата ја создале претставата "По неволја лекар", во која главна улога ја играл Лазар Грозданов - Ролиќ. На првата регионална смотра на младинските остварувања во Велес, кавадарчаните се прогласни за најдобри заради театарот, хорот и фудбалската екипа.

Гоце", подготвена во Гимназијата за времето на бугарската окупација. Претставата со Љубица Поцева во главната улога не била дозволена, затоа што во песната за Гоце директорот барал да се пее дека херојот загинал за Бугарија, а актерката упорно го пеела оригиналниот текст дека нашиот херој паднал за Македонија.

Пред почетокот и на самиот почеток на Втората светска војна во Кавадарци имало Градско читалиште, каде работел Диме Поп Атанасов (кој паднал прва воена жртва) и било активно собиралиште на младината, од кои ќе произлезат познатите кавадаречки борци. Таму е подготвена пиеса "Христо Ботев" за прочуениот анархистички херој од пред едно столетие. На прославата на мајските празници веднаш по окупацијата, младинците од Читалиштето организирале во Моклишта приредба со рецитации и изведба на пиеса "Сонцето од Исток", режисер Милан Даскалов, во која играле Ангел Чемерски, Рада Поцева, Костадин Манчев, Илија Бадев, декорот го нацртал Љупчо Шкартов, а во подготовките учествувале Диме Поп Атанасов, Киро Спанџов, Стефан и Тодор Хаџитефови, Димката и Боро Ангелови и други револуционери.

Ало, северен пол - 1993

Во почетокот на 1945 година М. Даскалов заминал на нова долност, а раководител на театралната група станал Славчо Темков, секретар на Градската библиотека. Овој познат театарски аматер од пред војната ја преведе и постави комедијата "Вражач", а потоа се зафати да го драматизира романот "Чоколада", во кој се прикажува корупцијата во новото советско општество. Претставата ги анимирала творечките идеи на учесниците и одекнала кај публиката, иако имало и забелешки дека не е време за критички пристапи. Сите современици се согласуваат дека групата изиграла историска мисија во развитокот на културата во Тиквешијата, играјќи во малите, тогаш заостанати села, донесувајќи нови сознанија и пораки, покажувајќи колку театарот може да има значајна духовна, социјална и едукативна улога. Групата често гостувала и во воените болници во Шешково и Бохула, морално поддржувајќи ги ранетите борци. Членовите на групата активно учествувале во програмата на разгласната станица, чии два звучници биле поставени на Плоштадот, а струјата, која градот тогаш ја немаше, се користеше од динамото на првото кино во Кавадарци, донесено од Диме Темков, кое прикажуваше филмови во салата на "Балкан". Театарската група беше носител на културно-забавните агитациони задачи при изборите за Уставотворното собрание, со кои се поставуваа темелите на новата држава. Беа играни пиесите "Двајцата опсадени", монодрамата Пенко падарот" (во изведба на Перо Минов), "Татко и син", а подоцна и оригинално напишаниот текст "Изборите некогаш и сега" - нивни автор, редактор и режисер е Славчо Темков, водител и душа на оваа театрална група, во која настапуваа редица кавадаречки младинци, некои од нив после познати писатели, журналисти и општественици.

Театарската активност, со предвоена традиција, а бурно развиена веќе во 1944 и 1945 година, беше основата од која започна развојот на театарот во Кавадарци. Театарската група подготви три премиери во 1946 година и неколку години имаше силна активност, иако немаше сала и играше во хотелите "Балкан" и "Југославија", сé до завршувањето во 1952 година на новиот Задружен дом, односно денешниот Дом на културата. Покрај аматерите од градот, актерска основа за театарската дејност претставуваше Гимназијата, која за прв пат ги имаше сите класови, и чии наставници Киро Шопов, Александар Апостолов, Марија Дамјанова, Миле Веселиновиќ ја поддржуваа групата градски културни активисти, како Славчо Темков, Александар Грков, Лазар Грозданов, Илија Каровски, Илчо Бањански, Љупчо Шкартов, кои многу се грижеа за развојот на театарот во градот.

Во новиот Дом на културата, на Плоштадот, има голема кино сала, со широка бина, која оттогаш до денес служи за сите видови приредби и театарски претстави и гостувања во Кавадарци (развојот на театарот во градот инструктивно и детално е прикажан во публикацијата "50 години театарска дејност" напишана од Илија Каровски, долгогодишен член на театарската група и директор на кавадаречкиот Дом на културата, објавена во 1995 година). Во Домот на културата имаше кино, фолклорна група, Градски пејачки хор, техничка секција за изработка на декор, костими и плакати, а посебно е значајно основањето на Аматерски театар. Првите раководители беа Боро Шопов, Блажо Дубров и Боро Хаџи Василев, а работата се разви особено со доаѓањето на чело на Лазар Грозданов, најистакнат актер-аматер во повоената градска театарска група. На сцената со светла, костими и други технички средства настапите на трупата делуваа вистински театарски. Беа поставени комедиите "Сомнително

Моите бебиња - 1975

лице", "Покојник", "Милионерот", "Д-р", "Пат околу светот", "Нажалена фамилија", кои ги режираше Александар Грков, студент во Скопје, кој претходно учел средно театарско училиште во Белград. Понекогаш дејствуваа и две групи, подготвувајќи посебни претстави - "Поп Киро и поп Спиро" ја режираше Ал. Грков, а "Школа за жени" од Молиер Илија Каровски. Запишано е дека се изведени и "Печалбари" од Антон Панов, "Александра" од кавадаречкиот писател Томе Арсовски, "Малињак", "Една вечер" во режија на Илчо Бањански, "Чорбаџи Теодос", "Ивкова слава", "Власт", "Народен пратеник" и др.

Во 1961 година директор на Домот на културата стана Илија Каровски, посветен театарски деец. Продолжи активноста на Аматерскиот театар, но со зацртана програма. Секоја година беа подготвувани 4-5 премиерни изведби, со по најмалку десеттина репризи, така што кавадаречкиот Аматерски театар прикажуваше и до 250 претстави во градот, во тиквешките села (што беше посебно стимулирано за заживување на културната активност во пасивните селски средини) и на гостувањата низ државата. Тогаш беа применети и неколку професионални дејци, вработени за дејностите во Домот на културата или како новинари во Радио Кавадарци, кое од 1958 година е припоено кон Домот - Јордан Стојанов, Васо Ангелов, Благоја Николовски, Данчо Бањански, Александар Видиков и Милица Димова. Тој театарски колектив можеше редовно да подготвува и изведува театарски претстави, а беше и јадро за создавање поголеми претстави со учество на аматерски актери од градот. Се ангажираа и професионални режисери, почесто гостуваа Предраг Дишљеновиќ, Ристо Мајсторов, Мирко Стефановски, Благоја Андреев, Ацо Ѓорчев (актер по потекло од блиското Неготино).

Бележити македонски творци, Илија Милчин, Саша Маркус и др., беа поканувани да одржат предавања за стручно усовршување на сценскиот говор, колективната игра, учењето на текстот и сл. Со тоа се подобри и односот кон театарот и неговата работа, така што кавадаречкиот аматерски театар достојно се претставуваше на Републичките драмски смотри во Кочани, каде беше и наградуван. Се водеше грижа професионално вработените да се усовршат - Васо Ангелов беше на два курса на режисери-аматери кои ги организираше Културно-просветната заедница на Македонија, а и другите актери учествуваа на соодветни семинари. Се доделуваа и стипендии на студентите на соодбразните академски институции - Блаже Славев беше стипендист на Факултетот за драмски уметности, Лазар Белевски на Факултетот за музички уметности. Кавадаречкиот театар соработуваше и разменуваше гостувања со театрите од Врање, Ниш и Призрен, учествуваше на драмските смотри во Хвар, Нови Травник, Требиње итн.

Љубовта на кавадарчани за театарот беше изразена и при гостувањата на македонските професионални театри. Покрај настапите на Народниот театар и, особено често, на Драмскиот театар од Скопје, редовно доаѓаа театрите од Велес, Прилеп и Битола, со кои беше договорено секоја премиерна изведба да ја прикажат и во Кавадарци. Блиску до Кавадарци е и антиквитетниот град Стоби, во кој, во соработка со

Злосторство без казна - 1990

Македонскиот народен театар и неговите раководители Стојмир Поповски и Илија Милчин, беа организирани првите Антички вечери. Просторот го исчисти и пристапите ги суреди кавадаречкиот Аматерски театар со материјална помош од општинското собрание на Кавадарци. Во рамките на Тиквешкиот гроздобер во 1965 година беа изведени трагедиите "Антигона" и "Тројанки", со присуство и на 4.000 гледачи. Ова беше традиција неколку години, а настапија и битолскиот Народен театар и театарот од полскиот град Лублин со "Цезар и Клеопатра".

Работата на кавадаречкиот аматерски театар продолжи од 1975 година со в.д. директорот на Домот на културата Илија Неделков, кој самиот режираше неколку претстави, кои беа играни на смотрите во Гевгелија. Изведени се пиесите "Сомнително лице", "Народен пратеник", "Мува", детската претстава "Царскиот паж". Тогаш во Домот е вработен Блаже Славев, дипломец на Факултетот за драмски уметности. Истата година за директор на Домот и раководител на Аматерскиот театар е избран Ристо Бандев, познат кавадаречки музичар и културен деец. Се ангажираат режисери, сценографи и костимографи и претставите се блиску до професионално ниво. Домашните режисери се Блаже Славев и Васо Ангелов, а како гости доаѓаат Благоја Андреев, Петре Прличко (кој пред војната со својата трупа често настапувал во Кавадарци со голем успех), Мите Грозданов. Поставени се пиесите "Николетина Бурсаќ", "Коштана", "Бумеранг" и "Парадоксот на Диоген" од кавадаречкиот писател Томе Арсовски, "Аналфабета", "Коза", "Црнила", "Печалбари" и други театарски дела и рецитали. Оценките беа пофални и публиката беше бројна.

Од 1980 година директор на Домот на културата е Богдан Јовановски. Вработени се неколку актерки (Светлана Јанкулова, Андријана Сапунџиева, Милица Гочевска, Виолета Јосифова), со што се оформи сериозен театарски колектив со 8 актери, сценограф и сценски работници. Тоа овозможи годишно, заедно со аматерите кои масовно учествуваа во театарот, да се подготвуваат 4-5 премиери, жанровски главно битови драми и комедии, а задолжително и детски претстави. Раководител на театарот беше Блаже Славев, кој режираше, а ангажираше и познати македонски творци. Во градот се одржуваа до 60 претстави годишно, а по селата уште 10. Имаше размена со збратимените градови Шишка-Љубљана и Бољевац, како и гостувања во Врање, Ваљево и други градови. Редовно се учествуваше на Регионалните театарски игри во Гевгелија и на Републичките театарски смотри во Кочани, се добиваа награди и се одеше на сојузни смотри во Призрен и во Требиње. Театарската група од Кавадарци беше меѓу најактивните во Македонија и одлична секција на еден градски Дом на културата.

Госпоѓа министерка

Во 1983 година се реновираше Младинскиот спомен-дом "12 Другари" во Ваташа. Од кавадаречкиот Дом на културата дојде како помош Васо Ангелов, кој поттикна творечка активност на неколку полиња, меѓу кои и аматерска театарска група, која ангажираше и професионален режисер (Мите Грозданов) и подготви неколку претстави, помеѓу кои "Радован III" и "Бледица". Групата освои прво место на смотрата во Кочани и беше македонски претставник на сојузната смотра во Требиње.

Во 1985 година Општинското собрание на Кавадарци го именуваше Домот на културата "Иван Мазов - Климе", според познатиот борец, новинар и писател, кој е роден во Кавадарци и беше најпознат македонски театарски критичар (1923-1977).

Во тогашните процеси на интеграција на културните институции, во Кавадарци е формиран единствен Центар за култура и информации, со Домот на културата и неговите ак-

Печелбари - 1978

тивности како негов дел. Самата театарска дејност, од Аматерски театар го смени името во Театар при Домот на културата, со тоа ставајќи акцент врз професионална работа. Заради тоа театарот не учествуваше повеќе на Републичките драмски смотри во Кочани - парадоксално и пред тоа имаше забелешки за неговото настапување во Кочани, зашто имаше неколку професионални дејци, а сепак не му беше овозможено да земе учество на театарскиот фестивал "Војдан Чернодрински", како средба на професионалните театри, бидејќи во кавадаречките претстави секогаш имаше голем број аматери. Сега кавадаречкиот театар учествуваше во придружните манифестации во Прилеп.

Во секој случај, театарската дејност продолжуваше континуирано да тече во Кавадарци. Центарот беше во Домот на културата, во кој работеа неколку театарски изградени личности, како база за создавање разни видови претстави за градската и селската публика, за гостувања и за учество на стручни смотри, воопшто за одржување на традиционалната љубов на кавадарчаните за театарот. Во изминатите децении низ театарската група при кавадаречкиот Дом на културата настапуваа повеќе од 300 артисти, што покажува колку кавадарчаните го сакаат театарот и се вложуваат за творештво на тој план.

Во градот имаше и други видови разгранета театарска дејност. Режисерот Блаже Славев организираше приватен театар "Сценакорд", кој даваше претстави низ цела Македонија. Во Радио Кавадарци, кое во поголем период беше активност на Домот на културата, беа подготвувани и изведувани радиодрами, од кои една во серија "Династија на кавадаречки начин", беше вистински феномен, соединувајќи критички погледи за современото живеење и тиквешки изреки и дијалект. Серијата одекнуваше низ цела Македонија, а потоа беше пренесена во Радио Скопје. Театарска активност развиваше и Младинскиот културен центар (во старата зграда на Работничкото училиште, односно на Офицерскиот дом), каде, со поддршка и раководство на Сузана Михова и Владимир Темков, беа подготвувани и презентирани разни училишни претстави и други видови јубилејни и забавни приредби за младите. Во Младинскиот дом работеше Младинското драмско студио.

Салата во Домот на културата изгоре во пожар и неколку години немаше претстави. Театарот се развива во Кавадарци и во современиот период - во возобновената работа на Домот на културата "Иван Мазов - Климе", со директорот Владимир Темков, поставени се неколку претстави: "Брилјантин", "Ицето и Јулето", "7 - Смрт или слобода", "Госпоѓа Министерка", а во годината кога Кавадарци е град на културата поставени се премиерно претставите "Џон Пипл-фокс", "Болва во уво", Петли" и "Хамлет од Долна Бошава".

За театарската дејност во Кавадарци е значајно да се спомене и дека разни интелектуалци и творци од Кавадарци се поврзани со развојот на театарот и театарската мисла во Македонија и пошироко.

ИВАН МАЗОВ - КЛИМЕ, роден во Кавадарци, чие име го носи Домот на културата и Театарот при Домот, беше најпознат македонски театарски критичар, уредник на "Нова Македонија", каде редовно објавуваше критики за сите театарски настани во нашата земја и пошироко, давајќи и други театролошки придонеси за развојот на театарот. По неговата смрт, Стеријиното позорје, чијшто беше член на управните тела, востанови награда за критика со негово име, која беше доделувана за најдобрите театарски критички текстови во целата земја. Неговите критички текстови и други книги се објавени во 6-томното издание на Одбрани дела (1982).

Неговата ќерка Лилјана Мазова_го наследи на местото театарски критичар и уредник на "Нова Македонија". Таа исто така е мошне активна во организацијата на театарскиот живот и фестивали во земјата и во странство. Нејзините дела се објавени во две книги "Ковчег со времето" и "Тој и тие - театарски сложувалки".

Петре Бакевски

ПЕТРЕ БАКЕВСКИ е уште еден вреден театарски критичар по потекло од Кавадарци. Овој познат директор на книгоиздателството "Детска радост" при НИП "Нова Македонија", кое помеѓу многу книги објави и драмски текстови, најпрвин беше театарски критичар и уредник на "Студентски збор", потоа на "Вечер" и на "Македонија денес" и на неделникот "Денес". Има направено неколку драми, како и збирки театарски критики "Премиери", "Лица и маски" и многу книги поезија и проза.

Од Кавадарци произлегоа и неколку познати театарски писатели. Славчо Темков има создадено неколку текстови и театарски адаптации на романи и раскази во првите години по ослободувањето како драмски материјал за работа со театарската група која ја раководеше (потоа стана одговорен за образованието во Велес, а потем стана познат детски новинар на "Детска радост", каде што го основа списанието "Наш свет"). Д-р Лазар Каровски, познат поет и фолклорист, по потекло од Кавадарци, е автор на препевот на "Тартиф" од Молиер.

Најпознат драмски писател од Кавадарци е **ТОМЕ АРСОВСКИ**, еден од тројцата бележити автори од првата генерација нови македонски драматичари (заедно со Коле Чашуле и Бранко Пендовски). Тој напиша неколку исклучително вредни драми, како "Парадоксот на Диоген", и повеќе драмски текстови за радио и телевизиско емитување.

Професорот д-р Кирил Темков, заедно со своите млади соработници, го основа Отворениот театарски универзитет во рамките на Естетичката лабораторија на Филозофскиот факултет (која ја раководеа заедно со академикот Георги Старделов), со цел уметноста да се користи за едукативни цели. Со Љубиша Никодиновски - Биш тие го основаа во 1976 година најпознатиот македонски интернационален театарски фестивал "Млад отворен театар". Во 1978 година направија обид да направат алтернативна театарска трупа, за која К. Темков направи адаптација "Ана" на најпознатиот антимилитаристички текст на Б. Брехт "Мајка Храброст" (режија Рахим Бурхан, играа Кире Печијаревски, Соња Каранџуловска и др.). Не успевајќи да ја доведат до реализација оваа претстава, со режисерот Владимир Милчин ја направија најпопуларната младинска претстава "Зелена гуска", потоа критичката пиеса "Животинска фарма" според Џорџ Орвел, "Пепелашка во поправен дом" и др. (развојот на овие драмски форми е прикажан во книгата на Љ. Никодиновски "Алтернативниот театар во Македонија"). Кај д-р К. Темков магистерски и докторски трудови од областа на театарската естетика

Зона Замфирова - 1980

направија д-р Сашко Насев и д-р Љ. Никодиновски. Д-р Темков повеќе децении предаваше Естетика на Факултетот за драмски уметности (како и на студентите по Компаративна литература, на Музиколошкиот отсек на Факултетот за музички уметности, и на постдипломците на Факултетот за ликовни уметности).

Повеќе ликовни уметници од Кавадарци беа сценографи на претстави. Петар Наневски од Ваташа, писател и сликар, има направено повеќе сценски решенија за претсавите на кавадаречкиот Аматерски театар. Најпознатиот повоен македонски сликар Петар Мазев бил вработен во скопскиот Младинско-детски театар, каде правел кукли и сцени за Куклениот театар. Скулпторот Пано Анѓушев бил сценограф во Македонската телевизија. Прочуениот македонски сликар Глигор Чемерски има направено неколку сценографии за современите театарски пиеси - плакат за прочуената алтернативна театарска група "Театар кај Св. Никита Голтарот", сценографија и костими за претставата "Тесен пат кон далечниот север" и фантастична сценографија за претставата "Славата и смртта на Хоакин Муриета" од Пабло Неруда (двете во Македонскиот народен театар, режија Владимир Милчин) и др. И професорот на Факултетот за ликовни уметности Симон Шемов има направено неколку театарски сценографски решенија. Владимир Темков има направено сценографија за неколку претстави на кавадаречкиот театар, како и на Младинското драмско студио. Сценографии има направено и уметникот Ристо Соколов.

Петле

Џон пиплфокс

Најпознати актери произлезени од Кавадарци се Зафир Хаџиманов, кој има интернационална слава како пејач и актер во мјузиклите, и Љупчо - Бубо Каров, најпознатиот современ комичар во Македонија.

Со театарско доживување се поврзани и повторките и сцените подготвени и изведувани на Тиквешкиот гроздобер, каде се слават божествата Дионизиј и Бахус, поврзани со виното и веселбите, како и со театарските радости.

Театар правеа и младите кавадарчани, вон институциите. Сега младиот лекар, специјализант по интерна медицина-кардиологија Борче Павлов, како ученик на III и IV година во кавадаречката гимназија, напиша, собра младинска трупа, режираше и играше главна улога во две исклучително значајни критички пиеси. Играни се во Домот на културата, во приватна режија, со масовна посета (таа талентирана млада личност се двоумеше дали да студира драмски уметности, но сепак се определи за медицината).

Сигурно постојат уште бројни појави и факти за театарот во Кавадарци. Ги набројавме само најпознатите, особено оние поврзани со Домот на културата, кој е актуелен центар на културните збиднувања во Кавадарци.

Домот на културата повторно активно соработува со Гимназијата "Добри Даскалов", што и во минатото беше извор за актерски потенцијал и одлични театарски претстави.

ИВАН МАЗОВ - КЛИМЕ

најпознат македонски театарски критичар

Иван Мазов - Климе

За театарот се значајни многу видови творци - писателот, организаторот (директорот), режисерот, актерите, сценографот, костимографот, музичкиот уредник... Особено е важна публиката, заради која и пред која се изведува претставата. Но, за театарот е суштествена и критиката, која претставува не само глас на јавноста по повод претставата (за идејата, изградбата и изведбата), туку и научна согледба на нејзините остварувања, како и филозофски осврт за нејзината смисла и естетика. Така критиката во сите свои форми (од информација до анализа, различни видови компарација и духовна синтеза) е составен дел на разбирањето на театарското творештво.

Од Кавадарци потекнуваат барем три мошне значајни критичари на театарот - Иван Мазов, Лилјана Мазова и Петре Бакевски. Најпознатиот од нив е Иван Мазов, доајен на театарската критика во Македонија.

Иван Мазов - Климе е роден во 1923 година во познато кавадаречко семејство. Бидејќи во Кавадарци немало гимназија, учел во Велика Градишка (на Дунав) и во Крагуевац. Многу читал, а прекарот Климе доаѓа од името на Клим Самгин, херојот на истоимениот роман на Максим Горки. Бил првоборец, член на Тиквешкиот партизански одред и на баталјонот "Страшо Пинџур". Правел партизански театарски претстави. Заради трпеливоста во агитацијата го нарекувале Климе Благиот. Бил соработник и уредник на весниците на Втората македонска ударна бригада "Народен глас" и "Народна борба". Како член на Главниот одбор на Народно-ослободителниот младински сојуз, во март 1944 година станува прв главен уредник на еден весник на македонски јазик - "Млад борец", кој има прочуена историја во македонското новинарство. Бил уредник на "Нова Македонија", на Радио Скопје и на други медиуми, главен уредник на весникот "Трудбеник". Еден е од основачите на Здружението на новинарите на Македонија и на Друштвото на македонските писатели.

Од 1960 година Мазов целосно се посвети на театарската публицистика, станувајќи најпознат македонски театарски критичар. Има напишано повеќе литературни и патеписни дела. Во книгите "Додека топовите пукаа" (1958), "Од нашата војна" (1970), "Размеѓани колепки (по трагите на патеписецот Евлија Челебија") говори за нашата војна и за искуствата во средбите со другите градови и народи (познати се неговите прикази на борбата на алжирскиот народ за слобода). Автор е на поетскиот избор "Песни за виното" (1976). Добитник е на најголемите македонски културни награди.

Методот на неговите текстови во основа е драматуршки - тој говори за карактерите, ги изнесува нивните својства и тенденции, со кои тие не само се забележуваат, туку и се разликуваат од другите личности, ја споделува или замислува нивната историја со драматични (тегобни, психички, социјални или комични) заплети и решенија. Со тој мошне модерен пристап, Мазов создава проза со која низ нови визури ги оцртува случките и ликовите од нашата народноослободителна борба, давајќи богата изнијансираност и осветлувајќи ги бројните тешкотии со кои таа се судрувала. Такви впечатливи, небаре "сценска игра", се и неговите патеписни записи, во кои градовите, нивните плоштади, делови или градби и луѓето во нив се претставени мошне пластично и драматуршки изнијансирано. И по половина век од

нивното настанување делата на Мазов пленат со својата свежина и го освојуваат читателот.

Неговите текстови за театарот имаат нагласена критичка и дидактичка позиција. Иван Мазов пишувал за секој театарски настан во нашата земја и во околните региони каде што присуствувал (а неуморно патувал и бил сведок на сите театарски збиднувања во секој наш град). Тој не одлага да ја напише критиката, верува во нејзината нужност и придружно значење за сфаќањето на некое театарско дело. Во секоја критика на Мазов проблеснува информацијата за настанот, но истовремено и силна, точна, нагласена оценка за неговата вредност, и тоа во целина и во неговите делови, како текст, театарско значење, позиција на театарската трупа, режисерска концепција, актерски настапи, сé до деталите за сценографијата, костимите, музиката... и атмосферата на изведбата и во публиката итн. Неговите критички записи за театарот се богата историја на македонскиот театар во неговата изворност и творечка ангажираност.

Вториот вид текстови на Мазов за театарот се поврзани со критичките, но имаат театролошки карактер. Тие се преглед и согледба на движењата во македонскиот и светскиот театар, како и јасно изнесување на личната определба на авторот за одделните аспекти на театарското творештво. Од нив се изградува поцелосна слика за тоа како Мазов го доживувал и разбирал театарот и што сметал дека е важно во театарското творештво. Тој се заложувал за творечки театар, за модерна драматургија, за критички пристап кон стварноста, за високите и хумани уметнички вредности, кои театарот непосредно може со хумани средства да им ги искаже на гледачите. Еве како Мазов ги оценува некои нови епохални тенденции во македонскиот театар:

"Една тенденција на планот на театарската дејност е видлива кај нас - во оваа сезона нашите театри на својот репертоар, како никогаш досега, имаат домашни, македонски автори. И тоа не само автори чиешто творештво датира од годините пред последната војна, туку и посовремени, односно такви чијашто литературна дејност е понепосредно сврзана со ова наше современо време... Без сомневање, тенденција позитивна и убава. И тоа од повеќе причини. Тоа е најубавиот пат да се создаде театар што ќе биде поблизок до душата на нашиот човек... Тоа е патот да се создаде поактивен театар, театар што ќе биде потесно сврзан со нашите современи текови, како по однос на неговото поголемо приближување до публиката, така и по однос на создавање една потесна врска меѓу сцената и авторот."

ИВАН МАЗОВ загина како жртва на сообраќајна несреќа во 1977 година во Словенија. Со неговото име Стериното позорје востанови годишна награда за најдобра критика. Домот на културата во неговиот роден град Кавадарци го носи името на Иван Мазов - Климе. Одбраните дела на Иван Мазов ги подготвија за печат (Култура, Скопје, 1982) културологот Томе Момировски и неговата ќерка Лилјана Мазова, која го наследи како главен критичар на "Нова Македонија". По повод манифестацијата Кавадарци - град на културата, Домот на културата подготви омаж за својот патрон Иван Мазов - Климе.

Посебно треба да се одбележи дека Климе Мазов имаше голем број пријатели од родното Кавадарци и помеѓу врсниците и колегите во Македонија; него го сакаа сите театарски луѓе, зашто беше справедлив во своите оценки и неговите погледи само можеа да помогнат за создавање на подобар театар. Мазов имаше пријатели и низ целиот свет, а неговиот најдобар другар беше поетот и, исто така, новинар и патописец Слободан Марковиќ ("Либеро Маркони"), врсник, роден во Скопје, исто боем и гурме.

ТОМЕ АРСОВСКИ

еден од најзначајните македонски драмски автори

Од секој македонски крај и град има значајни писатели и драматичари. Од Кавадарци најпознатиот е Томе Арсовски (1928-2007), долгодишен драматург на Македонската радиотелевизија, автор на многу дела, од кои се најзначајни драмите и бројните радио и телевизиски драми, со современа и со историска содржина.

Томе Арсовски

Првата драма на Томе Арсовски е "Александра", играна многу пати на македонските сцени, и кај професионалните и кај аматерските театри. Една од најпознатите е "Матурска вечер", сообразна на бројните светски текстови за средбата на соучениците на прославата на годишницата од завршувањето на гимназијата. Следуваа драмите "Обрачи", "Бумеранг", "Чекор до есента", "Скок преку кожа", "Убавината чекори сама", "Благиот допир на љубовта" итн. Од бројните телевизиски драми најзначајна е "Залез над езерската земја" за свети Климент Охридски, за кого што како наш духовен татко Арсовски напиша и убав роман. Сепак, најпознат драмски текст му е "Парадоксот на Диоген".

Иако почна со проза, Томе Атрсовски изворно е драмски писател, размислува во дијалог, а ликовите ги карактеризира во нивната животна полнокрвност, која тие ја искажуваат со однесувањето, движењата, начинот на мислење и на реагирање, со речениците што ги кажуваат. Неговите драми се интелектуални, но интелектуалците не се книшки ликови, туку реални суштества, со свои квалитети и мани, живеат пред нашите очи, донесени тука од писателот за да партиципираме во нивните случки и животи како во случувања во заедницата на којашто заедно и припаѓаме.

Бидејќи започна да твори во 1950-тите, Арсовски слободно критички расудува за општеството и за неговите членови. Меѓутоа, тоа не е дрско критизерство на социјален опонент, туку блага иронија на интелектулец свесен за животните проблеми и за своите психички дилеми (Томе Арсовски беше голем интелектуалец, како и неколкуте негови браќа, лекари и писатели исто така). Неговиот пристап повеќе е сличен на методот на Ками, каде проблемите се решаваат низ дилеми, внатрешен монолог, тивок или изместен дијалог, со одење околу метата и нејзиното погодување со поместување на внатрешниот набој, а не со директен акт. Томе Арсовски е одличен застапник на модерниот саморазговор, кој е усовршен кај светските и кај нашите модернисти, а дејствува како размена на силни зборови токму пред лицето на публиката.

Се разбира, во делата на Арсовски силни се и моралните дилеми. Во денешното време човекот паѓа во етичка смисла, но може и да се воздигне доколку се самосознае, ги разбере другите и им помогне на оние кои страдаат. Тоа однесување ја претставува хуманоста како природна потреба на човекот. Во делото на Арсовски цврсто се докажуваат нејзините потенцијали како страст за човештина или како нејзин ненадеен (парадоксален) изблик. Томе Арсовски уверливо ги гради своите заплети и ликови и затоа неговите драми прозвучуваат реалистички, иако според ориентацијата на авторот се идеалистичкли. Во животот сите позиции се сретнуваат, дури и ако не се органски блиски едната до другата, зашто заедницата си ги побарува своите права на разбирање и човекување.

Томе Арсовски ги претстави своите погледи не само низ драмски и детски дела, туку и низ спомените за старото Кавадарци, од коишто може да разбереме многу за настаните и за постапките на личностите во овој наш град, но и за мотивите кои големиот македонски драматичар ги имал предвид кога ги градел своите добри драми. Сите ние сме деца на својата младост и на своите семејства и заедници - и тоа е поука која драматичарите не ја заборавваат, туку ја истакнуваат и сообразно ја прикажуваат во своите дела.

ЕДНА НЕОБИЧНА ТЕАТАРСКА ИЗВЕДБА НА ТИКВЕШКИОТ ГРОЗДОБЕР

Божеството Дионизиј или Бахус било и уште е мошне популарно на Балканот и на Медитеранот, зашто тоа се краишта на виното, на шегата, на оптимизмот, на веселото разбирање на животот. Во Македонија најпознато јавно одбележување на ваквите идеи се случува во Кавадарци, на Тиквешкиот гроздобер. Оваа општинска веселба во првите денови на септември е исполнета со бројни приредби, од кои е најзначајна парадата, на чие чело оди приказот на Бахус придружен со бројни младински, аграрни и културни претставници.

На Грозодоберот во 1980 година се случи еден многу интересен театарски настан. Станува збор за изведбата на претставата "Зелена гуска" пред хотелот "Балкан" во центарот на градот. Таа пиеса на младите актери и студенти широко одекна кај македонската публика. Направена е во Естетичката лабораторија на Филозофскиот факултет, каде веќе неколку години



Зелената гуска (чаршија)

работеше Отворениот театарски универзитет, кој ја испитуваше рецепцијата на уметничките дела и се трудеше да воспостави модерна употреба на уметноста во образованието. Како резултат на развојот на театролошките студии и на артистичките амбиции, се роди идејата да се направи Театарска работилница од студентите по филозофија. Првата нивна претстава беше токму "Зелена гуска".

Овој текст, односно низа мали сцени напишани од Константин Илдефонс Галчински, познат полски поет и сатиричар во 1950-тите години, беше сакан драмски материјал на водителите на Театарската работилница - д-р Кирил Темков како студент се обиде во 1962 година да го постави во земунскиот Младински дом, Владимир Милчин го запозна на студиите во Прага по 1968 година како еден од радикалните критички текстови во социјализмот, а тој како режисер и Љубиша Никодиновски - Биш го играа како последна претстава на прочуената алтернативна трупа "Театар кај Св. Никита Голтарот". При оваа изведба, јавно, на скопскиот Плоштад Слобода, милицијата ја прекина и забрани изведбата, по што престана да постои овој митски младински театар (за тие елементи од развојот на македонскиот театар пишува д-р Љубиша Никодиновски во својата книга "Алтернативен театар во Македонија", Магор, 2009).

Премиерата на "Зелена гуска" на Театарската работилница на Филозофскиот факултет беше во јануари 1980 година. Претставата веднаш стана мошне популарна, играна е на разни сцени, веднаш учествуваше со голем успех на фестивалот на Малите и експериментални сцени во Сараево и на Деновите на младиот театар во Мостар, гостуваше во Италија и во сите македонски градови. Весела, со шеговит текст и жива музика, со разиграни костими, нормално беше оваа претстава да биде поканета да учествува на Тиквешкиот гроздобер.

Бидејќи нејзината смисла беше т.н. "театар на улица", а логиката на Отворениот театарски универзитет "масовен театар", трупата направи обиколка на градот со свирки и во костими, што се вклопи во грозодберската атмосфера. Беше сончев ден, на улиците на Кавадарци илјадници луѓе. За претставата беше предвидено да се

прикажува на бината, поставена пред хотелот "Балкан" (каде што денес е влезот во големиот супермаркет). Само најблиските до бината можеа да чујат нешто од репликите и музиката. Другите многубројни само гледаа во шарената актерска група, која се движеше, скокаше, гротескно се буткаше, се пресвртуваше, ги пресоблекуваше костимите пред сите. Вистински се случуваше театар, како секогаш на медитеранските плоштади, иако масовната публика (од околу 8.000 луѓе) имаше само ликовна комуникација со претставата. Во задниот дел, по улицата и тротоарот пред тогашната Стоковна куќа (денес Комерцијална банка) течеше корзо, но шетајќи и меѓусебно разговарајќи, луѓето гледаа и уживаа во прекрасните театарски слики. На децата качени на вратот им ги покажуваа разиграните сцени. Некој забележа: "Како цртан филм!" Да, така веселиот театар зрачеше во Кавадарци, тој преубав ден, пред зајдисонце, давајќи личотија небаре е пантомима.

ЗАФИР ХАЏИМАНОВ

ѕвезда на мјузиклот

Зафир Хаџиманов

Многу македонски актери пеат (дури имаат и заедничка годишна приредба), но еден вистински се истакнува со пеењето на сцената - Зафир Хаџиманов, ѕвезда на забавната музика и на мјузиклот.

Зафир Хаџиманов е роден во Кавадарци во 1943 година. Татко му Васил прв ја претстави убавината на македонската музика со настапите во Белград пред Втората војна. Инаку апотекар, Васил Хаџиманов се посвети на народната музика и стана фолклорист и уредник на Радио Скопје, запишувајќи илјадници македонски народни песни. Ученикот Зафир оди во музичко училиште, членува во познатата скопска детска радиодрама, како гимназијалец формира одличен пејачки квартет. Дипломира на Театарската академија во Белград. Настапува во театарот и на филмот - игра главна улога во филмуваната прва македонската пиеса "Македонска крвава свадба". Но сé повеќе се посветува на естрадата и станува еден од најпознатите забавни пејачи, дури со интернационален углед. Се карактеризира со шансоњерско-авторски стил, со изграден настап и совршена дикција.

Тој личен, талентиран и учен актер ги привлече погледите на театрите и тие го поканија да игра во мјузиклите - тешкиот жанр кој се развива само во големите култури, бидејќи се поврзуваат актерските со музичките способности на учесниците. Зафир се истакна во мјузиклите, особено во еден од најтешките за пеење и играње - "Виолинист на покривот". Стигна да настапува дури во Америка, земја на мјузиклите, во Бостон.

Истовремено создаваше поезија и компонираше. Стана еден од најпознатите кантавтори во регионот. Објави многу книги поезија. Мирослав Антиќ за него кажа: "Вдахновен од детството со народниот мелос на македонската песна, тој прими во крвта богата традиција од предците, што го обврзува секое кажување во стихот да биде еден малечок роман, збиен, сконцентриран, јадровит, излупен до голотијата на своето бело срце". А Милан Комнениќ точно ќе забележи: "Верувам дека најдобрите од овие песни еднаш ќе бидат пеани во народот, за што скришум сонуваат мнозина кои пишуваат стихотворби. Тие што ја сакаат песната, во Зафир ќе најдат свој брат".

Зафир ги пее и песните од татка си. Прочуената кавадаречка севдалинка "Са ноќ седам, Трено" многумина ја смеаат за најтрогателна љубовна песна. А песната "Од љубов не се бега" стана химна на вистински вљубените, во која се случува она што го вели Зафир: "Запеј ми, славеј, запеј ми! Од едно грло - два гласа..."

Зафир Хаџиманов го унапреди мјузиклот во нашиот регион. Тој е професор на новосадската Театарска академија токму за настапите во мјузиклот. Самиот има направено мјузикл "Ало, будење" во два чина, изведен во Драмскиот театар во Скопје.

Својата 60-годишнина Зафир Хаџиманов ја одбележа на сцената на Домот на културата во Кавадарци. Настапи со синот Васил, голем џез пијанист, школуван во САД, кој е денес еден од водечките европски џезисти. Така ја искажаа својата посветеност кон корените и кон градот во кој татко им се задоил со љубов за музиката и им ја пренел на своите потомци. Кавадарчаните на тој начин ги одбележуваат своите врски со културата, музиката, театарот.

БУБО КАРОВ

најпознат современ македонски комичар

Бубо Каров

Кавадарчаните особено ја сакаат комиката, уживаат во смешните настани и духовитите зборови, ги прераскажуваат чудните случки и необикновените животни и говорни пресврти, ја слават вредноста на смеата и на шегата како шанса за совладување на животните тегоби и на постојаните неволји. Така хуманоста ја победува нечовештината, а надежта трагедијата.

Иако е најдобро да сме такви сите, кај нас има малку комичари. Писателите пишуваат комедии, повеќе трагикомедии, некои од нив се меѓу најдобрите драми напишани кај нас, но кога ги толкуваат проблеснува трагичноста, па актерската вештина за комедија, која е квалитет на неколку најзначајни наши актери, не се истакнува како посебно важна. Некои од најталентираните млади актери родени за комедија престанаа да играат, никој не ги убедуваше дека се исплати да се биде комедијант. Тоа е една од чудните истории на нашиот театар и филм, парадоксите да натежнуваат кон страв и сожалување, а не кон смеа и увереност во победа на животот над страдањето.

Затоа комичарите кај нас вредат повеќе од златото (а така е во целиот свет, иако таму може да го заработуваат, кај нас тоа не им се посреќува). И ние ги сакаме комичарите. По овој повод, посебно укажуваме дека мнозинството претстави кои ги подготвуваа кавадаречките артисти се комедии. Таквата душа на кавадарчаните е сконцентрирана во судбината и ликот на најпознатиот денешен македонски комичар - Бубо Каров.

Љупчо - Бубо Каров е роден во 1959 година во познато кавадаречко семејство. Каревци се луѓе домаќини, еснафлии, како и приврзаници на културата - чичко му на Бубо д-р Лазо Каровски бил член на првата повоена актерска група и ги пишувал вредните "врапчиња" (иако во острите подоцнежни години за малку ќе настрадаше заради ироничните стихови), татко му Илија Каровски бил долгогодишен актерски аматер и директор на Домот на културата итн. Бубо Каров е плод на такво семејство и на разиграното Кавадарци.

Од детството Бубо е талентиран уметник - учеше да свири, пее убаво и играше во детските и аматерските претстави. Тој е олицетворување на Дионисиј-Бахус во нивната сушност - не станува збор за занесеност, туку за владеење со духовитоста, која води кон смеа и вистинско уживање. Бубо бил персонификација на Дионисиј-Бахус за кавадаречките гроздоберски свеченості.

Органски духовит, сите го сакаа_Бубо во Кавадарци, кое ја љуби смеата. Кон поширока македонска популарност го тласна радио серијата "Династија на кавадаречки начин", во која светски познатата тв серија "Династија" со тек-

сашки нафтени милионери е транспонирана во тиквешки личности збогатени од грозјето и вознесени од ракијата и виното. Секоја недела Македонија почна да очекува пренос од Кавадарци, така ја совладувавме тогашната технолошка заостанатост. Серијата премина во Радио Скопје и неколку години вистински не забавуваше. Имаше и јавни настапи низ цела Македонија.

Подоцна емисиите К-15, па потоа истоимената група станаа извор на нов комичен пристап. Веќе неколку години Македонија лудува по нив - тие се и главна маркетиншка ударна тројка. Тројцата актери, сите се еднакви, не мериме кој е позначаен и попотребен; тие се сплотена група, но ние од Кавадарци сега го истакнуваме нашиот Бубо.

Анализата на карактерот и на методот на игра на Бубо Каров дава интересни сознанија. Станува збор за лик кој е олицетворување на тиквешанец и на македонската средна (вообичаена) класа. И дијалектот кој го зборува, и името што си го зеде Бубо за ликот, сведочат за тоа. Цацко Конопишки - според периферното Конопиште во подножјето на планината Кожуф - е личност која ја сретнувате секаде околу нас (т.е. во Тиквешијата), а ве привлекува затоа што е обична и необична. Такви се сите, а сепак никој не е толку автентичен. Цацко размислува оригинално и со тоа не претставува до крајот на душата, трогнувајќи не да се препознаеме себеси. Неговите случки и околности се општи, тој реагира како што божемски би сме реагирале сите во таквите прилики, а тие реакции и зборови сепак се толку ексклузивни што го воздигнуваат комичарот до чудесното небо на смеата. Цацко-Бубо не греши, секој негов миг, акт, поглед, движење, реакција, став се толку природни, наши што се најубави, израз на божествената вештина да се преправи во секој од нас, што им е дадено само на најголемите.

Во комедијата Бубо игра всушност разни личности, бидејќи тоа не е сé непрекинат расказ за еден ист човек. Но тој ги поврзува во една иста национална-социјална единка, која несмасно, но ведро, вознемирена, но не збунета, неучена, но чаршички подготвена знае на сé да реагира активно, но трпејќи ги настаните и нивните последици. Бубо е нашиот човек доведен до екранот и таму ставен за да се гледаме себе во огледалото.

Убавината на Бубо во овој лик и игра е во тоа тоа што таму нема малициозност, туку добрина која сака да даде објаснување со глупо решение, да спасе со наведување на пропаст, да поучи без вистинско извлекување. Меѓутоа, Бубо не е несвесен лик, кому комедијата му се случува заради глупоста, тој е итар, но притеснет и избезумен. Тој не е горделивец кој паѓа пред очите на публиката, туку домаќин во пресвртно време кога не се цени никој. Тој е моќна фигура со голема сила, која не може да ја употреби, бидејќи нема социјални инструменти за унапредување на живеењето. Тој би бил добар раководител, ако луѓето не се растурени и немаат свест што навистина им треба. Анализирајте го секој скеч во кој се јавува Бубо. Тој го кажува она што би ко кажал секој од нас доколку е нормален, а се случува да му се смееме токму на природноста на однесувањето.

Бубо-Цацко е оној вистински Фалстаф од големиот Шекспир, весел и свесен за проблемите, разигран, но внимателен во однесувањето, занесен но подготвен да се спасе, умен но дозволува да биде изигран за луѓето да уживаат во смеата која значи живот. Љупчо - Бубо Каров е актерски феномен, кој го осмисли и го игра ликот небаре е од животот, а животот навистина е таков, но е смешен токму поради тоа и затоа луѓето бегаат од таквата своја судба. Тие не сакаат да бидат Цацковци, а тоа е најубавото нешто што го имаме на театарското поприште денес. Можеби единствената витална мудрост на што може да не научи театарот е да се трудиме да бидеме некако такви, среќни во тагата, умни во заталканоста, скромни во невежоста, добри во општото лудило кое ѝ се смее на арнотијата.

Така во специјалните нови форми игра, а всушност го претставува животот, великиот македонски актер Бубо Каров, кој кавадаречката локална мудрост и шегаџиство ги возвишува до универзално средство за дофаќање на ѕвездите.

Ангелина Димоска

ДОБАР ПОЧЕТОК И КРАЈ

КОН 38-МОТО ИЗДАНИЕ НА „МАЈСКИ ОПЕРСКИ ВЕЧЕРИ

И ГОДИНАВА ЧУВМЕ ПРИЛИЧНО НЕУСОГЛАСЕНИ ОПЕРСКИ ИЗВЕДБИ - ФЕСТИВАЛОТ ДОБРО ПОЧНА („ЉУБОВНА НАПИВКА“) И ДОБРО ЗАВРШИ („АИДА“). ОНА ШТО СЛУШАВМЕ МЕЃУ ОВИЕ ДВЕ ОПЕРСКИ ПРОДУКЦИИ БЕШЕ МУЗИЧКИ ДИСКУТАБИЛНО

Триесетиосмите „Мајски оперски вечери“ освен главно нестабилните оперски продукции ги одбележаа и бројните откажувања на солисти во последен момент. Во пет оперски продукции колку што имаше на програмата на „Мајските оперски вечери“ имаше три откажувања (на солисти и диригенти). И во изминатите фестивалски изданија имаше измени на солистичките екипи - но не биле секојдневие во програмскиот тек, како што е случај со 38. издание на фестивалот. Само свеченото отворање со премиерата на операта „Љубовна напивка“ од Гаетано Доницети и изведбата на „Кармен“ од Бизе, минаа без никаква промена на екипата. Во секоја оперска продукција што следуваше, имаше по некоја измена во екипата. Во „Травијата“ конечно ја чувме долгонајавуваната бугарска сопранистка Дорина Такова, која неколкупати во последен момент го откажуваше учеството на „Мајските оперски вечери“. Но затоа, наместо најавениот британски диригент Џонатан Веб, кој го откажа своето учество на фестивалот, со оркестарот на Операта диригираше Методи Матакиев од Бугарија. По „Травијата“ следуваше Пучиниевата „Турандот“ и уште едно откажување. Наместо најавената италијанска сопранистка Марија Драгони, насловната улога ја пееше романката Силвија Сорина Мунтеану.

Чувме прилично неусогласени оперски изведби - фестивалот добро почна („Љубовна напивка“) и добро заврши („Аида“). Она што слушавме меѓу овие две оперски продукции беше музички дискутабилно.

Одлична визуелно, музички делумно кохерентна со повремени неуслогласени интерупции меѓу оркестарот, солистите и хорот. Ваква беше премиерата на операта „Љубовна напивка“ од Гаетано Доницети, со која се отвори 38-те „Мајски оперски вечери“. По пауза од речиси две децении оваа комична опера, омилено музичко-сценско четиво на оперските куќи во светот се врати на сцената на МОБ - комплетно обновена, со нови костими, сценографија и режија... И солисти, кои практично дебитираа во оваа нова продукција на „Љубовна напивка“. Тоа што улогите на Неморино и Адина, солистите, гости од Италија и од Русија (Марко Фрузони и Елвира Фатикхова), за прв пат ги отпеаја на нашата оперска сцена не е никаков проблем. Не дека е вообичаена практика на оперските фестивали во светот, ама до некаде е оправдано. Треба да им се даде шанса на младите солисти да отпеат главни оперски ролји за прв пат. Она што е проблематично во случајов е ризикот што го преземаат организаторите на фестивалот. Да донесат солисти од надвор, кои треба да го кренат реномето на фестивалот само затоа што се странци и свесно да искреираат лоша звучна слика. Зашто гостите, освен што се странци, во случајов беа и дебитанти. Па така, чувме еден прилично вокално неста-

билен Неморино во крајно школски изработена улога... Тенорот Марко Фрузони беше бледа копија на есенцијалната музичка суштина на Неморино. А изведбата на аријата „Уна фуртива лагрима“ (она што е „Несун дорма“ за Пучиниевата опера „Турандот“) во последниот чин од операта беше крајно дегутантна. Фрузони без тронка емотивност ја отпеа оваа хиперсензитивна арија. За разлика од Фрузони, руската сопранистка Елвира Фатикхова, која ја пееше улогата на Адина, беше посигурна во својата изведба. Нашите млади солисти, кои дебитираа во оваа продукција на „Љубовна напивка“, имаа прилично сигурен настап на сцената. Особено впечатлива беше изведбата на младиот бас Владимир Саздовски, кој ја пееше улогата на Дулкамара, докторот кој ја продава љубовната напивка во литературната предлошка на ова музичко-сценско дело. Вокално супериорен, сценски елоквентен, спонтан и впечатлив, Саздовски беше движечка сила во оваа солистички млитава продукција на „Љубовна напивка“. Светла точка во оваа продукција на операта од Доницети беше вокално дестилираниот хор на Операта. Оној истиот (додуша видно подмладен), кој честопати знаеше да ја руинира интегралната звучност во оперските изведби. Во „Љубовна напивка“, хорот на Операта звучеше усогласено и стегнато како никогаш досега. Апсолутен адут на новата продукција на „Љубовен напиток“ е динамичната режија на гостинот од Србија, Гордан Драговиќ - Черногорски и одличната визуализација, преку вивидните костими на Љупка Арсовска и свежата модерна фигуративна естетика во сценското решение на Марија Ветероска.

Колку пати на еден професионален оркестар му е доволно да ја отсвири „Травијата“ за да звучи како што треба? Не многу, сигурно. Ама, ова правило важи за некои други оркестри. Дефинитивно не е применливо на нашиот оркестар, кој со децении ја свири оваа опера од Верди и секогаш има проблем да ја отсвири како што треба. Ниту различните диригенти, кои застанале пред пултот на оркестарот на Операта, не успеале звучно да го интегрираат музичкиот потенцијал што со себе го носи Вердиевата „Травијата“. Секогаш иста песна. Како изгребан

Травијата

винил што забавува и забрзува како ќе му текне. Ништо нема смисла. Токму така звучеше „Травијата“ на „Мајските оперски вечери“. Кога по неколку години безуспешни најави и обиди, Операта конечно успеа да донесе солистка со блескава биографија, која вклучува настапи на престижни сцени како „Скала“ или „Метрополитен“, очекувањата беа големи. Но уште поголемо беше разочарувањето кога спектакуларно најавената бугарска сопранистка Дарина Такова киксне уште на првото појавување на сцена. Помпезно најавуваната Такова беше бледа копија на Виолета Валери, оперскиот лик кој во себе носи длабока емотивност и карактерност. Изведбата на романскиот тенор Ифрим Козмин, кој го толкуваше ликот на Алфред Жермон, беше далеку постабилна од онаа на Такова. Иако пееше доста стегнато и здрвено шеташе по сцената, Козмин даде се од себе. Чувме нервозна, но вокално стабилна интерпретација на ликот на Алфред Жермон. Баритонот Горан Начевски уште еднаш ја потврди својата доминација на сцена. Ликот на Жорж Жермон го отпеа со многу емоции, вокално беше суперирен. Оваа продукција на Вердиевата „Травијата“ - најизведуваната опера на нашата сцена уште еднаш ги потврди слабите перформанси на нашиот оперски ансамбл.

Кога пред осум години премиерно беше поставена новата продукција на „Турандот“, на сцената на МОБ - критиката едногласно констатираше: „Конечно добра продукција на Операта - со добра режија, костими, сценографија...“. Тогаш новата продукција на „Турандот“ беше сериозен исчекор во програмската политика на куќата, која со години не можеше да се ослободи од летаргично искреираниот репертоар со наталожена прашина низ деценииите. Оттогаш „Турандот“ е на редовниот репертоар на Операта. Пучиниевата „Турандот“ на „Мајските оперски вечери“, за жал, само парцијално звучеше како што треба. Чувме крајно нерафиниран Калаф во изведба на романскиот тенор Алесандру Бадеа. Емотивноста и деликатниот вокален сензибилитет изостанаа во неговата интерпретација. И најпросечна изведба на хиперсензитивната „Несун дорма“, најпознатата арија во „Турандот“, го крева адреналинот кај публиката.

Турандот



Аида

Додека ја пееше Бадеа - изостана длабокиот музички потенцијал што во себе го носи ова вокално ремек-дело. Да отидеш на „Турандот“ и да чуеш лоша изведба на „Несун дорма“ е како да читаш книга во која недостигаат страници. За среќа, другите солисти беа доста вокално сигурни. Романската сопранистка Сорина Мунтеану, која ја толкуваше насловната улога во оваа опера од Пучини, беше супериорна со моќ на, емотивна и усогласена вокалност. Сопранистката Сандра Митровска исклучително профилирано и со силни емоции го искреира ликот на Лиу, а басот Игор Дурловски стабилно и со интензивна драматика го отпеа Тимур.

Претпоследната оперска претстава на „Мајските оперски вечери“ беше Бизеовата „Кармен“. И таа, како и другите оперски дела, ја гледавме во веќе позната поставка - режија Кузман Попов (Бугарија), сценографија Живоин Трајановиќ, костимографија Марија Пупчевска. За разлика од претходните опери изведени на МОВ, во „Кармен“ работите дојдоа на свое место. Конечно чувме интегрално коректна продукција - во секоја смисла. И музички и артистички и вокално и инструментално. Изведбата на „Кармен“ беше раководена од маестро Максимилијан Ценчиќ од Австрија, а солистичките партии ги донесе меѓународна екипа. Фаталната Кармен, одлично ја интерпетираше руската мецо-сопранистка Галја Ибрагимова, која доаѓа од Државната опера во Прага. Ибрагимова е женствена, заводлива, вкусно кокетна на сцена, слободна и борбена, кога тоа е потребно. Таа плени со топлиот колорит на гласот, леснотијата на вокалната интерпретација. Нејзиниот љубовник и убиец водникот Дон Хозе беше енергичниот тенор од Бугарија Иван Момиров. Момиров е слободен на сцена, изразито сценичен, но напати премногу емоционално се втурнува во градењето на партиите. Префинетоста и елеганцијата на сцена ја донесе неговиот соперник басот Франсоа Лис од Франција, кој ја изведе ролјата на тореадорот Ескамилио. За динамичен развој на оперското дело придонесе и успешното и компактно музицирање на оркестарскиот ансамбл и Хорот, кои ја дооформија музичката драма.

Оркестарот на Операта, кој речиси на секоја изведба што ја чувме на 38-те „Мајски оперски

вечери“ срамежливо скриен во дупката едвај музицираше загубен во звучниот вакуум на партитурите - конечно пушти глас. Во Вердиевата „Аида“, со која се затвори фестивалот, оркестарот на Операта излезе од „мистериозната“ школка поставена под главната сцена. И музички и буквално - на крајот од претставата, која траеше до доцна во ноќта, полскиот диригент Јануш Пшибилски ги изнесе сите музичари од оркестарот на главната сцена. Малоброен - но максимално впрегнат. Така звучеше оркестарот на Операта на затворањето на фестивалот. Беше ритмички доследен и динамички колоритен. Маестрото Пшибилски е чест гостин на нашите концертни сцени. Диригира и со оркестарот на Филхармонијата и со оркестарот на Операта. И секојпат знае да извлече максимум, па дури и тогаш кога располага со минимални средства - во конкретниов случај, со преполовен оркестар во школката. Пшибилиски успеа да извлече и динамика од оркестарот на Операта - тамам кога помисливме дека нема јунак што може да се справи со неговата музичка мрзливост и повеќегодишна хибернација. Дознавме дека тивко и силно не биле единствените потенциометри на нашиот оперски оркестар. Знаеле да распознаат и динамички нијанси. Кога познатиот италијански тенор Роберто Алања киксна во изведбата на аријата „Челесте Аида“ на сцената на миланска „Скала“, каде што операта е крвав спорт, беше исвиркан од публиката. Алања ја напушти сцената на „Скала“ и си замина од среде претстава. Нашата публика не знае да исвирка лоша изведба. Мексиканскиот тенор Хозе Луис Дувал, кој го пееше Радамес во оваа продукција на „Аида“, аријата „Челесте Аида“ ја отпеа тамам како што треба за да биде исвиркан. Наместо да ја отпее, тој ја извика оваа арија. Публиката го награди со громогласно ракоплескање. Нашата публика не е за потценување, но без критична публика никогаш нема да дочекаме добра изведба на сцената на МОБ. Уругвајската сопранистка Марија Хозе Сири ја пееше насловната улога во оваа грандиозна опера на Верди. Беше вокално најстабилна од сите солисти што ги чувме во оваа продукција на Вердиевата „Аида“. Амнерис ја пееше српската мецосопранистка Драгана Југовиќ дел Монако. Ја отпеа несигурно, некоординирано и без трошка емотивност. Нашиот бас Владимир Саздовски, кој имаше одлична вокална креација на доктор Дулкамара во „Љубовна напивка“ на отворањето на фестивалот, и во оваа оперска изведба (го пееше Рамфис) доминираше со својата стегната и вокално усогласена интерпретација. Вердиевата „Аида“ сме ја чуле безброј пати досега. Со нови и стари костими, со домашни и странски солисти, со технички курцшлуси на сцена, паѓале и балерини што не можеле да ги додржат нивните партнери, со традиционално фалширање на хорот и солистите. Во сите можни варијанти на сценарио со непредвидлива завршница. Докрај сме се грчеле од страв дали ќе финишира како што треба неколкучасовната голгота на сцената на МОБ. Секој 31 мај во годината - традиционално за крај на „Мајските оперски вечери“. „Аида“ - и агонијата може да заврши! Овојпат не беше така. Чувме најдобра изведба на „Аида“ досега. Најдобра од најлошите, зошто еден добра се уште не сме чуле на наша сцена.

Љубомир Груевски

СТАМЕНО ЧЕКОРЕЊЕ КОН ТЕАТАРСКИТЕ ВИСИНИ

ОСВРТ НА 45-ОТ МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ " ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ 2010"

Вовед со повод

Зад нас е уште едно издание на најрепрезентативниот театарски собир на професионалните театри од Република Македонија. И како што е редот и според традицијата се случи тоа наше, домашно театарско дружење и себепреоценување на македонскиот театар и македонските професионални театарски дејци/уметници и театарски куќи, во јуни, летото Господово 2010, во првата половина на *жетвар*.

Не толку според некоја логика на животот човечки, туку вкоренето повеќе како нумеричка логичка операција / традиција – секоја половина декада или заокружена декада во траењето на нештата, да ја прогласуваме за јубилејна, го правиме тоа по случај првата пловина, од петтата деселетка од трањето на МТФ , та така 45- тото издание го објавуваме како мал-голем јубилеј, пред оној (што следи по 5 години) 50 –от, големиот, најголемиот - да сме живи и здрави и со бериќетни години театарски, дотогаш.

Значи според сите критериуми и стандардни вредности , менаџиран од истата и проверена екипа - уметничко раководна (уметнички директор еминентниот Петар Темелковски, скретар Стојан Дамчески, директор на НТП) и еснафскоуметничкиот состав - ***извршниот одбор*** на Фестивалот: Сенко Велинов, како претседател и членовите Бранко Ѓорчев, Петар Мирчевски, Роберт Павлевски и Бесфорт Идризи и ова издание ги презентираше сите разноличности и креативни потенцијали, на една национална уметност и продукција, во нејзиното евидентно и стамено движење кон највисоките коти на театарскиот пантеон.

Сосема наместо, елоквентниот Петар Темелковски - уметнички директор на МТФ, што би значело и селектор на понудената програма за Фестивалот ќе обнароди дека неговата селекција и застапените и одбрани претстави, зависат од годишната продукција на професионалните театарски куќи од земјата.Во таа смисла е и неговиот одговор и на забелешките дека МТФ "Војдан Чернодрински" при постоењето на фестивалот на камерен театар "Ристо Шишков" не треба да прифаќа / селектира помали театарски проекти ,кога ќе ја предочи реалноста : "...за разлика од претходните години , поголем дел од претставите се камерни, но тоа нема да се одрази на посетеноста и на квалитетот..." И тоа беше така.

Од вкупно 11 претстави во официјалната програмата и официјалната конкуренција за на-

градите, скоро половината можат да се воврстат во камерниот театарски израз, а ако овде се земат во предвид и претставите од придружната програма (вкупно 6), кои по природа на нештата претежно, се камерни – ете уште еден аргумент плус, дека на преден план и одлучувачки бил квалитетот на преставите, а не формата.

Покрај 11 претстави во официјалната и шесте во придружната програма, фестивалската програма, годинава ја збогатија три тематски трибини, една промоција и трдационалната изложба на Ликовната колонија "Де Ниро", а како претстава на покана – за свеченото затворање на овогодинешниот МТФ се појави успешната продукција на градот и театарот домаќин, амбиенталната адаптација на романот на Стале Попов "Крпен живот", која во оваа пригода со ентузијазам беше одиграна на отворено , на плоштадот *Александрија,* среде Прилеп.Со ова и со претходното доделување на фестивалските награди (според одлуката на тричленото жири: Слободан Деспотовски, Мустафа Јашар, Братислав Димитров) 45-от Македонски театарски фестивал "Војдан Чернодрински" беше прогласен за завршен. Но, од почеток ...

ПРЕТСТАВИ ОД ОФИЦИЈАЛНАТА ПРОГРАМА

4 јуни, 2010 год.

"ТУПАНИЦА ПОЛНА СО ЉУБОВ"

/Автор: Дејан Дуковски; Режија: Санди Лопичиќ; Македонски народен театар – Скопје/

Претставата со која беа отворени овогодинешните македонски ***театарски игри*** (преднасловот со кој долги години се именуваше МТФ "Војдан Чернодрински") всушност и самата е игра, ***нешто помеѓу*** (драмска инсценација и мјузикл). Она што ја чини особено интересна оваа продукција (резултат на во последно време, присутните копродукции меѓу државните театарски институции, ***ад хок*** театарски иницијативи и меѓународни проекти) е што покрај актерските имиња за почит, тоа е особено самиот спој на два извонредно интересни балкански (европски) авторски профили : Дејан Дуковски, нашиот прослaвен драматург и Санди Лопичиќ, во случајов режисер, но и музичар (композитор) - во ***"Тупаница полна со љубов"*** , во драматуршка смисла -школски склопениот текст . Овој театарски проект на своевиден музички театар, не случајно е работен во копродукција со "Нојкелн опера" што делува во Берлин, С Р Германија, каде ваквиот вид има своја традиција. Изворниот текст за претставата всушност се крие во една од покусите драмски форми на Дејан Дуковски -, "Празен град".

Низ вештите, мајсторски напишани дијалози што се одвиваат меѓу двајцата браќа (од нашиве краишта) Геро и Ѓоре и девојката, нивната заедничка љубов (во интерпретација на Јелена Јованова), Дуковски ни пренесува класична приказна за љубовта на двајца мажи кон една жена, во случајов двајца браќа и поделеноста на младата жена, во чувстата кон обајцата. Заминувањето на едниот во *туѓина* и потоа не особено братската средба во некој од војна зафатен простор/*празен град* - како војници на две завојувани страни , е можност за реми_нисценција, за враќање на тркалото на животот назад, во времето кога биле едно семејство, кога имале мајка, татко и заедничка љубов – Марија, која забременува којзнае од кого од двајцата браќа..

Оваа драматуршка рамка, музичарот (и композитор)Санди Липичиќ, режисер на преставата ја користи за рок-приказна, односно за музичка обработка/преработка на текстот "Празен град", при тоа користејќи ги покрај своите музички дарби и авторските музички нумери на Емин Џијан и Георги Шаревски, преку извонредните вокално-

Тупаница полна со љубов

музички интерпретации на тројцата исклучително музички надарени актери-протагонисти: Сенко Велинов (како Ѓоре), Горазд Цветковски (како Геро) и Јелена Јованова, како Марија.

Резултатот на крајот е камерна рок опера, во која на преден план е говорот на музиката и музичкиот вокален капацитет на сите тројца актери, кои демонстрираа висока музичка култура и надареност, но и прилична физичка подготвеност, истрајувајќи во жестокиот музички изблик на емоции и динамично осмисленият мизансцен, во функција на сижејната прикаска, не само како драмска нужност, туку и како естрадна потреба.

Така на свеченото отворање на овогодинешниот МТФ, прилепската публика, после онаа во Скопје (во МНТ), имаше можност да проследи и да ужива во еден досега не често виден театарски/драмски жанр, во кој актерите и музиката беа апсолутна доминанта - а и успех, на ова своевидно театарско истражувачко претставување, вклопено во пригодноста на чинот.

5 јуни, 2010 год.:

"СТРИНБЕРГ ДОСИЕ"

/Автор:(според"Татко"-Стринберг,и др.); Режија: Владо Цветановски; Сценографија: Владо Ѓоревски; Костимографија: Благој Мицевски;Видео дизајн: Андреј Цветановски;Музика:Христо Бојаџиев; НУКЦ "Антон Панов" - Театар Струмица/

Вредностите на еден автор/творец од било која област на уметноста можат да се оценуваат и според интересот за неговото дело, особено ако тој интерес се појавува и трае и стотина/и години по неговата смрт.

Така, интересот за драмското творештво на Стринберг, не престанува да трае многу години по неговата смрт, претставувајќи вистински заеднички именител за генерации светски, но и македонски театарски творци - театролози, драматурзи, историчари на литературата итн. Но пред се, тој несмален и голем интерес за вредностите на драмското творештво на Август Стринберг , се чини, најдоминантен е кај најклучните творци во патот на драмското дело до сцената – режисерите.

Стринберг досие

Дека делото на големиот Скандинавец, е трајна вредност во класичната драмска литература и во оставнината на севремените цивилизациски скапоцености, показ е и осведочениот, немалиот интерес и на македонските театарски творци, низ не долгата но маркатна историја на македонскиот театар. Еден од доказите дека Стринберг, тој умен и студен аналитичар на сета контроверза на човековата сложена психологија и внатрешнина, е предизвик и за македонските театри и за македонските режисери, посведочи паралелниот и независен интерес за неговото творештво, но и за неговиот живот(толку поврзан и неделив од неговата личност и животопис) и годинешнава продукција на македонските театарски куќи.

Фактот што дури две претстави (која од која - поумни и покреативни) на тема Стринберг - негово драмско творештво , се најдоа и во официјалната програма на годинешниот МТФ ,добивајќи ја визата за влез во конкуренција за престижните награди (меѓу вкупно единаесесетте *избрани*, од селекторот Петар Темелковски) - и повеќе од доволно зборува, дека во македонскиот театарски простор не само што владее интерес за осведочениот и значаен драмски опус на големиот класик, туку и недвосмислено покажува, дека македонското *гледалиште* – театарско, има творци чии интелектауално целебрални патеки силно коренсподираат , со големиот ум, големиот творец и мислител од Шведска.

Двете претстави, со не така далечен режисерски светоглед, иако со различен пристап, јазик и исказ дојдоа од театарот од Струмица ("Стринберг досие" – режија Владо Цветановски) и Турскиот театар од Скопје(" Госпоѓица Јулија" – режија Александар Поповски).

"Стринберг досие" е сликовно-бербална вивисекција на самиот Стринберг, но тоа е и

претстава која низ фрагментарност и цитатност низ еден гамичен документарно-ликовен, што значи визуелен дискурс го користи неговиот "Татко", потоа познати искази на писателот и мноштво други биографски/автробиографски материјали, умно искористени во претставата-фреска или темен мурал, врз која лебди сенката на Мунговиот (воедно Стринберговиот) *крик*. Не е ли тоа и ***крикот*** на режисерот Владо Цветановски, актерот Владо Јовановски (и сите други) – не е ли тоа крикот од нас, во нас сите?

"Стринберг досие" иако е претстава која не е конципирана драматуршки стандардно, таа ја носи драматиката во себе непретенциозно и најповеќе преку ликовно визуелната компонента, толку блиска како авторски израз на сета екипа што ја сработила претставата, отпочнувајќи од режисерот Владо Цветановски, сценографот Владо Ѓоревски, костимографот Б.Мицевски, потписникот на изборот на музиката Х.Бојаџиев и секако авторот на видео-дизајнот Андреј Цветановски.

" КАВКАСКИОТ КРУГ СО КРЕДА"

Режија: Мартин Кочовски;Сценографија/костимографија: Јулијана Војкова - Најман; Музика: Фолтин; ", НУЦК - „Марко Цепенков", Театар "Војдан Чернодриски Прилеп/

Големиот германски драматург,поет, раскажувач, теоретичар, создавач на театар и еден од најголемите/ себенајдоследните театарски творци на минатиот век – Бертолт Брехт, со свое драмско дело повторно и за кусо време се најде на македонската театарска сцена – и повторно благодарејќи му на младиот режисер, веќе овенчаниот театарски истражувач и толкувач на големото дело на овој голем значаен автор/ теоретичар, поет/ мислител – и повторно во Прилеп и на најактуелната театарска сцена кај нас – сега фестивалска.

Со премиерата кон крајот на април, на прилепската сцена(и сегашното учество на 45 МТФ на „Кавкаскиот круг со креда" на признателниот Б.Брехт (негово повторно присуство на прилепската сцена во временски простор од неполни две години) и театарската куќа од Прилеп и режисерот Мартин Кочовски – без оглед на успехот што го имаа со претходната поставка на Брехт („Тапани во ноќта") се чини направиле храбар не само репертоарски потфат.

Тоа никако не значи дека Брехт со својата специфична.,отворена и податлива драматургија, и досега не бил во сферата на интерес на театрите и театарските творци во Македонија. Така на македонските театарски сцени, театарската историја ги бележи постановките на: „Баал" во МНТ, „Мајката храброст" на сцените во Штип и Битола, итн.

Но ова е прво претставување на тетарска сцена на делото кое,всушност, својата далечна *прва* премиера ја доживува во САД (каде Б. Брехт бега и бара засолн пред налетот на нацизмот и Втората светска војна) за да може да твори, да работи врз театар во чијашто моќ ***да се бори*** – длабоко верува.По бегството на Запад, во САД меѓу останатото, еден од неговите најсилни текстови „Кавкаскиот круг..." има своја праизведба на англиски јазик и од студентски театар, а во превод на ЕрикБентли . Подоцна, поофицијална премиера овој превод на текстот ќе има и на професионална сцена (во Филадел-

фија), во режија на преведувачот Бентли.Но сепак, за година на негова праизведба , во театарската историја се смета, првото нејзино играње на германски јазик, во Берлин (тогаш Источна Германија) во нетака блиската 1954 - шест години по враќањето на Брехт дома и само две години пред неговата смрт , во 1958 година.

И во ова сценско дело Бертолт Брехт, во согласие на своите естетски (но и политички) погледи, а во духот на неговиот ***епски театар***, се послужува со драмската фактура на својот веќе публикуван кус истоимен расказ, но имајќи го и не бегајќи од нему познатата кинеската пиеса од 14 век, на истата тема за *Кавкаски круг* на авторот Ли Ксин Џао. Б.Брехт драматургот, впрочем е познат по тоа дека често користи значајни и познати историски настани и вистини, *преку* кои и низ кои ја реализира својата драмска приказна, своите драматуршки сфаќања и светоглед, кои потоа и како режисер, но и како теоретичар ги означува со поимот *В-ефект (V – efekt*, односно Verfremdungs-efekt), што тој го реализира со ***прекинување*** на ***илузијата театарска претстава*** (во која има/постои: сцена со актери на неа- во дејство, во која постои рампа и потоа и наспроти – публика, гледачи).Во таа своја драматуршка, теоретска но и практично-режисерска постапка тој е за уривање на ***рампата / разделот*** - со слободен и независен ***коментар*** (на коментатор/говорник/пеач) или со ***музика*** (односно сонг - на колективот, повторно во улога на коментатор/хор) кои најчесто ги искажуваат недвосмислените авторови мислења/погледи за театарот како политичко средство, како место за политичко просветлување и агитација.Така тој Б.Брехт, а преку него и сите оние што подоцна ќе се зафаќаат со неговата драматургија, ќе ја имаат истата можност да проговарат за сите контрадикторности и недоследности на општеството, во било кое време и епоха, на исти или сличен начин.Така е тоа кај Б.Брехт – убедениот марксист и уште поголем подржувач на источно германскиот социјалистички режим на автократот од сталинистички тип Валтер Улбрихт – и од тоа нема бегање.

Режисерот Мартин Кочовски и самиот декларириан како еден од најдобрите познавачи на се она што го одбележува Бертолд Брехт, како автор за кој театарските уметници покажувале најголем интерес за негово поставување и играње ширум театарските сцени на светот (немногу помал од оној за делата на Шекспир), со посегањето кон „Кавкаскиот круг со креда“ , всушност го прави тоа по една мала дигресија од оваа нему блиска естетика и практика на големиот германски и светски театарски уметник, кој своите естетски норми и иновации, како влијание не ќе ги изврши само врз големите имиња на театарот (Дарио Фо, Питер Брук, Питер Вајс итн.) туку и на многу големи имиња на новиот бран на светскиот филм од 20 век (како што се тоа: Жан-Лик Годар,Л.Андерсон, Фасбиндер, и др.).

Како што е познато, по големиот успех со „Тапани во ноќта“ (*Сребрен лавров венец* - втора награда за млад режисер на МЕСС, во Сараево, апсолутен победник на МТФ Прилеп 2009 - најдобра режија и најдобра претстава во целина, итн.) Мартин Кочовски, така да се рече , вон институционално (во смисла: јавен сектор) - со голем успех работеше во приватниот Мал драмски театар од Битола, на поранешниот министер за култура Б.С. (партиципирајќи на најдобар начин во заживувањето на овој нов театарски субјект во Битола и Р Македонија). Беше тоа текстот на Дејан Дуковски од „Другата страна “ којшто според сите елементи на сфаќање на театарот , беше претстава со еден нов режисерски ракопис – но со истиот бунт, набој и творечка енергија, која Кочовски очигледно ја поседува и има храброст и доблест да ја побара таа бунтовност од сета своја летаргична генерација. Претставата , која се игра во алтернативен сценски и необичен простор – дискотека / ноќен клуб, се врати од последниот сараевски фестивал (МЕСС) со признание за М.Кочовски, изразено преку наградата на критиката „Клуч Тмаче“ на списанието „Тмача арт“.Па потоа, повторно и сега - Брехт и Прилеп.

Што бара М.Кочовски во навлегувањето, на безмалку нерешливите дилеми на „Кавкаскиот круг...“ зад кои, и тогаш кога привидно конечно *ќе се решат* со навидум мудрата на судителот/мониторингот – останува дилемата, дали е тоа вистинската и праведна одлука на нејзиното величество богинката Јустиција. Зашто, признале или не , секогаш над правото останува полити-

ката или уште подобро политиканството, интересите, егоизмот.Така и покрај својата брехтовска естетика и епска драматуршка подлога, во која гротескното е на преден план, оваа претстава со длабока и широка асоцијативна палета, отвора многу болни, па и исконски прашања од политички вид, за тоа чие е нештото (долината/земјата, детето, материјалното добро) на оној што го создал или на оној што го негувал и чувал, обезбедувајќи го неговиот раст и опстој низ бурниот тек на животот, полн со секаков вид искушенија, почнувајќи од болестите па до војните (како најголеми од сите деструкции на човештвото и неговата цивилација, воопшто).

Доследен на себе, на можностите и творечките провокации што прелиминарно му ги понудува текстот, режисерот Кочовски, повторно за работа врз овој Брехт ја собира околу себе истата (добитна) екипа од „Тапани...".Тука пред се мислиме на костимографот и сценограф Јилија Војкова- Најман од Репубика Бугарија(соработничка на Кочовски од студентски дни), помошникот на сцеографијата Филип Јовановски – овој пат потписник и на дизајнот на пропагадниот материјал, бројниот и пред се млад состав на прилепскиот ансамбл и секако неизбежниот и ненадоместливиот – бенд Фолтин.

Незнам дали осврнувајќи се врз креативниот резултат на сценографијата и костимографијата, во друга прилика би правеле споредба, кој од нив како значајна и неделива компонента на претставата, авторката Јулијана Војкова – Најман ги сработила подобро, поуспешно – ако како во случајов не е потпишана и како сценограф и како костимограф на „Кавкаскиот круг...". Сепак се чини дека резултатот е приближно ист, нивото – соответно на реномето и творечкиот потенцијал на авторката.Но сепак, според оригиналноста на сценографијата замислена како повеќеделна (првично интегрална) платформа (од железо), која преку средишната оска се ниша (лулее – етимилошки:*нишалка, лулашка)* само од себе (како деус екс махина) или неа ја нишаат самите луѓе, протагонистите во настаните (било тоа од историското минато или сегашноста). Оригиналноста на ова решение, околу кое режисерот и го концентрира својот концепт и скоро најголемиот дел од дејствието на претставата, овозможува разни толкувања: од почетната сцена (состанокот во колхозот – со спротивставените мислења, до разиграното и одвоено нишање на секое парче(елемент) на таа и така замислена подлога (тло што се тресе, ниша) или како одвоени елементи: како висечки мост што не достигнува до другиот брег или очигледната асоцијација на вага (терезијата во рацете на Јустиција) – додека трае грубото грабање на двете мајки околу детето од „кругот со креда" - што би требало да посочи на колебливата правда и нејзината неправедност/корумпираност.

Кога пак станува збор за соработката на Кочовски со групата Фолтин – се чини дека ниту досега видениот Кочовски , ни претставата едноставно не можат да функционираат без нивната музика.Таа го обезбедува и обмислува правецот, темпото на претставата , преку неа Кочовски го создава и контролира нејзиниот тек и особено ритам. Некои од членовите на Фолтин, покрај музичарските , кај режисерот Кочовски се повеќе добиваат и помали актерски задолженија, како што е тоа случај со *лидерот* на групата Б.Николов, кој покрај одличното соло пеење демонстрираше и одлично снаоѓање и во нарацијата.

Притиснати од просторот, а сакајќи да резимираме со сосема јасен исказ за претставата „Кавкаскиот круг со креда" на 45 МТФ (во иста насока како и за премиерната изведба),да подвлечеме дека таа е очигледно димензионирана според можностите на немногу просторната сцена на Театарот во Прилеп, а според сработеното на целокупниот актерски ангажиран состав во кој на свој начин се издвојуваат неколкумина(од кои особено Владимир Ѓорѓијоски, Игор Трпче и др.) и според севкупната режисерска постапка/постановка, беше тоа солидно, дотерано и контролирано сработен Брехт. Единствено држи место забелешката за режисерот (и репертоарната политика на НТП) за тоа што многу брзо по извонредната „Тапани во ноќта" посегнаа по дело од истиот автор - со толку препознатлив драмски ракопис. Така е и со незбежниот и конечен впечаток (покрај признанијата и убавите импресии за глобалните метафорички значења), па останува да се каже дека во некои сегменти и знаковни решенија, дека сепак нешто се провлекло како сличност (да не речеме престрого - како повторување) како *веќе видено.*

Фестивалската презентација на ова, непречесто , значајно остварување на НТП, во секој случај силно го артикулира македонскиот актуелен театарски миг, а кај учесниците во проектот пробуди зголемен ентузијазам и очекувања за валоризација на остварената и прикажаното – на фестивалската , за нив и- матична сцена.

6 јуни, 2010 год.

"НЕ ИГРАЈ НА АГЛИЧАНИ"

/Автор: Владимир Ѓурѓевиќ; Режија: Кирил Петрески; Сценографија-костимографија: Бојан Маневски; НУЦК „Трајко Прокопиев", Театар - Куманово/

Не играј на англичани

Театарот од Куманово, се чини најподготвено и најефикасно преку својата репертоарна политика, се прилагоди на новонастанатите, очигледно рестриктивни мерки во однос на финансирањето на проектите во културата, во услови на несомнена и сеопшта економска криза. Доказ за тоа секако се и *најновините* „Печалбари" , но и - последните премиери оваа година, особено „Не играј на англичани" (одржана на 15 април оваа – 2010 година), а со која водството на театарската куќа од Куманово, како и селекторот Петар Темелковски одлучија на МТФ - вредниот панорамски отсечок/пресек на едногодишните македонски дострели во театарската уметност, да се претстави токму со ова безмалку, камерно издание.

Определувајќи се за драмски текст од, така да се рече „бродвејска " провиенција – лесно хуморна пиеса (со напати горчлив вкус на трагикомика) а со само три лика, тетарската куќа од Куманово и нејзиниот менаџмент, однапред покажува дека знае што е домаќинско работење во сценските дејности – без при тоа да загуби уметноста, да загуби театарот.Напротив, бенефитите од ова се повеќебројни.Без оглед што кумановските театарски посветеници овој пат се одлучуваат за млад и недоволно познат драмски автор (и без оглед колкав е авторскиот надоместок за текстот, односно за авторот) и без оглед што и режисерот на тој текст, Кирил Петрески е млад и надежен режисер, видениот и продуциран резултат, целосно ги оправдува ваквите чекори, иако овој наш театарски анасамбл има евидентен недостаток од актерски кадар. Потврда пак за малубројниот (и значително актерски и персонално) ослабениот кумановски ансамбл е и фактот дека Театарот, во недостиг на помлади актери (најверојатно преку режисерот Кирил Петрески, од Прилеп) ангажира и двајца млади актери (едниот,од вкупно тројцата протагонисти во претставата е Зоран Иваноски, повторно –од Прилеп).Ова секако не е во духот на погоре искажаното за начинот на трошење на и онака ограничените средства, но секако дека и тоа се имало во предвид, како еден од подобрите и поразумни начини да се реализира на што поквалитетен начин годишната програма - а оваа престава е токму во тој дел којшто го финансира министерството за култура.

Инаку, „Не играј на Англичани" (или можеби поразбирливо: „не типувај", односно: не се обложувај на Англичаните)обработува барем за нашиве транзициски , балкански простори , современа тема – за обложувањето и животот на нашите современи „коцкари" поврзан со безбројните како „печурки по дожд" изникнатите „спортски" обложувалници (читај „коцкарници"). Текстот (според самата и чиста текстура не недопадлив – напротив луциден и мошне духовит) е далеку од тоа подлабоко да ги прикаже психолошките аспекти на зависноста од „коцкањето" (како што тоа може да се доживее во - на пример, некое од класичните дела на оваа тема; на пр. во „Коцкар" од Достоевски и сл.) но затоа покрај со примамливоста на актуелноста плени и со честите драмски пресврти што се одвиваат преку можностите – повторно на истото тоа транзициско, но и технолошки развиено општество. Со

оглед дека преку аудиовизуелните и информатички медиуми – можно е следење и мигновено добивање на информациите за текот на спорстките настани-натпревари и резултатските пресврти на нив. Така како што се случуваат пресвртите на спортските/фудбалските терени така се случуваат и индивидуалните комични, но и трагични пресврти кај тројцата пријатели – страсни обложувачи.Па менувајќи ги своите улоги час на добитници час на губитници и беспомошници – тројцата протагонисти, зависно од позицијата во која моментално се најдуваат ги искажуваат своите напати потресни, но почесто наивни, инфатилни надежи за доаѓање до спас преку мигновеното богатење и излегувањето од животните, пред се финански кризи. А во моментите на слабост на губитништво и беспомошност – доаѓа најболното, разголувањерто до срж, до болка. Тогаш се дознава вистината за неверството на жената на едниот од пријателите со другиот.Во тие „моменти на вистината" наместо доминанатно хуморното доаѓа драматското, трагикомичното – кое од друга страна пак не го засенува општиот впечаток – дека и текстот и режисерот, градат претстава чија примарна задача е да прикаже актуелни општествени сосотојби, но и да релаксира, без да морализира.

Режисерот Кирил Петрески, разбирливо во една ваква драмска структура на текстот – која ниту во еден миг не го менува местото на дејствието, имал пред се задача да работи со актерите во создавање на атмосфера за што подобра интеракција и природност, во вербалниот и мизансцескиот исказ. Во таа смисла најголемата и очекувана помош тој ја добива од актерите. А тие - сите тројца со ентузијазам и со искористување на можноста што им е дадена (тука оособено мислиме на гостувачките актери : Зоран Иваноски,како Пикси и Димитрија Доксевски, во ролјата на Паун) со гостувањето на кумановската сцена го покажуваат секој засебно, својот евидентен талент на едуцирани актерски надежи, со чувство за негуван сценски говор и вештини на вистински професионалци. Секако дека и во никој случај, зад нив не заостануваше и третиот, домашниот актер – младиот Ивица Димитријевиќ(во улогата на Буле), кој – искажано со јазикот на претставата: го користеше „домашниот терен" и делуваше порелаксирано - и внимателно и одмерено партиципираше во вкупниот драмски учинок на кумановската сцена во претсавата во која сленгот, односно уличниот говор – беше говор и јазик елемент на сценскиот израз, искористен за поголема уверливост и природност.

И авторот на костимографијата Бојан Маневски, кој како и режисерот немале очигледни и поголеми амбиции (впроичем поголеми можности во таа смисла и не дава ниту самиот текст), не влегол со поголеми амбицизии ни како автор на нешто позабележителниот проект на, да ја наречеме така „кубитистичката" сценографија, во која во првичната сцена централно место зазема конуснопирамидалната структура со чие декомпонирање актерите го создаваат основиот мебел (фотељите и масичките), подоцна и битен и единствен елемент за исполнување на сценскиот простор, но и особено за одвивање на мизансцеските реализации. Интересно и прифатливо решение – ако примарно се сметало,на еветуалната мобилност и лесна преносливост на сценографијата надвор од матичната сцена.

Се на се , прифатлив и респектабилен резултат–и секако една претстава и евентуален прилог повеќе на домашниот Кумановски театар, за истотака домашниот - годинашен кумановски, државен фестивал: Денови на комедијата Куманово 2010, а во Прилеп, Кумановчани можеле да бидат застапени/ претставени и со нешто друго ("Печалбари" можеби? – но тука е режијата на Д.Пројковски, што би значело негово застапување со две претстави).

"ГЕНЕРАЛ НА МРТВАТА ВОЈСКА"

/Автор:Исмаил Кадаре; Драматизација: Јетон Незирај;Режија:Дино Мустафиќ; Продукција: Албански театар – Скопје/

Исмаил Кадаре е секако најголемото име на современата албанска литература. Тој со своето култно дело, романот „Генерал на мртвата војска" и кандидатурата за Нобеловата награда за литература и големиот број преводи на други јазици на романот (на над 40 јазици), конечно кон крајот на минатиот век го освојува културниот, односно литературниот *запад* – каде што и жи-

вее, (по егзилот од Албанија во Франција, некаде од осумдесеттите години, на тој изминат век). Албанскиот театар од Скопје, влегува во проектот, поставување на „Генералот...“ по неговите две филмски екранизации и дури четирите драматизации, користејќи ја последната, четвртата , драматизацијата направена од познатиот драмски писател Јетон Незирај, од Косово. Инаку, „Генералот...“ во сите елементи на сценскиот израз уште еднаш ни го потврдува длабокото уверување, дека театарската куќа - Албански театар од Скопје, има забележителна и стабилна репертоарна политика и дека како таков на фестивалската сцена на Македонскиот театарски фестивал во Прилеп, веќе традиционално, поточно секоја година се претставува со силни, творечки мошне суптилно обработени и проекти кои спаѓаат во редот на големите театарски случувања (да се потсетиме на фестивалскиот „Војцек“ –исто така волуменозен проект, потоа на минатогодишните хипер-реалистички „Албански ноќи“ итн.).

Режисерот Дино Мустафиќ во текстот на Кадаре (се разбира и во/од играта на актерите) бара извлекување на преден план на својата теза за бесмислата на секоја војна, подвлекувајќи дека секоја војна е апсурдна, а дека секој водач/ генерал, било да е тоа на победничката или губитничката армија – е всушност , секогаш и секаде ***генерал на мртва војска***, кој врз својата совест ги носи безбројните смртти и залудно изгубени млади човечки животи.

Одличната актерска екипа, предводена од исклучителниот , секогаш длабоко обмислен врз карактерот/ликот што го толкува (генералот) Бајруш Мјаку и дава интонација, но и повод за контролиран и завиден креативен залет/полет на целата екипа (актерска и друга) во истотака инвентивната сценографска и костимографска димензија на сценската проекција и транскрипција на текстот на Кадаре ; оформувајќи го комплетниот впечаток за високо одговорниот и недвосмислен креативен професионализам во создавањето на театар – така суштествен за овој ансамбл.

Играјќи пред прилепската фестивалска публика (годинава за жал без превод) актерите на овој ансамбл не ја почуствуваа во доволна мера повратната резонанца на својата дотерана и контролирана трансформација според имагинативниот свет на Кадаре – веројатно во надеж дека на многумина во гледалиштето, тој свет, таа трагична балканска сага ако не блиска, тогаш барем им е доволно препознатлива. Зашто на Балканот никогаш доволно војни (Зарем не?).

7 јуни, 2010 год.

“ЖЕНАТА КАКО ВОЕНО ПОЛЕ“

/Автор: Матеј Висниек; Режија: Владлен Александров; Сценографија: Иван Карев; Костимографија,видео дизајн: Весела Статкова; Драмски театар – Скопје/

Жената како воено поле

На нашиов Балкан – секогаш кога ќе помислите дека една војна завршила, започнува – нова, подеструктивна и уште побесмислена. Затоа балканските уметници темата ***војна*** ја имаат како неизбежна и честа за своите уметнички опсервациии –во сите творечки медиуми.

Тоа е случај и со познатиот и мошне афирмиран романски(европски) современ писател Матеј Висниек , кому војните на тлото на т.н. поранешна Југославија (СФРЈ) во последните децении од 20 век (сега веќе векот зад нас, или: минатиот век) ги користи како индиректен повод за да проговори за трауматските пост-воени состојби и далекусежните последици на војната како безмерно и бесконечно зло.

Во оваа, всушност дуо-драма(којашто својата премиера ја имаше на Малата сцена во Драмски-Скопје, во февруари 2009 год.), течат две паралелени човечки судбини на две жени, чијшто

ментален (а на едната - како директна жртва на војната – и физички нападнат/деструктуиран) интегрититет е целосно или во најголем дел под прашањето за опстој, преживување и себебарање на смислата на живеењето - по сите случувања околу, над нив и во нив самите.

Во оваа *најкамерна* од сите претстави видени и влезени во компетицијата на МТФ според предлогот на селекторот, се чини најголем простор за делување,по самата природа на нештата, им беше даден на актерките Билјана Драгичевиќ-Пројковска, како Кејт – Американка, медицински специјалист, која учествува во НАТО претрагите по масовните гробници во Босна и едновремено псхијатар-терапевт и Ирена Ристиќ, во улогата на Дора- жената, чие тело е парадигмата за воено поле(по *балкански*: мегдан) каде машките милитанти *од другата страна* се јуначат – *по балкански* и ја силуваат, по што таа, сместена во американскиот / натовски санаториум каде како беспомошно човечко суштество е исправена пред страшната дилема на секоја жена да роди дете на нељубов, поточно на омраза или да го прифати својот дел(на сеопштата воена трагедија) и од бога дадената исконска биолошка нужност/задача – мајчинството, односно да ја роди таа најконтраверзна од сите рожби, продукт од силувањето на непознатиот иноверен милитант.

Режисерот, гостинот од Бугарија Владлен Александров, кој на фестивалот ја имаше ретката чест и прилика, да биде застапен со две свои режии и тоа на: ***"Жената како воено поле"*** –претставата од официјалната програма - за која говориме и гостувачката претстава, според текстот на македонскиот драмски писател Трајче Кацаров „*Со вкус на овошен сладолед*" (што всушност претставува праизведба на оваа негова дуо-драма на сцената на Драмско-куклениот театар од Пазарџик , Република Бугарија) - како ретко кога и темелно, во негов стил и манир ја сработил постановката на оваа немногу амбициозна и волуменозна, но значајна и мошне успешна продукција на Драмскиот театар од Скопје.

Покрај, сигурната и прочистена работа на режисерот, кој се повеќе не убедува во своите можности особено во делот на работата со актерите, значајна и доминантна вредност (на актуелниот по Европа, Висниек) - ***„Жената како воено поле"***, особено со својата осуда на злосторот како на безумие на војната, во оваа претстава најголемите вредности ги покажаа и ги изнесоа како релевантен уметнички придонес, актерките – особено Драгичевиќ-Пројковска кај која е особено забележително се позрелото и недвојбено супериорно извишување над актерските задачи и барањата на сцената од неа.

Во време на финансиски турбуленции, особено во сценските уметнички институции, заради нивната специфика, *Драмски* со овој мал-голем проект, издемонстрира добар подбир на текст, режисер и актери – и дојде до претстава која многу добро е прифатена и од публиката, судејќи според пројавениот интерес и нејзината посветеност, во земјава и странство.

„БАХАНАЛИИ"

/Автор: Горан Стефановски; Режија: Наташа Поплавска; Музика: Џингиз Ибрахим; Костимографија: А. Ношпал; Кореографија: Олга Панго; НУКЦ "Ј.Хаџиконстантинов – Џинот" Театар Велес/

Баханалии

Во многустраното и тематски и стилски определено драмско творештво на живиот класик на македонската драмска литература, драматургот Горан Стефановски „Баханалии" се чини дека навидум е сепак едно поголемо тематско оддалечување или подобро, задлабочување во подалечните и *историски* времиња, на овие наши древни простори.

Неизбежно неговите „ Баханалии" мора да се поврзат со такви означувања, како што е името на Еврипид и древниот град-полис Теба, кој според некои современи тврдења / претпоставки на историчарите се наоѓал во централна

Македонија, не така далеку од реката Аксиус (Вардар).

Стефановски во „Баханалии“ го обработува древниот мит за богот на виното Дионис (Бахус) и неговите танчерки – менадите, безрезервно предадени на сензуалните до разврат танци – во негова чест.

Од оваа и ваква драмска текстура, режисерката Наташа Поплавска, со актерите и другите соработници на театарот од Велес, прави претстава која со современите можности на сцената и технологијата, го оживува претположеното време на славје, слободоумие и оргии, правејќи претстава своевиден спектакл (говорно музички) во кој текстуалната предлошка на делото на Стефановски и не е битна . Битни се елементите на сценичното, визуелното, ликовното, ритамот и степенот на уверливост – до провокација.

Музиката и костимографските парчиња (партитури) чинат единство на спектакл, помогнат со компјутерската подршка и видео/визуелните збогатувања на сценографските и другите елементи, во поголема мерка , сепак се чини, на штета на самиот допир на текстот до публиката, којшто и покрај силните сценскоговорни можности на повеќето актери (и помошта на техниката) – нејасно доаѓаше во гледалиштето. Претставата дише со својот ритам на самодопадливост, што настапот на актерите го прави сигурен и авторитетен и тоа заедно со самоувереноста е во ред, но за нејзиното поинакво и поамбициозно толкување нема голем простор, со оглед дека такво и поинакво нешто не е знаковно нотирано и текстуално поткрепено, од едноставна причина што ја истакнавме – текстот (мислата, размислата) и таму каде што го има , не допира до гледачот.Така останува да се восприема гротескната сценска, напати надреална, напати ирреална, сценски и ликовно богата (Фелиниевска) слика на изместените натури и карикатури – човечки.

Се чини, зато дека за поадекватно акцептирање и разбирање на оваа претстава нужно е во секој случај претходно знаење или читање на текстот на Стефановски. Во смисла на ова не помага многу што „Баханалии“ е претстава на добра игра на Васил Зафирчев (како богот Бах-ус), Маја Љутков и другите од велешкиот театарски ансамбл кој покажа дека конечно и во актерскиот дел е рамноправен и феномен , кој иако со амплитуди и прекини, опстојува на македонската мапа на театарските професионални куќи – и тоа судејќи и по “Баханалии“-мошне успешно и со добра проодност „ кај публиката.

8 јуни, 2010 год.

“ГОСПОЃИЦА ЈУЛИЈА“

/Автор: Август Стринберг; Режија: Александар Поповски;Турски театар – Скопје/

Госпоѓица Јулија

На годинешниот македонски театарски фестивал, во два наврати се случуваше – Стринберг. Првиот во визеулно-колажираната вивисекција именувана „Стринберг досие“ на театарот од Струмица и особено вториот пат, со и понатаму сеприсутната на - македонските, европските и светски сцени –„Госпоѓица Јулија“, на Турскиот театар од Скопје.

Брилијатниот камерен текст „Госпоѓица Јулија“, кого историјата на литература (а и светската театрологијата) го воврстува во натуралистичкиот период на Стринберг (заедно со „Татко“), мошне радикално сценски го презентира секогаш присутниот јаз меѓу класите, во минатото , сега и за секогаш.

Она пак, што на прилепската/фестивалска (и воопшто македонска сцена) годинава го донесоа тројцата извонредни актери од Турскиот театар од Скопје: Сузан Акбеле (како Госпоѓица Јулија), Несрин Таир како Кристина (добитничка на „Војдан Чернодрински“ за споредна женска улога) и Осман Али(во улогата на слугата Жан)

и режисерскиот потпис на еминенетниот Александар Поповски – беше вистински фестивалски театарски настан од прва категорија. Така веднаш и без двојба треба да се подвлече дека постановката на Турскиот театар од Скопје на овој Стринбергов текст во/на нашиве балкански простори (и пошироко) е најдобрата, најелоквентната, имагинативна и мисловна реализација на "Госпоѓицата..." – што и му приличи на ренометo на еден Александар Поповски, кому балканските театарско-сценски простори оддамна му се тесни, а за македонските и да не зборуваме. Неговата работа пак, на домашните театарски сцени претставува своевиден параметар на соочување и паралели на можностите и дострелите на македонскиот театар и неговите автори *vis-à-vis* балканско-европските висини, творечки индивидуалности и достигања. Во контекст на ова и вакво мислење не треба да се заборави дека „Госпоѓица Јулија" има доживеано стотици сценски оживувања, а тука се и мноштвото филмувани, односно нејзини екранизирани верзии.

Но...Едно големо„но"...Според имагинативниот набој и чистота,на - со мерка и стил, обмисленият јазик и говор, оваа претстава надвишува многу поранешни/досегашни видени „Госпоѓиц-и..." и мора да се вреди и вреднува во самиот врв на виденото, а нејзиниот авторрежисер Александар Поповски високо го етаблира како доминантно име во немногубројната помлада театарска режисерска елита, која знае да создава прочистена, кристално јасна мисловна театарска уметност – со широк и разноизворен медиумски емпиризам–и сето тоа без никакви приземни ефекти и моменти на изненади (сочинети/сотворени) од неприфатлива театарска семантика, зборовна, иконографска и звуковна (музичка) – така еминентна кај многумина други, кои своите сценски галиматијаси ги оправдуваат со: сценски иновации, итражувања, експерименти – па дури и нови естетики(?!).

Накусо, Александар Поповски она што го има како творечка потреба за искажување, го кажува, го говори со нему својствената магична творечка промисла, метаморфозично, жестоко и едновремено ладнокрвно – прифатливо и успешно. Така и во оваа извонредна „Госпоѓица..." нему не треба многу. Тука се тројцата протагонисти, *празниот сценски* простор, три дрвени гајби и (неизбежната) нишалка...За, по напорна работа со одбраната екипа, од неговата *лабораторија* да произлезе една од најдобрите продукции на театарската куќа, која со обезбедениот симултан/ титлуван/ превод од турски јазик – и го достигна толку потребниот резултат и успех - како една од најдобрите претстави на Фестивалот.

А наградите се друга приказна (нели?!), па за нив, во друга прилика и по друг повод.

"БАЛКАНОТ НЕ Е МРТОВ"

/Автор: Дејан Дуковски; Режија: Стојан Стојановски; Костимографија:Елена Дончева; НУЦК "Ацо Шопов" Театар Штип;/

Балканот не е мртов

Еден од култните драмски текстови "Балканот не е мртов" на најпризнателниот современ македонски драмски писател (заедно со Горан Стефановски) – Дејан Дуковски, кој со уште неколку негови драми ("Маме му, кој прв почна", "Буре барут") го прославија низ Европа, па и светот, по подолго, време се појави на македонската театарска сцената и тоа на сцената на Театарот од Штип.

Во овој свој очигледно амбициозен проект, театарскиот ансамбл од Штип влегува со голем ентузијазам и себевложување, во секој поглед. Така ансамблот за потребите на оваа претстава го ангажира и актерот Јордан Витанов од Велес (како и минатата година во "Глогов жбун" - претставата со која што Штипјани се претставија на МТФ 2009).

И веднаш да кажеме дека и режисерот Стојан Стојаноски и целата екипа со сите соработници,

покажа солидно и професионално сработена претстава, со која може да биде задоволен и автор од такво реноме, каков што е авторот на текстот – Дејан Дуковски.

Искористувајќи ја познатата драмска матрица на македонското класично драмско дело "Македонска крвава свадба" – како што е познато, Дејан Дуковски прави своевиден *римејк*, создавајќи драмска фреска/ слика за едно можно општествено портретирање на било која балканско општество, од неодамнешното и блиско минато, изложено на познатите во поголема мера, меѓурелигиски, отколку меѓуетнички – конфликти, иако во основа се задржува на милието - македонска земја (локација) - и етнографски и историски. Таквата определба во најголема мерка ја задржува и режисерот Стојан Стојаноски (тв-режисер, кој често, со забележителен успех пристапува кон креативните можности на предизвикот – театарска сцена) и заедно со своите соработници, особено костимографот Елена Дончева, прави препознатлива етноисториска драма на акција, во чија заднина (или основа) стои љубовта или омразата, во зависност од тоа од кој ракурс ја гледате и прифаќате самата теза на авторот Д.Дуковски.

Очигледно никогаш во недостаток на идеи за најразлични сценски решенија на драмските случувања, режисерот Стојаноски, овој пат покажува поголема авторецензија и поголема селективност/подбир на знаковната палета – во секој поглед, што ја чини претставата мошне *чиста,* стилски воедначена и лесно прифатлива за гледалиштето. Режисерот Стојаноски, кој во минатото знаел да им подлегне на импулсивните пориви и темпераментот/ моментот на креативниот чин , ја исконтрилирал и актерската акција и така го има пред себе резултатот на својата, можеби најдобра театарска режија – досега, а Театарот од Штип уште едно забележително и далеку надпросечно остварување во својот театролошки летопис.

Колективниот актерски учинок, со малите индивидулни сценски партитури на одвоени ликови, сепак останува да е во рамките на заедничкото, освен можеби со подоминантниот актерски персоналитет на Јордан Витанов и уште на неколкумина, меѓу кои можат да се одвојат уште и: Влатко Тулиев, Кристина Атанасова-Арсова, Миланчо Ѓеорѓиев-Роне, Миле Вратеовски, Стојан Арев и други.

"КУЌА НА ГРАНИЦА"

/Автор: Славомир Мрожек; Режија :А.Тхач –П. Незири; Сценографија/костимографија: Ералд Бакали; Музика: Фатос Лумани; Тетовски театар – Тетово /



Куќа на граница

Токму кога веќе се осведочуваше намалениот интерес (со право или не) за обемниот, карактеристичен и секогаш актуелен драмски опус на современиот полски драматург со светско реноме – Славомир Мрожек, дојде неговото поставување на сцената на најмладата театарска куќа во земјата, Тетовскиот театар.

Пред оваа постановка на албански јазик, ја паметиме постановката на истиот текст на сцената на Турскиот театар од Скопје , кој во 2002 година по своја адаптација и го режираше Јуџел Ертен (од Турција, тогаш по вторпат гостин на оваа македонска театарска сцена). Токму со Ертен и неговата постановка на "Куќа на граница" од Мрожек, Турскиот театар, во таа 2002 година ја доби наградата за најдобра претстава во целина на Македонскиот театарски фестивал во Прилеп.

Тетовскиот театар со послободната адаптација (во време и простор, но и костимографски и др. решенија), Мрожековиот текст со неговиот препознатлив (втемелен на пародично- гротесктен дискурс) текст го пренасочува, го преобмислува во нашиве простори и прилики, што се покажува како мошне изводливо решение и во минатото театарско искуство.

Признанијата за младиот ансамбл и исто така младиот тандем режисери Арбен Тхачи и Петрит Незири, треба да дојдат и од причини што само

по неколку години од основањето и отпочнувањето со работа на оваа театарска куќа, кај неа е забележливо градењето на еден сериозен и креативен пристап кон она што обично се нарекува одбир на делата што се застапуваат на репертоарот – кој генерално пак се движи (и е растргнат) меѓу желбите и можностите на креативен план – и од друга страна и конечните можности, за нивна материјализација, со оглед на расположивите средства.

Во секој случај режисерскиот двоец Тхачи-Незири, инвентивно си го одработува своето, а останатото , кое паѓа на товар на актерите во најголем дел истотака беше професионално реализирано преку остварувањата на: Арсим Фазлија, Дритеро Аме, Музафер Етеми, Мирадије Османи, Алтрим Мамути, Наиме Ази и другите.

Се на се гледлива и восприемлива претстава, која за жал не можеше во поголем обем да го оствари својот поизразит контакт со публиката - и овој пат, од едноставна и банална причина: немање на симултан (или било каков) превод.И се би било донекаде во ред со оправдувањето *од технички причини*, да е тоа така за првпат на МТФ и да е тоа случај само со оваа претстава и само оваа година.

Но и покрај ваквите прилики, што значи - и покрај отсуството на димензијата на повратен импулс од малубројната публика, младиот и образуван ансамбл на албанскиот театар од Тетово, демонстрираше сценска зрелост, ентузијазам искажан преку очигледниот растеж во креативната артикулација на своите можности меѓу силната конкуренција на десетината други театарски куќи од Република Македонија.

9 јуни , 2010 год.

"БРАЌА КАРАМАЗОВИ"

/Автор: Ф. М. Достоевски; Драматизација: Андреј Хинг; Режија:Дејан Пројковски; Сценографија:Владо Ѓоревски Костимографија:Благој Мицевски; Музика:Горан Трајковски;Народен театар Битола/

Премиерата на "Браќа Карамазови" што се одржа точно пред една година (23 мај 2009 година) на сцената на Народниот театар од Битола, според тогашниот недвосмислен впечаток ја оценивме како случување на Достоевски на сцена - и тоа според сите највисоки имагитивни, но и естетски судови/ параметри, што беше сигурна најава од НТБ и за фестивалска-вредна претстава.

Имено,тогаш, таа вечер со таа своја најнова премиера репрезентативниот театарски ансамбл на Народниот театар од Битола, за кој подолго време се мислеше (оправдано?) дека е во репертоарна криза (?) со последниот предизвик – постановката на драматизираните ***Браќа Карамазови*** на ненадминатиот руски и светски класик Фјодор М.Достоевски – проблесна, воодушеви, покажа и докажа - криза всушност и немало.

Заслугите за тие саботни, мајски , слободно може да се каже, големи мигови на битолскиот , а со тоа и на македонскиот театар воопшто, им припаднаа пред се на: неспорно најмисловниот режисерски капацитет на младата театарскорежисерска генерација - Дејан Пројковски, *неговиот* сценограф Владо Ѓоревски – Рафик и третиот член на креативниот тим – композиторот Горан Трајковски, но секако (чесно е да се напомене) и на сеприсутниот логист (на безмалку секоја театарска сцена во Р Македонија)- костимографот Благој Мицевски.

Часот по ***анатомија на душата*** и жестока вивисекција на најдлабоките пори на човековата свест/потсвест, во кој преку маркатната проза, романот ***Браќа Карамазови*** на Ф.М.Достоевски – големиот истражувач и познавач на човековата душа, на сцената на НТБ (во два часа бравурозна игра и темпо) се одвиваше тотален и чист театарски чин, се повтори и на фестивалската сцена, на 45 МТФ во Прилеп , една година потоа. Стравовите дека поголемата широчина и воопшто

Браќа Карамазови

севкупната архитектонско-сценска структура на сцената во Центарот за култура во Прилеп, можат да амортизираат некои силно достигнати драмски ефекти на инсценацијата на матичната сцена во Битола, се покажаа само делумно оправдани.

Исклучувајќи ги сите расположиви современи (но и помодни) , мултимедијални можности (како креативни провокации) режисерот на претставата Дејан Пројковски (изненадувачки, во најголем дел следејќи ја драматизацијата на романот, направена пред скоро две децении од словенечкиот драматург Андреј Хинг) исклучиво со театарски изразни сретства: текст и сценска драмска акција на актерите, прави тотален театар – провокативен, мисловен, потресен. Пројковски недвосмислено, дошол до рецептот, ја открил формулата, го нашол решението на загатката на магијата – како големата епска структура на двотомниот роман, да ја пресоздаде во двочасовен театарски чин, кој силно творечки и жестоко уметнички ќе проговори или ќе се обиде да даде одговори на многуте прашања низ контроверзните манифестации на страдалниците, верниците –неверниците но и сладострасниците од прозата на Достоевски.И не е суштинско еретичкото прашање: има ли Бог? Туку каде е Тој – и на чија страна е, зашто не надвладува ли злото во човека над човека и над човештвото?!

Во ова сеопфатно и неограничено од сценска рампа – театарско случување во кое нема *гледалиште* (публика) и *гледани* (актери, дејствие) туку има учесници во големата ***монтажа атракција*** (С.Ејзенштајн) – но ***театарска***, на режисерот Пројковски, во која е остварената цел: доследно, брилијатно преведување на ***театарски јазик*** на Достоевски и ***карамазовштината*** (во нас и околу нас).

Секој драмски текст, сценарио (литературно-сценска белешка/ вежба) – дури и кога ќе се најде *претставен* на сцена – не секогаш има гаранција дека е театар, дека се *случил* (*се одвивал*, како вистински) театарски чин, а камо ли кога станува збор за текст произлезен од изворно романескно дело (во ваква или онаква драматизација) целен/намерен да биде оживеан на сцена – да стане *театар.*

Пренесените и адаптирани дела (без оглед од чие генијално перце и ум, да произлегле или без разлика дали се работи за тн. у***спешна*** или ***помалку успешна*** драматизација) најчесто на театарската сцена се судираат со ***каноните*** на театарскиот чин: време, простор, дејство, визуелност – и по правило паѓаат на првата *драмска* ***стапица*** (Г.Стефановски) – ***темпото/ритамот*** (со други зборови пострадуваат од хронична ***досадност*** – и покрај сета умност на текстот и маестралната актерска игра, итн).

Тандемот Пројковски – Ѓоревски има решение и за клучниот елемент: ***ритамот*** на претставата (со кое го контролира нејзиното темпо и тек) така покрај паралелното (симунтално дејствие – и: ***менувањето на плановите*** односно аглите, тука е и оддалеченоста на восприемање на ликовите/дејствието).Тоа е класичниот филмски (холивудски ***шревелинг*** *(travelling)* , движење на ***(пре)носилката*** (место ***филм.камера***) на дејствието (за негово ставање во фокусот, ***зумирање***) а која е поставена во полукрукот/средината на Салонот на железни шини. Успехот меѓудругото е тука.

Но заслугата за овој и толку високовредносен резултат им припаѓа подеднакво и на многубројните актери (во одличната поделба на ролјите) – кои влегле во овој проект со целосна предаденост и верба во режисерот (но и очигледен, и исклучителен респект кон Достоевски),па така и само најпрвично, ги одбележуваме остварувањата на четворката Карамазови: Огнен Дранговски(Алексеј К.),Петар Горко (Димитриј К.),Митко С.Апостоловски (Фјодор К.), Иван Јерчиќ (Иван К.);па ништо поназад и: Викторија Степановска (Грушенка),Петар Мирчевски (Старецот Зосима),Соња Михајлова(Ѓаволот), Мартин Мирчевски итн. до последниот учесник, зашто успехот е заеднички и на сите.

Самиот Достоевски не доживеал сценско(се разбира, ни филмско) видување на своите (Карамазови) ликови(ни во неговите најтешки епилептични напади), но Достоевски беше виден/ оживеан во храмот на Талија (или во православниот храм - во што беше претворен) - Салонот на Центарот за култура, како најпогоден простор за мошне успешно одвивање на една од најдобрите претстави на 45 МТФ, оваа година во Прилеп.

2. ПРИДРУЖНА ПРОГРАМА

"СО ВКУС НА ОВОШЕН СЛАДОЛЕД"

(Гостувачка претстава)

/Автор:Трајче Кацаров;Режија: Владлен Александров; Драмско-куклен театар "Константин Величков" Пазарџик, Р.Бугарија /

Во докажаната програмска определба на секој начин да ја подржува македонската драмска литература, годинешниов Македонски театарски фестивал, ја покани претставата "Со вкус на овошен сладолед" на македонскиот драмски писател и театролог Трајче Кацаров, којашто се појавува како продукција на Драмско-куклениот театар "Константин Величков" од Пазарџик , Република Бугарија .Успехот на авторот Кацаров (кој годинава стана добитник и најпрестижната домашна награда за роман - "Рациното признание") со поставувањето на неговата камерна, дуо-драма , на сцена во соседна Р Бугарија (каде што тој ги заврши театролошките студии) беше потврден и со поканата за гостување на МТФ. "Со вкус на овошен сладолед" и авторот но и режисерот

Владлен Александров (чест гостин на македонските театарски сцени), судејќи според лесноТијата со која ја третираат темата на љубовно-брачните релации , како да ја *скроиле* за придружната програма на фестивалските "штици што значат живот". Кацаров, чијашто драматуршка творечка продукција веќе ја чинат дваесет драмски дела кои доживеале над триесет постановки, во Р Македонија и земјите од опкружувањето – во една одмерена и умно димензионирана,модерна но и духовита постановка - е преставен на најдобар начин . Пред се заради лесно преточениот хумор на двојната драма на парот (љубовен, брачен) – којшто бравурозно и енергично, го донесоа актерите Росита Александрова и Димитар Терзиев, членови на ансамблот на бугарската театарска куќа од Пазарџик.

Препознатливиот текстуален дискурс, препознатлив не само во прозата и драмското творештво, туку и во поезијата и есеистиката на Трајче Кацаров, на сцената е јасен, разбирлив и одлично протолкуван и надграден од режисерот Владлен Александров, така што публиката едноставно можеше да ужива– во сценскиот јазик и игра на гостите од Р.Бугарија , без ниту во еден момент да биде исправена посериозно пред јазичната бариера (и покрај тоа што претставата одеше, без никаков превод од бугарски на македонски јазик).

Создавајќи претстава со јасни репери на прецизна и чиста режисерска постановка(со очигледни интервенции врз должината на текстуалната предлошка) , режисерот Владлен Александров, во оваа историја на една животна, брачна (и љубовна?) врска, наоѓа креативен и скоро незабележителен начин со кој го засилува ионака вештиот и ефектно луциден дијалог на авторот Т.Кацаров, оставајќи им доволно простор на актерите Р.Александрова и Д.Терзиев , во една вдаховена и неомеѓена , мајсторска игра , да ги воодушеват да ги разгалат немалубројните гледачи...

Со оглед на непретенциозноста на самиот текст, во драматуршка смисла, авторот Кацаров ја гради фактурата на прикаската низ нарацијата и вештината на дијалог на протагонистите, легитимирајќи се себеси како редок мајстор на дијалогот кај нас. Соответната и префинета интерпретација на тој и таков текст од страна на двоецот Р.Александрова/Д.Терзиев (при постојаното почитување на режисерската концепција) резултира со проблеснување во сета полнотија на хуморното, на вистинското, театарското, комедиографско мајсторство на овие актери-творци-интелетуалци.

Иако интересно колажирана, но и врзувана со реминисценсции од минатото на парот (од заедничкиот но и одделниот живот на двата лика), преку проекциите на видео-бим (своевидно прелистување на старите фото-албуми), разнишаната семејна приказна (на промашеност?) на двајцата протагонисти протекува интегрално, со темпо и ритам и без трага на досадност.Ова особено го истакнуваме, од причини што некритичниот однос кон барањата на малите ,камерните драмски форми често знае да резултира со досадни проекти (без оглед дали се работи за моноперформанс или дуо-драма) што овде не е случај – туку за лесно , но и силно уверливо, допадливо и стилско естетски чисто

сценско остварување, со подеднакви можности и пред публиката и критиката.

Зашто и актерите , но особено и режисерот Владлен Александров го нашле балансот, ја пронашле точката на рамнотежата – и непретерувањето во ништо приземно и неестетичко.

Тоа и се очекува и му прилега на режисер како В.Александров, кој се почесто е присутен и на македонските сцени (Струмица,Штип, Драмски - Скопје) , но и низ европските и воневропските сцени (Турција, Египет итн.).

Така оваа *мала,* гостувачка претстава на Фестивалот - и на авторот и на режисерот, а особено на актерите им ги донесе најголемите признанија барем од публиката – *аплаузите...*

ДРУГИ ПРИДРУЖНИ – ПРЕТСТАВИ И МАНИФЕСТАЦИИ

На фестивалот беа изведени и: ***„Граница"-*** извонредниот камерен текст на Венко Андоновски, во режија на Софија Ристевска , а во главните улоги ги видовме уверливите Горан Стојановски и Јасмина Билаловиќ (продукција на ЗГ Мал драмски театар –Битола) , потоа две дипломски претстави на студентите по актерство –*„Гнев"*од Стивен Кинг (ФДУ- Скопје, проф. Кирил Ристовски, доц.Зоја Бузалковска), *„Плеј Бекет"* (ECPA –Скопје, класа на Ѓорѓи Јолевски), па потоа *„Будење на ангелите"* во режија на С.Чичевска (Културен центар скрб и утеха – Скопје) и на крајот *„www.Norveshka.denes.com.mk"* - во режија на Зоја Бузалковска и продукција на Албански театар Скопје.

Како значаен дел на 45 МТФ "Војдан Чернодрински" Прилеп 2010 година и негови осведочени вредности, секако не треба да бидат одминати и неодбележани и: изложбата на хипер-реалистичките скулптури на феноменалниот Жарко Башески, веќе традиционалната ликовна изложба на колонијата со (битолскиот) бренд на „Де Ниро", потоа трите тематски трибини со проблемика од театарската естетика (модератори: Б.Миневски,Б.Ставрев и Ѓ.Јолевски) и конечно промоцијата на книгата за Миле Поповски на авторката М.Р.Селчанец).

10 јуни, 2010 год.:

3. ЗАТВОРАЊЕ – СВЕЧЕНО, СО...

"КРПЕН ЖИВОТ"

/Автор: Стале Попов; Драматизација: Блаже Миневски; Режија: Владо Цветановски; Сценографија:

Крпен живот

Владо Ѓоревски; НУКЦ "Марко Цепенков" -Театар "Војдан Чернодрински" Прилеп /

Театарскиот чин е или знае најчесто да биде неповторлива авантура на истражување–барем за вистинските театарски пленици, творци. За тие и такви, вистински и големи театарски автори–театарскиот чин останува пред се, голем театарски предизвик, не само во уметничка смисла – зашто тој за нив е и голема (па и најголемата!) можност за артикулирање на себеспознавањето и моралната обврска за ширењето, за манифестирањето на ракурсот на гледање и мисловната констелација на сопствениот светоглед. А ракурсот од кој поаѓа тој поглед на светот е базичната градба на секој интелектуален склоп, за да може да се декларира и објави сопственото духовно и интелектуално немирење со опкружувањето, со состојбите–во народносна, но крајно и голо-егзистенцијална провиенција, секако не без политичка конотација.

Така се чини ако, во овие времиња на очигледен национален неспокој, кога е уште поочигледно потребно не секогаш неболното буричкање по историјата, традицијата, по корените на опстојувањето - дека е уште и крајно понужно

обединувањето на сечиј глас , а особено гласот на уметноста со оној на народот. И ќе ја има ли моќта тој обединет глас, да излезе надвор од македонскиве простори (Тоа е прашањето сега)? Впрочем, дали на 30 јули летото господово 2009-то, во Мариово повторно и по којзнае кој пат почна - буна? Не ја подигнаа ли уметниците театарски, на тој ден во Витолишта – срцето на Мариово (највиталистичкиот и воедно најобесхрабрувачкиот денес, дел на парчето земја именувана Македонија)– етнокултурната буна, барем за ден-два, свртувајќи го погледот на совремиево и современиците кон минатото на Мариово, но и – особено неговата и македонска сегашност?! Учителката историја – во Витолишта, со силата на здруженият уметничко-театарски состав на НТП, под водство на режисерот Владо Цветановски и директорот уметнички – Стојан Дамчески, по чија докажана "вина" и инвенција се случуваше премиерата или подобро речено, двовечерниот духовен проблесок и неверојатен театарски чин – имаше одлични ученици во гледалиштето (на отворено) на Народниот мариовски универзитет по етнографија и фолклор – и себепочитување.

Уметнички, но и генерациски, подмладената компактната екипа на Народниот театар од Прилеп, што премиерно настапи во амбиентот на средселото, на едно од се уште живите и "најголемо" мариовско село, ја одигра , ја оживеа поточно – во изворниот амбиент, етнографската и историски заснованата текстура, на еден од првите македонски романи "Крпен живот" на Стале Попов, човекот писател од мариовските краишта, чиешто литературно дело е исцело инспирирано и посветено токму на неговиот роден крај – Мариово.

Таа и иста екипа учесничката во *најновата Мариовска буна*, беше поканета свечено да го затвори овогодишниот МТФ, но овој пат во *средградието* во Прилеп, на отворено - на плоштадот Александрија.

Блаже Миневски пак, еден од најталентираните македонски прозни, но евидентно пројавен драмски автор (исто така по род од Мариово, но од неговиот исток) е тој што ја направи драматизацијата, но не само од текстурата на насловниот роман "Крпен живот", туку и од уште неколкуте романи на Стале Попов, создавајќи така да се рече, нов драмски текст под наслов "Крпен живот".

Така конечно е настаната и се случува амбиенталната претстава, која во многу од своите тревожно високи естетски вредности, како визуелна, сценска уметност повлекува и извлекува историски и етнопростор, не само како фон, туку – како реалитет, на што потврда беше и видео прилогот, што исто така е значаен сегмент на претставата.

Треба да се одбележи дека користејќи го токму секој можен достапен етнографски (и фолклорен) материјал (кој кај Стале Попов е вистинско богатство), режисерот Владо Цветановски создава лесна, динамична по ритам – силна, бурлескно (гротескна) инсценација, во која народниот мариовски дух и традиционална духовитост/шеговитост се на преден план, зафрлајќи ги понастрана непријатностите и сета суровост на животните премрежја на Македонецот, некогаш (па и сега и овде) . Така претставата низ духовита и музичко-вербална дескрипција го најде патот до душата на гледачот, во случајов автентичниот, изворниот, сегашниот жител - мариовски, прилепски, македонски и на сеприсутниот театарски публикум – што и годинава ги следеше истрајно и до крај тетарските фестивалски случувања –во Прилеп.

Тандемот Цветановски-Ѓоревски, кого се чини го обединува не само блискоста на размислувањата, творечките пориви, туку и принципот на логичност и во овој проект, не само што се надополнува со создавањето на своите творечки продукции, туку и логички се надградува. Така разгледувајќи ја подетално структурата на претставата тешко дека лесно ќе се определи кое од некои од сценските решенија, од било кој вид (ликовно или знаковно , па дури и она – од сценографското решение испровоцираниот мизансцен) – изворно кому му припаѓа , односно чие е? Меѓудругото, овој пат во сценографската структура како основен материјал, за оваа доминантно амбиентална претстава, како решение е понуден плетот (од секаков вид од: трска, шамак, слама и сл.)–и тоа функционира идеално, и како ликовен и како сценографски, но и како мизансценски елемент, како подвижни кулиси итн.

Во текстуално-сценскиот материјал пак, врз основа на фолклорната традиција низ извонредната интерпретација на младите исклучително талентирани актери, доаѓа до израз сето богатство на народните песни, игри, обреди – па зошто не: магии и клетви, чинејќи ја претставата жива историско и етно-музејска постановка, во сета нејзина полнотија и богатство.

Сумирајќи ги конечните импресии и размисли за овој редок театарски настан, недвосмислено ја подвлекуваме, парафразирајќи ја познатата силна размисла на Ф.Гарсија Лорка за театарот, дека – театар којшто не го одразува, не го следи животот на својот народ, или е мртов или тоа наскоро ќе биде.

Проектот "Крпен живот" на Народниот театар од Прилеп, кој го носи името на најголемиот трудбеник, страдалник и основоположник на македонскиот театар, револуционерот Војдан Чернодрински, очигледно ги негува најубавите вредности на својот непокорлив и никогаш победениот патрон В.Чернодрински – и во овој момент во нетака трајниот театарски свет (тоа треба да се каже), го изборува своето место во самиот врв на македонската театарска актуелност.

И со право овој театар и оваа претстава , го означи крајот на 45-то издание на Македонскиот театарски фестивал. Затоа конечно, како особено признание за колективниот уметнички придонес треба да се споменат имињата и на *недобројните* млади прилепски актерски таленти: Игор Трпчевски, Марија Спиркоска-Илиеска, Катерина Чакмакоска, Зоран Ивановски, Александар Тодески, Јасмина Мицовска -Станкоска, Даниела Стојкоска, Димитар Црцороски, Наташа Наумоска, Димитар Ѓорѓиевски, Александар Степанулески и Никола Настоски.

Своето богатство од сценска појавност, глас и искуство, супериорно и овој пат го презентираше професорот Кирил Ристоски (во улога на раскажувач), како круна на општиот впечаток за оваа неповторлива театарска возбуда: "Крпен живот" in situ во време и простор, во срцето на Мариово – а последно среде Прилеп, на 45-от МТФ и на плоштадот *Александрија* – за самиот ***крај.***

ДОБИТНИЦИ НА НАГРАДАТА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО ЗА 2010 ГОДИНА СЕ:

РАТКА ЧОРЕВСКА
(Штип, 1924 год.)

МИТЕ ГРОЗДАНОВ
(Струмица, 1943 год.)



ЧЕДО ХРИСТОВ
(Струмица, 1938 год.)

ДОБИТНИЦИ НА НАГРАДАТА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО ЗА 2010 ГОДИНА СЕ:

Оценувачката комисија на 45-от Македонски Театарски Фестивал "Војдан Чернодрински" Прилеп, во состав: **МУСТАФА ЈАШАР**, претседател и членовите **СЛОБОДАН ДЕСПОТОВСКИ** и **БРАТИСЛАВ ДИМИТРОВ** ги доделува следните награди:

1. НАГРАДА ЗА РЕКЛАМЕН МАТЕРИЈАЛ се доделува на **ВЛАДО ЃОРЕВСКИ - РАФИК** за рекламниот материјал од претставата "***БРАЌАТА КАРАМАЗОВИ***" во изведба на Народниот Театар од Битола.
2. НАГРАДА ЗА КОРЕОГРАФИЈА И СЦЕНСКИ ДВИЖЕЊА се доделува на **АНСАМБЛОТ НА ТЕАТАРОТ "ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ"** за кореографија и сценски движења во претставата "***КАВКАСКИОТ КРУГ СО КРЕДА***" во изведба на Театарот "Војдан Чернодрински" од Прилеп.
3. НАГРАДА ЗА МЛАД АКТЕР "ТРАЈКО ЧОРЕВСКИ" се доделува на **ОСМАН АЛИ** за улогата на ЖАН во претставата "***ГОСПОЃИЦА ЈУЛИЈА***" во изведба на Турскиот Театар од Скопје.
4. НАГРАДА ЗА ЖЕНСКА ЕПИЗОДНА УЛОГА се доделува на **НЕСРИН ТАИР** за улогата на КРИСТИНА во претставата "***ГОСПОЃИЦА ЈУЛИЈА***" во изведба на Турскиот Театар од Скопје.
5. НАГРАДА ЗА МАШКА ЕПИЗОДНА УЛОГА "ДИМЧЕ ТРАЈКОВСКИ" се доделува на **АДРИАН АЗИРИ** за улогата на ГРОБАРОТ во претставата "***ГЕНЕРАЛ НА МРТВАТА ВОЈСКА***" во изведба на Албанскиот Театар од Скопје.
6. НАГРАДА ЗА МУЗИКА се доделува на **ГРУПАТА ФОЛТИН** за музиката во претставата "***КАВКАСКИОТ КРУГ СО КРЕДА***" на Театарот "Војдан Чернодрински" од Прилеп.
7. НАГРАДА ЗА КОСТИМОГРАФИЈА се доделува на **БЛАГОЈ МИЦЕВСКИ** за костимите во претставата "***ГЕНЕРАЛ НА МРТВАТА ВОЈСКА***" на Албанскиот Театар од Скопје.
8. НАГРАДА ЗА СЦЕНОГРАФИЈА се доделува на **ЈУЛИЈА ВОЈКОВА НАЈМАН** и **ФИЛИП ЈОВАНОСКИ** за сценографијата во претставата "***КАВКАСКИОТ КРУГ СО КРЕДА***" во изведба на Театарот "Војдан Чернодрински" од Прилеп.
9. НАГРАДА ЗА РЕЖИЈА се доделува на **МАРТИН КОЧОВСКИ** за претставата "***КАВКАСКИОТ КРУГ СО КРЕДА***" во изведба на Театарот "Војдан Чернодрински" од Прилеп.
10. НАГРАДА ЗА ТЕКСТ се доделува на **ГОРАН СТЕФАНОВСКИ** за текстот "***БАХАНАЛИИ***" на Театарот "Ј.Х.К Џинот" од Велес.
11. НАГРАДА ЗА СОВРЕМЕНА СЦЕНСКА ДРАМАТИЗАЦИЈА се доделува на **АНДРЕЈ ХИНГ** за драматизација на текстот во претставата "***БРАЌАТА КАРАМАЗОВИ***" на Народниот Театар од Битола.
12. НАГРАДА ЗА ГЛАВНА ЖЕНСКА УЛОГА се доделува на **БИЉАНА ДРАГИЧЕВИЌ ПРОЈКОВСКА** за улогата на КЕЈТ во претставата "***ЖЕНАТА КАКО ВОЕНО ПОЛЕ***" на Драмски Театар - Скопје.
13. НАГРАДА ЗА ГЛАВНА МАШКА УЛОГА се доделува на **ОГНЕН ДРАНГОВСКИ** за улогата на АЉОША во претставата "***БРАЌАТА КАРАМАЗОВИ***" во изведба на Народниот Театар од Битола.
14. НАГРАДАТА ЗА УМЕТНИЧКО ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВА ВО ЦЕЛИНА и се доделува на претставата "***КАВКАСКИОТ КРУГ СО КРЕДА***" во изведба на Театарот "Војдан Чернодрински" од Прилеп.

Ѓорѓи Јолевски

ОХРИДСКО ЛЕТО 2010 ПОД МОТОТО ТЕАТАРСКИ РЕМИНИСЦЕНЦИИ

ДРАМСКАТА ПРОГРАМА НА ЈУБИЛЕЈНОТО 50-ТО ИЗДАНИЕ НА ФЕСТИВАЛОТ

Во последниве 50 години Охрид, градот–искон, во кој се вкрстуваат времето и просторот, секоја година на 12 јули, на Петровден, ги отвора портите на уметниците од целиот свет за нивната уметност да се сплоти со духовноста на творците од минатото, создавајќи космичка енергија која одекнува во срцата на фестивалската публика. Уметноста во својата суштина ја содржи убавината. Грдото го претвора во убаво, омразата во љубов, војната во мир, смртта во живот. Македонија, низ уметничката меморија на фестивалот "Охридско лето" е светска уметничка сцена која ја промовира идејата за човековата надеж и ја потврдува Бруковата премиса дека уметноста ќе го спаси светот.

Да се биде дел од тимот кој во минатиот половина век со голем ентузијазам и внимателно го гради овој бастион на уметноста е голема чест. Потребно е во исто време да се има голема почит кон традицијата, желба да се градат мостови помеѓу културите на другите народи, сознание за современите текови во уметноста и се разбира визија за иднината и струењата на светската уметничка сцена. Во оваа јубилејна 50 година, тематскиот наслов за драмската програма на „Охридско лето 2010" беше ***Театарски реминисценции***. Репертоарот е пригодно осмислен да соодветсвува на значајниот јубилеј.

Гостуваа ансабли, режисери и театарски работници кои со своето предходно учество дале значаен белег на Фестивалот: Турскиот режисер Нурла Тунџер и Истамбулскиот градски театар со претставата "Место во средината на земјата", Александар Морфов и „Сон на летната ноќ" во изведба на Државниот театар „В. Ф. Комисаржевскаја", Народно позориште - Белград со српската драмска класика „Покондирана тиква", Театарот на Армијата - Софија и поставката на „Галеб" на неодамна починатиот Крикор Азарјан, како и ирската актерка Олвен Фуере со „Содома, моја љубов ".

Во шеесетата година на своето постоење, се претстави Албанскиот театар - Скопје со „Пер Гинт" режирана од еден од најзначајните македонски режисери Слободан Унковски и Турскиот театар - Скопје кој ја изведе „Сијах Калем" во режија на Владо Цветановски. Во свечената година на своето двесетгодишно постоење, по цела една деценија отсуство, на фестивалот се врати Театарот за деца и младинци, со претставата „Бескрајни соништа" на Боњо Лунгов.

Се одиграа монодрамските проекти на Петар Темелковски „Децата на сонцето" и „Љубов моја" на Јоана Поповска, претстава со која актерката ја одбележа својата 50 годишна кариера.

Учеството на Македонскиот народен театар беше преку постановката на Љупчо Ѓеорѓиевски на „Суд" на Коле Чашуле, втора на институцијата и втора на фестивалот - првата, во режија на Љубиша Георгиевски, одиграна е во 1978. Единствена премиера на фестивалот е „Хамлет" во

режија на Дејан Пројковски а во продукција на Драмски театар - Скопје, театар кој истиот текст го има поставувано веќе два пати во последниве четири децении. И двете претходни инсценации, се дел од драмската хронологија на фестивалот - на Слободан Унковски во 1978 година и на Владо Цветановски во 1999 година.

Свеченото отворање - концертот на Рускиот национален оркестар, диригент: Михаил Плетњов (Русија), солист: Симон Трпчевски (Македонија) - го режираше веќе провереният двоец од „МАЦЕДОИНЕ, Одисеја 2001", Иван Поповски и Зоја Бузалковска.

За крај, по полни единаесет години, фестивалот свечено се затвори со театарска претстава. Тоа е најдобрата претстава на МТФ „Војдан Чернодрински",„Кавкаски круг со креда" од Бертолт Брехт, во режија на Мартин Кочовски а во продукција на Народниот театар „Војдан Чернодрински" - Прилеп. Така, историјата на Фестивалот се заокружува со најзабележливата развојна линија во македонскиот театар.

ТЕАТАРСКИТЕ ПРЕТСТАВИ НА ОХРИДСКО ЛЕТО 2010

Српското Народно Позориште од Белград, со големо задоволство и радост ја прифати поканата да биде дел од театарската фамилија која ќе го слави јубилејот на Охридско Лето

На 13 јули во 21-00 часот , еден ден после свеченото отварање на "Охридско лето" се одигра првата претстава од драмската програма. После една цела декада од последното гостување на Српското народно позориште од Белград, тоа со големо задоволство и радост ја прифати поканата да биде дел од театарската фамилија која го прослави јубилејот на "Охридско Лето".

Пред охридската театарска публика се претставија со српската класика, комедијата **„ПОКОНДИРЕНА ТИКВА"** од **Јован Стерја - Поповиќ** во режија на еден од најдобрите српски режисери **Јагош Марковиќ**. Ексклузивитет за овој настан е што претставата специјално беше адаптирана за прекрасниот простор во предворјето на црквата Св. Софија.

Покондирена тиква

Во претставата, која е современа визија на класикот Стерја Поповиќ, играа звездите на српскиот филм, театар и телевизија.

Насловната улога на Фема - богатата вдовица ја одигра славната **Олга Одановиќ – Петровиќ**. Другите актери звезди се: Евица, нејзина ќерка - Хана Јовчиќ, Митар, брат на Фема - Дарко Томовиќ, Анчица, слугинка - Јелена Хелц, Јован, чирак - Михаило Лаџевац, Сара, додворувач на Фема - Александра Николиќ, Светозар Ружичиќ - Александар Срећковиќ, Василије - Бранислав Томашевиќ.

ПРЕМИЕРА НА „ХАМЛЕТ" НА ОХРИДСКО ЛЕТО

За да се постави **"ХАМЛЕТ"** во еден репертоарски театар потребно најнапред да постои актерот кој би можел да го одигра овој круцијален лик од најголемиот драмски автор во историјата на светската драматургија. Потоа, потребен е режисер кој ќе го препознае актерот и во својот светоглед ќе го изгради имагинарниот систем со своето уметничко кредо. Се разбира, како круна на оваа грандиозна идеја потребен е ансамбл кој може да го понесе товарот и бремето на реализацијата на современиот "Хамлет" од Вилијам Шекспир.

Драмски театар од Скопје, поставувајќи го "Хамлет" по трет пат во историјата на своето постоење, се потврдува како театар со традиција, потсетувајќи не дека има волја и сила да го сондира времето во кое живееме.

Хамлет

"Охридско лето" трет пат го селектира "Хамлет" на Драмски театар на својот репертоар и како домаќин на светската и македонска театарска елита, и нуди на театарската публика класика која е врв на софистирани чувства и идеи. Првото гостување на ДТС со претставата "Хамлет" на "Охридско лето" беше со поставката на Слободан Унковски во изведба на Мето Јовановски како Хамлет во 1978 година, втората во режија на Владо Цветановски со Ѓорѓи Јолевски како Хамлет, изведена во предворјето на црквата "Света Софија" во 1999 година.

Третиот пат, но за прв пат премиера на "Охридско лето", на големиот јубилеј 50 години од своето постоење во 2010 година, режија на Дејан Пројковски и Дејан Лилиќ како Хамлет.

Руските актери играат и во исто време се забавуваат создавајќи на сцената виртуозни варијации со Шекспировите стихови.

"СОН НА ЛЕТНАТА НОЌ" е една од најубавите, најромантичните и најволшебните комедии на светскиот театарски гениј Вилијам Шекспир. Од ова дело извира толку многу љубов, среќа и радост што секој актер сака да биде лик од оваа комедија и секој режисер посакува да го режира барем еднаш во својот живот.

Кога ќе се направи спој на Шекспировите стихови со режисерската имагинација на еден од најбараните режисери Александар Морфов, кој веќе долго време престојува во Русија, тогаш добиваме алхемија на театар кој зрачи со убавина и ни нуди несекојдневна театарска естетика.

Морфов на "Охридско лето" сме го гледале со повеќе претстави во различи продукции од кои би ги издвоил "Дон Жуан" од Молиер во продукција на театарот "В.Ф. Комисаржевскаја" од Санкт Петербург, Русија, истиот театар со кој ќе ни се претстави и оваа година и "Декамерон" од Бокачо во продукција на Народниот театар од Битола.

Она што е најимпресивно во претставата "Сон на летната ноќ" е фантастичната актерска игра на ансамблот. Голем дел од оваа хомогена екипа ја имаат титулата "почесен актер на Руската Федерација ". Руските актери играат и во исто време се забавуваат, создавајќи на сцената виртуозни варијации со шекспировите стихови.

Со големо задоволство сакам да ги потсетам љубителите на театарот на двете претстви на "Сон на летната ноќ" од В. Шекспир на македонските режисери Коле Ангеловски, чија изведба беше во шумскиот простор на хотелот

Сон на летната ноќ

"Парк" и незаборавната изведба на актерите од Народниот театар од Битола во режија на Слободан Унковски чија изведба се случи на прекрасниот простор на Имарет.

Слободан Унковски ги доведува актерите до состојба на потполна слобода во живеењето на сцената. Слободан Унковски, еден од најреномираните македонски режисери кој перманентно е присутен во регионот и светот со своите нови театарски претстави, по втор пат влегува во авантурата наречена **"ПЕР ГИНТ"**, дело од најдобриот норвешки драмски писател Хенрик Ибзен. Првото поставување беше на "Американскиот репертоарен театар" во Бостон, САД каде што држеше предавања на Харвард во средината на осумдесетите и сега, само неколку месеци пред почетокот на "Охридско лето", кога ја доживеа премиерата на "Пер Гинт" работена во Албанскиот театар во Скопје.

Во претставата "Пер Гинт" Унковски носи свежина и специфичен концепт определувајќи се Пер Гинт, кој патува низ времето и просторот, соочувајќи се со замките на животот, да го играат тројца актери во различни периоди од животот. Младиот Пер Гинт во изведба на Фисник Зекири, средовечниот во изведба на Џевдет Јашари и стариот Пер Гинт одигран од доајенот на македонскиот театар Бајруш Мјаку. Тројцата актери, кои како три столба ја носат претставата на својот грб, под магичната палка на Унковски го извлекуваат максимумот од своето актерско мајсторство играјќи на три различни пристапи, својствени за сопствениот актерски инструмент.

Големиот ансамбл составен од актери од Македонија, Албанија и Косово, со мешана авторска екипа од Србија, Македонија, Норвешка, Косово.и Албанија, го прави овој проект космополитски не само по својата инфраструктура туку и во енергијата и пораката што ја праќа до гледачот.

Целата екипа од една страна работи како совршен механизам кој го лоцира времето во кое живееме, а од друга страна играат со неверојатна лесност и шарм, справувајќи се со не така светлиот свет на Ибзен на совршен начин.

Меѓу другото тоа и е спецификата на Слободан Унковски, да ги доведе актерите до состојба на потполна слобода во живеењето на сцената и до крај да веруваат и да ја почувствуваат автохтоноста на своето делување.

"Театарот на Армијата" - Софија, Република Бугарија настапи со воодушевувачката претстава на Антон Павлович Чехов: „ГАЛЕБ“ во режија на легендарниот Крикор Азарјан.

... "Галеб" отсекогаш за мене бил една од најатрактивните драми пишувани од Чехов. Генијалниот руски драмски писател гледал на луѓето, на светот, на нештата во животот, со полифоничен поглед.

Неговата камера не го следи настанот, како што е на пример во делата на Шекспир, тој прикажува неколку точки на гледање. Секогаш има работи кои се преклопуваат и ова преклопување е особен близок поим за мене. Овие контрасти: висок - низок, силен - слаб, голем-мал, прават

Пер Гинт


Галеб

импликации кои се многу поважни од значењето на изговорените зборови. И ова е театар!

Зошто "Галеб"? Тоа е фундаментален дел од еден комплекс на вечните теми. Тоа е претстава за љубовта, за смртта, за креативноста; згора на тоа, за конфликтот меѓу генерациите, родителите и децата. Целата суштина е тука, претставата е за повеќето универзални теми, и тие се вткаени во нивните органски врски... ", вели Крикор Азарјан за своето уметничко дело.

„45 степени Азарјан" од Лили Абаџиева, документарен филм за творецот, уметник, режисер Крикор Азарјан

Исто така на 24.07.2010 год. во сабота со почеток во 19:00 часот во Центарот за Култура „Григор Прличев" се изврши проекција на документарниот филм на Лили Абаџиева „45 степени Азарјан" во продукција на КЛАСфилм и БНТ, 2009. На проекцијата присуствуваше сопругата на Крикор Азарјан, Г-ѓа Азарјан, Режисерката на филмот Лили Абаџиева, аудиториумот го поздравија Ѓорѓи Јолевски и Благоја Стефановски и се прочита слово за Азарјан од Јордан Плевнеш.

Овој филм говори за театарските претстави, филозофијата на животот, работата на режисерот Азарјан и неговото присуство во бугарската театарска сцена и има добиено неколку реномирани филмски награди меѓу кои се и : -2010 Награда за режисерско деби за документарен филм на филмска академија-2010 Награда на филмската Академија за најдобар документарен телевизиски филм за 2009-та -2009 Гран при "Османи Муза" на медиумите фестивал "Османи МУЗА"

Филмот ја следи работата во творечкиот процес за создавање на претставата "Галеб" на А. П. Чехов со ансамблот на "Театарот на Армијата".

Документацијата на еден репетиционен процес кој е воден од режисерот Азарјан ни овозможи да ја разгледаме историјата на една претстава како педагошки, естетски и филозофски роман. А исто така и да биде на некој начин, дури и мал, компензација на чувството за загуба или разочарување од тоа што Азарјан никогаш не го опишал или шематизирал методот на предавање, начинот на воспитување и на изградба на актери. Една од големите болести на нашето време е дека е тешко да бидеш некој, тешко е да се биде личност. Во ерата на безличното постоење, личност како Азарјан е поддршка и инспирација истовремено.

ЈОАНА ПОПОВСКА

50 години актерско дејствување на штиците што живот значат

Јоана Поповска за мене не е име. Таа е симбол, лик, метафора, идеја. Кога ќе помислам на неа секогаш пред очите како блесоци ми излегуваат нејзините креации на сцената на стариот Битолски театар. Гордата реплика на Цвета: " Умрев ама турчинка не станав", крикот на младата девојка во " Јелена Четковиќ" на крајот од вториот чин кога и ја гаснат цигарата од раката, сцената кога Антигона пати и го советува Орест како да го одмазди татко им Агамемнон. Помнам како на десет годишна возраст се криев во ложите на стариот театар за да ги следам пробите на "Свадбата на Мара " кога Јоана како Мара плачеше за нејзиниот љубен. Додека го пишувам текстов се наежувам при помислата на сцената кога како Велика од "Пиреј" ги тажи своите деца кои едно по едно и умираат на раце.

Сите улоги одиграни подоцна во "Македонскиот народен театар" се бисер до бисер за во мојата меморија неизбришан да остане чинот на љубовните погледи помеѓу Шишков како Иванов и Јоана како неговата љубена. Нејзината страст за театар не запира и по незиното

Јоана Попоска

пензионирање влегувајќи од улога во улога и Жане (како што ја викаат блиските) се чувствува и однесува како да е на почетокот на кариерата обидувајќи се да ни ја подари сета своја снага, енергија и љубов со која е исполнета секоја пора од нејзината става, секоја клетка од нејзиниот мозок и секоја капка крв од нејзиното големо срце.

Она што ни го подари во предворјето на преубавата "Света Софија" не е монодрама на актерка која го слави својот голем јубилеј, 50 годиии од своето актерско дејствување и не е само подарок за големиот јубилеј 50 години од постоењето на "Охридско лето", на кое има настапувано многу пати со најразлични ликови во големи претстави. Јоана Поповска одново и повторно го преживеа својот живот како театарска реминисценција користејќи ги ликовите од своето минато и сегашност, несебично дарувајќи ни ја целата своја љубов и потсетувајќи не дека уште долго ќе уживаме во нејзината уметност.

ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ

е непресушен извор на идеи кој со неверојатна сериозност и приоѓа на секоја тема

Во историјата на македонскиот театар името на Петар Темелковски ќе влезе како актер кој ги има одиграно најголемите и најзначајни улоги од светската драматургија: Тригорин во "Галеб" од Чехов, Поцо во "Чекајќи го Годо" од Бекет, Беранже во "Носорог" од Јонеско, Едип во "Цар Едип" од Софокле и така натаму и така наваму, како што би рекол духовитиот Петре. Секој режисер доколку сака стабилност, стаменост, инвентивност и современ пристап кон делото што го работи лидерската рољa со голема радост му ја доделува на овој непресушен извор на идеи кој со неверојатна сериозност и приоѓа на секоја тема.

Еден од најнаградуваните актери во Македонија со престижните награди "Стеријна награда", "Ловоров венец", "13 ноември", "Ристо Шишков" , "Војдан Чернодрински" и така натаму и така наваму, не го запираат немирниот дух на мојот колега да биде во постојана потрага по непознатото, да трага како Одисеј по нови простори во потрага по нови возбуди за да ја дознае тајната на магијата во истиот миг создавајќи ја .

Карактеристично за Петре е неговата силна индивидуалност и неприкосновеност во одбрана на македонскиот бит, македонскиот литературен збор, историја и се што е врзано за Македонија. Токму неговата посветеност на темите врзани за татковината го втурнуваат во една од најтешките театарски форми, монодрамата, за да ги понуди своите ставови, преку темите што самиот ги избира, на неговата сакана публика ширум светот.

Децата на сонцето

Петар Темелковски својата уметност ја негува и на филмското платно и неговиот лик Дуко во "Најдолгиот пат" од Петре М. Андреевски во режија на Бранко Гапо никогаш нема да исчезне од срцата на неговите обожаватели.

Работејќи во последниве години и како Уметнички директор на Националниот театарски фестивал "Војдан Чернодрински" во Прилеп пак и уште еднаш ја потврди својата грижа за негувањето на македонскиот театар.

"Децата на сонцето", монодрамата со која и се претстави на охридската фестивалска публика, е авторски проект на Петар Темелковски и тема извлечена од божествените зборови од "Првото послание на Свети Апостол Павле до Солунјаните".

Прв пат во историјата на "Охридско лето" претстава од Ирска

Последната жена од библискиот град ја раскажува својата приказна за совршениот град Содома кој од благосостојба, пари, моќ, злато и страсти уништен е за вечни времиња од освојувачот кој ќе ја вкуси одмаздата на жената, скаменета во сол, одмазда што ќе ја почувствуваат неговите поколенијата.

Оваа неверојатна приказна е текст на генијалниот Лорен Гауд кој преку прекрасните стихови не води низ библиските теми на човечките слабости и патила преку визијата на жената-скулптура од сол која прави вивисекција на човекот во времето и просторот.

Режисерот на претставата Лин Паркер се одлучува на исклучително минималистички пристап кон оваа тема користејќи ги сретствата на мултимедијата од една страна, но со совршено спокојство својот концепт го базира врз актерската игра на Олвен Фуере.



Олвен Фуере

Она што можам да го кажам за оваа дама на европската театарска и филмска сцена е дека плени со својата навидум мирнотија и нејзината игра е толку суптилна, софистицирана и рафинирана што предизвикува воодушевување кај гледачот. Но, позади таа навидум мирнотија на изразот кипти вулкан од емоции, страст и енергија, која Фуере на неверојатно совршен начин, во својот рационален пристап, ја крие и токму таа симбиоза предизвикува возбуда при следењето на оваа театарска претстава.

Раритет е тоа што Олвен Фуере е актерка која својата кариера ја гради на билингвална основа, успешно игра и на англиски и француски јазик и таа е препејувачот на ова, комплицирано за препев, високо наградувано драмско дело. Препевот на македонски од англиски е на македонската поетеса Илина Башевска.

Пред неколку години кога и ги покажував сцените во Охрид на кои се изведуваат театарските претстави на "Охридско лето", Долни Сарај, Античкиот театар, Света Софија и другите простори, Олвен се восхити од мистичниот и свет простор во предворјето на Света Софија, просторот на кој ќе ја одигра својата претстава.

Едноставна како човек, со детска радост кога зборува за театар и со неверојатна жестина кога зборува за светот во кој живееме, Олвен Фуере е интелектуалец и уметник кој целиот живот го посветува на театарот, секогаш експериментирајќи и барајќи нови форми на изразување во театарската уметност.

"Театарот за деца и младинци" од Скопје 20 години создава волшебства за најблагородната и најстрога публика, децата

"Театарот за деца и младинци" од Скопје е гордост на македонскиот театар. Оваа, 2010 година, го слави својот голем јубилеј, 20 години од своето постоење. Веќе 20 години овој високо професионален тим создава волшебства за најблагородната и најстрога публика, децата.

Под раководство на Љубомир Чадиковски, човекот што го формираше театарот, актерската екипа со секоја нова претстава со неверојатна љубов ја докажува својата посветеност во креирање на новите теми кои широко ќе ги отворат очите на децата, ќе им ги пленат срцата и ќе ги внесат во светот на бајките, носејќи ги во друга реалност потребна како капка вода на дланка.

Тања Кочовска , Владимир Лазовски, Драган Довлев, Ана Левајковиќ и Предраг Павловски се актери кои од формирањето на театарот до денес со големата посветеност во своето дејствување станаа херои во животот на многубројната детска публика која преку нивната умешност влегува во светот на фантазијата и

Бескрајни соништа

"Истанбулскиот градски театар"

се заразува со театарот како неодминлив сегмент од нивното живеење. Овие големи актери за својата уметност на многубројните интернационални фестивали го величаат македонскиот театар без исклучок, носејќи ги главните актерски награди и "Гран при" награди назад во Македонија.

Еден од најчестите гости - режисери на "Театарот за деца и младинци" е Бојо Лунгов, режисер кој е познат по својата имагинација и создател на волшебства. Во неговите раце актерите се соновни битија, а не човечки суштества и сликите кои ги создава засекогаш остануваат врежани во сеќавањето на детската театарска публика.

Токму таква е и претставата "Бескрајни соништа", најновато дело на оваа фантастична екипа од творци кои за еден час менуваат бескрајно многу слики и на децата, а и на возрасните, кои го задржале детето во себе, ни нудат едноставно претстава од соништата.

"Театарот за деца и младинци", славејќи го својот голем јубилеј, 20 години од своето постоење и Фестивалот "Охридско лето", славејќи го својот роденден, 50 години од своето формирање, со заедничка радост им подарија на децата и останатата фестивалска публика подарок, а што друго ако не театарска претстава насловена како "Бескрајни соништа".

"Истанбулскиот градски театар" е голем пријател на "Охридско лето" и на македонскиот театар

Истанбул за мене е еден од најубавите градови во светот и единствен распослан на два континента, Европа и Азија. Различноста на културите, вертикалата на историските промени и вриежот на луѓето кои итаат по своето парче време, овој град го прави центар на светските случувања. Традицијата е нешто со што се гордеат уметниците кои творат во овој нестварен град. Токму во овој центар на уметноста, "Градскиот театар од Истанбул", најголемиот и најмоќниот театар во Турција, ги има собрано најголемите театарски творци кои ја создаваат историјата на театарот и кои ги допираат најгорчливите теми.

Нурула Тунџер е режисер, сценограф, професор и интелектуалец кој во текстот на Озен Јула, еден од најголемите поети и современи автори во Турција, ја зема темата „Место во средината на земјата", темата на љубовта и преку неговото поетско дело влегува во разоткривање во човечките тајни и слабости, преку театарски јазик да ги допре и промовира своите космополитски идеи. Нурула е алтруист и човек кој ги поврзува уметниците од целиот свет, секогаш спремен со својата мирнотија да ја разбие секоја клетка на конзервативните уметнички и политички тенденции ширејќи ја идејата на промовирање на новото и различното. Во претставата провејуваат различни јазици, арапски, англиски, турски, српски, руски и други кои

преку монолозите на фантастичните и емотивни актери, негувајќи го од една страна европскиот наративен принцип, а од друга страна користејќи ги турските традиционални елементи на изразување ни нудат високо естетизирана и визуелно совршена современа античка драма. Она што е карактеристично за Нурула е токму визуелниот момент во секоја негова претстава и прекрасната игра со светлото кое не пренесува од јавето во сонот и не носи во светот на нестварното.

"Истанбулскиот градски театар" е голем пријател на "Охридско лето" и на македонскиот театар и нашата соработка трае би рекол две децении. "Охридско лето" е место каде што се промовира турскиот театар преку оваа голема театарска институција но и нашите пријатели на различни начини го промовираат македонскиот театар во Турција. Македонските претстави од различни продукции се чести гости на сцените на Градскиот театар.

Македонските режисери, сценографи, костимографи и актери својата уметност ја покажуваат во Турција благодарејќи му токму на соработката со најстариот театар во оваа држава. На тој начин стануваме големи промотори на нашите култури што ги поврзува двете земји со нераскинливата љубов кон театарот.

Не можам а да не споменам дека кога играте денес во Истанбул во театар е како да сте дел од дадаистичкото движење во Париз на почетокот на дваесеттиот век, припадник на сликарската елита во Чинквеченто во Рим, композитор во Виена во времето на Моцарт, драмски писател во античка Грција. Ако некој Њу Јорк го смета за центарот на уметничките тенденции на современата цивилизација би рекол дека Истанбул не е само обединувач на два континента туку и обединувач на светската уметничка, а со тоа и театарската елита.

"Сијах Калем" е мистерија која историјата ќе треба допрва да ја открива

"Сијах Калем" е име? "Сијах Калем" е движење? "Сијах Калем" е мистерија која историјата ќе треба допрва да ја открива? Или пак можеби "Сијах Калем" е дух кој што шета низ времето и просторот за да ги опседнува уметниците кои што својот уметнички порив ќе го искалат преку својата уметност?

Со сигурност можам да тврдам само тоа дека "Сијах Калем" е претстава која што со својата енергија опседнува и гледачот го става во состојба на вчудоневиденост и радост опсипувајќи го со илјадници слики кои како блесоци го пренесуваат во турската митологија, етнос, музика и би рекол совршена естетска возбуда.

"Сијах Калем" е текст на Јордан Плевнеш и Илхами Емин, двајца профилирани драмски уметници кои што направија совршена подлога за режисерскиот концепт на Владо Цветановски.

Публиката е во центарот на сценатата. 99 седишта со 99 имиња на картите за гледачите на кои што се напишани 99 имиња на Алах. Околу гледачите, активните учесници во мистеријата наречена "Сијах Калем", целиот ансамбл на Турскиот театар од Скопје како едно тело и еден дух ја играат совршената театарска мистерија користејќи ги сите сретства на театарската уметност. Од најмладиот до најстариот актер сите се потполно инволвирани во овој транс наречен "Сијах Калем", предводени од Елјеса Касо кој го игра стариот лик на уметникот и во некои од сцените Осман Али кој што го игра младиот уметник.

Комбинацијата на старите бардови на актерското мајсторство како што се Бедија Беговска, Мустафа Јашар, Елјеса Касо и Салаетин Билал зачинети со новата актерска снага како што се



Сијах Калем

Сузан Агбелге, Осман Али, Филиз Ахмет, Несрин Таир и сите до еден од актерите не прави да се чувствуваме како да сме сведоци на играта на фантастичната актерска дружина која го посетува дворецот во Елсинор и ја игра совршената претстава за убиството на кралот Хамлет.

Традицијата е столб на македонскиот идентитет

Во 1978 година на репертоарот на драмската програма на "Охридско лето", меѓу останатите театарски претстави, се најдоа и два мега театарски проекти од двете најголеми македонски театарски институции. На 20 август се одигра претставата "Хамлет" од Вилијам Шекспир во режија на Слободан Унковски со Мето Јовановски како Хамлет од Драмски театар од Скопје и на 16 јули претставата "Суд" од Коле Чашуле во режија на Љубиша Георгиевски од Македонскиот народен театар од Скопје.

Во 2010 година, на големиот јубилеј, 50 години од раѓањето на "Охридско лето" истите теми се најдоа на репертоарот на драмската програма. На 16 јули "Хамлет" од Вилијам Шекспир во режија на Дејан Пројковски со Дејан Лилиќ како Хамлет од истата театарска институција, Драмски театар од Скопје и на 14 август "Суд" од Коле Чашуле овој пат во режија на Љупчо Ѓорѓиевски повторно од истиот театар во кој беше поставена оваа претстава, Македонскиот народен театар од Скопје.

Овие две клучни теми од светската и македонска класика одигрувајќи се на "Охридско лето" во временски скок од 23 години само ја потврдуваат стабилноста на македонскиот театар, односот кон големите дела и нивниот третман во најголемите театарски институции повторно и повторно потврдувајќи дека традицијата е столб на македонскиот идеинтитет. Не залудно овогодишната тема на драмската програма е насловена како „Театарски реминисценции".

Во 1978 година Љубиша Георгиевски го побара и го доби најдобриот кастинг од Македонскиот народен театар за реализација на "Суд" од Коле Чашуле. Се уште се зборува за актерските остварувања на актерите на македонскиот театар Ристо Шишков, Петар Темелковски, Славко Нинов, Александар Џуровски, Кирил Псалтиров и Владимир Светиев. Овие великани на македонското глумиште темата на предавството ја распослаа пред отворените очи на светците во црквата Света Софија кои будно



Суд

ја следеа секоја реплика и како совест бдееја над вистинитоста за кажаниот збор и изблик на емоција.

Во 2010 година ученикот на Љубиша Георгиевски, Љупчо Горѓиевски во Македонскиот народен театар ја одбра младата генерација на актери Оливер Митковски, Сашко Коцев, Гораст Цветковски, Славиша Кајевски и Борче Начев кои во моментов го носат репертоарот на театарот. Љупчо Горѓиевски заедно со Валентин Светозарев, потписникот на сценографијата која е доминантна како идеја во самата претстава, и младиот тим актери создаваат претстава која ја актуелизира темата на предавството, синдромот на самоуништувањето кај македонскиот народ акцентирајќи ја темата на лустрација како актуелен миг од нашето живеење.

Јубилејното 50 издание на "Охридско лето" беше свечено затворено со "Кавкаски круг со креда" од Бертолд Брехт во режија на Мартин Кочовски

Јубилејното, 50-то издание на "Охридско лето", роденденското, славеничкото, беше свечено затворено со "Кавкаски круг со креда"од Бертолд Брехт во режија на Мартин Кочовски, а во изведба на младиот ансамбл на Народниот театар "Војдан Чернодрински" од Прилеп.

Оваа година на "Охридско лето" се прославија многу јубилеи: 60 години од формирањето на Албанскиот театар од Скопје, 60 години од формирањето на Турскот театар од Скопје, 50 години славеше и Јоана Поповска од нејзиното прво професионално појавување на македонската театарска сцена, 20 години од формирањето на Театарот за деца и младинци од Скопје, а претставата "Покондирена тиква" од Јован Стерја Поповиќ во изведба на ансамблот на Српско народно позориште од Белград во Охрид ја славеше 50 изведба. Во оваа славеничка театарска фамилија се најде и Народниот театар "Војдан Чернодрински" од Прилеп, славејќи го својот роденден, 60 години од своето постоење.

Бертолд Брехт е еден од најголемите автори во историјата на драмската уметност кој со своите револуционерни текстови ја возбуди театарската и политичка јавност во средината на 20 век, ставајќи го на испит етичкото, естетското и политичко кредо на системот во кој што живеел и творел. Секој режисер кој потегнува по текстовите на овој автор неминовно е критичар на системот во кој живее, што е всушност должност на секој уметник, да го вперува прстот

Кавкаски круг со креда

во најжешките проблеми со кои се судира човекот.

Мартин Кочовски, заедно со својот тим на соработници и младата и ентузијастичка трупа на прилепскот театар, со неверојатен жар зборуваат за системот во кој живееме употребувајќи ја својата сила да создадат дела кои ги пленат гледачите и ги оставаат вчудоневидени од силината на автентичната енергија која заплиснува како бран од сцената кон гледалиштето Мноштвото зборови, идеи, звуци, песни, закани, емоции, љубови и разочарувања, метални констукции, саркастични дијалози, композиции отпеани и одживеани со енергија која ја има само на ова тло, ставени се во рамката на Брехт и неговата естетика, се разбира не робувајќи на никакви шаблони туку напротив. Компониран и хармоничен театарски израз на силно и автохтоно уметничко дело.

Она што плени во оваа претстава е колективниот дух на младата актерска сила која работи, дејствува и живее на сцената, а и вон неа, без никаква резерва, играјќи со таква жестокост каква што е им е потребна на револуционерите кога го менуваат светот. Нивната посветеност е без задршка, а таквиот однос кон театарот невозможно е да не резултира со искрење кое може да го запали светот. Оваа генерација актери во овој миг ја пишуваат историјата на својот, но и на македонскиот театар.

Во лепезата на автори кои дејствуваат со својата индивидуалност морам да ја акцентирам имагинативната музика на групата Фолтин кои се вткаени во претставата со својот специфичен израз радувајќи не со убавината на својата музика.

Моето задоволство е уште поголемо затоа што следејќи ги пробите на претставата "Кафкаски круг со креда" на сцената на прилепскиот театар се одлучив свеченото затворање на биде токму со оваа претстава, додека беше во процес на работа, не знаејќи дека на Националнот фестивал "Војдан Чернодрински" ќе биде прогласена за најдобра претстава понесувајќи ги сите големи награди во сите сегменти, но бев сигурен дека ќе се роди големо театарско дело кое достојно ќе го претставува македонскиот театар, култура и јазик широм светските театарски сцени.

Како што можеше да се види низ горенаведените наслови, учесници на 50-то јубилејно издание на Охридско лето во драмската програма изобилува со претстави кои се потполно различни по својата структура, различни во одбирот на темите и потполно различни во времете на пишување на дадените теми, од автори кои живеат во различни временски периоди од историјата на цивилизацијата. Голем дел од претставите говорат на различни јазици потекнувајќи од различни култури. Режисерските имиња користат разични естетики во градењето на системот во креирањето на уметничкото дело и актерската и другата авторска екипа употребуваат поинакви актерски системи за реализирање на естетиката на претставите. Авторите како што се сценографите, костимографите, авторите на музиката, светлото, видео арт дизајнерите и другите елементи на креатори на уметничкото дело користат најразлични методи за да го изразат својот уметнички потенцијал во име на коментирање на сегашноста и мигот на нивното постоење.

Токму затоа фестивалите и конкретно фестивалот "Охридско лето" е богатство не само за публиката која ужива во естетиката на делото туку е и призма низ која можеме да го анализираме движењето и развивањето на светските културни тенденции.

Како што се менува светот така и уметникот реагира на светот што го опкружува и создава дела кои се рефлексија на тие промени. На истиот начин ќе се менуваат и Фестивалите. Сигурен сум дека "Охридско лето" во планирање и реализирање на драмската програма во својата иднина ќе се развива во вистинскиот правец, привлекувајќи ги најголемите творци и револуционери на уметноста и ќе биде домаќин, како и до сега, на најзначајните и најактуелните имиња кои со своите дела ја величаат уметноста и го бележат мигот на човековото постоење.

Слободанка Чичевска

СТОБИ - СРЦЕТО НА МАКЕДОНИЈА ШТО ПУЛСИРА ВО РИТАМОТ НА АНТИЧКИТЕ ПРЕТСТАВИ

ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ФЕСТИВАЛ НА АНТИЧКА ДРАМА "СТОБИ 2010"

На дваесетина километри јужно од Велес, во атрактивниот археолошки локалитет Стоби, по деветти пат пред илјадници гледачи и посетители, од 17. до 31. јули 2010 година се случуваше театарски празник.

Интернационалниот фестивал на античка драма "Стоби" една од најмасовно посетените културни манифестации во Република Македонија, нашиот импулс на уметноста без граници, ова лето беше "скапоцен камен во круната" во културното живеење на велешани. Тука, на просторот на спојување на двете митски реки Вардар (Аџиос) и Црна (Еригон) во монументалниот театар во мермер кој некогаш собирал 7.600 гледачи, се случуваше повеќеслоен театар, народен, духовен, културен, општествен феномен кој опстојува со години и каде можеме да видиме линија на поврзување меѓу раните обредни форми преку античките просави до современите сценски дејства.

Иако со малку нарушен концепт во кој од вкупно шест претстави само три беа по дела или по тема на големите антички мајстори ("Печалбари" од Антон Панов, "Хамлет" од Шекспир и "Крпен живот" од Стале Попов не би можеле да ги ставиме под заеднички именител со "Антигона" или "Цар Едип"), фестивалот претставуваше вистинска провокација за сите вљубеници на театарот да уживаат во "раѓањето и умирањето секоја вечер" за време на претставите под отворено небо полно со ѕвезди.

Честа да го отвори фестивалот го имаше Кумановскиот театар со претставата "Печалбари" од Антон Панов во режија на Дејан Пројковски. Кумановската претстава беше гостин на фестивалот вон конкуренција но актерите: Ивица Димитриевиќ, Горан Илиќ, Кети Дончевска-Илиќ, Сања Арсовска, Димитрија Доксевски, Дубравка Киселички и Драгиша Димитријевски под цврстата палка на режисерот Дејан Пројковски, понесени од илјадната публика покажаа солидно остварување на ова дело од Антон Панов.

Втората фестивалска вечер, а прва претстава во конкуренција беше резервирана за "Хамлет" од Вилијам Шекспир во режија на Дејан Пројковски. Гостите од драмски театар настапија веднаш по премиерната изведба на истата претстава на Охридско лето, но тоа воопшто не го намали интензитетот на изведбата, точноста на дејствијата и прецизноста на целиот ансанбал. Дејан Лилиќ, Викторија Степановска, Бранко Ѓорчев, Катерина Коцевска, Драган Спасов, Филип Трајковиќ, Игор Стојчевски, Игор Ангелов, Никола Ацевски, Диме Илиев, Ѓокица Лукаревски, Лазе Манасковски, Александар Георгиевски, Игор Георгиев, Слободан Трендафилов и Славица Манаскова, ја оставија без здив публиката која со огромен аплауз знаеше да ја награди секоја бравура во изведбата, посебно кај Лилиќ кој го толкуваше ликот на Хамлет и Викторија Степановска како


Хамлет

Офелија. Посебно возбудуваа сцените помеѓу Хамлет и духот на татко му, лик кој го толкуваше Лазе Манасовски со таква точност и мерка во изведбата без никакво претерување или нагласеност во емоциите. Но сепак целокупната претстава, товарот на целото дејствие е врз грбот на Лилиќ кој маестрално го носи, живее, преживува и раѓа не само во огромните монолошки парчиња кои се одлично сработени и би функционирале и засебно како монодрама, туку и во самото суштествување на сцената кога е без текст, навидум без дејство, како нем гледач од страна. Но, во тие секвенци е дури појасен и посилен во намерите, во сопствените ставови и вистини. Ако на Аполоновиот храм во Делфи пишувало: "Спознај се себе си" и "Ништо премногу" овие две аксиоми се гледаат цело време во постоењето на Лилиќ на сцената. Токму за ваквата изведба-живеење, создавање на сцената на неговиот Хамлет, Лилиќ ја доби наградата за најдобра машка улога на фестивалот.

Тоа што мене како гледач ми посмета беше дуплиот крај на претставата, давењето на Офелија во када и можеби веќе препознатливата сценографија во режиите на Пројковски, а потпишана од Владо Ѓоресќи, трите нивоа во вертикала кои треба да ни го покажат статусот на ликовите како и намерите. Пројковски е чест гостин во Стоби со негови претстави и искрено очекувам дека ќе видам претстава во негова режија која ќе го искористи целиот раскошно дарен амбиент, длабочините на просторот, скената... Но заради својата исцрпност во читањето на Хамлет, Дејан Пројковски заслужено ја доби наградата за најдобра режија на фестивалот.

На 25.07.2010 година многу малку гледачи (околу осумдесетина) успеаја да ја видат монодрамата "Антигона" од Жаклин Басанели во режија на Багријана Попов, сценографија и костимографија на Благој Мицевски во изведба на прекрасната Илина Чоревска.

Приказната за млада жена која одбива да биде послушна и скршена, одбира страсно да љуби растргната помеѓу своите и туѓите прин-

Антигона

ципи Чоревска одлично во еден здив ја пренесе до публиката.

Баханалии, претстава работена на сцената на градот домаќин Театар Џинот, заедно со Хамлет на Драмски беше една од најпосетените од страна на публиката. Многумина од тие што малку покасно стигнаа во Стоби не успеаја да најдат место да ја проследат. Просторот дури и во Стоби беше претесен да ги прими сите заинтересирани гледачи да уживаат во ова интересно читање на текстот од Горан Стефановски (добитник за најдобар драмски текст на овогодинешниот фестивал "Војдан Чернодрински" во Прилеп) од страна на Наташа Поплавска која е потписник на режијата.

Пеењето, играњето оро и хорот се основни елементи кои денес ги содржи современиот театар, пред се во драмската поезија, драмските дела во стихови, кои се највредните и веројатно ширум светот најпоставуваните дела на

сцената, како на: Шекспир, Молиер, Еврипид, Софокле, Есхил, Аристофан...

Со одличната музика на Џенгиз Ибрахим во кореографија на Олга Панго, сето ова го има во "Баханалии" на велешкиот театар. Интензивното барање на сопствениот идентитет, карактерот трчај-мочај луѓе, можноста да бираме и што бираме од даровите на Дионис: "Дионис ви дава вино. Ваше е дали ќе запеете или ќе заплачете, ви дава оган-ваше е дали ќе си го стоплите домот или ќе ја запалите куќата. Ви дава страст-ваше е дали ќе водите љубов или ќе се заколете меѓусебе" е само дел од она што е начнато во оваа прекрасно спакувана претстава во видео и сценски дизајн од Емил Петров и одличната костимографија на Александар Ношпал.

Актерите сите до еден веруваат дека се центар на светот, дека ќе го сменат на подобро, дека имаат што да му кажат на гледачот додека создаваат театар кој е полн со духовна сила и е уметност. Имаат силна верба дека работат нешто важно, значајно не само за себе туку за целата публика. Во "Баханалии" актерите се една целина, сплотена заедница на различни но силни уметнички индивидуи и тоа го прави овој ансамбл одличен за соработка со режисерската концепција на претставата. Васил Зафирчев, Маја Љутков, Роберт Ристов, Кица Ивковска-Вељановска, Кети Борисовска, Слободанка Чичевска, Зорица П. Панчиќ, Самоил Стојановски, Весна Димитровска, Едмонд Сотир и Славица Манаскова во сите свои постоења на сцената прават мали бравура.

Баханалии

Васил Зафирчев кому оваа претстава му е кам бек на театарската сцена (ако воопшто некаде заминал затоа што публиката сеуште живо ги памти неговите изведби, во "Дон Жуан" "Стрип Шекспир...) како Дионис перфектно го предводи целиот андамбл во дарувањето на публиката од есенцијата на театарскиот чин, со песна, танц, збор произлезен од култот кон Сонцето, мајката Земја, Дионис кому уште како дете му се пеене дитирамби.

Ни за влакно зад него не заостанува Роберт Ристов со неговата Агафја, мајката на Пентеј, која како полудена менада го растргнува сопствениот син. Сцената во Стоби од кондензираната влага делуваше како подиум за уметничко лизгање, но тоа воопшто не и попречи на Маја Љутков со извонредна леснотија да ги одигра сите кореографски парчиња, особено атрактивни со Зафирчев и Ристов како директни партнер и да го создава својот Пентеј на радост на многубројната публика за чија изведба ја доби наградата за најдобра женска улога на фестивалот.

Поточно целата актерска екипа одлично се снаоѓаше на лизгавата подлога и претставата доби нова димензија на тој отворен процтор. Кети, Славица, Самоил, Кица, Едмонд со леснотија влегуваа од една во друга ситуација, од еден во друг лик.

30.07.2010 година - петок

Единствената претстава направена надвор од границите на нашата земја, заради која овогодинешниот фестивал го оправда епитетот интернационален, ја донесоа гостите од Бугарија. Копродукцијата меѓу државние куклени театри од Пловдив, Бургас и Стара Загора "Цар Едип - или празник на ослепувањето" во режја на Руслан Кудашов, сценографија и кукли Андреј Запоржски и на музика од Владимир Бичковски беше интересно освежување на овогодинешниов фестивал.

"Цар Едип..."трагедијата на човековото суштествување, самоизмама, започнува со навидум идиличен живот, припреми за чествување на најхрабриот, најмудриот што и се спротиставил на Сфингата. Но, "Никој не може да се нарече среќен пред да дојде крајот на животот"

пејат мудреците, па така и Едип бегајќи од пророштвото не знае дека самиот допринел тоа побрзо да се оствари.

Одличната игра на актерите со куклите и маските, која мора да признаеме е голема непознаница за македонските театри, кулминира во сцената на препознавање, или театар во театар, кога Едип и Јокаста од гледалиштето ги набљудуваат огромните кукли на Еди пи Јокаста како го играат митот за средбата на Едип со Сфингата. Но во истата сцена Едип го сознава и она неизбежното дека тој самиот е убиецот на Лај и е виновен за трагедијата на својот народ. Насмевката на лицето на Јокаста останува и во моментот на смртта како знак на неверување, превид, и премолчување на сопствените немири, како кога целото ѓубре го криеме со метлата под ќилимот, па тоа што не се гледа не може да не растревожи.

Александра Илиева како кралицата мајка-жена, и Делјан Ќосев како Едип функционираа како еден. Заеднички фото-стоп кадри наликуваа на исполнување на американскиот сон за среќен фамилијарен живот за чиј впечаток допринесе костимографијата на Андреј Запорожски како и музиката на Владимир Бичковски. Интересни беа сцените меѓу двете сестри, Исмена и Антигона со нивните браќа близнаците Етеокле и Полиник, во кој се навеструваше борбата за превласт меѓу браќата, за на крај танцот на Сфингата да означи дека иако Едип одговорил едно прашање, не ја разрешил енигмата; не сознава дека Човекот е толку мудар колку што сфаќа дека е Човек.

Слепилото на Едип е преточено во величествен симбол, слепилото му го дава времето за да пита и преиспитува во немоќ по вистинско знаење и мудрост.

Ако историјата ја пишуваат победниците, а историјата е драма, театарско дело испишано од оној кој победил, тогаш во историјата за "Стоби 2010" според жири комисијата во состав:

Александар Ѓорѓиев - актер;

Јелена Жугиќ - актер;

Дејан Дамјановски - режисер;

ќе стои дека наградата:

за најдобра машка улога му се доделува на Дејан Лилиќ за улогата на Хамлет во истоименатa претстава;

за најдобра женска улога на Маја Љутков за улогата на Пентеј во "Баханалии"

за најдобра режија на Дејан Пројковски за претставата "Хамлет"

за екипна игра на ансамблот од претставата "Цар Едип - празник на ослепувањето"

***и Гран-при на фестивалот ја доби претставата "Баханалии" од Горан Стефановски во режија на Наташа Поплавска, а во продукција на Театар Џинот од* Велес**

И како што носи редот најдобрата претстава од фестивалот "Војдан Чернодрински" гостува на затворањето на фестивалот во Стоби, така и оваа година претставата "Крпен Живот" од Стале Попов, драматизација на Блаже Миневски, во режија на Владо Цветановски, а во продукција на театарот "Војдан Чернодрински" од Прилеп беше изведена во чест на наградените.

Стоби - преполн со публика. Овој фестивал немаше да биде остварен без огромното залагање на организациониот одбор во состав: Зоран Љутков - претседател и членовите Васил Зафирчев, Александар Ивановски, Ненад Витанов и Славиша Ѓеорѓиев како и покровителите: Министерство за култура на Република Македонија и општина Велес, преку генералниот спонзор "Бовин" и спонзорите "Жи-ва", "ОКТА" и "ТИВЕС", а поддржано од: Фондација "Рамковски", "НЕТ Студио" Театар Џинот - Велес и Драмски театар-Скопје

Гоце Ристовски

ДОМОТ НА ЈАГО, РИСТО И ТАТКОВИНАТА

18-ТИ ФЕСТИВАЛ НА КАМЕРЕН ТЕАТАР "РИСТО ШИШКОВ"

Фестивалот и годинава го потврди своето заслужено место на театарската и културната мапа на Македонија и Балканот. Го потврди својот меѓународен карактер, на што посебно се инсистира последните неколку години, и тоа не само формално, со учеството на театри од Македонија, Црна Гора, Бугарија, Босна и Херцеговина и од Косово туку и со кавалитетот и релевантноста на претставите што беа изведени во текот на петте фестивалски вечери



"Струмица е мајка на повеќе културни чеда кои го чуваат и негуваат аманетот за продолжува_ње и осовременување на востановените традиции.

На Денот на македонската самобитност едно од тие чеда ќе стане полнолетно, правејќи обид успешно да се справи со предизвикот наречен - Испит на зрелоста.

Во летото господово, кога ја одбележуваме 70-годишнината од раѓањето на бардот на македонското глумиште - Ристо Шшков, актерите од Балканот ќе го ползуваат струмичкото гостопримство и со сценска игра ќе го стават својот "еснаф" на пиедестал. Тие би сакале со Вас да го споделат тоа празнување"-им порача градоначалникот на Струмица Зоран Заев, воедно и претседател на Управниот одбор на Фестивалот, на вљубениците во театарската уметност.

И, така и беше. Фестивалот и годинава во чест на големиот актер Ристо Шишков и во слава на актерот и актерското мајсторство го потврди своето заслужено место на театарската и културната мапа на Македонија и Балканот. Го потврди својот меѓународен карактер, на што посебно се инсистира последните неколку години, и тоа не само формално, со учеството на театри од Македонија, Црна Гора, Бугарија, Босна и Херцеговина и од Косово и преку угледното меѓународно жири (Ирена Ристиќ-претседате и членовите Дубравка Зринчиќ - Куленовиќ од Сарево, Зоран Гаши од Нови Сад, Анастас Поп Димитров од Враце, Бугарија и Бранко Бенинов) туку и со кавалитетот и релеватноста на

претставите што беа изведени во текот на петте фестивалски вечери. Бездруго заслугата за тоа е на селекторот Благој Стефановски, Овој тетарски и културен деец: актер, менаџер, долгогодишен директор на Народниот театар во Битола, министер за култура во Владата на Р. Македонија, но над се беспомошно вљубен во божицата Талија, на нему својствен начин и преку ФКТ "Ристо Шишков" ги доближи и направи дофатливи светските актуелни тетарски трендови и релевантни театарски проекти и тетарски знаљци и актерски мајстори едновремено давајќи силен придонес за афирмацијата на македонскиот театар во средиштето на најзначајните театарски центри во Европа. Стефановски мошне успешно ги предводел и театарските игри "Војдан Чернодрински", "највозрасната" македонска меѓународна културна манифестација "Охридско лето", еден е од втемелувачите и се уште активен подвижник на меѓународниот фестивал на монодрамата што го водомува преспанското кражбрежје, ишарано на географските карти со три граници кои овој фестивал ги брише како со гума. Го основа првиот амбициозен приватен театар во Македонија, значи втемелувач е и на вклученоста на приватната иницијатива во тетарската уметност, иако со намален буџет и помал број на претстави, споредено со минатата и неколку години пред тоа, и на овогодишниот фестивал понуди пресек на современиот театарски миг на Балканот, со полнокрвни театарски изведби, свртени кон современото и актуелните предизвици на модерниот човек. Тоа е од осбена важност да се напомене. Не само што беше понудена завидна театарска естетика, целосно заокружени театарски проекти со модерен сензибилитет во севкупниот сценски изрз, а не само во делот на актерскиот придонес ,туку и релевантна, би рекол нужно потребна во овие пренапрегнати времиња на почетокот на новиот милениум, тетарска етика. Видовме, значи, не само убаво спакувани театарски претстави со познати театарски имиња (актери, режисери...) туку и ангажиран театар кој говори за проблемите и предизвиците на ова време и на овие географски простори, кој дава конкретен придонес во преиспитувањето на патот и начинот по кој човештвото се обидува да загради во иднината.. Беше тоа празник на театарот кој со сите аспекти, и со едноставни и ефектни театарски средства, длабоко е свртен кон човекот и неговите ововрменски премрежја.

Режисерот Владлен Александров, еден од најекспонирните едновремено и еден од најзначајните театарски чинители на современиот бугарски (со тоа и балкански и европски) театар на денешницата, во својата искрена исповед на разговрите што се одржуваа по повод изведбите на фестивалот (разговорите тркалезната маса на критиката ги водеа Цветанка Зојчевска, Гоце Ристовски и Тодор Кузманов како медијатот) потенцираше дека работел многу класични драмски текстови, многупати го режирал Шекспир, но смета дека во моментот се има потреба од поинков театар кој пожестоко ќе се занимава со сегашните предизвици на човековото битисување - сега и овде. Во таа смисла тој посочи дека се потребни не само препрочитувања на потврдени драмски дела, а уште повеќе нови, свежи драматуршки видувања на суровата реалност во која живееме. Но, за жал, како што рече, не само во неговата земја туку и пошироко на Балканот драматурзите не доволно одговорија пред новиот предизвик на театарот и животот.

На прашањето дали во моментот недостасуваат релеватни драмски текстови во Бугарија, па се зафатил со режирање на текст од македонски автор, Трајче Кацаров, тој одговори потврдно. Публиката се чини заситена од класичните драмски текстови, па веројатно затоа слабо поминуваат театарските класици на театарските сцени во Бугарија во моментот а, од друга страна, потенцираше, има малку, недоволно нови современи драмски текстови кои живо се однесуваат на сегашноста и кои се во дослух со очекувањата и потребите на публиката. Го работев текстот на Трајче Кацаров затоа што исклучително вешто е напишан, со модерен сензибилитет и затоа што поставува важни прашања за човековата егзистенција во модерното време.

Омар Абу Ел Руб, режисер и театарски менаџер од Белград, во два наврати директор на БИТЕФ, исто така, не штедеше зборови за да ја

истакне релеватноста на фестивалот на камерен театар "Ристо Шишков", врз основа на сега виденото, на овогодишниот фестивал. Со одбрани пофални (ама не празни) зборови се произнесоа и членовите на меѓународното фестивалско жири Дубравка Зринчиќ- Куленовиќ, Зоран Гаши од Нови Сад и Анастас поп Димиторв од Враце, како и уважените гости, режисерите Градимир Гоер од Сараево и Хакиф Муљики од Приштина, веќе споменатиот Владлен Александров, актерите Ментор Зимберај и Исмет Аземи, според многу квлификувани оценки, актери кои се на самиот врв на современиот албански театар воопшто.

АКТЕРИТЕ СЕ ЕДЕН СОЈ

И според ефективниот рецепт се почна со Отело, а заврши со Кабаре. Со Шекспировата трагедија "**ОТЕЛО**" во изведба на цетињскиот кралски театар од Црна Гора се отвори 18-то издание на Фестивалот на камерен театар "Ристо Шишков". Струмичката публика имаше ретка можност да ужива во актерските вештини на актери од поранешна Југославија, обединети во претставата на театарот од Цетиње. За српскиот актер Бранислав Лечиќ,(некое време и министер), кој во претсавата го толкуваше Јаго, актерите се еден сој.

Станува збор за копродукција на Кралевското позориште Зетски дом од Цетиње, Будва Град театар и сараевскиот фестивал МЕСС. Како што, уште пред премиерата, истакнаа директорот на Град театар, Мерин Смаилагиќ и директорката на Битеф театарот, Јелена Кајго, станува збор за значајна соработка, а која преку ФКТ "Ристо Шишков" се прошири и продлабочи и на нашите театарски простори. Преставата се зафаќа со Шекспировите теми : страста, стравот, љубомората, бескрупулозноста,. Отело е "маж од соседството", а преставата се бави со љубовта и љубомората, а целиот настан од прочуената трагедија во оваа претстава е сместен во една единствена ноќ. "Отело" балансира на работ на архетипските страсти на машко-женските односи, но остануваат бескрупулозните политички игри, блиски на денешниот гледач. Како Отело, струмичката публика го виде Бранимир Поповиќ, Јаго, веќе споменав беше Бранислав Лечиќ, Дездемона- Жана Гардашевиќ, Касио- Петар Буруќ, Монтано-Дејан Иваниќ, Дужд- Владо Керошевиќ, Брабанацио- Миралем Зупчевиќ, Бјанка- Јулија Миличиќ, Родриго- Мишо Обрадовиќ, и во улогите на војници- Александар Гавраниќ и Петар Стругар.

Отело

Шекспировиот "Отело" е драматизиран од Жељко Хубаќ, а во режија на Вељко Миќуновиќ.

Според режисерот во фокусот на оваа копродукциска претстава не е само љубомората туку далеку повеќе политичката драма. Станува збор за феномен на нашето време, за грубата политика која се однесува на современиот свет како и на просторите и времето во кое живееме. За голата борба за власт, гладот за политичка моќ па и за соголената слика на политиката, над се, како вносна професија. Светот во кој живееме е домот на Јаго.

Отело е напишана во 1604 г. и оттогаш, до денес, остана вечна инспирација на уметниците кои од ова дело извлекуваа најразлични тези - од љубов, до приказна за страста, стравот, предрасудите, неможностите на поединец да се спротивстави на машинериите и моќта на власта. Универзалноста на тие чувства овозможува лесно да се трансформираат во нашето време, па, како и другите Шекспирови дела и Отело предизвикува катарза во творечкиот израз на модерната уметност.

"Отело", и покрај нужната адаптација за приспособување на театарската сцена во Струмица, што подразбира скратување на одредени битни сценски средства, кои ефектите на прет-

ствата ги прават делеку поголеми, сепак се наметна како занимлива приказна за злото што излезе на виделина. За злото кое ни стана заводливо до тој степен што почнавме дури и да се согласуваме со него.

Поубав почеток за фестивалот- здравје!

И тоа пред преполнетото гледалиште во Струмица. и токму во годината кога во Македонија, како- така, се одбележуваше 70-годишнината од раѓањето на бардот на македонското глумиште- Ристо Шшков, како што потенцира и градоначалникот Зоран Заев. А домот на Јаго, за жал, се покажа како татковина на Ристо Шишков.

Чинам дека овде е место а има и сериозен повод да потсетам токму на патронот на фестивалот, се разбира накусо, и да ги оправдам погоре иснесените зборови. Оти според зборовите на проф. д-р Димитар Пандев судењето на Ристо Шишков беше судење на македонската култура.

Велите пладне е!

РИСТО ШИШКОВ е роден во 1940 година, во селото Мрсна, Демир Хисар, во Егејска Македонија, во ситуирано трговско семејство. Татко му Васил и најстариот вујко, се имале намразено со Грците, па во селската кафеана често доаѓало и до физички пресметки. Тие лежеле четири години затвор на Крит. Ристо го наследил експлозивниот темперамент на татка си , а го носеше името на дедо му. Татко му умира на 35 години и набргу потоа, во 1945 година, преку Бугарија, неговото семејство доаѓа во Струмица.

Почина во 46-тата година, живеејќи релативно кратко и играјќи активно околу две децении. Според оценките на критиката, во неговиот опус влегуваат остварувања од антологиско значење, а иако повеќепати беше предлаган за највисокото републичко признание - не доби ниту едно републичко признание. Беше добитник само на една артистичка награда и тоа на театарските игри "Војдан Чернодрински" во Прилеп, во 1978 година.

Според дипломата од Уметничката академија од Белград, потпишана од ректорот Вјекослав Африќ, Ристо Шишков ја завршува Академијата за театар, отсек глума, со просечна оценка 8,3, положувајќи го, на седми јуни 1963 година, главниот предмет со одличен успех. Но, како студент веќе беше член на Југословенското драмско позориште.

По двегодишната работа во Југословенско драмско позориште во Белград Шишков доаѓа во Скопје и од први октомври 1964 година станува член на Драмата на Македонскиот народен театар. Следуваат успешните креации како Дон Цезар во "Дон Цезар од Балзан". Креонт во "Антигона", од Софокле, Луков во "Црнила" од Чашуле, Спасе во "Македонска крвава свадба", а во тоа време го сними и филмот "До победата и по неа". Како протагонист на улогата на митралезецот Трајко во овој филм учествуваше за првпат на фестивалот во Пула.

Беше човек што стигнуваше секаде. Беше чуден феномен, се правеше наеднаш. Ја согледуваше правичноста , ги осознаваше работите, засакувше и брзо согоруваше.

Таква беше неговата природа. Ристо беше многу отворен и се кажуваше во очи, без разлика за кого да станува збор.

Снимањето на филмот "Води" промени многу нешта во животот на Ристо Шишков. Инцидентот што се случи таму доведе до судски процес. Шишков беше осуден, неговата улога во филмот "Води" беше преснимена, а едновремено беше ставена точка на неговата кариера што тој не успеа да ја избрише. Му беше одземена сцената, а филмовите, телевизиските серии и радиодрамите во кои учествуваше беа ставени во бункер.

На 14 јуни 1979 година Општинскиот судија за прекршоци во Струга, го прогласи за виновен затоа што во пијана состојба, ги навредувал артистите од српска и од хрватска националност, и затоа што рекол дека го мразел Тито, поради Грамос.

На 14 декември, 1979 година Окружниот јавен обвинител од Окружниот суд во Битола поднесува обвинителен акт.

Во овој акт остануваат обвинувањата за пцостите наменети кон припадниците од српска и од хрватска националност за време на снимањето на филмот "Води". Новина е дека на 24 април 1979 година, исто така, во хотелот "Бисер", извикувал "Нема ниту еден Србин ниту Хрват, да му ебам мајката, сите побегнаа како глувци. Јел остасте Срби, мајку вам вашу".

На 15 јануари 1980 година, заминува во затвор.

Да не им речеше Ристо Шишков дека дошле во Македонија по пари, истите тие изутрината ќе го дочекаа со неизбежниот мамурлак, сметајќи го за "буразер" што со своите зборови ги предизвикал на пиење. Му го прилепија националистичкиот истап, зашто ги погоди во разнишаната нивна егзистенција и само тоа е вистинската вистина. Македонската политичка полтронериа, одвај го дочека тоа.

-Во болницата постојано имаше народ. Примаше инфузија, крв, а пред смртта почна и да се губи. Ќе речеше: што е таа точка што ми стои над главата? Или пак: Ја виде ли мама? Но, пак ќе се освестеше. Кога бевме сами еднаш ми вели: Ќе те молам, кога ќе умрам, да не ме оставате тука, да ме носите во Струмица. Еднаш сакав да му ја сменам пижамата и гледам на грбот сини кругови. Се исплашив и прашав што се тие кругови, а после докторот ми вели: Господо вие, зар не знаете од што се тие кругови! Не зборувајте пред него за тоа. Сабајлето кога дојдовме искршените срчи се уште ги држеше во рацете. Се соблекол гол и целиот крвареше. И падна во кома. Пред смртта побара да го види Васко. Го однесов- кажуваше неговата сестра.

На 17 јуни, во 11 часот и 45 минути, 1986 година, почина Ристо Шишков. Не успеа да ја победи болеста што го нагризуваше одвнатре. На ист ден и ист датум, две години порано, со пет минути разлика, почина мајка му.

Тој човек-лош, горчлив, и голем, ја задолжи македонскта култура многу зашто на таа горчлива почва изнкна, расцуте и предвреме загина една од најоблагородените уметнички инспирации што ова поднебје ги знае и ги имало.

"Велите пладне е? Нека претрча Томе...нека му телефонира на градоначалникот. Веднаш да го запре часовникот. Денес е убав ден. Прекрасен ден".

Тоа се последните зборови на актерот Ристо Шишков, големиот македонски уметник, со кои, зачекори во иднината- според режисерот Бранко Ставрев.

Своевремено во Нова Македонија го објавив фељтонот Така живееше и така умре Ристо Шишков, што предизвика мноштво реакции. Тогаш, од далечната Австралија пристигна еден голем коверт во кој беше фоткопија од дневник на некоја негова пријателка, придружен со кратко писмо, на едно картонче, во кое се вели:

"Вашата адреса е најдовме во Нова Македонија. Го зедовме од клабот. Пред неколку години случајно го видовме и и го украдовме на ..... дневникот од кој нејзе од дома. Во него имат убај љубовни работи за Ристо Шишков. Ви испраќаме само три фотокопи и песната од Ристо . Ако ги написите во весниците ќе ви го пратиме цел дневник. Нас не ни треба, така стој дома го чуваме. Песната од Ристо е ногу убава. Ви пишуваме со печатно писмо да не разберит ..... кој сме ние. " И така,благодарение на таа кражба на личен дневник на јавноста и е приложена единствната песна што ја напишал Шишков, од чија смрт деновиве се навршуваат 20 години.

Земи ги..... очиве
моиве две остри сабји
нанижи си ги како два златни синџири
околу твоите бели гради.
Земи ја..... устава
од неа вода да пиеш
јас ќе си одам в планина
и ќе ти бидам комита
.Јас сум ти твојот комита
Ристо Беломорски,
од Грамос и Вичо планина
роден во време опасно,
време комунистичко.
Комунистиве глава кренаа
и мене в зандана турија
за моја жална Македонија.
Комунистиве ми даваат рубата комитска
да се претворам во Турунџе

да се претворам во Гули војвода
за да си ладам душава
душава моја изгорена.
Не сум ти јас Турунџе
ниту сум Гули војвода
јас сум си самиот комита-
Ристо Беломорски
Дај ми го..... шмајзерот
јас да си одам в планина
там да си најдам дружина
дружина одбор комити.
На Грамос ќе најдам Делчета
на Пирин ќе најдам Сандански
на Битола ќе најдам Јордан Пиперка
.Дружба да дружам со комити
дружба да дружам, бој да си бијам
бој да си бијам со три ламји со три аждаи
со варварите, татарите и србоманите
што ми грабнаа убава девојка,
ја грабнаа и оковаа со три синџири.
Роб робува убава девојка
роб робува седумдесет години.
Дај ми ја..... сабјата
сабјата дипленица
да си искинам синџири седумдесетгодишни
да си ослободам девојка робинка
девојка робинка- лична Македонија
.Земи ги.....очиве
моиве две остри сабји
нанижи си ги како два остри синџири
околу твоите бели гради
.Земи ја..... устава
од неа вода да пиеш
јас ќе си одам в планина
и ќе ти бидам комита.
Јас сум ти твојот комита
Ристо Беломорски
од Грамос и Вичо планина.

Единствената песна на Шишков, која дојде во моите раце по објавувањето во моногрфијата "Шишков" пртеизвика огромно интересирање во јавноста. И во научната, па беа изнесувани и "стручни" и научни" анализи кои покажуваа дека Шишков не би можел да биде нејзин автор". Помина една деценија и одговорно тврдам дека и натаму монографијата што ја напишав за Ристо Шишков е највалидниот и нарелевантен извор за неговиот живот и неговата уметничка дејност.

Токму во рамките на Фестивалот на камерен театар во Струмица, беше организиран симпозиум на тема Шишков што го раководеше проф. д-р Јелена Лужина, а од трудовите подоцна беше објавен и зборник. Немам намера да полемизирм со изнесеното во зборникот, но сосема кусо морам да укажам на некои нешта. Станува збор, се разбира, за научна книга, авторите на текстовите се респективни научници, има и доктори на науки. Но, проблемот е во нешто друго. Тие научни текстови не се однесуваат на Шишков, а се научни. Тоа малку што се однесува на Шишков, главно, е преземено , без да се наведе од мојата монографија. Преземени се и повеќе фотографии исто така без да се наведе од каде и за тоа да се побара дозвола. По мое убедување најблескавиот текст во споменатото издание е на , денес веќе, академик Митко Маџунков. Но, и во тој прекрасен текст авторот признава дека не го познавал Шишков.

Беше изнесен податок, своевидна реплика упатена до мене, дека немало валидни податоци дека Шишков учествувал и во филмот "Битката на Неретва". Не е потребно да се биде научник, доволно е да се отвори интернет и да се види дека Шишков играл Раненик.

Не може без драмите на Киш

Мрзливоста како еден од смртните гревови е во срцевината на претставата **"ДРВЕНИОТ САНДАК НА ТОМАС ВОЛФ"**, работена според текст на Данило Киш, во адаптација и режија на Градимир Гоер.

Претставата премиерно била изведена на Фестивалот за сценски уметности во рамките на "Бихаќко лето 2010", а сараевска премиера била на малата сцена во Народното позориште во Сараево , на 25 јуни годинава.

Сценограф е Јосип Ловреновиќ, а улогите во претставата ги толкуваат претставници на две генерации актери на Народно позориште од Сараево: најстариот босанскохерцеговачки актер и првенецот на Драмата на Народно позориште Владимир Јокановиќ, кој веќе ја раситни деветтата деценија од животот, и

актерот од помладата генерација Мирај Грбиќ. Во представата се појавува и Мухамед Јамаковиќ. Со предтставата се одбележуваат 20 година од смртта на големиот југословенски и европски прозен и драмски писател Данило Киш, а со претставувањето во Струмица кон ова одбележување на свој начин се приклучи и ФКТ "Ристо Шишков" и Р. Македонија.

Режисерот Градимир Гојер се чини не може без драмите на Данило Киш. Само што претставата "Гробница за Борис Давидовиќ", во режија на Гојер, а продукција на Театарот од Приједор беше прогласена за најдобра на театарските игри во Јајце, а тој награден за најдобра режија, почна да ја подготвува "Дрвениот сандак на Томас Волф".

- Повторно се навраќаме на Киш, не само зато што се навршуваат 20 години од неговата смрт, тукуспрвенствено заради квалитетот на неговите дела. Данило Киш е писател кој на некој начин во југославенските дела претставува алка, не поврзува барем за средноевропските литерарни текови, ако не и за светските.

"Дрвениот сандак на Томас Волф" е драма за мрзливоста и говори за два лика. Едниот е старец и неговите животни принципи се на самиот крај. Фашистичките конц-логори и страдањата на Евреите за време на Втората светска војна се прикажани преку неговата судбина. Од друга страна, тука е и помладиот лик. кој покажува немоќ во создавањето на своите дела, односно одредена доза на мрзливост. Значи, станува збор за дуодрама - вели Гојер.

Дрвениот сандак на Томас Волф

После тв филмот "Дрвениот сандак на Томас Волф", на белградската телевизија, од 1973 година, за првпат во Босна и Херцеговина варијација на темата на еден од смртните гревови, од перото на Данило Киш е изведена како театарска престава и токму тој проект учествуваше и на ФКТ "Ристо Шишков". Текстот на Киш своевремено бил одбран на анонимен конкурс на темата смртни гревови,

Томас Волф бил писател со огоромна енергије, Пишувал како во бунило, а потоа доцна во ноќта или наутро ги складирал напишаните страници во дрвен сандак.

Режисерскиот концепт гради тивка, интимна драма во која учествува и публиката која исто така е на сцената. Ова ефектно решение на режисерот ни овозможи да продреме подлабого во слоевитиот драмски текст на Данило Киш и да си поставуваме многу прашања, едновремено и да очекуваме одговори од сцената, од актерите... Можевме да се воодушевуваме од актерското мајсторство, но само одбраните. Повеќемина заинтересирани вљубеници во театарот во Струмица мораа да останат пред вратата на салонот во Домот на културата заради сторго ограниченият број на гледачи во текот на една претстава.

Претставата донесе две извонредни актерски креации но во исто време ја покажува оправданоста, смислата и економичноста на вложувањата во копродукциски проекти, нешто за што се говореше и на разговорите во фоајето на Домот на културата во Струмица, при што селекторот Благој Стефановски произнесе идеи за регионални копродукции во рамките на ФКТ "Ристо Шишков", со можност за вклучување и на матичниот, струмички театар.

Дух на достоинство го обземаше секој збор што на сценат го изговараше Владимир Јокановиќ. Тој со своите гласовни модулации, со едвај забележителни поместувања од нивната природна состојба, изговараше, потопуваше, интимизираше и будеше во гледачите чувство на благородност што овој актер несомнено ја поседува. Со голема почит овој актер влегува во слободниот сценски простор со својата впечатлива физичка појавност и огромното уметничко и животно искуство, на неговите малку

потсвиткани рамења. Концентрација, посветеност и манифестирана енергија што плени и зачудува дури.

Магијата на Тони

Гоер, значи, не може без данило Киш. А македонскиот режисер Владимир Милчин без Мишел Де Гелдерод. Тоа тој мошне убаво го појаснува во каталогот за претставата "Црвена магија", која ја режираше во Струмичкиот народен театар, а која беше изведена и во рамките на годинашниот ФКТ "Ристо Шушков". Бидејќи каталогот е јавно достапен, овде не би го цитирал Милчин. Но, би цитирал едно негово гледање на споменатиот драмски текст. Многу ретко се изведува воопшто во светот "Црвена магија" бидејќи ретко може да се пронајде актер што може да ја понесе стожерната улога- Јероним. За среќа, рече Милчин, јас го имав Тони Михајловски.

Црвената Магија

Одамна не бев видел актер кој игра со толкава посветеност, концентрираност, прецизност и со таква физичка кондиција и складност на движењата. Со таква хармонија на чувственото и дејствителното, со не веројатно усогласеното на промислувањето, пласманот на текстот и физичката сценска манифестција. Тотално актерско мајсторство. Игра со секој дел од телото, со секој мускул и секое ковче, со сјајот на очите и сето тоа надградено со нужната интелигентност- да се разбере и усвои, па да се покаже и докаже.

И чинам таму каде што почна Отело, продолжи и се надогради "Црвената магија", како уште еден аргумент дека домот на Јаго станал веќе и наш дом и дури повеќе од тоа. Домот на Јероним, покрај гробиштата, во кој се заудира, дури труе, на човечката извитопереност, кон која, чинам, се стрмоглавиме и ние. Сите ние.

И додека го пишував текстот од Крагуевац од меѓународната театарска манифестација Јоакимингерфест, од соседнаСрбија, пристигна убава вест.

Јоакимовата награда за најдобар актер рамноправно им е доделна на бугарскиот актер Анастас Поп Димитров (кој беше член на жирито во Струмица) и на македонскиот актер Тони Михајловски.

На бугарскиот актер, нашиот пријател Анастас, наградата му е доделена, како што е соопштено, за потресното толкување на човековата судбина во револуција, за улогата на Роман Хлудов во претставата "Сонувајќи бегство", работена според Михаил Булгаков, во режија на Николај Пољаков и изведба на Драмско куклениот театар од Враце, Бугарија, а која имавме можност да ја видиме во Струмица во рамките на ФКТ, не се сеќавам точно, минатата или предминатата година.

Тони Михајловски е награден за улогата на Јероним во "Црвена магија". Наградата му е доделена за сестрано актерско толкување на компликуваната актерска партитура.

Престижната награда ја додели жирото со кое претседавал Боро Драшковиќ, а во кое учествувале и театрологот Драгана Бошковиќ ќи драматургот Славко Милановиќ. На фестивалот настапиле театри од: Македонија, Романија, Бугарија, Италија, Украина, Босна и Херцеговина и Србија, обединети под слоганот "Откривање на современоста".

Непосредно по изведбата на "Црвена магија" во Крагуевац Горан Цветковиќ на Радио Београд 2- во понеделник, 11. октомври 2010, го изнесе своето критичарско видување. Ја донесуваме рецензијата во целина. Тоа му го должиме на Тони и на струмичкиот театар

ГОРАН ЦВЕТКОВИЌ

РАЗБИРЛИВО БЕЗ ПРЕВОД

Јоакиминтерфест 2010.- "Црвена магија", по текст на Мишел Де Гелдерод, превод и режија Владимир Милчин, продукција - театар "Антон Панов", Струмица, Македонија, Сцена "Јоаким Вујиќ", Крагуевац, петок, 8.октомври, 2010.

Уште еден Јоакиминтерфест во Крагуевачкиот кнежевски српски театар и уште еден македонски театар од мал град и уште една голема претстава, како што беше и манатата година со претставата "Друга страна" на Дејан Дуковски, во режија на Мартин Кочовски а во продукција на Малиот драмски театар од Битола! Од каде тоа во помалите средини да се прават така исклучителни претстави, а во главните скопски театри никако да се случи некој значаен сценски настан, тоа е разбирливо прашање кое се поставува после краткиот разговор со театарските луѓе и од Македонија, во секоја прилика, но и после гледање макар и мал број на претстави?..Излегува дека во помалите средини со само еден театар, полесно е да се најде група многу заинтересирани уметници, и со добра поддршка на управата и со режија на посебно одбран режисер, со максимална концентрација и некој вид творечки инает, или дух на уметничка завера, како што тоа во театарот често се вели, се успева да се склопи висококвалитетна претстава!... Во случајот со театарот од Струмица, работите така и се одвивале. Управата поканила еден од најеминентните режисери и долгогодишен професор на Факултетот за драмски уметности Владимир Милчин, му овозможиле да го досонува својот непрекинат сон за Гелдерод, му овозможиле работна атмосфера и ете ја претставата "Црвена магија", одлична, возбудлива, комуникативна и света!

Кога уште на Академија гледав една студентска вежба работена по едно дело на Мишел Де Гелдерод, мислев дека тоа е средновековен писател!...Заправо, тај скоро наш современик, умрел во раните шеесети година на минатиот век. Белгијанец, Фламанец кој пишувал на француски - што изразува многу противречности само по себе, се разбира трагал во светот на истражувањата на Бош во сликарството и во историјата на Средниот век по одговори на прашања од своето време и потполно се задлабочил во темите, историјата и жанровите на тој минат период во Европа, период за кој се пишува и говори како за мрачен, слеп, мртов во смисла на развој, но суров во секоја смисла на зброт. Бидејќи тоа секако е период во кој царува помотената идеологија на веќе изопачената Црква, која жари и пали со помош на душегрижничката Света Инквизиција и ги спалува сите еретици и мислечки луѓе, вештици и алхемичари на кои што само ќе покаже со прст!...



Црвената магија

На алките на овие зли браќа, под нивната многу развиена техника за мачење, нема таков кој не признал дека е грешник и бил среќен да го спалат , за да се исчисти од гревовите! Црква, ѓаволштини, крв, оган. Стогодишни војни, после кои остнале илјадници мртви на бојните полиња што тогаш ги слика Хијоримус Бош, а нам и денес ни се крева косата на глава од тие слики и ни наидуваат морници. Сето тоа е богат материјал со кој се соживеал Гелдерот и пишувал, велат исклучително многу дела, но кај нас не е многу преведуван, можеби поради евентуалната сличност на темите и методите на суровите пресметки со неистомислениците за кои пишува многу сликовито и многу духовито. Владимир Милчин долго се бави, скоро целиот свој работен век со текстовите на Гелдерод, веројатно и самиот уверен во современоста на неговото пишување и применливоста во нашите случаи!

Се разбира на случаите на војни, убивања, мачења, силувања, крв и страдања., што на Балканот ги имаме на претек. Но и Гелдерод не прикажува ништо осовременето, тој ги користи старите жанрови да се изрази за старите но и за новите теми. Тој трага по искуствата на средновековната фарса, но и по моралното наследство - главниот црковен жанр за да направи не-моралитет- покажувајќи ги сите човечки несовршенства, човековата подготвеност на сите подметнувања и суровости , особено ако го заштитува Црквата, или ако тој тоа успее да го прикаже во своите дела и така да ги уништи лековерните верници. Тој и таков Гелдеродов човек не умрел во Средниот век, туку како што и од оваа претстава се гледа - живее и денес и ние го препознаваме со леснотија и никаков странски јазик, во овој случај Македонски, претставата во Крагуевац се играше без превод, не може да не спречи да ги забележиме тие ликови во нашата околина денес. Владимир Милчин го повикал како гост актерот, естрадната sвезда Тони Михајловски, инаку негов некогашен студент, како што има малку актери денес во Македонија кои не биле студенти на Милчин, и со ансамблот на струмичкиот театар се зафатил со тешка работа, пробивање низ густите слоеви на историски современиот, смешно- горчлив драмски материјал на Мишел Де Гелдерод во делото "Црвена магија". Тука се нашол пред класична средновековна фарсично моралистичка игра, речиси на исто толку типизирани ликови , како што би биле типизирани ликовите во Комедија дел арте, некои панаѓурски групи или како ликовите да се преземени од моралистичките бајки, на пример од Пинокио, осовременети дрвени приказни за пропаста поради лакомост. Главните теми на овој анти или не- моралитет, поврзани се со различни видови на неустрашлива похлепа... Еден лик, вешто наречен Јероним, со посебна игра на одличниот веќе споменат Михајловски, страда заради желбата за вишок на пари, богатство, власт, моќ и нормално завршува во сонот за Богочовек, за каков што се смета. Или барем мисли дека со преварите дошол до толкава моќ, кој само Бог, тој ласкав производ на човековата несовршена фантазија , имал во таа фантазија луѓе подготвени на послушност, и во потрагата за неприкосновен владетел.!

Тој несреќен Јероним чува неколку златници во некоја своја каса и со тоа се изедначува со сите линкови и типови на сребролубци во историјата и пишаните текстови и сцени, како и во сликарството и митологијата воопшто. Тој има млада страствена жена која ја запоставува па се уфрлуваат секакви преваранти со двојни мотиви.- одново многу познати во историјата на уметноста и театарот- тие сакаат да го ограбат и да му ја земат убавата жена. Притоа до израз доаѓаат ликовите на попот. судијата и некој митски воин, ритерот Армадор, кои здушно и љубопитно со многустрани контрасти ги толкуваат Ванчо Мелев, Томе Ментинов и Стојан Велков, а Ванчо Крстевски се појавува како извесен Ромул, медијатор- пријател на домот и главен играч во испланираната повеќестрана превара. Сето тоа е зачинето од младата и убава Сибила, Анѓелка Арсова, сопруга на несреќниот штедач, желна за љубов и провод, а од тоа добива само ветувања и закани, како и едно дете- кукла, која за среќа ниту јаде ниту плаче и не расте.-што ќе рече идеално дете од таков татко!

И сега доаѓа страста на Гелдерод за длабоко заронување во душата на развратникот- сега се раѓа не- моралтет! Монолозите во кои подетално се разработуваат страстите за уживање во гадостите на разните перверзии, специјалните односи со златото, со тежнеењата за моќ и кон бесмртноста со кои во делото многу се тргува но се во стил на фарса- со длабоко исмејување и на мотивот и на начинот и на целта и сретствата, со кои се бавел Гете во Фауст. Одличниот Тони Михајловски игра еден невообичаен алчливец- скржавец кој дури и живее во својот сеф со своите златници, на кои на секој поединечно им клава и имиња и сака да се парат, за да се намножат.Тоа, во лудата и разиграна фантазија на Де Гелдерод му успева. Па потоа за тоа раскажува на долго, го коменинира светот на фантазијата и искуството ... се радува, страда, се надева, се заканува, ветува... Сето тоа младиот и искусен Михајловски го изведе со фасцинантна дарба за гротеска во играта и со сфаќање на моралите-

тот како извор на филозофијата и критиката, но и како вид на театар во кој на посебен поетски начин се отвараат многу естетски и филозофски прашања. Преку еден совршено претставен костим авторката Марија Пупучевска, костим споен од многу асоцијации, речит и сликарски и сценски, костим во кој е ликот и дете и перверзен звер истовремено... И болен и садист... Преку тој атрактивен костим и силно нагласената шминка , до маската со комбинација на црни кругови околу очите и сосема белото лице, преку сите тие надворешни средства и со нивна помош Михајловски успева да ги води своите долги монолози за неморалот, како и дијалозите со партнерите, силно и духовито и да создадат една естетика на смешното, но опасното зло кое не знае за граници.

Таа приказна за бескрајната фантазија и лудилото на грамзливоста на властодржачката логика помешана со болниот сопствен хабитус, сето тоа некако создава една современа антиестетска бајка за нашето извртено време , време во кое со политика не се баваат луѓе со цел да го организират животот на општствената заедница туку сосема спротивно под велот на организацијата на власта да остварат свои волни и первертирани сништа за моќ. Тоа стнува видливо од дејстувањето на овие ликови на сцената, тој густ Гелдеродов плет на моралното преиспитување во една многу сложена естетика се лизга пред нас на сцената, се призор по призор и се наоѓаме, како во некоја галерија на живи слики и поетски тиради кои не водат длабоко во утробата на сопствените гревови и заблуди, па таму наидуваме на одвратноста од бедните мотиви кои и самите ги криеме, или уште полошо, парадираме со нив претставувајќи и ги како возвишени. И затоа што претставата се играше без превод , на Макеодонски јазик, не разбрав баш секој збор односно го разбрав најголемиот дел од текстот , некои зборови и цели реченици пред тоа воопшто ги не бев чул., бидејќи сето тоа јасно и гласно и на повеќе начини се докажа и покажа со сценскиот јазик, во одличната и функционална сценографија на Крсте Џидров и во музиката на Миодраг Нечак. Мошне, мошне успешна претстава на Владимир Милчин и на струмичкиот театар, на Joакимфест 5 во Крагуевац. Секоја чест, нема што!

Претставите **"ЖЕНИ"** по текст на бугарската авторка Марија Станкова на театрот од Велес и кабарето "Лили" по текстови на Педро Хуан Гутиерес, и двете во режија на инвентивната и луцидна Софија Ристевска, која својата интелектуална супериорност ја разблажува, како кога се додава вода на земјена боја за варосување sидови, па на најзин својствен начин, плете замки во кои како пајак ги лови и актерите

Жени

(актерки во двата случаи) и публиката. Несомено овие претстави имаат свое значење, но пораките се длабоко сокриени и тие секако не се во текстуалната предлошка туку сконцентрирани во режисерската палка на Ристевска, задскирени чинам (со причина), недоволно јасни и на учесниците во претставата. Неспорно е кабаретскто искуство за секој актер, а неспорен е и фактот дека претставите (според изнесните податоци во Струмица) се гледаат. Еден од принципите за квалификување на уметничко дело е и бројот на консументите. Колку нешто повеќе се чита, колку нешто повеќе се гледа- повеќе и вреди. Ова е еден од битните, но не и единствен критирум за утврдување на уметничките стојности.

И двата театарски проекти се релеватни показатели за нашето денес. Како и поголемиот број на претстави изведени годинава на ФКТ и тие се значаен аргумент во обидите да се растајни причината за анатомијата на човековата деструктивност, на недостатокот на вредносни критериуми, па и системи, за девијциите на

потрошувачките општества, човековата отуѓеност , несигурната егзистенција, недостаток на љубов, предимензираните желби за власт и моќ.

Јас им се воодушевувам на младите актерки, и на малку поопитните, на нивната искрена театарска посветеност и нивната увереност дека знаат што прават и зошто тоа го прават. Уште неколку вакви проекти, па потоа за нив работата и на најсложените класични или антички текстови ќе биде обична чаенка, или коктел парти.

Да се победи стравот

Драмата **"СПИНОЗА"** во режија на Зоја Бузалковска и продукција на Малиот драмски театар од Битола авторот Гоце Смилевски ја пишувал во 2002 година, паралелно со романот "Разговор со Спиноза", кој доживеа голем успех. Навраќајќи се на Спиноза, Смилевски вели дека да се пишува за Спиноза за него значело да се изрази тој внатрешен раздор, односно преку драмското дејствие да се покаже и светот на неговата филозофија, но и неговите чувства, неговите доживувања на минливите нешта. Спиноза во претставата го игра Васил Зафирчев, неговата мајка е Катина Иванова, а Јахве и Клара Марија ги играат младите Александар Степанулески и Дарја Ризова.

Во претставата играат и Борче Начев како Јохан и Петар Стојановски како Акробатот. Сценографијата е на Зоја Бузалковска и Тодор Дајевски, костимографијата е на Лира Грабул, а композитор е Оливер Јосифовски.

Режисерката Бузалковска истакнува дека за среќа или за судбина прво имала можност да ја прочита драмата, а дури потоа и првото издание на романот каде што стои дека станува збор за Циркуска претстава во пет акробатски точки.

Токму тоа е поднасловот на оваа претстава- "Циркуска претстава со пет акробатски точки". Зоја Бузалковска вели дека тоа е жанровската определба на оваа претстава. Како што вели, сигурно многумина ќе се запрашаат, како тоа, циркус и Спиноза? Но според неа токму во ваквиот совршено пронајден контрапункт се родила и идејата за оваа претстава.

Таа почнала да работи на овој проект непосредно по објавувањето на романот на Гоце Смилевски но поради специфичните барања што ги има претставата, ниту еден од театрите не покажал подготвеност да го реализира овој проект. Смилевски има направено уште неколку драмски верзии за претставата, но Бузалковска ја прифатила првата, која дополнително е дорабoтена од Смилевски. Таа вели дека отсекогаш сакала да реализира таков проект и дека работата врз пиесата според еден од најчитаните македонски романи за неа било големо бреме и голема провокација.

- Ова е претстава која бара специфичен простор и која очекува многу од гледачот ставајќи го во деликатна позиција. Таа го провоцира гледачот и го тера самиот да го земе од неа она што му треба. Со други зборови, гледачот е

Спиноза

ставен во воајерска позиција и тој мора да се избори за сопствениот простор, односно, претставата на најдиректниот можен начин комуницира со публиката, претворајќи ја во нејзин дел. Бидејќи, "нашата претстава е обид да се испита можноста да се промени својот живот, да се стане поинаков, друг. Да се победи стравот. Да се прифати ризикот. Таа ја испитува силината на судирот на сетилното и на спознајното, на разумот и на чувствата, на конечноста и на бескрајот, на непочнувањето и на престанувањето. Во Спиноза. Во нас".

- Претставата "Спиноза" не се занимава со животот и со делото на Барух Спиноза, не е драматизиран роман. Таа објаснува дека "Спиноза" е претстава која зборува за рационалното, а се игра со сетилното.

- Таа треба да му го направи на гледачот истото она што му го прави Клара на Спиноза во една од најубавите сцени кога било напишани кај нас. Она што е основен квалитет на драмскиот текст е што носи со себе атмосфера. Човек може да ја помириса, да ја допре, да ја чуе претставата, додека го чита текстот. Ваквото чувство е голема предност кога треба да поставите еден текст на сцена - вели Бузалковска.

Актерот Васил Зафирчев кому ова не му е прва соработка со режисерката Бузалковскаа и со Стефановски како продуцент, кој ја толкува насловната улога во Спиноза за претставата истакнува:

- Самата драма се занимава пред се со животот, односно со вистинските моменти во животот што ние секојдневно ги забораваме.

Струмичката публика ја прими со воодушевување претставата, а доказ за тоа е не само долготрајниот аплауз на крајот туку и концентрираноста кон она што се случува на сцената, понесеноста од тетарската магија на волшебникот Зафирчев, полетната и исклучително сценична Дарја Ризова, уверливата Катина Иванова, и младите веќе стамени: Александар Степанулески, Борче Начев и Петар Стојановски.

- Сè околу Спиноза беше во функција на испитување на неговите ставови и на неговиот живот. Ликовите на Дарја Ризова (Клара Марија) и на Катина Иванова (мајката на Спиноза) силно ја надополнуваа другата страна на ликот на Спиноза. Неговиот очај, приватните емоции, промашените можности за избор од животната понуда. Дарја Ризова - сјајна, полетна, расцветана во изразот, модиљански заруменета, замечтаена во љубовта, росно цвеќе, со излив на искрени емоции, сè направи да навиваме за неа, а сепак да ја доживееме трагично, како отфрлен дар од небесните градини на љубовта и убавината. Дарја Ризова, о, боже, колку чудесно игра! Претставата кулминира, со силен емотивен набој, низ изречените, искрени и болни исповеди, искази и соочувања на Спиноза со мајка му. Преку играта на искусната и апсолутно суверената Катина Иванова, низ нејзиниот растревожен и исповеден говор, таа ја воздигна претставата до заокружен возбудлив театарски чин што цели кон високите уметнички резултати. Низ трепетливото акцентирање на секој болешлив, таговен но длабоко полнокрвен збор за нивната заедничка судбина, за душевните страдања и урнатите мостови на заедничката љубов, особено искреното мајкино жалење по „изгубениот" син, Катина Иванова оствари потресен лик со кој ги приподигна нашите приливи на емоции до степен на своевидна катарзичност... До болни и тивко придушени воздишки во себе. Катина е тоа, нема што.

Петар Стојановски како Акробатот одлично ја раздвижуваше играта, полетно, живо, динамично, атрактивно. Во истата функција беа и Борче Начев (Јохан) и Александар Степанулески (Јахве). Костимите на искусната и потврдена Лира Грабул Ѝ дадоа особен белег и сјај на претставата. Целата опрема (музиката на Оливер Јосифовски, сценографијата на Тодор Дајевски, планираните места за публиката, камерниот стеснат и ограничен „воајерски" простор), е всушност една целина, една идеја, една претстава. Сите се внатре, во вриецот на животот. Силна, модерна, современа, претстава со рафиниран и суптилен сензибилитет на авторите што ја создавале. Претстава со наплив од метафори, асоцијации, пораки, дилеми и искушенија, претстава што го развиорува знаменцето на една цела созреана интелектуална генерација која сака вистински да го чувствува своето време. Имаат право на тоа. Ако никој не им го даде тоа, сами треба да посегнат по тоа што творечки им припаѓа. Претставата - охрабрува - напиша во "Утрински весник" писателот Петре Бакевски.

Во **"КОМЕМОРАЦИЈА ВО КАФЕ ТЕАТАР"** на Хаким Муљиќи во продукција на Додона театарот од Приштина блескаа двајцата актери - Ментор Зимберај и Исмет Аземи. Она што се нарекува сценски јазик беше беспрекорно. Но, по желба на авторот и режисер Хаким Муљиќ и претставата одеше без превод па останавме

покуси за приказната што ни беше понудена, па можевме само да ја насетуваме. Во секој случај модерен театарски сензибилитет, соголена сцена и двајца врвни актерски мајстори. Браво мајстори!



Комеморација

"ВЕТЕР НИЗ ТОПОЛИТЕ" од Жерар Сибернијас, во режија на Коле Ангеловски и продукција на Драмскиот театар од Скопје ги освои симпатиите на публиката во големиот салон на Домот на културата во Струмица. Врвните актерски мајстори Благој Чоревски, Ѓокица Лукаревски и Дади Ангеловски покажаа како со скудни сценски средства и со огромно театарско искусво се освојува сцената во вистинската смисла на зборот. Надежта умира последна велиме, до крај верувајќи дека постои нов пат, нов почеток, нов животен предизвик во најтешкиот натпевар со самите себе си. Оваа вешто напишана трагикомедија укажува на можноста дека без разлика на изврвениот пат во животот, тука некаде блиску можен е нов почеток во сенките на дрвјата., но чекор понатаму пак сме исправени пред суровоста на животот, пред фактот дека и човечкиот живот има рок на траење. Тажна приказна што актерското трио ја потсилуваше и со гласовни назнаки и избалансирани драмски паузи во пласманот на текстот, зачинета и со траурната иконографија на сцената. И ете го за мене клучното прашање: И треба ли на крушата горница, вкоренета со години на ридот, изложена на ветришта и вилици, калем од млада фиданка, кога, какои да е, кога и да е, за неа се острат забите на дрвосечачката пила?

Ветер низ тополите

Текстот на Трајче Кацаров "СО ВКУС НА ОВОШЕН СЛАДОЛЕД" ја насмеа публиката до солзи, а на тркалезната маса не се штедеа зборови за пофалба на овој театарски подвиг на Кацаров со Драмскиот куклен театар од Пазарџик, Република Бугарија. Текстот на Кацаров се покажа како исклучителна предлошка за режисерот Владлен Алксандров и им овозможи на актерите Росица Александрова и Димитар Терзиев да триумфират на сцената во Струмица, со брзите и течни трансформации, водејќи и ги чувствата од една во друга крајност.



Со вкус на овошен сладолед

Својата релеватност и високи стојности претствата "ГОСПОЃИЦА ЈУЛИЈА" на Турскиот театар од Скопје ги потврди на повеќе меѓународни фестивали. Суптилната режија на Поповски им овозможи на исклучителните актери Сузан Акбелге, Осман Али и Несрин Таир да блеснат со сиот сјај.

Сузан Акбелге е лауреат на годинашниот Интернационален фестивал на камерен театар "Ристо Шишков" во Струмица. Меѓународно жири и го додели на Акбелге единственото фестивалско признание за улогата на "Госпоѓица Јулија" во истоимената претстава работена според текст на Август Стриндберг, во режија на Александар Поповски.

Госпоѓица Јулија

Наградата се состои во златен медаљон со ликот на бардот на македонското глумиште Ристо Шишков и 1.500 евра.

Во образложението жирито наведува дека наградата едногласно ја доделува на остварување што во себе ги содржи сите актерски изразни средства - во нивната врвна форма, почнувајќи од говорната експресија и артикулација, сценските движења и бравурозните емотивни амплитуди, поткрепени со креативна енергија и имагинација, па сè до несекојдневната актерска интелигенција.

- За мене самата претстава претставува награда, затоа што имам чувство дека сиве овие 13-14 години што јас ги поминав во театарот беа генерална проба за да ја играм оваа претстава. Чувствувам дека сите овие 14 години ги поминав во вежби и учење занает, за да ја добијам оваа улога - изјави Акбелге.

За петте фестивалски денови се одиграа 11 претстави од кои десет во конкуренција за единствената награда за високо актерско достигнување "Ристо Шишков". Годинава околу педесетина актери од 11 претстави од домашна и странска продукција конкурираа за награда посветеа на бардот на македонското глумиште.

- Имаше одлична актерска екипа. Педесетина актери кои што се врв на балканскиот театар. Мене ми е драго што еден од ретките актери што ја има способноста да биде сам на сцената, Зија Соколовиќ, беше овде, но таа претстава, за жал, не беше во конкуренција за награда - рече Благоја Стефановски, селектор на фестивалот..

Со врачувањето на наградата и со монодрамата "Кабаре-кабаре" на Зијах Соколовиќ во австриско-босанска копродукција, која беше изведена во чест на годинашната добитничка, и официјално беше затворено 18. издание на ФКТ "Ристо Шишков", на кое учествуваа 46 актери во претстави на театри од Македонија, Црна Гора, Бугарија, Босна и Херцеговина и од Косово.

Фестивалската програма беше збогатена и со два документарни филма "Духот на татко ми" на режисерот Горан Тренчовски, кој говори за животот на Ристо Шишков и "Крикор Азерјан" филм на Лили Абаџиева од Бугарија.

Љубомир Груевски

ВО ПОТРАГА ПО САМОПОТВРДА И КВАЛИТЕТ

12-ОТ ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ФЕСТИВАЛ НА МОНОДРАМА БИТОЛА 2010



Влегувајќи во својата дванаесетта година на постоење битолскиот фестивал на монодрама, од 2003 година подобро познат и прифатен како Интернационален фестивал на монодрамата, стана адекватна парадигма на нешто што обично се нарекува развоен пат, со сите можни осцилации и тешкотии на тој пат, со сите застои и вишнеења. Впрочем, секој пат кон висините е условен од многу фактори, меѓу кои доминантни се човечко-творечките и материјалните капацитети (и како што милувам, често да подвлечам :) - во време и простор.

Немногу долгата историја на овој сега реномиран меѓународен фестивал на монодрама (кој последниве години е и член на соответните меѓународни асоцијации на фестивали на малите театарски форми- перформанси, односно монодрама) отпочнува во нетака далечната 1999 година, со многу ентузијазам, љубов и енергија кај неговите покренувачи во Битола, во Центарот (Домот) за култура. Неговата првична димензионирано е-републички,односно државен фестивал на монодрама (со повеќе интересни пратечки содржини: конкурс за монодрамски текстови и сл.) – кој од друга страна има интенции и уште во првите години пројавува интерес да ги премине границите на Р. Македонија, поканувајќи и монодрамски проекти од други земји, претежно од поранешните простори на некогашна Југославија и другите соседи.

Во својата прва/почетна и годините по неа фестивалот се одржува на крајот на месец октомври и е со траење од 4 дена, со просечен број од сса 10 претстави, односно монодрами. Годината 2003, во која фестивалот постанува и меѓународен, е значајна и по други промени во развојна насока, така од тогаш од *есенски* станува *пролетно-летен*, променувајќи го месецот на одржување од октомври во јуни, но што е уште позначајно се зголемува и бројот на фестивалските денови од 4 на 5 дена,

без при тоа фестивалот да успее да ја искористи и можноста за повеќе претстави.

Во секој случај за најзабележителна и најуспешна е годината на 10 годишниот јубилеј - 2008, кога фестивалот трае рекордни 6 дена, со 12 претстави и издавање на пригодна монографија „Десет години фестивал на монодрама" од авторот, театарскиот критичар и медијатор на фестивалот Тодор Кузманов.

По тие рекордни 6 фестивалски дена во 2008 година, најверојатно како резултат на економските прилики (под влијание на општатата глобална криза), следните години почнува намалување на фестивалските денови, па така во 2009 фестивалот се враќа на долговреме стандардните 5 дена, за токму во оваа 2010 година се случи редукција на 4 дена, број на денови со колку отпочна и се одвиваше во првите години на своето постоење, овој единствен ваков театарски фестивал во Република Македонија.

Така дојдовме до изминатиот, овогодишниот Интернационален фестивал на монодрама кој во четирите фестивалски денови пред верната публика претстави 12 монодрами,а доколку допатуваше, во програмата застапениот за свеченото затворање на фестивалот , перформансот „Камера обскура" од Бугарија – ќе беа тоа рекордни 13 престави, во само 4 дена.

Толку многуте претстави со тајминг од 17,00/ 18,00/ 18,30 до некаде 23,30 (со честото доцнење заради 4 проекти во тој интервал) бараше од малубројната публика, и потврда на исклучителна љубов кон монодрамата и самиот фестивал но и истотаква истрајност, издржливост и енергија.

***Првиот ден:* Денот на свеченото отворање**

12 Интернационален фестивал, во рамките на вкупниот свечен и протоколарен дел, протече во знакот на авторскиот (и вообичаено мошне соответен) проект на секогаш виспрениот Петар Темелковски -

„ДЕЦА НА СОНЦЕТО"

...Е уште една сценско-уметничка и што е особено значајно – уште една претрага на нејзиниот автор по далечното минато на македонската древна земја, за којашто - тој ,очигледно - е антејски поврзан.

Петар Темелковски, тој голем познавач, но и интерпрет на македонската историја од искона до денешни дни, овој пат се зафаќа со *библиските времиња* на македонската почва тој прв пристан и простор во кого ќе најдат прибежиште прогонетите од Ерусалим, христијански

Децата на сонцето

првоапостоли – Павле со *собраќата Тимотеј и Силуан.*

Всушност овој убедлив и инвентивно, со мерка сценски осмислен сценски приказ, ќе ни ги приближи толку топлите христијански слова на апостол Павле од неговите посланија до Солунчаните, каде тој многу јасно ги именува и луѓето и особеностите и состојбите со нивното вистинско име. Така, со силата на својот авторитетен говор и јазик, Темелковски ќе ги пласира за многумина непознатите беседи на Св.Апостол Павле: „...Така што станавте образец за сите верници, оти од вас Македонците одекна словото Господово не само во Македонија..."

Монодрамските проекти од овој вид, кои прославија него и ширум Македонците по сите континенти, покрај историската проекција, кој во овој перформанс, всушност мотолошко епско пеење за нашата ***земја на сонцето***, преку цитатот од Првото послание на Св.Павле, кој им вели на Македонците: „Никогаш нема да бидете во темница оти вие сте *Синови на светлината и синови на денот!*", ќе го извлече насловот на проектот ***„Деца на сонцето"*** за преку мноштвото сценско-ликовни (во камерните и скудни услови) ги актуелизира многуте нешта од историската меморија и совремие на македонскиот народ/нација – кои некои со големи стравови и

едвај да се артикулираат, од познатите политички констелации.

Петар Темелковски и покрај се, на нему својствен начин, смело говори, апострофира, актуелизира, полемизира со сите можни, мали и големи, авторитети и автократни тутори на ***македонското прашање.***

Засновувајќи ги своите сценски валоризирани и со документаристички елементи поткрепени сценски имагинации, Темелковски секако сметал и смета на својот појавен, интелектуален , богато валоризиран и признат/познат актерски капацитет.Неговата имагинација и интерпретација стамено се движи од епското до лирското, од наративната пријатност до жестоката и саркастична прозивка на виновните и веропреобратниците.

Создавајќи ги овие свои познати моноперформанси со историска конотација, Петар Темелковски не за првпат и не еднаш држи час, предавања по македонизам и себепочитување - македонско.

Вториот ден:

„ДНЕВНИКОТ НА ЛУДИОТ“ *(Македонија)*

Монодрамското претставување на текстот на еден од најголемите светски прозаисти Н. В.Гоголъ со кого всушност и почнува вистинскиот реализам во руската литература, од литературната критика и теорија именуван како критички реализам или уште и: руска натуралистичка школа, на битолскиот монодрамски фестивал, преку продукцијата на веќе извесниот Мал драмски театар (Битола), секако дека е досега, најрадикалното читање „Дневникот на лудиот“.

На проследувачите на театарските случувања во сеќавање им „Дневникот на лудиот“и неговата постановка во Драмски (Скопје), а и интерпретаците на ликот на Попришкин на еден од постарите актери на македонското глумиште - Владимир Светиев, како и нешто поновото остварување на овој лик на Бајруш Мјаку.

Инаку минатата година овој текст, како моноперформанс се најде и на вечерта на свеченото отворање на скопскиот меѓународен театарски фестивал „Скупи фест“ (уметнички директор Сенко Велинов) во изведба на Националниот театар од Берлин (Германија).

Но сепак од се досега видено, останува впечатокот (со извесна доза на нелагодност) дека овој „Дневник на лудиот“ за кого во програмчето (поделено пред претставата) стои потписот на младиот режисер Роберт Симоновски(од Куманово) а на истото тоа програмче(ливче) ред погоре е и ***назначено***: ***Дневникот на Лудиот Монодрама на Здравко Стојмиров*** (дали оваа контрадикторна информација е само дел од познатите правописни потешкотии на овој *Мал*(со голема д) *Драмски театар* од Битола(?!).

Дека овој проект кого го следат особено радикални сфаќања и *отворени* прашања - потврда ***е и она*** во истото тоа програмче ***извртено*** (под смислата на една друга сентенца) и таму дадено во оваа форма: ... „до каде е границата на ***лудилото*** и од каде започнува ***уметноста*** и дали е потребна нова ***преродба*** на уметноста.“ (крај на цитатот) (?!!).

Дека во овој проект истотака, се работи за гранични нешта немала потврда е и самото садомазохистичко сечење и саморанување на актерот Стојмиров, со брич (пред очите на публиката, патем испикана во некои ризични подрумски простори) – и сето тоа во името на *уметноста*, на новиот Мал Драмски театар и неговата ***преродба.*** Доволно.Зарем не?!

„ПРИКАЗНА ЗА МОЈОТ ГУЛАБАРНИК“
(Германија)

Авторот на тажната „Приказна за мојот гулабарник“ Исак Бабел и припаѓа на самиот врв на онаа литература што во 20 век, времето на неговиот недолг живот и смрт, се именуваше со одредницата *советско*, зашто егзистираше и се создаваше во времето на тн. советска власт, како синоним за социјалистичкиот општествен систем. Таа *советска* власт, поточно нејзината *врхушка* предводена од немилосрдниот автократ Сталин и ќе го осуди на смрт Бабел без вина, него како и многиминатa од делот советски писатели Евреи.

Идеологизираниот, но и слободољубив и слободоумен И.Бабел ке и служи на идејата на социјализмот, прославувајќи ја и неа и себеси најповеќе со прозата именувана „Црвена ко-

њица“ и со особено топлите приказни објавени под насловот „Одески раскази“.

Одеса, родниот град на И.Бабел е најчестото милие каде се раѓаат живеат и умираат, неговите јунаци – претежно од еврејска националност, кои сепак наоѓаат некаков спокој и засолн во космополитска Одеса, прекрасниот град распослан на црноморскиот руско-украински брег, особено по прогромот над Евреите во Русија во меѓната,бурна и контроверзна *револуционерна*1905 година.

Приказната за малиот човек, неговото детство со неговите гулаби, тие прекрасни и спокојни животни (не случајниот симбол за мир) од предградието на Одеса, уметниците од Германија, ја избираат и поставуваат на сцената од ним познати причини, кои ние можеме да ги лоцираме и претположиме во два пункта: Бабел и неговата трогателна приказна за малиот еврејски жител на Одеса се вади од заборавот на историјата, можно заради редефинираниот однос на гермманската стварност кон еврејскиот етникум или актерот и режисерот се на некој начин и лично поврзани со овој простор и народ. Во секој случај и режисерот Јоханс Талмон-Грос, но особено актерот Херберт Калуза ја преточија „Приказната...“, во топла сценска сторија за човекот, кој од своето детство ги носи спомените на мноштвото блиски луѓе, на кои ни верската ни јазичната бариера не им претставувале пречка, да живеат и да се радуваат на убавините на животот – заедно.

Актерот Херберт Калуза, пласирајќи го текстот на повеќе јазици несамо што ја илустрираше атмосфера и спомените од деството на ликот кој го толкуваше, туку со тоа овозможи и поголема приемчивост на неговата игра, што беше стимул повеќе за него да заигра маестрално и да ја освои публиката.

Крајно, публиката и го награди со своите симпатии и аплаузи, што секако имаше влијание и на Жирито кое од годинава востанови специјално признание за најдобар актер – доделувајќи му го токму на Калуза.

„ТЕСА ОД НАШИОТ ДВОР“ *(Украина)*

По игра на случајот овој монодрамски проект коинцидира (секако ненамерно) со „Приказната за мојот гулабарник“ во многу одредници.Најпрво милието на дејствието е повторно Одеса (иако во друго, малку подоцнежно време од „Приказната ...“), во најголем дел зборува за космополитизмот на градот, за претставниците на разните народи, за луѓе коишто живеат во соседството, во мир и слога, луѓе коишто живеат и се дружат во еден најобичен заеднички ***двор.***

Оваа одеска приказна, на авторот Александар Каневски, течи преку живото и духовито раскажување на нараторот(актерот Виталиј Бондарев) и со немногуте интервенции и задачи на режисерката Галина Панибратец.

Во реминисценцијата на актерот, дворот оживува , тој е пак истиот оној по чија средина се протега јажето на кое вообичаено се сушат алиштата на станарите.На тоа некогашно јаже повторно висат: женски здолништа, пантолони, гаќи и женски градници од различна големина, во зависност од волуменот на нивниот сопственик. И така со ред преку облеката на најразличните станари, вештиот раскажувач и симпатичниот актер Виталиј Бондарев, ни ги раскажува судбините на секој одделен жител од соседството што едновремено е и жител на тоа големо семејство од дворот, во чудесната Одеса, во која сепак и повторно во центарот на приказната е едно еврејско семејство кое што по војната се иселува во Израел.

Театарот „Лангероун“ од Харков (Украина) преку оваа едноставна и непретенциозна монодрамска претстава, без поголеми амбиции покажа како и од поскромни текстуални предлошки може да се направи разбирлива, комуникативна и што е најважно – недосадна претстава.

„ЧЕШЕЛ“ *(Србија)*

Од главниот град на северниот сосед Белград, на овогодинешниот фестивал на монодрамата дојде моноперформанс со јасни и прецизни политички детерминанти. „Чешел“ кој како автор на текстот го потпишува извесниот, за нас непознат српски автор Мирослав Јосиќ Вишниќ, а којшто го режира самата актерка, припадничка на постарата генерација на белградската актерска школа – Мирјна Вукојчиќ, врз прецизни документаристички основи говори за мрачниот период на тн ИБ и познатиот и озо-

гласен „Голи оток“ – пустиот јандрански остров каде под теророт на Титовата УДБА, многумина ќе ги остават своите коски, заедно со своите изневерени социјалистички идеали.

Протагонистот, некогашната затвореничка на тој проколнат остров Стојанка, од некое си село Стапари, некаде во Србија е една од малкумината која што ќе се врати од патот без повраток. Зад неа ке останат , добро документираните – а за неа вечно неизбришливите четири години на робија и терор од „своите“ во годините 1948 до 1952 .

Познатата Мирјана Вукојчиќ, сега (со оглед на своите години, повеќе неактивна во професионалните белградски театарски куќи) преку „Театар 78“ и својот безмалку авторски проект „Чешел“, во една постановка на доминантно светлосно-ликовни решенија и молк, во која музиката многу често е замената за актерскиот говор, ќе донесе убедилва интерпретација на лик длабоко трауматиизиран, психолошки измотивиран кон експресија која доаѓа од длабочините на една силно креативна и искусна актерка.

Така и покрај сета статичност на моноперформансот и упорното инсистирање на неподвижност (заседнатост во столот), драматичното наоѓа пат до гледачот изнесувајќи ја сета жестокост на последиците од тортурата и сеќавањата на уништената жена - на нејзините мачители.

Постојаното присуство на чешелот и несвесната потреба на Стојанка да го употребува и постојано да се чешла со него, заедно со психоделичниот музичко-светлосен фон – и ја даваат на монодрамата потребната заснованост и уверливост.

Запаметена на поранешното југословенско театарско пространство најповеќе по остварувањето на нејзината ролја на Корделија во Шекспировиот „Крал Лир“ (особено на Дубровничките летни игри) , Мирјана Вукојчиќ и покрај одминатите години, мошне достоинствено и авторитетно уверливо го пренесе ликот на некогашната *голоостровска* затвореничка, обезбедувајќи на својот моноперформанс ефектен пат до сетилата на гледачот.

Третиот ден:

„ЛЕЈДИ КАПУЛЕТИ“ *(Романија)*

Не беше ова ниту ново, ниту прво *допишување* на драмското случување (имагинативно), на некое класично драмско или друго дело за потребите на сцената – во делот (на меѓудрамскиот) неопфатен животен простор/време во кое течат судбините и животите на главните ликови (или ним блиските) не застапени од авторите на драмата во драмското дејство видено на сцената.Тие невидени/невидливи , “оф кадар“ – од сцената-кутија, случувања во животите на луковите претставувале можност за авторката Нина Мазур, да се позанимава со транскрипција на ликот и случувањата во животот на Леди (Сињора) Капулети, мајката на Јулија од Шекспировата трагдија „Ромео и Јулија“, по трагичната завршница на самата трагедија и трагичниот крај на Јулија.

Така со текстот за моноперформансот „Лејди Капулети“ нам и на битолскиот фестивал на монодрамата, блиската долгогодишна соработничка и сподвижничка на фестивалските случувања (како соработник на програмата, член/претседател на фест-жири) театарологот Нина Мазур(Украина/Германија) се претстави како зрел автор, кој со *допишувањето* пост – сценските (или зад-сценските) замислени случувања во „Ромео и Јулија“, мошне студиозно и елоквентно се занимава со ликот на мајката на трагично почината, млада и несреќна Јулија „Лејди Капулети“ која дојде од Романија,а на сцената ја пренесе познатата романска актерка Лумината Борта (во режија на Невена Митева од Бугарија, досега најредовниот гостин на битолскиот фестивал), во мошне мотивираното и убедливо сценско делување во ликот на мајката на несреќно заљубената и трагично почината Јулија, авторот на текстот е окупиран со мајчините чувства и размисли за прашањата на ***корените на трагедијата***, што му се случува на семејството Капулети.

Авторот на текстот Нина Мазур мошне драмски засновано, тие корени ги наоѓа во несреќната љубов и брак на самата Леди Капулети. Затоа таа и конечно по смртта на ќерка си Јулија ќе го избере манастирот како единствено прибежиште за неа, не лоцирајќи ја и неприфаќајќи ја, сепак

со тоа, вината за трагедијата на семејството кај себе и врз себе.

Соочувањето на Леди Капулети со себе – авторката и режисерката го замислуваат како бесконечен поглед на Леди Капулети во мракот на манастирска келија и негов одраз во огледало.

Оттаму не случајно и благодарение на силните експресии, пред се на извонредната Лумината Борта , токму овој моноперформанс се закити со – *гранд при* на годинешниот фестивал во Битола.

„СРЕБРЕНА СВАДБА“ *(Македонија)*

Заедничкиот, што би требало да значи копродукциски (со подршка/учество и на Македонскиот народен театар – Скопје) проект две нови (ад-хок) театарски групи/трупи: *Пирастро* од Скопје и Здружението на граѓани *Мал Драмски театар* од Битола (според правописот од Програмчето на Фестивалот – драмски , со големо „Д“), донесе на сцена интересен текст на еден од најголемите романсиери на нашево време, латино-американскиот нобеловец Габриел Гарсија Маркес.

Кон перформансот, авторски проект на режисерката (и актерка, односно актерка а сега и режисерка) Звезда/ Sвезда (?!) Ангеловска оди напечатена во (старо)ренесансен дух *програма/ афиш* како пригодна објава (стихувана форма – *во обид)* во која треба да се набројат *виновниците* – кумовите (спонзорите и др.) за настанокот на овој пред се добро опремен сценски проект, од камерен вид.

Преумниот и толку природен текст на нобеловецот Г.Г.Маркес, требаше уверливо и природно на сцената да го пренесе Катина Иванова, која заедно со режисерката , требала да биде свесна за ризикот во кој влегувала, влетувајќи во стапицата –монодрама во која пред се, се себара убедителност, сенс и силен и надворешен и внатрешен актерски потенцијал. Затоа што во монодрамскиот жанр, актерот е соголен и исправен сам пред *окото* (камерата-сензор) на гледачот кој од мала оддалеченост ја регистрира секоја неубедителност и немоќност.А згора на сето тоа, ова е претстава во која публиката е *поканета* и седнува на големата свадбена маса на „сребрената свадба“, што значи дека се инсистира на вклучувањето на публиката во настанот, во дејствието (по секоја цена).

Но и покрај се, контактотот и резонанцата со/во публиката за жал, и покраја сиот труд на Иванова и нејзината тажна приказна (љубовно-брачна) на годишнината на бракот, останува да лебди, да не го тангира никого – освен неа, како – актер пред преголема задача. Од друга страна, што можела режијата да направи во овој очигледно лошо одбран, преамбициозен проект? Многу малку –или, ништо.Затоа што се работи за текст колку привидно погоден толку и тежок за сценска постановка, кој во секој поглед ги надминува и актерските, но и режисерските можности – барем оние што преку него, дојдоа до нас, до публиката.

Сепак и покрај сето искажано, опсервиран во целосната програма на Фестивалот, овој монодрамски чин, во вкупното претставување на Република македонија (со трите моноперформаси во компетиција - и оној на П.Темелковски од чинот на свеченото отворање – надвор од неа), останува да е дел од мозаичното, односно панорамско претставување на ваквиот вид театарска уметност кај нас, на значајниот 12 по ред фестивал на монодрамата, со уште позначајниот предзнак на межународен.

Но , во посилна фестивалска конкуренција и покрај солидното „пакување“, секако дека со „Сребрена свадба“ не ќе можевме особено да се пофалиме.

“СЕМЕЈСТВО ВО ПРАВ“ *(Хрватска)*

Монодрамата којашто дојде од Хрватска како продукција на Хрватското народно казалиште од Вараждин, со извонредната актерка Јагода Краљ Новак, донесе приказна за луѓето паднати на дното, во услови на тн. посттранзициското општество.

Но таа покрај социјалните дилеми, преку дијалогот со урните и пепелта

на мртвите на мошне лесен начин ги изнесува на преден план и вечните дилеми за човековото постоење, за смислата на живеењето.

„Семејство во прав“ - во кое поголемиот дел од семејството е навистина прав (преку градскиот крематориум претворено во пепел, како комунална постапка во големите градови) - е

ироничен дијалог на живите со мртвите и подбив со смртта како неизбежност, како зацртана судбина за секое живо суштество.

Уверливоста, талентот и шармантниот настап не беа доволни на актерката од Хрватска и на нејзиниот монодрамски проект да и донесат фестивалско признание и покрај нејзините очекувања (а и неофицијални реакции на одлуката на Жирито, во кое седеше и Нина Мазур, како автор на текстот за награденият перформанс од Романија).

„НАЈПОСЛЕ КРАЈ“ *(Македонија)*

Четрвртиот претставник од нашата земја домаќин на фестивалот, дојде од градот домаќин и организатор на фестивалот – Битола.

Моноперформансот заснован врз текстот на веќе прославениот Питер Турини, требаше да биде големата можност за младиот актер од Битола Александар Копања за артикулација и конечна афирмација на неговите актерски квалитети, преку најтешката од сите проверки – монодрамата.

Иако и под оваа претстава како режисер е потпишан, еминентниот костимограф Благој Мицевски и овој проект на програмчето за претставата, таа е најавена како: монодрама на Александар Копања, што за критиката претставува своевидно дезинформирање и неможност да се лоцира обемот, партиципацијата во проектот – на секој учесник/уметник одвоено, а со тоа и да се протолкуваат битните размисли и погледи на секого како коавтор на сценската изведба.

Во секој случај младиот А.Копања преземнтираше сценска сигурност а текстот на Турини, се чини нашол сигурен толкувач и во режисерот , така што Р Македонија, обезбеди уште едно солидно уметничко претставување на годинешното фестивалско монодрамско издание.

Четвртиот ден:

„ЕЛАДА ПИЊО И ВРЕМЕТО“ *(Унгарија)*

За мноштвото посетители на последниот проект, монодрамата „Елада Пињо и времето“ мошне изненадувачки делуваше фактот што овој проект којшто дојде од Унгарија се изведуваше на бугарски јазик и беше во најголем дел презентација на бугарската богата етнографија. Одговорот на оваа своевидна изненада целосно не го откри ни програмскиот материјал каде убаво стои напечатено дека е тоа претстава на Мал театар од Будимпешта, дека е работен според текстот на бугарската авторка Керана Ангелова, а како актер и режисер се појавува Бугарката Габриела Хаџикостова. И иако тоа не е најважното прашање за презентираната театарска уметност во самиот моноперформанс, интересно е да се напомене дека за разлика од Бугарија каде националните малцинства немаат некои особено големи можности ниту за културно делување и живеење, токму од актерката-режисерка ни беше откриено дека Малиот театар од Будимпешта, кој делува како бугарски културно креативен субјект во Унгарија е всушност репрезент на културата на бугарското национално малцинство кое постои во оваа средноевропска држава , остварувајќи ги сите свои колективни и човекови права на делување и живеење.

Така, овој проект, кој заради недоаѓањето, за чинот на свеченото затворање на фестивалот на лауреатот од 2007 година Мариус Донкин, од Националниот театар „Иван Вазов“ од Софија Република Бугарија, на свој начин ја надополни празнината претставувајќи ја бугарската театарска уметност.

Да подвлечеме уште дека моноперформансот на режисерката, но пред се атерката Габриела Хаџикостова со сета своја магичност на етнографскиот материјал, ликовност и музичка поткрепа, обезбеди комплетен впечаток на задоволство и приемливост, особено и од причини што при крајно редуцирана текстуална предлошка, јазикот не се појавуваше како јазична препрека – за акцептирање на уметничката порака.

На крај неговото случајно позиционирање во програмата во последниот ден од Фестивалот недозволи празнина во програмата, па така во интервалот за настап на непристигнатиот М. Донкин со „Камера обскура“ од В.Набоков (и адаптација на Нина Мазур) – нешто порано од вообичаено се случи поделбата на наградите и конечниот завршеток на 12 интернационален фестивал на монодрама Битола 2010 година.

Александра Бошковска

СОН ШТО СТАНА ЈАВЕ

МОТ 2010

35 години наназад меѓународниот театарски фестива МОТ претставува есенски културен празник. Навикнавме на него, му се надеваме, го очекуваме како адреналинска инјекција која нè потсетува дека театарот од повеќе од дневна политика, сплетки, исплатени и неисплатени средства, поставени и сменети директори. Споредувајќи го театарот со сон што и пркоси на секоја логика, задртост и нормираност, годинешново јубилејно издание на МОТ се одржа под мотото „Осмели се да сонуваш". Сонот се одвиваше во осум дена, низ дваесет претстави (единаесет гостински и девет домашни продукции) одиграни на четири сценско/театарски локации во Скопје - МКЦ, МОБ, МНТ и Драмски театар.

Отворањето се случи на 18 септември во салата на киното „Фросина" во МКЦ, каде бројната информирана и посветена публика (голем дел од неа беа театарски работници - сегашни и идни) ја проследи „Кралот е мртов" од Ежен Јонеско, постановка на романскиот режисер Силвиу Пуркарете. На минатогодишното фестивалско издание претставата „Пантагруел" на Пуркарете беше прогласена за најдобра од страна на жирито на театарската критика, па како директна последица на оваа одлука се раѓа и претставата „Кралот е мртов" која е всушност копродукциски проект меѓу Франција, Словенија, Македонија, Луксембург и Романија. Ова ремек дело на апсурдот е со чиста идејна основа: смртта е страшна но неизбежна. Во оваа смисла, самиот Јонеско ја третира конкретната драма како вежба по умирање: „Си реков, човекот би можел да научи да умира, јас би можел да научам да умрам, да им помогнам на другите да умрат. Ми се чини како најважната работа што би можеле да ја направиме, со оглед на тоа што





Кралот е мртов



Libido sciendi



Мост на крвта

сите ние сме смртници кои одбиваат да умрат". Ваквата чиста идејна основа во продукцијата на Пуркарете е предадено едноставно, главно преку актерската игра која се базира врз реалистични средства. Па така, претставата е исполнета со емоционална автентичност предизвикана од беспредметен отпор и јалова борба. Крајот е непроменлив и тоа го прави искуството на гледање горчливо смешно.

По овој фантастичен почеток, веќе утредента во салата „25 мај" (некогаш попозната како дансинг сала) на МКЦ, беше прикажана француската „Libido sciendi", провокативно најавувана претстава што зборува за сексот и еротиката, поточно ги истражува границите до кои овие табуизирани категории можат да се прикажуваат на сцена, а при тоа да се задржи естетската мерка и да не се навлезе во сферата на порнографското. За таа цел двајцата изведувачи се потполно голи и во постојан непосреден допир. Авторот и режисерот на претставата го става движењето пред текстот а „телата се деформираат, кршат и растворaат... сцената станува подиум на 'физичката страст'". Еден друг вид на страст-опсесијата, е во центарот на постановката на „Салома" според Оскар Вајлд, изведена од Истарскиот народен театар - Хрватска. Режисерот и се навраќа на оваа библиска тема поради потребата да се занимава со „нарушеноста на системот на основните човекови вредности". Потребата да се има и стравот истото да не се загуби ја поттикнуваат бескрупулозноста кај човекот кој во ова време што наметнува деградирани транзициски вредности го губи идентитетот и станува дел од толпата грабливци.

Најочекуваната претстава на фестивалот, секако беше Шекспировата „Сон на летната ноќ" сработена од еден од најзначајните европски режисери на денешницата Оскарас Коршуновас. Македонската театарска јавност, повеќе години живее во очекување на оваа најавена средба која конечно се случи. Салонот на МОБ беше

Саломат



Најпосле крај

Мало, малечко

потполно исполнет, што јасно укажуваше на големите очекувања кај публиката. На задоволство на сите, очекувањата не беа изневерени. Иако е ова постара режија на Коршуновас (премиерата датира во 1999 година) инвентивниот и креативен прочит, делува свежо и провокативно. Тоа е пред сè, поради фактот што нејзината оргиналност не се заснова врз ефемерни и секојдневни досетки и аналогии, туку врз здраво укомпонирана театаралност со долготраен и силен естетски ефект. Сите технолошки при-

Сон на летна ноќ

Калеш Анѓа дефинитивно

Бело како Јасмин



Љубов моја

добивки на театарот се ставени во втор план, сцената е гола, без ниту еден сценографски елемент, раскошните дворски и самовилски костими ги нема. Има само актери што низ својата игра создаваат слики, предели, ситуации, атмосфери, канализирајќи ја својата фантазија во фантазијата на гледачот. Единствен сојузник им се повеќенаменските штици со широк дијапазон на трансформација: некогаш костими, некогаш декор, а некогаш дури и рамноправен партнер. Така, општопознатиот текст на Шекспир, разложен на духовити етиди, успева да изненади, насмее и да донесе чисто и безусловно уживање. На крајот од фестивалот, жирито составено од Лилјана Мазова, Наташа Аврамовска и Иван Џепаровски, ја прогласи оваа претстава за најдобра.

Македонската публика имаше прилика да ја види и „Мансарда во Париз со поглед на смрт", добитничка на Гран-при во оф програмата на Интернационалниот театарски фестивал во Авињон, Франција. Претставата од луксембуршка продукција, беше особено интересна поради авторот на текстот Матеј Висниек, кој на македонската публика и е познат по постановката на „Жената како воено поле" на Драмскиот театар. Видовме едно комплексно, интересно и духовито истражување на смртта, цинизмот и иронијата, кое на трагикомичен начин се занимава со смислата на постоењето. Драмскиот писател Матеј Висниек во склоп на фестивалот ја одржа и работилницата за драматургија насловена како „Осмели се да сонуваш".

Секогаш провокативен и добредојден, бугарскиот театар беше претставен преку „Уметноста на метење ѓубре под килим" на Драмски куклен театар „Константин Величков" од Пазарџик. Режисерката Десислава Шпатова извршува сценска адаптација на „Сцени од брачниот живот" на Ингмар Бергман - мини ТВ серија која подоцна е премонтирана и во целовечерен игран филм.

Разговор со Спиноза

Во постановката на Шпатова, брачната двојка Маријане-Јохан се играни од три различни актерски пара од различни возрасти. Студиозната и уверлива актерска игра е и најголемиот квалитет на оваа продукција што во сезоната 2008/2009 е добитник на три награди АСКЕЕР, за најдобра претстава, најдобра режија и најдобра актерка (Ирмена Чичикова). На 23. септември, се случи мала промена на фестивалскиот репертоар: наместо најавената монодрама на Дамир Авдиќ „Мост на крвта", словенечкиот „Глеј" театар ја изведе монодрамата „Јужнаци, марш".

Еден од централните настани беше присуството на „Один" театарот и двете претстави направени под покровителство на славниот режисер Еуџенио Барба и Ибен Нагел Расмусен - актерката која најдолго го одржува во живот приципите на неговите театарски истражувања. Од непроценливо богатство беше да се види „Бело колку јасмин", каде актерката или поточно изведувачот ги презентираше начините на употреба на гласот, звукот и зборовите. Во „Мало, малечо", ги видовме презентираните вариации во ситуација на конкретна актерска изведба. Иакс претставата беше донекаде херметичка за следење, импресионираше шансата да се гледа актерска дисциплина истренирана до крајни граници, цврста, чиста и прецизна игра која не само што го следи концептот, туку му ја дава крајната формулација и го дообликува. Македонските театарски практичари, имаа шанса да се запознаат одблиску со тренингот на актерката преку работилниците што таа ги одржа.

Словѐнско младинско гледалишче - Љубљана, е најконстантниот и најчестиот гостин на МОТ. Во изминативе 35 години, одиграни се триесетина претстави во кои влегуваат и некои што театарските сладокусци, сосема со право, ги сметаат за свое најдраго театарско доживување. Оваа година соработката се круниса со признанието „Пријател на МОТ" кое МОТ му го додели на СМГ. Беше промовирана и монографијата на „Словенско младинско гледалишче - 50 години", раскошно и луксузно издание, полно со аналитички текстови, информации и фотографии. Гостуваа со две претстави. Контоверзната „Проклет да е предавникот на својата земја" на хрватскиот режисер Оливер Фрлиќ, не ја остави рамнодушна ни мотовската публика, која бурно и акламативно реагираше на промислената провокација што доаѓаше од сцената. Актерите разголувајќи се прво себе си, се втурнаа во бес-



Уметноста на метење ѓубре под килима

поштедно разголување на публиката, ги шириа и изместуваа границите на нејзината толеранција. Втората изведба пак во фокусот ја имаше љубовта. „Амадо мио“ на Пјер Паоло Пазолини е интимна претстава со многу емоции и изградена атмосфера. Во фокусот е односот на авторот и неговата љубена што режисерот на претставата Иван Петренељ го дефинира како „експлозија на потиснатата сензуалност и гнев“.

И домашната продукција беше интересна за проследување. Очекувано, најголем интерес предизвика гостувањето на прилепскиот театар и наградената „Кавкаскиот круг со креда“ од



Мансарда во Париз со поглед на смрт



3327 или 9-те книги на Никола Тесла

Бертолт Брехт, а во режија на Мартин Кочовски. Се одигра пред преисполнетото гледалиште на МНТ, кое ја поздрави со еуфорично ракоплескање. Драмскиот театар се претстави со „Жената како воено поле“ на Матеј Висниек, режирана од Владлен Александров. Н.Т. Битола ја одигра „Калеш Анѓа, дефинитивно“ од Катерина Момева во режија на Драгана Милошевски - Попов, Малиот битолски театар/ Драмски театар/ МНТ - „Спиноза“ од Гоце Смилевски, режија Зоја Бузалковска. Турскиот театар - „Госпоѓица Јулија“ од Август Стринберг, режисер Алекандар Поповски. Се одигра и независнит продукции „3327 или 9-те книги на Никола Тесла“, „Најпосле крај“, и „Лили“. МОТ ја продолжи минатогодишната традиција на влкопување на театарот за деца и воспитување на нова, потенцијална мотовска публика, па така најмладите гледачи ја проследија куклената претстава „Муминтрол и зимата“ на Буден театар.

За фестивалот беше особена чест присуството на англискиот театарски критичар Јан Херберт,

Проклет да е предавникот на мојата земја

Лили

промотор и уредник на угледното списание London Theatre Record. Тој во склоп на фестивалот одржа семинар на тема „Да се биде критичар“.

Презентираната програма, присуството на бројната задоволна публика, позитивните реакции во медиумите, доведуваат до еден заклучок: зад нас е едно исклучително успешно издание на МОТ, кој не само што се осмели да сонува, туку сонот го направи и јаве.

Елена Романова

СКОМРАХИ

Името Скомрахи има славјанско, паганско потекло. Скомрахи всушност е варијанта на патувачки комедијанти, танчери, театар со маски. Тие се група на несериозни луѓе, облечени во широки, бели, долги облеки, со маски и боја на лицата, со перики од волна и кал на главите и тие: жонглираат, свират, дресираат диви животни. Византијците ги забрануваат, ги прогласуваат за играчи на ѓаволот, меѓутоа нивната храброст е голема и продолжуваат да го развеселуваат народот. Токму по нив, овој фестивал го добил своето име.

Меѓународните средби Скомрахи, оваа година се одржаа по 19 пат. На фестивалот покрај студентите од Факултетот за драмски уметности од Скопје, учествуваа уште и 6 академии и факултети за драмски уметности од Софија, Сараево, Босна, Белград, Љубљана и Тирана. Средбите почнаа да се одржуваат на 1 ноември и траеја до 5 ноември. Оваа година, поради финансиски пречки, Скомрахи се одржува во ноември, за разлика од другите години, кога дата која што е предодредена за старт на средбите е 27 март.

Фестивалот го отворија дипломираните студенти од класата на проф.Кирил Ристески и проф. Зоја Бузалкоска од Факултетот за драмски уметности од Скопје. Тие се претставија со претставата Гнев на Стивен Кинг. Стивен Кинг е така нареченият, писател на хоророт. Убаво беше тоа што хоророт на овој автор не беше толку многу експониран. Едноставно, на многу симболичен начин беше омекната тематиката на претставата кој завршува со прекрасна порака, која што ја издигнува претставата на високо ниво. Вториот ден од средбите го добележаа три настани. На Факултетот за драмски уметности со театарска претстава се претставија студентите од прва година во класата на проф. Алтин Баша и проф. Марио Ашику од Факултетот за сценски уметности од Тирана со делото Етиди. Потоа во Македонскиот народен театар, студентите од четврта година во класата на проф. Красимир Спасов од Националната академија за театарска и филмска уметност од Софија – Крстју Сарафов, одиграа две театарски вежби, двете најпознати дела на Харолд Пинтер, Љубовникот и Неверство.

Во Офф програмата на полноќ, студентите од четврта година во класата на проф. Владо Цветановски и доц. Мими Таневска, се претставија со политичкото кабаре, наречено Оркестар ББ. Многу интересен начин на изразување на младите луѓе за тоа каква е денешната власт и како всушност младината гледа на политиката денес.

Третиот и четвртиот ден го одбележаа филмските проекции. Имаше филмови од студентите од Софија кои се претставија со филмовите Бабин приврзок во режија на Вивиан Рама, Договорот во режија на Лорина Беци, Грбави мисли во режија на Ервин Зарка и Храна во

режија на Клаудиа Бастари. Со филмот Еден, се претстави и нашиот млад режисер Вардан Тозија. Никола Ристановски ја толкува главната улога во филмот. Еден е мрачен и крвав филм, полн со тензични моменти кој ја истражува суштината на стравот и спротиставувањето на човекот на истиот. Студентите од Факултетот за драмски уметности од Белград се претставија со филмовите Јас веќе сум се она што сакам да го имам, Четврток и Плата. Рикошет во режија на Емир Капетановиќ и Тоа е наше дете, беа филмовите со кои се претставија студентите од Академијата за сценски уметности од Сараево. Сашко Мицевски од Факултетот за драмски уметности од Скопје, се претстави со филмот Деко. Се работи за документарна монографија на една личност која нуди голема специфика, односно посебен избор на животниот пат. Филмот е многу несекојдневен и зрачи со голема привлечност. Во овие два дена се одиграа претстави по делата на Мигуел де Сервантес од студентите од Белград и се одигра претставата Жорж Данден од Молиер од студентите од трета и четврта година од Академијата за театар, радио, филм и телевизија од Љубљана.

Во Офф програмата нашите студенти во класата на проф. Елјаса Касо, ја одиграа претставата Живко живее, не живее во режија на Азис Несин. Актерите ја исполнија својата задача, а тоа беше да ја активираат публиката и да ја воведат во закани кои се неочекувани. Претатавата произведе многу смеа и забава, а говори за сериозните општествени проблеми. Вистинско задоволство е да се види оваа крајна цел.

Последниот ден на пладне се одржа работилница на тема Назад кон еден и Холивуд зад сцената. Ментор беше Мери Маерс Аве. Несекојдневна работилница, во која студентите научија нешто повеќе во врска со холивудскиот систем на аплицирање и правење филмови. Трст е наш во режија на Жига Вирц, Вистински маж во режија на Мина Бергант и Кралот Матијас во режија на Милан Урбајс, беа филмовите со кои се претставија студентите од Љубљана. Дарјан Пејовски со Бунило и Милан Јакшиќ со Спас за МЗТ со своите филмови, ги заврши филмските проекции за овие Скомрахи. Бунило ни го отсликува денешното општество кое се наоѓа во транзиција, нуди решение, односно ни покажува дека правдата може да се добие само по сопствена цена. Во Спас за МЗТ, се нагласува големата љубов на народот, односно навивачите со овој спортски тим и ја покажува потребата да се превземе чекор кон правдата кога таа е надвор од дофат на луѓето. Студентите во класата на проф.Ермин Браво и асистент Џана Пињо од Академијата за сценски уметности од Сараево, имаа чест да ги затворат овогодинешните меѓународни средби Скомрахи со претставата Тартиф од Молиер.

Преку презентацијата на студентски претстави и филмови, средбите Скомрахи за оваа година заврши ја. Скомрахи успева да ги спои повеќето Академии од Балканот и пошироко, а со тоа помага во размената на искуства помеѓу студентите. Се надеваме дека повторно ќе бидеме сведоци на големиот квалитет што го носи фестивалот со себе.



Тодор Кузманов

МНОГУ ЖЕЛБИ, МЕЧТИ И ФАНТАЗИЈА

КОН 46 - ТО ИЗДАНИЕ НА ДРАМСКИОТ АМАТЕРСКИ ФЕСТИВАЛ ВО КОЧАНИ (30 МАЈ - 4 ЈУНИ 2010)

Главните одлики на Драмскиот аматерски фестивал во Кочани, (скратено ДАФ) останаа и се манифестираа и на неговото 46 издание со тоа што како генерална оценка може да се наведе неговата поскромна содржинска, квантитативна и квалитативна визура во однос да речеме на ланското јубилејно 45 - то издание. Ова издание исто така може да се третира како еден вид на генерална проба пред следното 47 - мо издание кога се планира и одбележувањето на педесетгодишнината од основањето на фестивалот. Несовпаѓањето на бројот на фестивалските изданија (47) со педесетгодишнината од основањето се должи на фактот што го истакна извршниот директор Благој Пенов, дека во одреден период фестивалот се одржувал биенално. Организаторите, а некои и од поредовните учесници и партиципиенти, проследувачи на фестивалот на некој начин беа и опседнати, но и манифестираа ентузијазам околу претстојната прослва на јубилејот планирајќи различни и вонсериски активности и случувања. Но, се се тоа проекции чија верификација допрва престои, важно дека атмосферата се загрева, позитивно и творечки.

46 -то издание на Кочанскиот фестивал кое се одржува под покровителството на Министерството за култура и на Советот на општината Кочани, како и со несебично залагање на првиот човек на локалната самоуправа Ратко Димитриевски и поголем број на спонзори, започна со пригоден кус перформанс под наслов ИГРА СО ПЛАМЕН кој го изведоа студенти од катедрата за англиски јазик при Филолошкиот факултет *Блаже Конески* од Скопје; веднаш потоа беше отворена и изложба на театарски плакат чиј автор е Александар Рашковиќ, а за изложбата вовед и основни назнаки на творештвото на уметникот даде театарскиот критичар Тодор Кузманов.

Студентите од катедрата за англиски јазик под менторство на професор Рајна Кошка Хот исто како и минатата година го означија почетокот на фестивалската програма со претставата *Грев, гнев и ангелски смев* работена според Шекспир. Беше тоа претстава на бројни иновативни решенија, свежи и оригинални, но најмногу од се вниманието на публиката го пленија младите изведувачи-актери. Некои од нив манифестираа висока смисла и извонреден талент на актерски, но и на вокален план наметнувајќи се како надежи на кои и во иднина треба да се смета. Оваа катедра на Филолошкиот факултет станува вистинско место на кое паралелно со образовниот процес се одвива и своевиден практичен курс за драмската уметност и театарот што е исклучителна појава на нашиве простори, а вообичаена во некои други земји и универзитети.

И на вториот фестивалски ден најпрво следеше мал вовед преку изложбата на театарски плакат од Меѓународното триенале на сценски

плакат што се одржува во Софија, а кај нас е донесен по иницијатива и заслуга на Културно информативниот центар на Република Бугарија во Скопје. Промотор на ова изложба беше Албена Спасова. Инаку на вториот фестивалски ден беа прикажани две претстави во официјалната конкуренција. Првата од нив *Луди за љубов* од Сем Шепард во режија на Слободан Елисеев,а во продукција на Сцена 71 од Свети Николе беше изведена во неформален сценски простор, во барот Елпида што се покажа како вистински избор за присуство на амбиентален вид на театар. Учесниците во ова претстава, која и досега неколку пати е играна токму на ДАФ во Кочани манифестираа завидно театарско умеење и знаење што направи тие да делуваат сугестивно и убедливо во својот творечки актерски ангажман. Да потсетиме дека станува збор за читирите протагонисти, раководени од искусната рака на режисерот Елисеев (исто така чест учесник на фестивалот), Кристина Ласовска, Ненад Митевски, Нино Крстевски и Ванчо Ефремов.Претставата *Лекција* од Ежен Јонеско ја изведе Аматерскиот театар од Центарот за култура *Бели мугри* од Кочани во режија на Ангелчо Илиевски. Како и минатата година овој талентиран драмски аматер кој се појавува како комплетен творечки профил (како автор, режисер и актер)и овој пријатно изненади со својата концепција на едно од најпознатите и често поставувани драми на втемелувачот на театарот на апсурдот и потсмевот, Јонеско. Во постановката на Ангелчо Илиевски тоа беше докрај осмилена сценска игра со безмалку виртуозна актерска изведба на Благојчо Стојанов, Симона Михаилова и Андреа Николов. Во целата претстава се манифестираше завидно владеење со елементите на театарскиот израз и исказ со професионални обележја. Како потврда на многустраниот интерес на Иливески го наведуваме и неговото појавување како автор на сценскиот игроказ *Каде е твоето место Џои* што во режија на Кристина Атанасова го изведе Детското драмско студио од истиот продуцент од градот домаќин. Што се однесува до блокот на претстави за деца тој уште ги вклучува и *Царскиот Паж* од Јосип Палада на Детското драмско студио од Домот на културата од Гевгелија во режија на Семра Хасанаговска. Блокот на театарски претстави за деца беше заокружен и со настапот на Драмската секција од Облешево *Градина на малите богови* од Томе Арсовски што беше изведена под менторство на Љупка Стојменова.

Редоследно на фестивалот беше прикажана и културната претстава од Дејан Дуковски *Буре Барут* во постановка на Страшко Милошевски, а во продукција на Драмското студио ЗЕР од Пробиштип Оваа претстава го афирмираше уште една концептуална ориентација на ДАФ, а имено тоа е свртеноста и стимулацијата за

негување на домашното драмско творештво. Впрочем секогаш е интересно да се види како некоја аматерска група приоѓа кон инсценација на текст кој досега е многупати поставуван и игран и на домашните и на странските сцени. Колку и да беше тоа едно далечно ехо на вредностите и посебностите на овој веќе антологиски драмски текст сепак останува радосниот факт за искреноста во пристапот и желбата да се пружи колку се може повеќе. Вистинска бура од воодушевување и театарско уживање предизвика претставата *И си живееја среќно до крајот на животот* , современа урбана бајка во продукција на еден од најстарите аматерски ансамбли од Србија, ДАДОВ од Белград кој во 2008 година прослави 50 години од своето постоење. Претставата на овој аматерски театар го оправдува концептот на ДАФ за ширење на хоризонтот на театарската естетика преку гостувањето на ансамбли од странство и да овозможи увид во начинот на кој тие работат и творат. Претставата на гостите од Белград беше на високо естетско и исполнително ниво, еден сплет од желби, мечти, но и фантазија која интригира и го држи вниманието покрај со наведените нешта, исто така, и со актуелност на темата која ги има сите одлики на еден модерн и современ сценски чин, а уште повеќе и како новите општествени феномени ги разбира и сценски ги преточува младата генерација...

И додека Аматерскиот театар од Демир Капија ја изведе *Стјуардеси* од Марк Камолети во режија Томе Атанасов како не многу амбициозен проект од жанрот на комедијата како претстава со забавна структура која настојува да расположи и засмее, дотогаш, стариот познаник на кочанската публика Драмското студио од СОУ *Јане Сандански* од Струмица под водството на искусниот Кире Ѓорѓиев (инаку актер на Струмичкиот театар кој е со посебен афинитет за работа со аматери) се претстави со многу поамбициозниот проект *Малограѓанската свадба* од Бертолд Брехт, како сатирично гротескна пиеса која останува интересен обид и покрај евидентните и вообичаени слабости кај некои од учесниците и сепак може да се карактеризира како завидно остварување на изминатата фестивалска програма во целина. Продуцентот МЕДИА АРТЕС од Охрид изведе своевиден показен перформанс под наслов *Каде сум јаса* ПОД РАКОВОДСТВО НА Јасмина Билаловиќ и Горан Стојановски. Перформансот се однесува на некои нови форми на театарскиот израз и имаше тежина и значење на театарска работилница со која се докомплетира физиономијата на ДАФ за истражувачки и експериментални случувања во рамките на фестивалот. Во слична насока беше и следната содржина на манифестацијата, а имено промоцијата на делото *За актерската уметност* од Михаил Чехов во превод на Дарко Спасов и Горан Додевски, а во издание на Центарот за културна иницијатива од Штип. Смислата на оваа промоција е навраќање на најважната работа во театарот - актерот и неговата уметност, како недокрај расветлено подрачје кое е провокација за културната, а посебно театарската јавност. Драмското студио од Тетово ја изведе комедијата од нобеловецот Дарио Фо *Добронамерни крадци* во режија на Артан Арслани како претстава која се исцрпуваше со својата забавна структура, но и со неколку вредни актерски остварувања. Младинското драмско студио од Прилеп се определи да се претстави *со Скица за гоблен со палјачо* од својот сограѓанин Трајче Крстевски во постановка на Сашо Нацевски. Оваа претстава делуваше прилично млако и еднолично и наивистички наспроти можностите кои ги нуди текстот. И годинава, како и лани Драмската работилница од Пензионерското КУД од Куманово беа посебен и исклучив настан на фестивалот со инсценацијата на *Шути и рогати* од Славко Димовски и Драгољуб Димовски во режија на Стоје Додевски. Со нивната ведрина, искреност и автентичност тие ги забавуваа гледачите во салонот на ЦК во Кочани предизвикувајќи позитивна атмосфера и чувства. Единствената одложена претстава на фестивалот беше онаа на Театарот Чекори од Скопје МОСТОТ од Лоран ван Велтер во режија на Мартин Лазаревски, а Малата сцена од гимназијата Ј.Б.ТИТО од Скопје се претстави со *Три Фарси* од Молиер понудувајќи уште едно убаво аматерско остварување со бројни и интересни решенија и актерски остварувања. Интересна претстава понуди и вториот гостувачки ансамбл

на 46 - от ДАФ, Драмското студио од Подгорица, Република Црна Гора со претставата *Хор* авторски проект (текст и режија) на Драган Копривница, а во чест на наградените. Факултетот за драмска уметност од Скопје ја изведе *Пикник на фронтот* од Фернандо Арабал во режија на Лука Кортина. Тоа беше можност публиката да ужива во студентите од ФДУ, како и гостите Снежана Стамеска и Перо Арсовски.

На крај да споменеме дека за наградите одлучуваше жири во состав: Рајна Кошка хот, претседател и Петар Мирчевски и Кирил Петрески, членови, а програмата на фестивалот ја одбра, актерот Нино Леви.

46. ДРАМСКИ АМАТЕРСКИ ФЕСТИВАЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - КОЧАНИ '10 30. MAJ - 04. ЈУНИ 2010

РЕПЕРТОАР

Н е д е л а, 30.05.2010
сцена: ЦК "Бели мугри"-плато, Филолошки факултет "Блаже Конески"-Скопје
Катедра за англиски јазик и книжевност **Театарска работилница**

Кус перформанс
"Игра со пламен", вовед во претставата

Н е д е л а, 30.05.2010
ЦК "Бели мугри",
Салон "ФОАЈЕ"

Изложба на
театарски костими
Автор, **Александар Рашковиќ**

Н е д е л а, 30.05.2010
сцена: ЦК "Бели мугри",
Филолошки факултет, "Блаже Конески"-Скопје, Катедра за англиски јазик и книжевност
Театарска работилница

"SHAKESPEARE&Co.: Грев, гнев и ангелски смев"
(A Hell of a Pley / Ѓаволски добра драма)
режија: Рајна Кошка Хот

Н е д е л а, 30.05.2010
ЦК "Бели мугри", "Салон 2",
Изложба на плакат, од
Меѓународното триенале на сценски плакат - Софија

Н е д е л а, 30.05.2010
сцена: Бар **"Елпида"**-летна бавча

ОУ Дом на културата
"Крсте Мисирков"-Свети Николе

Сем Шепард
"Луди за љубов"
режија: Слободан ЕЛИСЕЕВ

Н е д е л а, 30.05.2010
сцена: ЦК "Бели мугри"
НУ Центар за култура
"Бели мугри"- Кочани

Ежен Јонеско
"Лекција"
режија: Ангелчо Илиевски

П о н е д е л н и к, 31.05.2010
сцена: ЦК "Бели мугри"

ЈОУ Дом на културата
"Македонија" - Гевгелија

Јосип Палада
"Царскиот паж"
режија: Семра Хасанаговска

П о н е д е л н и к, 31.05.2010
сцена: ЦК "Бели мугри"

ОУ Дом на културата
"Злетовски рудар"-Пробиштип

Дејан Дуковски
"Буре барут"
режија Страшко Милошевски
П о н е д е л н и к, 31.05.2010
сцена: ЦК "Бели мугри"

Омладинско позориште
"ДАДОВ"-Београд
Република Србија

Јелена Ѓорѓевиќ-Кнежевиќ
"И си живееја среќно до крајот на животот"
режија: Владан Ѓурковиќ

В т о р н и к, 01.06.2010
сцена: ЦК "Бели мугри"
НУ Центар за култура
"Бели мугри"-Кочани

Ангелчо Илиевски
"Каде е твоето место Џои"
режија: Кристина Атанасова Арсова

В т о р н и к, 01.06.2010
сцена: ЦК "Бели мугри"

Дом на културата
"Мирка Гинова"-Демир Капија

Марк Камолети
"Стјуардеси"
режија: Томе АТанасов

В т о р н и к, 01.06.2010
сцена: ЦК "Бели мугри"

СОУ "Јане Сандански" - Струмица

Бертолт Брехт
"Малограѓанска свадба"
режија: Кире Ѓорѓиев

С р е д а, 02.06.2010
сцена: ЦК "Бели мугри"

Медиа артес - **о**хрид
форум театар

Колективен труд
"каде сум јас?!-Муспаце.оф ?!"
режија: Колективна

С р е д а, 02.06.2010
сцена: мала сала - ЦК "Бели мугри"
Промоција на книга

Михаил Чехов
"За актерската уметност"
промотор, Дарко Спасов

С р е д а, 02.06.2010
сцена: ЦК "Бели мугри"

Национална установа
ЦК "Иљо Антески Смок"-Тетово

Дарио ФО
"Добронамерни крадци"
режија: Артан Арслани

С р е д а, 02.06.2010
сцена: ЦК "Бели мугри"

Национална установа
ЦК "Марко Цепенков"-Прилеп

Трајче Крстески
"Скица за гоблен со Палјачо"
режисер: Саша Нацевски

Ч е т в р т о к, 03.06.2010
сцена: ЦК "Бели мугри"

ОУ "Климент Охридски"-Облешево
ПУ "Мирче Ацев"-Кучичино

Томе Арсовски
"**Градина на малите богови**"
ментор: Љупка Стојменова

Ч е т в р т о к, 03.06.2010
сцена: ЦК "Бели мугри"

Здружение на пензионери-Куманово
Пензионерски КУД "Ѓоко Симоновски"-Славко Димовски, Драгољуб Димовски
"Шути и рогати"
режија: Стоје Додевски

Ч е т в р т о к, 03.06.2010
сцена: ЦК "Бели мугри"

Здружение Отворена Сцена
Театар **"ЧЕКОРИ"**-Скопје

Лоран ван Велтер
" М о с т о т "
режија: Мартин Лазаревски

П е т о к, 04.06.2010
сцена: ЦК "Бели мугри"

СУГС "Јосип Броз Тито"-Скопје

Ж.Б. Молиер
Адаптација: Марија Лукаревска и Ана Петковска
"Три фарси"
режија: Марија Лукаревска, Ана Петковска, Теоман Максут

П е т о к, 04.06.2010
сцена: ЦК "Бели мугри"

Културно информативен центар "Будо Томовиќ"-Подгорица
Република Црна Гора

"Х о р "
режија: Драган Копривица

П е т о к, 04.06.2010
сцена: ЦК "Бели мугри"

ВО ЧЕСТ НА НАГРАДЕНИТЕ

Факултет за драмски уметности-Скопје

Фернандо АРАБАЛ
"Пикник на фронтот "
режија: Лука Кортина

П е т о к, 04.06.2010
сцена: ЦК "Бели мугри"

Објавување на одлуката на жирито и доделување на наградите

Почитувани дами и господа, поитувани учесници и гости на 46-ото издание на Драмскиот Аматерски Фестивал на Македонија-Кочани 2010, имам особена чест и задоволство во име на членовите на жирито на годинешниот ДАФ-Кочани, како и во лично име, да Ве поздравам, да Ви честитам и да Ви благодарам за учеството и присуството на ДАФ-Кочани 2010.

Жирито во состав:

1. Проф. д-р Рајна Кошка Хот, професор на Филолошкиот факултет - Скопје,
2. Петар Мирчевски, артист при НТ во Битола
3. Кирил Петрески, режисер,

Во изминатите шест фестивалски денови проследи заедно со публиката шеснаесет театарски остварувања на аматерски театри, студија, драмски секции и работилници од Република Македонија, Република Србија и Република Црна Гора.

Жирито едногласно ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. Награда за најдобра машка епизодна улога се доделува на Страхиња БЛАЖИЌ за улогата на ПРИНЦОТ во претставата "И си живееја среќно до крајот на животот" од Јелена Ѓорѓевиќ Кнежевиќ, режија на Владан Ѓурковиќ, а во изведба на Омладинско позориште "ДАДОВ" - Београд, Република Србија, за прецизност во актерскиот израз и исклучителен сензибилитет во сценското движење.

2. Награда за најдобра женска епизодна улога им се доделува рамноправно на: Зорица МИЛОШЕВСКА за улогата на МАЈКАТА во претставата "Малограѓанска свадба" од Бертолт Брехт, во режија на Кире Ѓорѓиев, а во изведба на Драмското студио при СОУ "Јане Сандански" - Струмица, за рафиниран и студиозен минимализам применет во креирањето на ликот, и на

   Андреа НИКОЛОВА за улогата на СЛУГИНКАТА во претставата "Лекција" од Ежен Јонеско, во режија на Ангелчо Илиевски, а во изведба на Аматерскиот театар при НУ Центар за култура "Бели мугри"-Кочани, за впечтливо пренесен спој на психолошка продлабоченост и чувство за актерско присуство во сценскиот простор.

3. Награда за најдобра машка главна улога му се доделува на Благојчо СТОЈАНОВ за улогата на ПРОФЕСОРОТ во претставата "Лекција" од Ежен Јонеско, во режија на Ангелчо Илиевски, а во изведба на Аматерскиот театар при НУ Центар за култура "Бели мугри"-Кочани, за студиозност, продлабоченост, зрелост во градењето на ликот и искажаната креативна енергија.

4. Награда за најдобра женска главна улога и се доделува на Јована СЛАЧКИ за улогата на МАРИЈА во претставата "И си живееја среќно до крајот на животот" од Јелена Ѓорѓевиќ Кнежевиќ, режија на Владан Ѓурковиќ, а во изведба на Омладинско позориште "ДАДОВ" - Белград, Република Србија, за суптилноста во сценскиот израз и особено чувство за префинет сценски говор.

5. Награда за претстава што внесува истражување на нови сценски изразни средства и експеримент во аматерскиот театар му се доделува Драмското студио при Културно информативен центар "Будо Томовиќ" од Подгорица, Република Црна Гора, за претставата "ХОР", текст и режија Драган Копривица.

6. Награда за најдобра режија му се се доделува на Владан ЃУРКОВИЌ за претставата "И си живееја среќно до крајот на животот" од Јелена Ѓорѓевиќ Кнежевиќ, а во изведба на Омладинско позориште "ДАДОВ" - Београд, Република Србија, за чувството за мерка при креирањето и работата со актерите при што сите театарски елементи во претставата безпрекорно функционираат.

7. ГРАН ПРИ "Васил Ќортошев" за најдобро аматерско драмско остварување се доделува на претставата "И си живееја среќно до крајот на животот" од Јелена Ѓорѓевиќ Кнежевиќ, во режија на Владан ЃУРКОВИЌ, а во изведба на Омладинско позориште "ДАДОВ" - Београд, Република Србија, за искажаната компактност на сите театролошки, актерски и драматуршки сегменти со изразено чувство за колективна игра.

04.06.2010 год. Кочани

Наталија Крстева

ФЕСТИВАЛ НА КОМЕДИЈА-КУМАНОВО

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ДРАМСКИ ТЕАТАР - СКОПЈЕ

05.10.2010 (вторник)

Сашо Миленковски
"2012 - ПОСЛЕДНИТЕ МАКЕДОНЦИ"
Тихомир Спировски
Велика Стојкова - Серафимовска
Марко Коловски
Бојан Трифуновски
Љупчо Маневски
Снежана Балканска
Венко Серафимов

режија: Сашо Миленковски
сценографија и костимографија: Тихомир Спировски

Настапуваат: Билјана Беличанец - Алексиќ, Билјана Драгичевиќ - Пројковска, Трајанка Илиевска, Рубенс Муратовски, Зоран Љутков и Игор Ангелов.

Според каледнарот на Маите, на 22 декември 2012 год., требаше да се случи катаклизма, катастрофа, крај на светот. И дојде 22-ри и помина, помина и 23-ти и ништо не се случи. Дури некаде на 24-ти, попладне, на "Ројтерс" се појави вест дека светот преживеа, дека сепак, Маите згрешиле и, фала му на Бога, не биле во право. Освен... Освен, што ги снема сите Македонци од целиот свет. Сите Македонци од сите континенти, сите освен шест. Овие шест биле на пикник на планината Алшар и останале живи. Е токму тие тројца мажи и три жени играат во претставата. Тие шестмина веќе шест години настапуваат по Европа и ја раскажуваат духовната историја на својот народ. Или, барем, онолку колку што можат да сторат како Македонци. Денес е 5 октомври 2010. На својата турнеја по Европа тие стигаат во Куманово, за првпат по катастрофата. Оваа изведба е токму тој нивен настап.

Поентата на претставата не е дали Европа ќе не разбере, туку дали ние имаме намера да се разбереме.

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
НАРОДЕН ТЕАТАР - БИТОЛА

06.10.2010 (среда)

Бранислав Нушиќ **"ПОКОЈНИК"**

режија: Љупчо Ѓоргиевски
сценографија: Драган Анѓелковиќ
костимографија: Благој Мицевски
музика: Марјан Неќак

Настапуваат: Петар Горко, Иван Јерчиќ, Петар Мирчевски, Слободан Степановски, Мартин Мирчевски, Борис Чоревски, Николче Пројчевски, Васко Мавровски, Огнен Дранговски, Сашо Огненовски, Габриела Петрушевска, Илина Чоревска, Соња Михајлова, Душко Јовановиќ, Јулијана Стефанова и Маја Андоновска.

Корупцијата во најинтимните сфери на животот е тема на сатиричната комедија "Покојникот" - дело на големиот српски драмски писател Бранислав Нушиќ. Претставата укажува на тоа дека корупцијата влијае и ги зафатила најинтимните сфери на животот - бракот, љубовта, пријателството и семејните односи и го поставува прашањето дали сме подготвени да ги жртвуваме вредностите од личниот живот, само за да се оддржиме во системот на коруптивните општествени игри. Или, жртвувајќи го сопствениот опстанок во таквото општество, треба да се однесуваат како Павле Мариќ, главниот лик - да го отфрли сопствениот идентитет и да заминеме некаде на друго место, подалеку од светот на измамите, кражбите, предавствата и лагите.

Дали сме подготвени да ги жртвуваме вредностите од личниот живот само за да се одржиме во системот на коруптивните општествени игри?

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА"АЦО ШОПОВ" ТЕАТАР - ШТИП

07.10.2010 (четврток)

Реј Куни **"ЉУБОВНИКОТ СО ГОЛЕМ СТИЛ"**

режија, сценографија и избор на музика: Горан Булајиќ
костимографија: Невенка Тасева Петровиќ

Настапуваат: Раде Рогожаров, Валентина Ѓоргиевска, Марија Минчева, Миле Вратеовски, Рујиш Беговска, Пеце Ристевски, Милорад Ангелов и Владимир Тулиев.



Современ водвилиски ракопис на светски познатиот писател, актер и режисер Реј Куни, кој силно ја потрвдува често изговорената театарска сентенца, дека досадата не е естетска категорија. Овој "хиперактивен" мајсторско драматуршки обликуван текст, ни понуди интересен процес на создавање на претставата, која во голема мера е потпрена на извонредна актерска уметност.

Оваа приказна е невозможно да се прикаже без доверба и колективен ангажман, "урнебес" кој бара голема прецизност и кондиција. Покрај неспорниот комичен набој оваа приказна се занимава и со секојдневните теми на отуѓување, медиумскиот притисок, разни збрки... и предупредувањето колку е тешко да се препознае хомо дуплексот во себе.

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ТУРСКИ ТЕАТАР - СКОПЈЕ

08.10.2010 (петок)-сала Театар-

Инспириран од Аристофан **"ЖЕНИ НА ВЛАСТ"**

текст и режија: Јуџел Ертен
асистен на режија: Елјеса Касо
сценографија и костимографија: Благој Мицевски

Настапуваат: Перихан Туна Еџупи, Хаџие Хасан, Билјана Јовановска, Зубејде Селимовска, Несрин Таир, Зиба Радончиќ, Елјеса Касо, Тамер Ибрахим, Неат Али, Аксел Мехмет, Џенап Самет и Осман Али.

Ова патешествие со "Жени..." е намера да се заврши играта на Аристофан започната пред 2400 години. Направена е во Македонија и зборува за реалните проблеми овде. Не вперува прст во никого, но суптилно е актуелно и критички настроено. Со "археолошка реконструкција" се труди да одговори на тоа како тој, Аристофан, би можел да ја постави денес.

Со актуелизирање на неговото дело, без алегории, сакавме да не ги изневериме неговите идеи: Преку поставување на дејството во ова наше време и на оваа наша почва, со менталитет внесен во комедиографскиот материјал и елементи на гротеска и пародија, на карневалска игра, преку облици на т.н. народски (нашки) театар да се варираат толку актуелни вечни теми, како што се: алчноста за власт, препрaвањето, рамноправноста на половите, макар таа била и фиктивна и се одвивала само на сцената и т.н.

Во претставата се зборува на турски, македонски, албански и ромски јазик.

БЕЛГРАДСКИ ДРАМСКИ ТЕАТАР
БЕЛГРАД, СРБИЈА

09.10.2010 (сабота)

Вуди Ален **"СВИРИ ГО ТОА ПОВТОРНО, СЕМ"**

превод: Даница Илиќ
драматизација: Ива Митровиќ
режија: Марко Манојловиќ
сценографија: Љерка Хрибар
костимографија: Лана Цвијановиќ
асистент на костимографот: Наташа Плум
музика: Владимир Пејковиќ

Настапуваат: Марко Живиќ, Љубинка Клариќ, Иван Томиќ, Ивана Николиќ, Сена Ѓоровиќ и Драган Петровиќ Пеле.

Главен јунак на оваа романтична комедија е Ален Феликс (Вуди Ален го сместува на Менхетен, над 42-та улица, во квазибоемско милје на академските снобови) неспретен, нервозен, зборлив хипохондрик, кој по трауматичниот развод се обидува да ја преброди егзистенцијалната криза (со помал или поголем успех) и да излегува и/или освои други жени надвор од неговата лига. Во ваков свет каде главниот проблем е љубовта, а главна дилема дали да се слуша Бах или Монк, Ален го воведува ликот на Богарт. Бидејќи нема среќа во љубовта, неговиот идол Хемфри Богарт се појавува во вид на дух, како советник во игрите на заведување. Богарт е се она што Ален не е: самоуверен, храбар, силен, недвосмислен... црно-бел како филмовите во кои играл. Своите проблеми ги

решава со бурбон, а жените ги "смирува" со шамари. На овој начин Вуди Ален отвора комичен, но и значаен потенцијал на претставата.

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА "ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ" ТЕАТАР - КУМАНОВО

12.10.2010 (вторник)

Владимир Ѓурѓевиќ **"НЕ ИГРАЈ НА АНГЛИЧАНИ"**

Превод: Григориј Маркоски
Режија: Кирил Петрески
Сценографија и избор на костими: Бојан Маневски

Настапуваат: Димитрија Доксевски к.г., Ивица Димитријевиќ и Зоран Иваноски к.г.

Одлично напишан текст изваден од секојдневниот живот на тројца пријатели, припадници на една изгубена генерација...



Генерација на којашто и се распадна целиот свет, на којашто ништо добро не и се случи скоро дваесет години. Текст за генерација на која и се случи транзиција без крај, едно залудно изгубено време, текст за музиката која ја слушале, филмовите кои ги гледале, моментите на кои се радувале, за уништените надежи, пријателствата од навика и издавањето на најблиските.

Текст за нашите современи "коцкари" поврзани со спортските обложувалници изникнати како "печурки по дожд".

Претстава за лични фрустрации и ништожноста, за не-искреноста на другарството, особено кога е во прашање разликата на интереси, лојалноста, зависта, коруптивната етика, моралните слабости и кон себе и кон другите...

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ДРАМСКИ ТЕАТАР - СКОПЈЕ

13.10.2010 (среда)

Алдо Николај **"УМРИ МАШКИ"**

Режија, сценографија и костимографија: Коле Ангеловски
Музика: Андреј Белјан
Кореографија: Кренаре Невзати - Кери
Настапуваат: Бранко Ѓорчев, Јелена Жугиќ и Драган Спасов Дац.

ГРАДСКИ ТЕАТАР НА МЛАДИ
СПЛИТ, ХРВАТСКА

14.10.2010 (четврток)

Доналд Черчил "МОЛЕР"

адаптација и режија: Стојан Матавуљ
сценографија и костимографија: Марин Гоззе
музика: Јадран Вушковиќ

Настапуваат: Ана Груица, Никола Ивошевиќ и Нада Ковачевиќ.

Една од најдобрите комедии на Доналд Черчил, која настанала 1985 година, општо прифатена и многупати поставувана во театрите насекаде во светот. Претставата се занимава со однос кој можеме да го наречеме љубовен триаголник, иако тој тоа впрочем и не е, барем во вообичаената смисла на зборот.

Што се случува кога Бокачо и Шекспир помагаат во решавање на брачното неверство? Како неписмени актери замислуваат да глумат авторитативни мажи? Како со лоша режија и глума најсериозните животни ситуации се претвараат во најобична лакрдија. Како еден обичен молер завршува во кревет со две госпоѓи против својата волја.

Во претставата на самоироничен начин актерите се пресметуваат со шпанските, бразилските и другите сапунски серии, односно со глумата во сериите, откривајќи како се добиваат улогите, каква е состојбата на естрадата, а посебно каква е состојбата во нашите театарски куќи. 90 минутна непрекината смеа и забава.

СКУПИ ФЕСТ 2010

4th international theatre festival skupifestival

SK FEST – 2010

ON THE ROAD 3 - 10 november 2010 in MNT

3.11.2010 год.
Турски народен театар

"ГИЛГАМЕШ" - Државен театар Коња /Турција/

Епопејата за Гилгамеш е епска поема од антички Ирак и е една од најстарите делаво пишаната литература. Се верува дека извира од Сумерските легенди и поеми за митолошкиот крал – јунак Гилгамеш, кои покасно се собрани во подолга Акадианска поема; Најкомплетната верзија што постои денес е зачувана во колекцојата на книги од вии век п.н.е. Оригиналниот наслов се вика (Сха нагба имуру). Гилгамеш бил вистински владетел во периодот на доцната Рана Династија ии (27 век п.н.е)..

4.11.2010 год.
Македонски народен театар

"ДЕВОЈКАТА И СМРТТА" - Косовски национален театар и Урбан театар / Косово /

"Девојката и смртта" е психолошка драма од Чилеанскиот автор Ариел Дорфман која е работена во многу театри ширум светот. Претставата е ставена и на филмското платно од познатиот филмски режисер Роман Полански, а изведена еод познатите глумци како Вивер, Сер Бен Кингсли и Стуарт Вилсон. Нашата верзија на "Девојката и смртта" е режирана од Фатос Бериша, а играат познатите глумци од Косово Улка Гаши, Шкумбин Истрефи и Луан Јаха.Претставата е камерна и публиката ја следи истата од самата сцена. Темата која се толкува во претставата е болното минато на една жена која живее помеѓу минатото и сегашноста.



"ТОА НЕШТО" - Народен театар Силдавија / Европска куќа И ориент/ Париз/ Франција/

Оваа приказна е повеќе хумана и филозофска отколку политичка; се проширува во прашања и мистерии, и непристојни однесувања за да се долови Нештото. Без разлика дали нашите карактери ќе го чујат или не, може да се сфати дека Нештото нема никогаш да ги остави на мира, и дека овој невидлив странец ќе ги тестира нивните нерви и имагинации.

6.11.2010 год. Македонски народен театар

"ЖЕНСКА СЕКТА" - Театарска компанија "Ла Стеауа" /Букурешт/ Романија/

Без верба човекот се претвора во кловн. Кловнот кој глуми самоволно или е во циркуска претстава најверојатно е диригиран од самиот ѓавол. И ние се залажуваме лесно бидејќи ѓаволот го контролира тоа во таков суптилен начин, што ни ги прави невозможни предвидувањата на неговите планови...

7.11.2010 год. Македонски народен театар

"ОСУДЕН НА СМРТ" – 1000 Cultures / Париз / Франција

Стиховите на поемата кои се опишуваат со насилна убавина им се посветуваат на Морис Пилрож, убиец на дваесетгодишно момче, кој во 1939 умира со егзекуција. Поемата ја отсликува анксиозноста на смртта и страсната желба. Одлични песни, воглавно, од силата на сликите кои се произведени, разни слики зависно од тоа како авторот го користи гласот на љубовникот. Оној кој ја извршува егзекуцијата на смртта, или неговиот глас "уплашен од телото И осветленото лице", гласот на некое младо момче...



7.11.2010 год. Македонски народен театар

"МАМЕ МУ ЕБАМ КОЈ ПРВ ПОЧНА" - Polynia Company / Malmo Theatre School / Данска

"Маме му ебам кој прв почна" е приказна за кловнови, балерини, ангели, сатаната, мажот, жената, моќта, насилството и се разбира, лъу-

бовта. Според "Њхо тхе фуцк стартед алл тхис" на Дуковски, овие фрагменти на човештвото и нечовештвото формираат кратка претстава за љубовта и смртта и се помеѓу. Глумците се дел од Мастер програмата на Malmo Theatre School, а после еден месец експериментирање заедно со режисерот Јохан Мелин ова е нивниот резултат.

8.11.2010 год. Македонски народен театар

"МА И АЛ" -Мини театар Љубљана / Словенија

"Ма и Ал" е инспирирана и комбинирана од текстовите на Ј.Д.Салингер и Б.М.Колтес. Трите монолози на претставата симболично претставуваатеден нов фиктивен свет кој се дели и се прикажува себеси како вистински и како продолжение на театарскиот и книжевниот простор.Темите кои ги отвора претставата се од секојдневниот живот; смртта на едно дете, разделување на семејства, американската демократија, војната во Виетнам, релацијата помеѓу класичниот и модерниот театар, уметноста на војувањето, неможноста за комуникација помеѓу родителот и децата, моќ и изолација; сите заедно и истовремено и даваат смисла на изложената сцена.

9.11.2010 год. Македонски народен театар

"ПУКАНКИ" - Драматичен и куклен театар "Константин Величков" / Пазарџик / Бугарија

"Пуканки" е сатира за безогледната власт на медиумите како средство за масовна манипулација во современиот свет. Главниот лик – Брус Деламитри снима филмови со црн хумор во кои главните ликови се убијци. Тие уживаат огромен успех меѓу гледачите и се добро оценети од критичарите.Двајцата вистински убијци – Векн и Скот, една ноќ влегуваат во домот на филмскиот режисер. Одбираат не било каква ноќ, туку токму таа, кога се доделуваат наградите за оскар, каде Брус ја добива главната награда.Започнува исполнета со хумор, изненадувања и игра на нерви и опсада во која со задоволство се вклучува и телевизијата.

Фелиша Хардисон Лондре

ПРИБЛИЖУВАЊЕ НА ТЕАТРИТЕ ОД ЦЕЛАТА ЗЕМЈИНА ТОПКА

Превземено од книгата на авторот "Историја на светскиот театар"

Се до дваесеттиот век театарот во источната и јужната хемисфера претежно се развил со директни културни традиции. Секака, имало изолирани случаи на меѓукултурно колонизирање на странска мода.Тоа биле, на пример, модата на Кина и Турција во Франција и Англија, египетски театар под француско влијание како последица на Наполеоновата окупација, изведби што ги обединувале доморо-дните индијански јазици и традиции со шпанските модели од златното доба во колонијална Латинска Америка итн. Но таквите културни трансфери ретко оделе над тривијалниот омаж или праволиниската адаптација на текстовите. Во повеќето случаи, сериозно испитување и обединување на основни елементи на егзотични традиционални изведби од друга култура, чекало на уметници као Билјам Батлер Јејтс, со неговата примена на карактеристики од јапонската драма Но до неговите сопствени танцови драми;или Антонин Арто, кој развил драмска теорија инспирирана од танчарите на Бали, или Питер Брук со своите експерименти кои црпеле од мултикултурната размена во креативниот процес. Со сведувањето на интернационалната заедница на нации со помош на модерната технологија до такананареченото глобално село таквите културни трансмутации со сигурост се појавува со се поголем интензитет. Тие може да збогатуваат, но во исто време постои опасност дека културната хомогенизација ќе доведе до исчезнување на определени полека развивани и долго време негувани стилови на изведба. Ќе биде потребен и трет том за соодветно да се опфатат оние непрекинати театарски традиции како и истражување на новите правци во Африка, Азија, Јужниот Пацифик, Арапскиот Свет и Јужна и Централна Америка. Тука просторот не дозволува ништо повеќе отколку само потврдување на виталноста и ветувањето за театар на различни нации во тие делови на светот.

Културната разновидност на државите од Централна и Јужна Америка едвај може да се разгледа во еден краток преглед. Доказите за постоењето на предколумбовски индијански театарски претстави се доста обемни, но нивното негирање од страна на шпанските освојувачи не оставило голема трага за тоа какви можело да бидат тие изведби. Најраниот пример на домородна драма што е прифатен за афтентичен е *Рабиналски воин* (Rabinal Achi), танцова драма на Маите на јазикот квиш; пиесата преживеала, очигледно, затоа што му била издиктирана на еден свештеник од страна на неговиот слуга Индијанец во 1856 година. Језуитите што дошле во Јужна Америка во шеснаесеттиот век не само што поставувале на сцена шпански autos sacramentales како средства за религиозно и морално подучување, туку тие исто така ги научле и локалните традиции за да создадат нови драми, некои criollo драмски писатели(Креолци; од шпанско потекло, но родени во новиот свет)

станале познати по драми што ги одразувале локалниот колорит и проблеми. Меѓу нив биле Мексиканецот Фернан Гонзалез де Еслава во шеснаесеттиот век и, еден век подоцна, талентираната млада калуѓерка Сор Хуана Инес де ла Круз, која напишала осумнаесет поетски драми. Главните театарски центри во текот на колонијалниот период биле Лима, Мексико сити и Хавана.

Романтизмот дошол во театрите на Латинска Америка во првата половина на деветнаесеттиот век, во текот на периодот на војните за независност, но не создал важни домородни писатели. Доцниот деветнаесетти век го донел раелизмот и особено се карактеризирал со апетит за фриволност во театарот. Аргентина и Мексико ги прифатиле genero chico, мали програми за лесна вариететска забава, понекогаш користејќи материјал на големи писатели како никарагванскиот поет од преминот на векот, Рубен Дарио. Циркуси и други шоуа под шатор биле популарни, особено во Аргентина, каде што италијанскиот циркус бил топло пречекан. Бразилските писатели на театарот се покажале како забележително приемливи за француските оперети и водвиљи, во кои честопати бил вметнуван секојдневниот лик на бразилијанецот, екстравагантен миленик на жените. Театри со имиња како Вариетеа и Париски буфи биле изградени во Рио де Жанеиро и Сан Пауло и француски ѕвезди биле носени да настапуваат таму. Костумбризмот цутел во лесните комедии што служеле како средства за набљудување на локалниот колорит и обичаи во етнички мешаните национални култури на сите јужноамерикански држави. Во Аргентина се развил еден посебен вид драма костумбриста во осумдесетите години на XIX век со насекде популарната драматизација на романот на Едуардо Гутиерез, *Хуан Мореира* (1886 година); почнала мода на драми за насилниот живот на гаучосите во бескрајни пампаси. Локалниот колорит бил искористен за многу посериозна цел во повеќето од дваесет и трите драми на најголемиот латиноамреикански драмски писател, Флоренсио Санчез, чии драми и припаѓаат на "златната деценија " на Аргентина, 1900-1910. Уругваецот, кој поголемиот дел од својата кариера го посветил на аргентинскиот театар, Санчез се фокусирал врз општествени теми во драми како *Мојот син адвокат* (M'hijo ed doctor, 1903 година), која фрла светлина врз тензиите меѓу урбаното и руралното општество како и меѓу првата и втората генерација имигранти; *Имигранката* (La gringa, 1904 година), конфликт меѓу аргентински креолец и италијански гринго и *По ендекот* (Barranca abajo, 1905 година), трагедија што се смета за негово ремек дело.

Во дваесеттиот век една Група од седум мексикански драмски писатели (El Grupo de los Siete, 1925 година) почнале пат на обнова, земајќи интернационални модели како Чехов, Пирандело и О'Нил, со желба да создадат мексикански национален идентитет што ќе се разликува од шпанското наследство. На пример, тие застапувале мексиканско шпанска сценска дикција спртивно на кастиљската која предходно била стандард во театарот. Напорите на Групата од седуммина да направат реформи биле проширени и однесени кон поголеми успеси од страна на експериментални групи како театрот Улис (1928 година) и како најзабележителен Teatro del Orientacion, основан во 1932 година од Селестино Горостиза. Од големиот број мексикански драмски писатели што биле поттикнати од независното театарско движење од триесеттите години, Рудолфо Усиљи бил исклучителен. Политички храбри и деликатно напишани, неговите сериозни, но не и дидактички драми како *Измамникот* (El gesticulador, 1937 година) и *Круна од сенки* (Corona de sombra, 1943 година) добиле постојани места на мексиканскиот репертоар. Една авангардна група, *Поезија на цел глас* (Poesia en voz Alta,1956-1963), била особено влијателна во промовирањето на работата на нови драмски писатели и проширувањето на доменот на мексиканската драма надвор од реалистичкиот стил. Најдобриот современ мексикански драмски писател Емилио Карбаљидо го водел патот за одалечување од реализмот. Меѓу другите важни мексикански драмски писатели се Елена Гаро, Луиза Хозефина Хернандез, Карлос Солорзано и – сега живее во Соединетите Држави - Гиљермо Шмидхубер де ла Мора. Покрај тоа, и романсиерот Карлос Фуентес има напишано три драми.

Независното театарско движење во Аргентина почнало со основањето на Народен театар (Teatro del Pueblo) во 1930 година и траело дури до шеесеттите години; меѓу исклучителните драмски писатели што ги создало се Роберто Арлт, Освалдо Драгун и Гризелда Гамбаро. Како што е забележано на друго место, голем број аргентински режисери и драмски писатели направиле успешни кариери во Париз. Работата на драмскиот писател Кадо Костцер честопати е изведувана и на двата континента. Еухенио Гриферо успешно режирал голем број свои драми во осумдесеттите. Развојот на уругвајскиот театар е тесно поврзан со оној на Аргентина; заедно тие се нарекуваат "театар Ривер Плата". Познати меѓу уругвајските драмски писатели, по Флоренсио Санчез, биле Ернесто Херера, Винценте Мартинез Куитињо и Карлос Марисио Пачека. Познатиот бразилски режисер и драмски теоретичар Аугусто Боал работел во Театро Арена во Сао Паоло се доедка промелнивата политичка клима не ги забранила него и другите такви иновативни театри и го принудила Боал да оди во егзил.

Чилеанскиот театар се развил побавно од одние во другите држави како последица на економските и политички проблеми. Главниот поттик дошол од основањето двете универзитетски театарски групи: првата формирана во 1941 година и подоцна преименувана во Театарски институт на Универзитетот во Чиле (Instituto de Teatro de la Universidad de Chile ITUC), Експериментален театар на Католичкиот универзитет – Teatro Experimental de la Universidad Catolica (TEUC, 1943). Меѓу драмските писатели од следната "генерација на педесеттите години " имало и три жени, но тројцата најдобри чилеански писатели цутеле во шеесеттите години : Луис Хајреманс, Егон Волф и Алехандро Сивекинг. Големиот поет Пабло Неруда напишал една драма пред својата смрт во 1973 година, годината на државниот удар кој почнал период на строга политичка и уметничка репресија во Чиле. Неруда се појавува како лик во *Горливо трпение* (Ardiente pacienca, 1982 година), длабоко трогателна и топло хумористична драма на чилеанскиот драмски писател во егзил Антонио Скармета. Од 1984 година, на метностите во Чиле им била дозволена поголема слобода и театрот, соодветно на тоа,процветал. Венецуелскиот театар добил сила во триесеттите години; негови најдобри драмски писатели од педесеттите наваму се Сезар Ренгифо и Исак Хокрон. Театарот во Колумбија во последните години се одликува со колективното создавање и општествените проблеми; Експерименталниот театар на Кали (Teatro Ezperimental dr Cali, 1969) на драмскиот писател Енрике Буенавентура е познат меѓу приближно стотина такви групи. Перуанскиот романсиер Марио Варгас Љоса напишал две драми во осумдесеттите. Исклучителни централноамерикански драмски писатели се Тирана од Куба и Рене Маркез од Прторико. Во последните години има зголемен интерес за дефинирање на националниот идентитет преку театарот и распространувањето на театарски фестивали низ Централна и Јужна Америка. Веројатно дека овој дел на Земјината топка ќе создаде некои од најважните театри во дваесет и првиот век.

Во Африка традиционално домородните ритуални изведби коегзистираат паралелно со поконвенционално напишаната драма што е пропагирана од страна на универзитетите откако различните нации ја добиле својата независност во педесеттите и шеесеттите години. Вештините на африканските пејачи, танчери, тапанари, волшебници, акробати и раскажувачи што се пренесувале со генерации во текот на пет века ја создаваат основата на слободно структуралната традиционалана забава. Таа се разликува од европскиот театар во многу погледи, најмногу во активната соработка меѓу изведувачот и гледачот. Скот Кенеди ја потенцира директната врска меѓу оваа традиционална музичка драма и секојдневниот живот на луѓето, како спротивност на театарската уметност само во име на уметноста. "Овие драмски изразувања поврзани со општествените ритуали или официјалните поводи и наративната драма, вклучувајќи дијалог, музика, танц и пантомима со повеќе спонтаност отколку формалност и сите движења од драмата со танц може да бидат добро познати и очекувани од страна на публиката", пишува Кенеди. " А оваа ритуална идентификација на јавноста може со денови или седмици да ги вклучува гледачите без да им стане здодевно."

Со колонизацијата на Африка во деветнаесеттиот век биле создадени јавни училишта. Иако првичната намена им било обазбедување европски концепт на образование, такви институции – како Нормалната школа Вилјам Понти (отворена од страна на Французите во Дакар, Сенегал, во 1913 година) или Театар на уметностите (основан од британските предавачи Мартин Банам и Џефри Аксворти во 1958 година) на Универзитетот во Ибадан, Нигерија или Универзитетот на Гана во Легон, Акра, или Универзитетот во Дар ес Салам во Танзанија, меѓу другите – замале активна улога во проучувањето и поттикнувањето на традиционалниот африкнски театар. Богатсвото на пишана драма во последните децении – на англиски, француски, свахили, јоруба и други јазици – претежно било создадено на универзитетите. Нигерија долго време била во предниот ред на африканаската драма. Поглаварот Хјуберт Огунде ја почнал својата професионална кариера како драмски писател, продуцент и изведувач на јоруба драма и опера во 1944 година. Неговите турнеи на триесет и осум претстави што ги создал во текот на дваесет и осум години ја утврдиле неговата репутација како татко на нигерискиот театар. Следувале други јоруба - оперски друштва, особено Патувачкиот театар на Кола Огунмола, кој ја нудел многу популарната драматизација на романот на Ејмос Тутуола, Пијачот на палмово вино. Џон Пепер Кларк напишал голем број успешни драми на англиски јазик во шеесеттите години и Џејмс Ини- Хеншоу се истакнувал со натурализмот. Интернационално најпознатиот од сите африкански драмски писатели, нигериецот Воле Сојинка, ја добил Нобеловата награда за литература во 1986 година. Меѓу големиот број негови драми, напишани на англиски се *Танц на шумите* (1963г.), *Лавот и скапоцениот камен* (1964 г.), *Маките на братот Џеро* (1964 г.), *Лудаци и специјалисти* (1971 г.) и *Смрт и кралскиот коњаник* (1975 г.).

Водечките личности во театарот на Гана, и двете жени, биле здружени со Ганското драмско студио во Арка, кое Ефуа Теодора Сатерленд го основала во 1957 година. Драмски писател како и режисер, Сатерленд била неуморна во своите обиди да промовира национален театар во Гана. Ама Ата Аиду е исто така драмски писател и има работено како секретар за образование на Гана. Иако е од Брегот на слоновата коска, драмскиот писател Бернар Дади е производ на училиштето на Вилијам Понти од Сенегал; една од неговите први драми изведени таму потоа била поставена на сцена во студиото на Елисејските полиња во Париз во 1937 година. Меѓу големиот број негови драми на француски јазик, Г-дин Опортунист (Monsieur Thogo-gnini, 1969 година) се смета за најдобра. Други важни западноафрикански драмски писатели што пишувале на француски се Шеик Алиу Надо од Сенегал, Сони Лаб'у Танси од Конго, Гијом Ојоно- Мбиа од Камерун и Катеб Јасин од Алжир. Иако Еме Сезар е од Мартиник на Карибите, тој силно се идентификува со африканскиот театар во својот избор на теми и вклучување на африкански поетски идиоми во својата употреба на јазикот; тој ја напишал *Трагедијата на крал Кристоф* (La Tragedie du roi Christoph, 1964 година), *Едно годишно време во Конго* (Une Saison au Congo, 1967 година) и "адаптација за црн театар" на Бурата на Шекспир, под наслов *Une tempete* (1969 година)

Источна Африка имала помалку население од Западна Африка, но била погусто населена од Европејци. Покрај тоа, приватните театарски претстави и училишни драми на колонистите останале поизолирани од домородните традиции. Размената била уште повеќе одложена од се поголемото насилство на источноафриканските борби за независност. Седумдесеттите години конечно го доживеале појавувањето на една генерација талентирани драмски писатели : Џејмс Нгуги и Кенет Ватене од Кенија, Џон Руганда и Роберт Серумага од Уганда и Дејвид Поунал од Замбија. Освен тоа, претседателот на Танзанија Џулиус Њерере направил преводи на Шекспир на свахили.

Претколонијалниот театар во Јужна Африка прифатил разновидни форми, меѓу кои и солонаративи на нгуни, пофални песни и хотентотски и бушмански здружувања на пантомима, музика и такц. Првиот европски театар бил изграден во Кејптаун во 1801 година за патувачки изведувачи од Англија. Африкаанс драми (на холандски) почнале да се изведуваат на преминот на векот. Како што цутеле англиските и африкаанс- театри,

истото и се случувало и на работата на домородните Африканци. Во 1929 година едно професионално црно друштво наречено "Среќни Звезди" почнало да нуди комедии со музика, за зулу, како за бела така и за црна публика. Иако театарот на англиски јазик доминирал со културната сцена, црниот мјузикл Кинг Конг (1959 година), во кој настапувала Миријам Макеба, добил интернационално признание. Во 1963 година владата на африканерите го донела својот најрадикален закон против расно мешана публика на јавни забави. Атол Фугар, драмски писател со африкаанс потекло кој пишува на англиски, го почнал своето долгогодишно непочитување на таквите забрани во 1958 година кога работел со црни актери за да ја постави својата драма *Лош петок* (No-good Friday). Додека Фугар постепено станувал меѓународно познат со драми како *Крвавиот јазол* (1961 г.), *Сизве Банси е мртов* (1972 г.). *Лекција од алои* (1978 г.) и други, црниот јужноафрикански театар исто така си наоѓал место меѓу комерцијалниот театар во странство. Меѓу изведбите што биле на турнеја во Њујорк и Лондон биле *Спонооно* (1964 г.), *Ипи Томби* (1973 г.) *Воза Алберт* (1982 г.) и *Асинамали*! (1986 г.). катализаторот за голем дел од таа активност е Гибсон Кент, кој од шеесеттите години е африкански водечки црн театарски претприемач, како и драмски писател, режисер и кореограф.

Отсекогаш имало силна традиција на усно рецититрање и раскажување приказни во арапските култури, но границата меѓу раскажување и квалификувана драмска изведба се менувала во однос на религиозната интерпретација, а покрај тоа развојот на драмската уметност на Средниот Исток бил нестабилен. Покрај опфаќањето на раните исламски изведби од првиот том, најважниот развој на арапската драма се случил во Египет. Различни извешаи на европски патници во Египет во доцниот осумнаесетти и раниот деветнаесетти век го потврдуваат тамошното постоење на весели, костумирани драмски изведби во неформална постановка. Европското влијаније почнало со француските театарски претстави во кои уживале окупациските сили на Наполеон, кои дури и изградиле театар во Каиро во 1800 година. Најраната литературна арапска драма што користела европска драмска структура била напишана од Марун ал- Накиш, маронитски христијанин од Либан кој имал патувано во Италија. Неговата прва драма Скржавецот (Al - Bakhil), во голем степен инспирирана од Молиер , била поставена во градината на неговата куќа во Бејрут во 1846 година. Нејзиниот ентузијастичен прием го поттикнал да напише уште две други драми пред својата смрт на триесет и осум години. Семејството на Марун ал Накиш повремено продолжувало со своите театарски претставувања и во 1872 година неговиот внук Салим ал - Накиш ја одвел трупата во Египет. Дотогаш , египетскиот театар веќе има добиено силен поттик од страна на хедибот Исмаил, чиј интерес од приблекувањето на европските посетители и бизнис го навеле да ја изгради величенствената Опера во Каиро (1869 година) за отворањето на Суецкиот канал. Тој исто така го охрабрил Јакуб Сану (Џејмс Сануа, кој составил и обучувал актерско друштво за да ги изведуваат на локалнот дијалект неговите сопствени кратки хумористични музички драми на современи теми. Наречен "Молиер од Египет", Сану имал бројни следбеници се додека неговата сатира не го навредила хедивот и довела до затворање на неговиот театар во 1872 година. И Салим ал- Накаш доживеал политички непријатности, но неговата трупа издржала под управа на нејзиниот водечки актер Јусуф Хајат. Еден од играчите на Хајат, Сулејман ал- Кардахи, од своја страна формирал трупа и бил на турнеја низ Северна Африка и во Париз пред да се насели во Тунис. Ахмед Абу Халил ал- Кабани го вовел професионалниот театар во Сирија, но религиските преговори го принудиле да емигрира во Египат во 1884 година. Таму Ал-Кабани успеал не само затоа што бил одличен изведуавач, туку и поради неговото потенцирање на музиката и арапските теми. Иако неговиот театар во Каиро бил уништен во пожар и финанскиски го уништил, неговото влијание продолжува да се чувствува низ работата на една генерација актери кои настапувале со него.

Најважната Египетска трупа од раниот дваесетти век била онаа на Џурџ Абијад, кој бил роден во Бејрут, студирал во Париз и во 1910 година се вратил во Египет на чело на едно

француско друштво. До 1912 година имал формирано трупа на арапски јазик и почнал долга успешна кариера со носење турнеи низ арапскиот свет на преведени европски класици. Активен се до педесеттите години на векот, тој останува значајна личност во утврдувањето на традицијата на сериозната легитимна драма. Придонесите на Абијад за калсичниот театар биле паралелни со постигнувањата на Нагиб ал- Рахини во комедијата. Актер и менаџер чија кариера исто така почнала во првата деценија на XX век и траела четри децении, ал-Рахини станал познат по секојдневниот лик што го измислил и со кого секогаш бил блиску идентификуван во народниот ум: Кишкиш Бej. Кишкиш на Ал-Рахини бил со добро срце, но итра личност; неговите авантури во серија комични скечеви и подолги драми во основа содржеле негово искористување од страна на странци, но на крајот Кишкиш ги надмудрувал. Други важни трупи биле оние на Јусуф Вахби и актерката Фартима Ружди. Меѓу тројцата исклучителни драмски писатели на тој век, Тафик ал-Хаким се смета за татко на модерната египетска драма. Тој студирал во Париз, се вратил во Египет во 1927 години, неколку години работел како јавен обвинител, и во триесеттите години почнале да ги изведуваат неговите драми. Меѓу неговите седумдесет драми се наоѓаат *Дилемата на султанот* (1960г.), првата драма на апсурд во Египет *Искачувачот по дрво* (1962г.) и брилијантно имагинативната философска драма Судбината на една бубашваба. Чеховото влијание е преплетено во општествено свесните драми на Нуман Ашур, меѓу кои *Луѓето горе по скалите* (1956г.) и *Луѓето долу по склалите* (1958г.). Можеби најисклучителниот од сеуште живите египетски драмски писатели, Рашад Ружди, се префрлил од своите рани драми на поетичен реализам како *Пеперутка* (1959г.) до политички свесните драми како *Египет, љубов моја* (1967г.).

Нередите на Средниот Исток во текот на седумдесеттите и осумдесеттите години го уназадиле развојот на театарот во повеќето арапски земји. Иако театарот под западно влијание во Турција може да се сретне веќе во 1859 година , тој навистина процветал дури по прогласувањето република во 1923 година. Тој период донел владина подршка и за традиционалните турски театарски форми и за модерните драми на психлошки реализам, како и за отстранување на сите забрани против појавувањето на турските жени на сцена. Модерот турски театар го достигнал својот врв во шестата деценија во XX век, пред општествените проблеми да го земат својот данок од присуствувањето на театарот во живо. Во источен Ерусалим, првото професионално палестинско театарско друштво Ел- Хакавати привлекло некој израелски посетители на театарот со својот уматнички квалитет и виски идеали. Неговата мисија, според режисерот Франсоа Абу Салем е "да донесе повеќе разбирање не само меѓу Израелците и Палестинците, туку и меѓу Среднот Исток и Западот".

Британското освојување на Индија во 1818 година наметнало култура што ќе го остави своето влијание долго време по заминувањето на британците во 1947 година. Индијците почнале да го поставуваат Шекспир на сцена уште во 1831 година и наскоро ги преведувале драмите на бенгали. Од шеснаесетте големи индиски јазици, бенгали и марати најподготвено го апсорвирале англиското влијание. Некои индиски уметници работеле за синтеза на индиската и западната драмска форма, но најпосле ова било пресретнато од еден обид да се оживее драмата на Санаскрит и различните традиционални форми на танцова драма. Без сомнение најголемата личност во литературата на модерна Индија бил Рабиндранат Тагоре, добитник на нобеловата награда во 1913 година. Тој напишал повеќе од шеесет бенгалски драми меѓу 1884 и 1939 година, од кои голем дел лично ги режирал особено кога се фасцинирал од создавањето на нова поетска форма на танцовата драма. Големиот филмски режисер Сатјаџит Рај бил еден од учениците на Тагоре. Во 1954 година индиската влада ја основала Sangeet Natak Academy (Националната академија за музика, танц и драма), за да ја потпомогне таквата национална драмска уметност. Сепак во Индија нема голема финансиска поддршка за театрите и има изненадувачки малку комерцијален театар. Само безбројните аматерски друштва што негуваат нови драмски писатели и ги обезбедуваат повеќето можности

за вработување на изведувачите. Наводно постојат околу 3000 пријавени аматерски друштва во Калкута и 500 во Мумбаи. Меѓу најпознатите групи од Калкута од педесеттите години наваму се марксистички ориентираната Мала театарска група на Уптал Дут; Bohurupee на Сомбу Митра, која се истакнува со изведбите на драми на Тагоре со учеството на една од најдобрите индиски актерки, Трипти Митра; Nandikar на Аџитеш Банерџи, која ги нуди Брехт, Чехов, и други странски драми на бенгали, и театарскиот центар кој е специјализиран за драми на неговиот режисер Торун Рој. Во Делхи Хабиб Танвир ги истражувал фолклорните елементи во санскридската драма на својот театар Наја и друштвото Абхијан на Рајиндер Нат преставува драми на хинди и други индиски јазици. Во Мумбаи, Рајгајан на Вијај Мехта има претставувано санскридски класици на марати.

Аспекти од индиската култура се очигледни во безбројните театарски стилови на југоисточна Азија, но комплексноста на големиот број варијации на куклениот театар со сенки и танцова драма во тој регион го отежнуваат нивното сумирање. Комбинацијата на исклучително променливи гестови и движења со песна, говорен дијалог и нарација се дизајнирани да создадат повеќекратни импресии на неколку нивоа одеднаш. Општо земено западното влијание било минимално во нациите на копно: Бурма, Тајланд, Кампучија, Лаос и Виетнам. Обидите да се синтетизираат азиските и западните театарски елементи претежно се појавиле во полуостровските и островските држави како Малезија, Индонезија и Филипините. Индонезискиот драмски писател В.С. Рендра, на пример, во седумдесеттите години преработил драми како Кралот Ојдип, Ојдип на Колон и Чекајќи го Годо за да ги стави во јаванскиот културен контекст, користејќи стил на изведба базиран врз традиционални фолклорни елементи. Во осумдесеттите години неговата работа се повеќе станувала политичка и тоа ја ограничило неговата можност да дојде до поширока публика. Голем број југоисточни азиски драмски писатели се фокусирале врз прашање на националниот идентитет, и ова ги одвело назад кон домородните театарски стилови.

Основањето на Народна Република Кина во 1949 година доенло 15 години театарска виталност, при што се охрабрувале и традиционалната и модерната драма, се изградиле театри и се отвориле театарски училишта. Во Централниот драмски институт во Пекинг, отворен во 1950 година биле донесени советски учители за да обучуваат студенти според актерскиот систем на Станиславски. Во исто време Националното училиште за пекингшка опера и слични институти во Шангај нуделе интензивна обука во комплексностите на традиционалните музички форми. Градејќи врз моментумот создаден за време на војната на Кина против Јапонија – која антијапонските пропагандистички драми кои биле изведувани на улиците и во руралните села помогнале да се обединат луѓето во својата заедничка цел – Мао Цетунг го поттикнал аматерскиот театар како активност во слободното време на селаните и работниците. До 1960 година било проценето дека приближно осум милиони кинези учествувале во аматерски театарски групи, исполнувајќи го слоганот "мал по обем, богат по разновидност". Масовното претпочитање на музика и спектакл значело дека преовладувала традиционалната драма, иако голем дел од старите пекингшки и другите регионални опери биле преиспитувани за да се почистат од феудалната содржина. Модерните "говорни" драми продолжиле да се изведуваат, меѓу нив оние на кинескиот прв најголем и модерен драмски писател, Цао Ју, автор на *Бура со грмотевици* (Leiyu, 1935 година), *Изгрејсонце* (Richu, 1936 година) и други. Движењето "Сто цветови" (именувано според повикот на Мао Цетунг "нека расцветаат сто цвета, нека сто училишта на мисла се натпреваруваат", 1956 – 1957) довело до репризирање на некои традиционални пиеси што предходно биле забранети. Во Пекинг 1957 година можело да се видат четриесет и две пекингшки опери, шест говорни драми и две преведени советски драми.

Традиционалните опери биле забранети, како и сите странски драми, кога сопругата на Мао, Џианг Куинг ја презела контролата врз кинескиот репертоар за време на грозоморната деценија на културната револуција (1966 – 1976). Сфаќајќи го театарот само во поглед на неговиот потенци-

јал како средство за радикална трансформација на општеството, Џианх Куинг (која била неуспешна актерка) вовела репертоар на "примерни" опери што ја прикажувале револуционерната идеологија. Само осум одобрени дела можело да се видат тогаш во театрите или да се слушнат на радио во период од пет години. Уништувањето на Бандата од четворица (Џијанг Куинг и уште тројца други) во октомври 1976 година , еден месец по смртта на Мао Цетунг довело до враќање на политиката на "сто цветови". Биле напишани нови говорни драми и странски драми повторнно се нашле на сцената. Лондонското друштo Олд Вик ја извело Хамлет во Кина во 1979 година. Во 1983 година Артур Милер режирал кинески актери во Пекингшкиот народен уметнички театар за изведба на неговата сопствена – Смртта на трговскиот патник, во која учествувал интернационално познатиот актер-режисер Јинг Роученг како Вили Ломан. Следната година Јинг ја режирал Петнаесет низи кеш, кунчу драма од седумнаесеттиот век, во репертоарниот театар на Мисури, а во 1968 година го режира својот сопствен кинески превод на Амадеус на Питер Шафер во Пекинг. Еден Шекспиров фестивал од 1986 година одржан и во Пекинг и во Шангај споил вкупно дваесет и осум изведби, некои изведени како говорни драми, други адаптирани во различни традиционални оперски форми. Иако трагичните настани на плоштадот Тјенанмен во јуни 1989 година ги замрачиле уметностите заедно со сите други аспекти на животот во Кина, останува само надежта дека во 1991 година планираниот Шекспиров фестивал ќе помогне да се обноват интернационалните врски меѓу уметниците што ги засилуваат хуманистичките врденост на нацијата.

Само во последните триесет и пет години австралиската драма го добила националниот идентитет раличен од англиските, ирските и други континетални европски влијанија. Увезните успеси ги понеле повеќето од театрите низ целиот деветнаесетти век, иако имало и приврзаници на домашите мелодрами во кои имало австралиски типови ликови како оној на разбојник. Во првата и втората деценија на XX век Луис Есон успеал во создавањето драми со реалистична австралиска содржина со *Летот на седумнаесеттата кукла* (1955 година) на Реј Лоулер, драма базирана врз традиционалниот внатрешен концепт на „машко пријателство". Изведена прво во Мелбурн и во Сиднеј таа станала првиот интернационален успех на државата. Изборот на лабуристичката влада на Витлам 1972 година одбележува уште една пресвртна точка, со оглед на тоа што во последните две децении имаше огромен процут на сите уметности во Австралија, од изградбата на големи културни центри до забележителна филмска индустрја. Водечкиот современ драмски писател, Дејвид Вилијамсон, станал познат со Отстранувачите во 1971 година и продолжил да пишува драми и филмски сценарија што го анализираат австралиското општество и однесување, како во *Забавата на Дон* (1971 година) и *Патувајќи на север* (1980 година). Меѓу другите важни драмски писатели се и Александар Бузо, Томас Кенели, Луис Ноура, Алма де Гроен и првиот голем абориџински драмски писател, Џек Дејвис.

Искуството на Австралија и други нации покажало дека театарот може да направи уникатен придонес во утврдување на самоопределбата на една нација, истражувајќи ги нејзините проблеми и насочувајќи ги нејзините стремежи. Задачата на театарот во дваесет и првиот век ќе биде зачувување на сите вкусови и индивидуалноста на различните театарски традиции додека истовремено ќе ги отвара нашите театри и ќе ги проширува интересите на нашата публика за опфаќање на драмите во превод кој толку многу можат да придонесат за нашето разбирање на нашите соседи на оваа планета.

Петре Бакевски

ЕДНА СРЕДБА, ЕДНО ТРАЈНО ПАМЕТЕЊЕ

ПОТСЕТУВАЊЕ НА ЕДНА СРЕДБА СО СИНОТ И ВНУКОТ НА ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ ВО ДРАМСКИОТ ТЕАТАР ВО СКОПЈЕ

Има средби и - средби. Некои се поводни, случајни, намерни, некои се безначајни, интимни, а некои се врежуваат во несопирливот од на времето како трајно паметење, како убаво и ретко збогатување на личното сознание и на личното задоволство. Да. Има, има срдби и- средби! Има... Стануваат еден податок повеќе во биографијата на живејачкава, но и мал личен дострел во професионалниот ангажман. Таквите средби се благопријатно вкотвени во душата, траат, го надминуваат времето. И има моменти кога повторно проблеснуваат, ти се појавуваат во целата светлина на миговите додека се одвивале, просто оживуваат и пробудуваат нови мисли, нов контекст и нови асоцијации.

Навратив на Војдан Чернодрински. Посакав да го препрочитам, да се присетам. Книгите фатиле прав, ги извадив од внатрешната страна на полиците, поттурнати, занемени, замолкати, пред нив други книги, ги поттиснале, ги замрачиле, тишината царува. Не знам сега каде е - Војдан. Тој, вистинскиот, основоположникот на македонската драма, како што го викаме, човекот што ја отвори најголемата златна историска страница на македонската духовна преродба, на македонскиот бунт во откривањето и зацврстувањето на македонската самосвест за себе и за македонската крвава историска судбина. Авторот на легендарната и митска "Македонска крвава свадба" која повеќе од сто години се уште ги изнудува нашите солзи на болка, на тага и на плач, зашто драмите на македонското "скршено срце" и на вечниот копнеж по апсолутната и божја слобода – сè уште не се завршени.. Траат, траат со целата видоизменета драматика под превезот на историските премрежија.

И сфатив, без великите и значајни предци не можеме. И колку да ги подзабораваме, да ги поттиснуваме и како вечно прибежиште замајани да им ја одредуваме тишината и молкот, сепак, тие се тука, со нас, со постојано отворен и продолжен крик, со звучно ехо од гонгот на нашиот немир и неспокој, зашто ние без престан продолжуваме да си ја бараме судбината и божјата правдина, ние и натаму упорно се бараме себеси, и пред отворените хоризонти на иднината и пред затворените врати на омразата и пакоста.

Значи, пак сме заедно. Вечно заедно. Во истата потрага. И затоа свирнуваме назад, во сенките на нашите предци, и, глеј, ни блештукнуваат нивните траги како жарчиња низ распретаното огниште на вистината.

Значи, сите сегашни мои потсетување се фокусирани на Војдан Чернодрински. Средба е тоа надојдена, убава, ми ја полни душата. Ми ги заплиска пределите на сеќавањето со убави мисли. И двајцата сме во убавата прегратка на заеднички пробудената тишина. И ноќ е, и ден е, тече нашето заедничко прегрнато време...

Па, еве вака беше.

Македонска крвава свадба

На 22 мај 1979 година во вечерните часови во фоајето на Драмскиот театар големиот театарски веропоклоник Ристо Стефановски науми да им оддаде трајно почитување на четворицата основоположници на нашата македонска национална драматургија Јордан Хаџи-Константинов Џинот, Војдан Чернодрински, Антон Панов и Ристо Крле. По тој повод од нашите најистакнати скулптури Димче Тодоровски, Боро Митриќески и Томе Серафимовски порача да им направат бисти. Бистите беа поставени во фоајето на театарот. Фала богу, и денес таму стојат, каде што им е најубавото и најзаслуженото место. На свеченоста зборуваше писателот Благоја Иванов.

Имаше многу народ, целиот театарски македонски свет. Но, имаше и многу гости. Особено бев возбуден кога разбрав дека меѓу гостите се синот и внукот на Војдан Чернодрински. Дошле од Бугарија.

И ете ти - голем предизвик.

Барав начини да се сретнам, да направам разговор, да ги запознаам, да поразговараме за нивниот славен татко и дедо, за нивниот живот, да ја откријам нивната животна приказна. Е па, тоа се убавите мигови кога се остваруваат желбите. Тука е Ристо Стефановски, сè држи во свои раце, сè координира, подредува на потребите и желбите. Се најдовме во неговата канцеларија во Драмскиот театар. Долго останавме со синот Стојан и внукот Војдан. И така спонтано, опуштено, релаксирано, во убава и свечена атмосфера, полна со излив на многу емоции и убави чувства го започнавме разговорот. И траеше тоа во ноќта, долго, без стеги, до зори, до мугрите на нашата пријателска разделба.

Стојан беше белокос. Старец ми се стори. Слабичко испиено лице. Светнати очи. Шара со нив, шанта со погледот. Се забележува големиот товар на бројните години. Пуши, мавта со рацете, и покрај спокојниот изглед, сепак, манифестира нескриен немир, неспокој, возбуда... Син му Војдан беше средовечен човек, со мирен и сталожен поглед, блажено гледа во татка си, го следи секој негов збор, ги следи гестовите со рацете, се разбира, сосем јасно искажува внимание и почит кон својот татко.

- Сакам да ми раскажувате за Вашиот татко, - му се обраќам на стариот Стојан, а потоа се свртувам кон Војдан, па продолжувам: - за твојот дедо, - му велам директно нему.

Стариот Стојан расположено се насмевнува, вели дека иако е стар и уморен, за татко му секогаш може да раскажува.

- Има безброј приказни, настани, доживувања, случки, еден пребогат живот со ретка личност исполнет со убави работи, - вели смирено. Одвреме-навреме му растреперува гласот, го заплискуваат надојдени бранови на емоции, ама е јасен, конкретен и мисловен во исказот. Продолжува да зборува, вели:

- Татко ми беше многу достоинствен човек. Целиот живот достоинствено го мина и таков си умре.

Тука помолкнува, сеќавам, тегобно подголтнува, се задлабочува во мислите, како да ги подредува на некој селективен ред, тишината го подзасилува нашето исчекување, знам, ќе каже нешто интимно, можеби болешливо, посипано со поголема емоција, треба да се распрета тој миг, да се собере поголема сила за да се продолжи започнатото кажување.

Токму така, со таков тон продолжи:

- Тој умре за 12 часа. Толку траеше неговата последна борба со животот. По првиот инфаркт постојано ни говореше: "Јас не сакам да умрам болен, в кревет. Сакам да бидам исправен како високо дрво. Сакам да умрам исправен, со отворени очи..."

Тука пак помолкна, нагласено подголтна, ги префрли нозете од едно на друго колено, смирено, со воздржан глас, продолжи:

- Тоа е нашата семејна тајна. Навистина умре исправен и со отворени очи. Подоцна во кругот на нашето семејство постојано расправавме за таа негова желба. Зошто исправен? И зошто со отворени очи? Од повеќето наши толкувања, мислам дека најблиску во растајнувањето на неговата желба сме со оваа претпоставка: дека и исправен и со отворени очи сакаше вечно копнежливо да биде загледан кон неговата Македонија!

На денот на откривањето на бистите на Ј.Х.Џинот, В. Чернодрински, Панов и Р. Крле
(од лево кон десно: Петре Бакевски, Ристе Стефановски, Стојан Чернодрински, Војдан Чернодрински и Трпчевски)

Да потсетиме: Војдан Чернодрински умре на 15 јануари 1951 година во Софија. Во биографијата што многу години подоцна му ја составија неговата сопруга Марија Чернодринска и артистката Мила Савова која настапувала во една од театарските групи на Војдан, вака е опишана смртта на Војдан Чернодрински: "На 21 ноември 1950 година беше изведена јубилејната изведба на пиесата. (Се мисли на "Македонска крвава свадба") Педесет годишен јубилеј - тоа не е малку! Половина век! Војдан Чернодрински возбуден доживеал да го види 50-годишниот јубилеј на пиесата "Македонска крвава свадба"! Уште истата вечер добива слаб срцев удар, а на 8 јануари 1951 година добива уште еден удар и една мразовна ноќ се спушта завесата на неговото творештво!"

Војдан Поп - Георгиев подоцна познат и славен под псевдонимот Чернодрински, нашиот најзначаен втемелувач и основоположник на драмската литература што ја отвори најзначајната страница на македонскиот автентичен, изворен и оригинален драмски израз кој еве веќе без прекин бујно и разгрането трае повеќе од сто години, е роден на 2 јануари 1875 година во селото Селци, во близината на Дебар. Потекнува од видно свештеничко семејство. Татко му Георги (Ѓурчин) Кузманов Славковски на "четиво и писмо се научил во манастирот св. Јован Бигорски крај реката Радика", ќе запише подоцна самиот Војдан во "Родословието" што самиот го составил.

Синот Стојан го знае секој детаљ од животописот на татка си. Раскажува во подробноси, течно. Не го прекинувам, нека, со љубопитност го слушам, иако, се разбира, многу податоци и моменти од животниот летопис ми се добро познати од биографската литература за Војдан која отсекогаш ми била возбудлива и интересна.

Сепак, по долго трпение и внимателно следење на раскажувањето на Војдан, го прекинав и се вмешав со прашањето:

- Колку пати досега сте биле во Македонија?

- Повеќепати, - вели, запалува нова цигара, забележувам, ги пали една по друга, без прекин, значи, гомем пушач е, страстен. - Првпат во Македонија дојдов кога имав 4-5 години, - продолжи да раскажува Стојан. - Ме доведе татко ми и мајка ми Марија. Всушност, колку што се сеќавам, а подоцна сето тоа во спомените точно го реконструирав, татко ми допатува во Македонија со својата театарска група. Мислам дека даваше претстави во Скопје, Битола и Солун.

Стојан Чернодрински е роден 1904 година во Софија.

Семејството на татко му Војдан во 1886 година било принудено да го напушти родното Селци. Го прашувам Стојана дали добро ги знае причините за напуштањето на неговите предци на Македонија?

- Татко ми многупати ми раскажуваше за тоа. Подоцна сето тоа тој го има напишано во "Родословието".

Војдан има запишано дека "нападите на Арнаутите разбојници за грабеж, го принудуваа татко ми да го напушти селото и да избега во град Охрид во пролетта 1886 година каде станува свештеник во маалата "Челница". По четиригодишно попување во Охрид, татко ми го напушта градот, прво сам, а потоа го зема семејството на 22 април 1890 година и се преселува во Софија, каде го поставуваат за прв свештеник во новообразованата маала "Јуч-бунар".

Стојан продолжува да ми раскажува за следните негови доаѓања во Македонија. Вели дека следното било во 1941 година, а потоа дури во 1966 година кога се снимал филмот "Македонска крвава свадба". Тогаш го посетил и родното место на татко му, селото Селци. За тоа патување во Селци раскажува:

- Тоа беше пролетта 1966 година. Со некои роднини од Скопје тргнавме со автомобил, но до Селци тогаш немаше директен пат. Моравме од некаде натаму да продолжиме пеш. Беше убав сончев ден и полека го фативме патот кон полето. Гледам, убава, божја природа. Добро се сеќавам: цел ден одејќи беревме дренки и така полека, во некое посебно расположение, го здогледав татковото родно огниште за кое долги години безброј денови и ноќи, така убаво, и нежно и занесно ми раскажуваше татко ми. Но, кога влегов во селото мислам дека нешто беше изменето од оние приказни што ми ги кажуваше татко ми. Селото речиси беше испустено, а во него живееја само неколку семејства. Сите се иселиле, ја најдов и татковата куќ

(од лево кон десно) Синот на Војдан Чернодрински, сопругата на Антон Панов, сопругата на Ристо Крле, ќерката на Ристо Крле и внукот на Војдан Чернодрински

а. Всушност, таа беше разурната и останата само на темелите.

На ова кажување се надоврзува внукот Војдан. Вели дека тој е првпат во Скопје, во Македонија и дека одвај чека сега, деновиве заедно со татко му Стојан да замине во родното село Селци кај дедо му.

Стојан се замислува, мислите му шетаат, ту е тука, ту е во Софија, вели:

- Уште многу можам да раскажувам за татко ми. Долга приказна е тоа. Тој беше мошне сиромав човек. Се сеќавам дека многу години од животот минавме во една соба. Во таа соба доминираа книгите. Татко ми постојано читаше и пишуваше. Кај нас доаѓаа многу луѓе, пред сè артисти кои работеа во неговата театарска група. Така, собата се претвори во еден вид "мал театар". Јас сето тоа го гледав со големо внимание, а често се случуваше ако некој артист не дојде на проба, татко ми да ми рече: "Стојане, оваа улога ти ќе ја маркираш!"

Го прашувам Стојана зошто не станал артист?

Се насмевнува, вели:

- Тоа беше некаде во 1912 година. Требаше да рецитирам една песна, но откако ги кажав првите стихови, натаму ја заборавив. Се мислев што да правам, па гледајќи немо и уплашено во публиката, почнав да плачам. Публиката гласно почна да се смее мислејќи дека тоа е некој трик. Но, јас и натаму не изустив ниту еден збор и избегав од сцената. Со тоа мојата "артистичка кариера" беше завршена. Подоцна се запишав во трговско училиште и животот тргна во други насоки.

Тука се вмеша Војдан.

- За жал, и јас не пројавив интерес за театар, - рече. - Јас сум градежен инженер и немам афинитети за театар. Но, - продолжи Војдан, - затоа, пак, мојот син е целосно посветен на театарот. Студира во Прага, фанатично е вљубен и посветен на театарската уметност.

Се интересирав за псевдонимот Чернодрински.

Стојан веднаш, без премисла, почна да раскажува:

- Татко ми на почетокот од својата кариера со својата театарска група давал некоја претстава во Софија. За време на претставата публиката често се прашувала кој е автор на пиесата. Мајка ми Марија, која била артистка во групата, почувствувала дека на крајот авторот ќе мора да се претстави пред публиката. Го прашала: "Како ќе те претставиме?" "Под псевдонимот – Чернодрински", рекол. Мајка ми така и постапила. Но, кога го виделе, сите почнале да викаат дека тоа е синот на свештеникот. Но, тој псевдоним ќе го задржи до крајот на животот и со него ќе стане многу популарен писател.

Стојан објаснува дека псевдонимот Чернодрински е сврзан со реката Црн Дрим како трајно сеќавање на неговиот роден крај. Тоа е единственото значење.

Го прашувам внукот Војдан како го памети дедо му, во какво сеќавање му е останат.

- Па, кога дедо ми умре, јас имав 18 години. Затоа сеќавањата и ден-денес ми се свежи и трајни. Паметам, често ми зборуваше дека читањето на книги без литературна вредност е изгубено време и многу такви совети секогаш гласно и настојчиво ми ги кажуваше. Мислам дека дедо ми целиот свој живот го подреди на една повисока цел, на една голема идеја. Тој единствено сакаше да го опише животот на својот намачен и поробен народ. Постојано зборуваше дека во своите дела не сака ништо да измислува, туку, напротив, сè што сака да напише е земено од животот на своите луѓе од Македонија.

Тука во разговорот се вмешува стариот Стојан. Некако спонтано оттука натаму тој ја дополнува приказната за татко му.

- Татко ми не сакаше да биде писател што измислува, што конструира или што фантазира. Тој беше многу интелегентен и образован човек. Чувствував со колку голема љубов и со колку голема преданост ми говореше за револуционерните борби во Македонија. Тој често ми раскажуваше за некои настани од Селци или од Охрид, кои подоцна така сликовито и автентично ги внесе во своите дела. На пример, втората слика од "Македонска крвава свадба" е автентичен настан. Затоа во неговиот предговор кон првото издание на "Македонска крвава свадбаѐ во 1900 година тој така едноставно, искрено и од срце вели: "Што напишав јас? - Ништо не напишав. Јас го препишав од сè уште ненапишаната крвава историја на Македонија она, кое читателот ќе го прочита, а гледачот ќе го види во театарот".

Долго трае средбата. Тече разговорот, крај нема. И ноќта си врви накај мугрите. Се сеќавам, никој од нас не сакаше насила да го прекине овој разговор и оваа средба. Ни беше пријатно, ни беше интересно. Тоа се ретките, единствените средби. Такви се. Затоа се трајни, вечно врежани во убавото сеќавање.

Еве ги пред мене петте томови од Избраните дела на Војдан Чернодрински. Ги симнав од високиот рафт на мојата домашна библиотека. Ги оттргнав од згрчената тишина, гледам, фатиле прав, одамна не се отворени, не дишнале свеж воздух. И одамна не ја сетила љубопитната здивка на својот читател.

Нив ги издаде, на времето, "Мисла" (1976 година), а ги подготви Александар Алексиев, човекот кој најмногу направи, речиси животни откритија, истражувања и приопштувања на планот на македонски автори кои своето творештво го беа животно завештиле низ балканските простори низ многу бурни, искушенички и драматични времиња во повеќе држави. Многу ангажирано Алексиев тоа го стори на планот на драмските автори и на драмската литература со што остави траен белег во духовната ризница на македонскиот народ. Особено е значајно што најмногу стори за Војдан Чернодрински, човекот кој "прв успеа да ја конституира и афирмира нашата драма како самостоен литературен род".

Го читам, го препрочитувам Александар Алексиев кој со голема авторска и лична страст, темелно, аналитички и проникливо ни го толкува Чернодрински и ни го објаснува големото историско значење и вредност на појавата, делото и животното искуство на Војдан Чернодрински. "Иако Чернодрински беше активен скоро шест децении", пишува Алексиев, "тој практично доградуваше еден ист мозаик. Првите каменчиња што ги вгради во него беа прилично несигурни и дескриптивни фрагменти од животот во неговата татковина. Она што го знаеше или што

беше преживеал тој побрза да го изнесе на показ, но не со намера да ја задоволи жедта за лична афирмација, туку да ги предочи страдањата на својот народ, уверен дека на тој начин ќе ги разбуди заспаните, ќе ги раздвижи и окуражи понижените и обесправените да го побараат она што со право им припаѓа: слобода и подносливо човечки живот"!

Војдан Чернодрински не напиша мемоари. Но, во подоцнежните години од животот остави т.н. Спомени или "Родословие". Тоа се кратки потсетувања на неговите активности, на неговото потекло, животни патешествија и одредени расветлувања на неговата активност. "Спомените" или "Родословието" по обем не е големо, но тие белешки се мошне суштествени за дообјаснување на некои детали за неговиот живот и за неговата богата театарска активност.

Така на едно место самиот соопштува, запишува: "Никогаш не сум мислел дека ќе ги доживеам овие години на кој сум сега (62) или пак она што јас сум го преживеал ќе претставува некаков општествен интерес. Но и покрај тоа, се убедив, дека човекот и колку да е малечок во општеството во кое се движел, сепак неговите животни перипетии низ кои поминал, побудуваат интерес. И бидејќи никој не знае што ќе се случи со него интересно, тој не пишува спомени за доживеаното. И кога ќе дојде на мои години и ќе фрли поглед на изминатиот пат, на виденото, на она што го слушал, воопшто не доживеаното и ги побара во умот сите тие нешта, ќе најде дека многу што е заборавено и ќе се кае, како мене, зошто не водел белешки, па макер тие за другите да не претставуваат никаков интерес!"

Сега со денови се дружам со делата на Чернодрински. Лето е, жешко е, а до крај сум духовно исполнет. Чернодрински е една епоха, едно долго и мачно македонско време, личност што постојано и во секое навраќање имаат што да ни кажат, да ни го зацврстат нашето национално чувство. И да нè направат погорделиви во истрајноста, во трпеливоста.

Ете што значат убавите сеќавања, убавите средби. Му даваат некој друг, поинаков и побогат тек на одминот на времето. Поубаво чувство. Знам, сеќавањето на убавата средба со синот Стојан и внукот Војдан Чернодрински во Драмскиот театар во таа убава мајска вечер 79-тата година ме поттикнаа повторно да се втурнам во крвавиот и драматичен свет на основоположникот на македонската драма Војдан Чернодрински. А тој свет - е Македонија, македонскиот човек и неговите премрежиња низ историските текови на времето. Тоа е македонската судбина, ниту измислена, ниту фантазирана, накалемена или книжевно накитена, туку напротив, едноставно препишана од врутокот и тегобите на животот, од срцето и душата на македонските болки и страданија.

Во младоста, кога Војдан бил студент во Грац, одржал предавање на тема: "Кој е најдобриот начин за почитување споменот кон големите луѓе". Рекол: "Со прифаќањето на делото и идеите на големите луѓе најдобро и најзаслужено можеме да им се оддолжиме!"

Го слушаме неговиот совет. Така постапуваме и кон него.

Д-р **Коста Балабанов**

ПРИЛОГ КОН ПРОУЧУВАЊЕТО НА ДРАМСКИТЕ ТРУДОВИ НА ЈОРДАН ХАЏИ КОНСТАНТИНОВ - ЏИНОТ

Академикот Харалампие Поленаковиќ, во своето излагање зборуваше за Јордан Хаџи Константинов - Џинот и притоа укажа на драмски дела врзани за името на овој наш преродбеник. Би сакал да укажам на една можност за откривање текстови со јасно изразена драмска форма во еден друг медиум, во ликовната уметност, поточно во иконописот од XIX век во Македонија.

Работејќи го повеќе години трудот „Словенските просветители Кирил и Методиј во делата на ликовните уметници од крајот на IX до крајот на седумдесеттите години на XX век" кој наскоро ќе биде предаден за печат, посебно го обработив материјалот во кој се зборува за Јордан Хаџи Константинов - Џинот и неговото влијание врз иконографијата на композициите со Кирил и Методиј, работени од зографот Дичо Крстев од село Трасенче, во првите години од неговото творештво. Откако дојдов до сознанието за постоењето лично познанство и пријателство помеѓу Џинот и Дичо Зограф, го свртев вниманието кон текстовите испишани врз одреден број Дичови икони. Сметав дека во недостаток на конкретни податоци и описи во зографските прирачници (Ерминии), како да бидат сликани Словенските просветители, Дичо Зограф, секако, осеќал потреба од појаснувања кои, во тој период, можел да му ги даде Џинот. Тоа, впрочем го потврдува една Дичова икона насликана во 1861 година за црквата Св. Богордица во Скопје. За жал, оваа Дичова икона до денес не е зачувана, поради тоа што изгоре во големиот пожар во 1944 година, кога до темели изгоре црвата Св. Богородица во Скопје. За среќа, неколку години пред пожарот, иконата ја фотографирал, заедно со други икони и прилично детално опишал, Мирко Ф. Јовановиќ. (Мирко Ф. Јовановић, Православна саборна црква Св. Богородице у Скопљу, Споменица православног храма Св. Богородице у Скопљу 1835 - 1935, Скопље 1935, 365). Во обработката на оваа Дичова икона ние се потпираме врз она што може да се види од фотографијата со којашто располагаме, како и врз описот направен од М. Ф. Јовановиќ. Авторот на овој опис нагласува дека иконата е голема 49 x 62 см. и дека е интересно компонирана. Од левата страна е насликан Кирил, облечен во монашка облека, со црн сиријски вел на главата. Во левата рака држи голем свиток што го придржува од другата страна Методиј. Методиј, насликан од десната страна е облечен во богато украсена архиерејска облека со митра на главата. Тој во левата рака држи евангелие. Додека Кирил е прикажан црномурен, со четвртаста брада, млад, Методиј е со долга седа брада и прилично стар. На свитокот развиен помеѓу нив, испишани се букви од старословенската азбука. Под свитокот се насликани две маси. Врз поголемата се наоѓаат две мастилници со перата за пишување, а врз помалата, свиток со испишана азбука, книги,

шестар и едно ношче за сечење хартија. Во позадината е насликан пејсаж што го сочинуваат два реда куки, а зад Методиј, на возвишението кое е составен дел од пејсажот, насликана е тврдина на која, за да не дојде до недоразбирање, е испишано името на градот Охрид. Но, во овој случај нас посебно не интересира долниот дел од иконата, што завзема приближно една петина од просторот каде во рамки од издолжени, стилизирани акантови лисја се наоѓаат насликани сцени од кои првата од лево, прикажува цар во царска облека, седнат на престол. Левата рака ја пружил кон една жена, облечена, исто така, во царска облека. Таа е со диадема на главата, а рацете ~ се поставени за молитва. Над оваа минијатурна композиција, со јасно изразен драмски распоред на личностите е испишан подолг текст, од кој може да се разбере дека жената е сестра на царот која моли царот да ја прими христијанската вера.

Во втората сцена прикажани се Методиј и сестрата Царева во еден кораб. Над сцената е испишан подолг текст од кој може да се разбере дека царевата сестра го моли учителот Методиј, да го воведе нејзиниот брат во христијанската вера.

Во третата сцена е прикажан пак Методиј, во монашка облека, застанат пред царот кој седи. Околу престолот на царот, одвај видливо, насликани се сцени од страшниот суд, ѓавол, душите на умрените во вид на голи човечки тела, зелена рамнина преку која тече огнена река исполнета со човечки тела, а во заднината насликани се цркви со кубиња, кои, секако, го претставуваат рајот. Горе, во облаците, насликана е раката Господова, во која држи терезија. Над оваа сцена е испишан, исто така, подолг текст од кој може да се разбере дека Методиј, во дијалог со царот му кажува ако не ја прими христијанската вера, ќе биде предаден во Пеколот. Над просветителите, од златен сегмент на небото благословува Исус Христос окружен со херувими. Описот на композициите го прикажуваме во детали со единствена цел да се види дека се вложени напори во разработката на мизансценот, што по наше мислење не е исклучив производ на творештвото на Дичо Зограф. Токму илустрацијата на овие композиции, пропратени со опширни текстови, н` упатуваат кон претпоставката за уделот и влијанието на Јордан Хаџи Константинов - Џинот, врз творештвото на Дичо Зограф, се разбира, во случајот со сликањето на словенските просветители и собитија врзани посредно или непосредно со нив.

Дека врската помеѓу Дичо Зограф и Џинот лесно може да се докаже покажува компарацијата помеѓу текстовите напишани со раката на Џинот и композициите илустрирани од Дичо Зограф. Така, споменувајќи ги Солунските просветители Кирил и Методиј, Јордан Хаџи Константинов - Џинот во написот „Ответ вториј Г. Саву И. Радулову: Что е Јурук?" (Цариградски весник бр. 120 од 9.51853 год.) со низа некритичности, како што забележува и Х. Поленаковиќ во своето дело („Во мугрите на словенската писменост" Скопје 1973, 122), меѓу другото говори и за тоа дека: „... се крести всичка Болгарија, да ходи Методиј героикос при царја Болгарского, и му претставја две икони т.е. една Страшен Суд Божји Христов, другаја ученије грешников. Тој чудесниј филозоф и достоприемчателниј героикос абие преобрати дома царев во Св. крештение...". Текстот што го наоѓаме на Дичовата икона претставува, по наше мислење, само разбаратена верзија на погоре наведениот текст на Џинот. По овој повод ќе нагласиме само дека Џинот, покрај пишувањето стихови, патеписи, собирањето народни умотворби, лексички материјал, стари книжевно-историски споменици, се занимавал и со составување драмски текстови, во кои повеќе случаи имаат дидактичко патриотска и морализаторска тенденција. Разработката на сцените од Дичовата икона пропратена со дијалози, сметаме ја откриваат врската со Џинот. Еден драмски текст составен од Џинот или текст испишан на старословенски јазик адаптиран од него со цел да биде изведен од учениците на скопското училиште, на денот на празнувањето поменот на Кирил и Методиј, бил искористен од Дичо Зограф на споменатата икона, на која сцените претставуваат само илустрација на позначајните сцени што ги содржал драмскиот труд.

Со цел да укажеме на драмската форма на овој текст го даваме во превод:

СЦЕНА I

„(Сестрата зборува кон царот брат)":

Брате, прими ја верата христијанска да не бидеш на овој век исмејан, а во иднина уште и погубен во Геена.

(Царот):

Уверена биди сестро, дека ќе ја примам верата хрстијанска".

СЦЕНА II

„(Царевата сестра зборува кон светителот):

Наставниче, труди се, колку ти е можно да го воведеш мојот брат во верата христијанска.

(Светителот зборува):

Ќе се трудам, царевно, со се срце".

СЦЕНА III

(Светителот му зборува на царот):

Ако не ја примиш верата христијанска, ќе бидеш предаден на овој неугасни оган.

(Царот зборува кон светителот):

Ќе ја примам, но биди помошник и едноплеменит народ да ме последува".

Имајќи го во предвид овој текст и сцените што ги илустрира, станува јасно дека тој е извлечен од еден поширок текст во кој била разработена комплетно измислената приказна за покрстувањето на бугарскиот цар Борис од страна на Методиј, еден од солунските браќа. Од текстот испишан во „Цариградски весник" видовме дека оваа приказна дошла до ушите и на Џинот кој во таа верзија измисленото собитие го раскажува со други детали, имено плашејќи го „Царот Болгарски" со помошта на икони на кои се насликани Страшниот суд и мачењето на грешниците.

Како резултат на врските помеѓу Џинот и Дичо Зограф, во периодот на нивната дејност во Скопје, кадешто првиот е учител во училиштето при црквата Св. Богородица, а вториот зограф кој слика икони за црквата, би можело да се смета и поблиското запознавање на Дичо и неговата зографска тајфа со темата на Седмочислениците. За оваа тема Џинот се искажува уште во 1853 година, во погоре споменатиот број на „Цариградски весник" (9.5.1853 г.) на следниот начин: „Во това време абие се јавиха седум спасители героикоси од Охрид езеро Лихнидон, где го днеска суштествуе манастир Св. Наум, прекрасен и великограден од Болгарските цареве". Тоа што споменувајќи ги Седмочислениците, Џинот го наведува и манастирот Св. Наум, сметаме, може да се протолкува како желба да укаже на постоењето на композицијата на Седмочислениците дело на Трпе Зограф од Корча, насликано уште во 1806 година, со кое Џинот, без сомнение, бил запознат по време на својата посета на овој манастир. Но споменувајќи „седум спасители" во „Цариградски весник", Џинот не е сосема јасен дали во оваа бројка се содржани и Кирил и Методиј, или пак тој укажува на „седум спасители героикоси" кои се следбеници на Солунските браќа. На што мисли Џинот, и кога вбројувал во групата на Седмочислениците, ќе ни покаже неколу години подоцна Дичо Зограф, сликајќи бројни икони со ликовите на Седмочислениците прикажувајќи ги во композиција од девет светители, спрема Џиновото „седум спасители плус Кирил и Методиј, со што уште повеќе ќе не увери во личната врска помеѓу Џинот и Дичо, која потраела повеќе години.

Се разбира, на ова прашање околу појавата на драмски текстови на еден број македонски икони од периодот на XIX век, во иднина ние ќе му посветиме поголемо внимание што не беше случај досега, и се надеваме дека резултатите нема да изостанат.

Елена Јосимовска

Сведоштва за тетарската дејност во Штип низ сеќавања, репортерски белешки и публикувани спомени од 19 и првите децении на 20 век

„ А Штипјани - како и старите Атињани, и тие се љубители на театарот, музиката, спортовите и игрите“,[1] остана запишано во белградските весници како сведоштво

Уште пред изградбата на салата на штипскиот театар во 1870 година[2], кога практично започнува историјата на овој театар како институција, Штипјани многу порано ја негувале театарската уметност. Иако се работи за време со многу ограничени можности, кога не било безбедно и слободно движењето по штипските улици и сокаци, сепак во рамките на верата како покровител, постоеле извесни слободи. Така во црковните дворови, каде практично се одвивале сите животни активности на христијаните, гостувале разни патувачки театри па Штипјани имале можност да се забавуваат и одблизу да ги почувствуваат благодетите на театарските претстави. Исто така, училишните дворови на Петровден, кога се делеле свидетелствата на учениците, биле првите „ штипски театарски сцени“ со дијалози, рецитации драматизации, и музички точки изведувани од талентираните ученици.

Театарската дејност во Штип ја среќаваме и во семејниот живот низ традициите за верските празници, почнувајќи од новогодишните суровари (за Василица), паганските џамалари и најпознатите покладни народни и митолошки сценски игри како што е „мечка се жени“ или „мечкини сватови“ па до велигденските бденија и процесии кои личеле на драматизирани митови и легенди. Овде неизоставно треба да се спомент и „повечеринките“ или вечерните седенки, каде се организирале хумористични сценски изведби за весело расположение на присутните.

И свадбените традиции не биле имуни, и во нив можеле да се препознаат сцени кои се многу блиску на театарската дејност, особено моментот на продавањето на невестата и понеделничките „погазејки“ каде се случувале автентични и незаборавни комични сцени без сценарио. Сепак Империјата под притисок на цивилизираниот свет била приморана да прави и отстапки . Со Реформите што ги направила: Танзиматот од 1845 год. за неопходност од просвета и отварање на училишта и Хати-Хумајумот од 1856 , за право на сопствена духовна култура, им отворила пат на Штипјани патувачките трупи да ги заменат со свое вистинско театро[3].

1 „ Политика“, Белград, 4 март 1923;„ Време“ , 20 март 1924

2 „Штипската сцена “ била изградена 1870 год.во центарот на градот, до Гранд Хотел, со средства на црковно-школската општина и средства на нејзиниот претседател, штипскиот добродетел и филантроп Хаџи Костадин. Хотелот бил негова сопственост и во тоа време единствен хотел во градот. Подоцна откако го подарил на црквата, таа била сопственик се до формирањето на кралството СХС, кога ја менува сопственоста од црковна во државна, преименуван во Хотел Београд.

3 Тоа е стариот назив за театар како остаток од венецијанскиот дијалект. Во штипскиот говор се користат уште десетина италијанизми како што се: чинтезма, шпитале, паљачо, паланза, фруто, бало, ширто, пјато, талер, манџа,чименто, миндало и др. пренесени преку контактите со венецијанските трговци кои во Штип изградиле свој склад за чување на трговската стока.Тоа е зградата на Безистенот која сеуште постои, во него денес е сместена уметничката галерија. Наведените зборови во поголем број ги нема ни во српскиот ни во бугарскиот речник. И прочуените

Во недостаток на релевантна архивска граѓа за овој период, драгоцен извор на податоци секако ни се ретките оскудни статии објавени во печатот, некои од публикуваните Спомени и сеќавањата на современиците врз кои ние денес се потпираме кога се обидуваме да направиме ретроспектива на развитокот на театарската дејност во Штип. Според тие сеќавања, што ги запишувале штипските „хронографи" каков што бил и Коце Барутчија[4], театарската дејност започнува од штипско Ново Село[5] кога таму во почетокот на шеесеттите години од 19 век е отворено Неделно училиште[6]. Во него се одвивала една поширока просветно-културна активност, каде освен описменување на возрасните, постоела и библиотека[7] која била користена и од граѓаните, се држеле предавања, обично за актуелни теми како што е обединувањето на Италија, се зборувало за ликовите на Гарибалди и Мацини, а потоа се развивале дискусии по темите. Овде несомнено се калел револуционерниот дух на штипската младина. Се драматизирале мотиви од познати народни песни во кои најчесто се користел мотивот тестирање на верноста на сопругата и сл. Се драматизирале приказни, како што е приказната за страдалницата „ Геновева" чии невини солзи што ги пролеала, долго време биле предмет и на домашните разговори, се организирале забавни музички точки. Со еден збор Неделното училиште всушност имало своевидна улога на културен центар, нешто слично како што подоцна биле Читалиштата.

Покрај театарската, Новоселци ја познавале и филмската уметност. Браќата Јордан и Ефрем Чаневи од Ново Село, чии потомци денес живеат во Штип, биле сопственици на апаратура за проекција на филмови. Со таа апаратура, тие како патувачко кино,уште многу порано пред Хуриетот, оделе и во другите градови и села околу Штип каде ги прикажувале филмовите.[8] Подоцна, од 1872 година,со отварањето на Читалиштето, кое било сместено во просториите на „театрото", и потоа 1873 Читалиштето во Ново Село, некои негови членови изведувале драматизирани приказни, како што биле „Геновева", „Страданијата на царевиќ Алексија, божјиот угодник" и др.

За театарската уметност на Штипјани писмено ни соопштува и Дамјан Груев во своите „Спомени"[9] тој вели: „Идната година (1895) на штипската сцена се даваа театарски престави „Иванко"[10] и слични револуционерни пиеси. Земавме учество- јас, Делчев, Делииванов, Ѓурков. Читавме и предавања." По двегодишниот престој во Штип на сестрано активните револуционери на чело со Делчев и Груев, а и поради политичките

штипски мандолинисти најмногу го барале венецијанскиот тип на тамбура со полувалчест труп и краток „врат".

4 Коце Барутчија како и повеќето штипјани ги бележел сите поважни настани од историјата на Штип. Во неговата „хронографија" е запишан и настанот од 1877, пет дена пред Божик, кога Хаџи Ефремица Парнаџиска се согласила да „излезе на кадро", да се фотографира.

5 Ново Село неколку векови не било споено со градот и долго време функционирало како „самостојна христијанска република" . Го имало апсолутниот примат во просветата и културата и во него живеело богато и угледно градско население. Всушност во градот единствено Варош маалото(на просторот околу градската црква и под Исарот) било населено со христијани и по бројност било многу помало.

6 Неделните,празнични или мисни училишта биле претходници на Читалиштата.

7 Национална Установа-Библиотека „Гоце Делчев" Штип, 2006,стр. 12.

8 Податоците ги дала Ленче Кирова Пуздерлиска, внука на Јордан, едниот од браќата сопственици на кино апаратурата.

9 Љ.Лапе, Избрани текстови за историјата на македонскиот народ, Скопје 1965, стр. 158.

10 „Иванко, убиецот на Асен I" од Васил Друмев издадена 1872 година.

Учесници во Операта "Паљачи"

настани во врска со комитската дејност, извесен период замреле театарските изведби, освен оние во училишните дворови во Штип и Ново Село, на празникот Св. Кирил и Методи (24 мај) и на Петровден (12 јули) кога се делеле свидетелствата за успехот на учениците. Преку содржината на овие приредби се популаризирале ослободителните и патриотските идеи.Многу живи беа сеќавањата на старите Новоселци дека на една ваква приредба во првите години од 20 век, во училишниот двор во Ново Село, била драматизирана познатата песна „Хаџи Димитар" од Христо Ботев што тие ја паметеа како „Жив е тој, жив е там на Балкана".

Постојат сеќавања од стари Штипјани , Петре Голов – Диндето и Петре Караѓозов, кои што ги запишал Атанас Николовски, тие ги пamетеле Гоце и Даме како нивни учители и организатори на ученички приредби пред родителите и граѓанството и дека многу години пред Хуриетот, во штипскиот театар гостувал познатиот драмски писател Војдан Чернодрински со својата театарска група. Репертоарот на претставите не ни е познат, претпоставка е дека можеби била изведувана и неговата „Македонска крвава свадба".[11] Но, со сигурност се знае дека во првите месеци од јулската револуција на младотурците, 1908 година, на „штипската сцена" неколку пати била репризирана драмата на Војдан Чернодриски „Македонска крвава свадба" макар со знатни цензурирни места, во кои за Турците биле употребувани поостри изрази. Главните улоги им биле доверени на учителите-Штипјани: Наунчо Османков,[12] Славко Манев, Јордан Ѓурков,[13] Димитар Нетков, Мише Пилатов, Јордан Чемков, Трајчо и Марика Станчови, а главната женска улога ја играла Мери Здравева, убавата и талентирана учителка, дојдена од Бугарија[14].

Постарите Штипјани, исто така со радост се сеќаваа за првите настапи на оркестарот на учителот Наунчо Османков 1905- 1906 год. Ова музичко друштво,во состав : покрај Наунчо, Славко Нетков,Александар-Санде Бабамов, Пане Гочето, Мише Иконмски, Пане Сарафов, Ѓошо Sиврев, Мане Витларов, Мане Чучков, Ване Бандето, Васил Гранката и Симон Пењушлија, не приредувало концерти само во Штип туку гостувале и во блиските градови. Така во еден напис во весникот „Отечество" се вели: „Ни соопштуваат од Штип дека музичкото друштво-оркестар од овој град, на 13 август 1909 година направил излет до градот Кочани каде дало два музички концерти. Првиот концерт бил посетен главно од воени и административни чиновници, а вториот од граѓаните со своите госпоѓи. Оркестарот оставил одличен впечаток. Граѓанинот Јордан Казабов му подарил на друштвото 7 турски лири, а комитетот „Итихад-тереки",една турска лира. Последниот ги пресретнал со одушевување, а Џезареизи одржал говор и ги поздравил штипските браќа со „добро дошле". Друштвото останало многу задоволно од добриот прием и им оставил такви впечатоци што кочанската младеж почнала да мисли за формирање

11 Атанас Николовски,„Културни дејности и Институции на Штип", НИП „ Трудбеник" Скопје 1964

12 Наум-Наунчо Османков покрај тоа што бил учител, бил голем талент за музика, 1905 година го формирал првото музичко друштво-оркестар

13 Учителот Јордан Ѓурков е автор една книга под наслов„Астибо"

14 Сеќавања на Славко Манев, еден од актерите во претставата, што ги запишал Тодор Маневиќ

на свој оркестар“[15]. Според сеќавањата на Коце Рибарче[16] таа година по Хуриетот, 1909, на приредбите во чест на Петровден биле присутни и високи турски чиновници од градот меѓу кои и градскиот воен командант Нађи бej. Со него покрај другите, како придружник аѓутант бил и младиот офицер Мустафа Ќемал, идниот творец, реформатор и водач на модерна Турција, Ататурк. Програмата наполно успеала, особено бил впечатлив настапот на познатиот штипски дует Шенка Муова и Пилосо Слеански. Има спомени дека во тоа време, 1910 година, во Штип гостувала и софиската театарска трупа „Смјах и с'лзи“[17].

Една година по тоа, 1911, турскиот режим повторно бил заострен од настаните кога „пукнала бумбата во Шардаванот“ и кога од таа ужасна експлозија чаршиската џамија во Шадрванот била урната до темел. Тоа предизвикало масовен колеж по штипскиот пазар, бидејќи било пазарен ден, во кој не биле поштедени и децата.

Од есента на следната 1912 година и летото 1913, Штип се преполнил со разно национални војски, учеснички во Балканските војни. Но и во тие бурни воени години кои негативно се одразиле на културен план,сепак се одржувала понекоја културна манифестација. Така во сеќавањата на некои од постарите штипјани се зачувани спомените за настапи на пеачки групи и хорови. Многу впечатливи биле настапите од 1913 и 1914 година на пеачката група со која раководел хороводителот Мирчиќ . Потоа музичката група на Коле Ќулумов кој во 1915 година веќе станал централна фигура на културните активности во Штип[18].

Пет месеци по крајот на Втората балканска војна 1913, со цел да го изучува јужнословенскиот мелос во Штип доаѓа чехот Карел Мор[19]. Веднаш бил назначен за наставник по музика и пеење во штипската прогимназија, отворена на 29 октомври 1913 година. Тој во Штип веднаш основал ученички хор, формирал аматерска театарска група и наоѓајќи меѓу градските младинци музички таленти, му предложил на директорот Лазар Трипковиќ и професорот Драган Илиќ да се изведе една од неговите оперети. Овој предлог бил одобрен и од инспекторот Алекса Станојевиќ. Во првата година од Првата светска војна Карел Мор ја реализирал својата идеја. Но и овој обид за организирање на забавен живот во Штип траел многу кратко. Во почетокот на ноември 1916 година српските власти го напуштиле Штип а бугарските ја затвориле прогимназијата во 1917 и 1918 година поради бројните австриски, германски и бугарски војски кои како резерва кантонирале во градот.

Во градот на Отиња и Брегалница 1914 година се појавува нешто што личи на театар, но само подвижни слики на бело платно, и без говор. Салата до Гранд Хотел, изградена да служи за театарски престави, ја закупил од црковно-школската општина, заедно со хотелот, хотелиерот Сава Тодоровиќ од Врнци и на сцената ја монтирал апаратурата за проектирање на филмови. Штипјани се наслаѓувале гледајќи ги првите филмски sвезди но само до крајот на октомври 1915 година, кога во еден двор од Исарското маало газда Саво кришум го закопал филмскиот апарат и моторчето со динамата за електрика за да не им падне в раце на бугарските власти.

Велат „кога оружјето зборува музите молчат“, така беше и во Штип. Културниот живот во Штип доживеал нов подем непосредно по Првата светска војна.Театарската дејност повторно започнала во летото 1919 година, шест месеци откако повторно била отворена прогимназијата, прогласена за полна Реална гимназија од учебната 1920/21 година, на чело со директорот Лазар Трипковиќ, кој две години потоа оди за директор на белградската реалка, и со старите наставници: Драгослав Илиќ наречен од учениците „Вепо“ поради неговиот изговор на зборот „лепо“, гласот л го изговарал како в, потоа наставничките Лецка и Полексија Јоксимовиќ, Ѓура Обрадовиќ, словенците Франце Графенауер и Жужек, руските бегалци Иван Феофилактов, Александар Лукијанов, грофот Вилковски и чехот Лојзе Соколовски[20].

15 „Отечество“-Солун бр.53 од 22.VIII.1909 година

16 Атанас николвски .....

17 Сеќавања на Славко Манев .....

18 Атанас Николовски .....

19 Карел Мор е роден 1873 година во чешкиот град Белохрад, композитор на две опери и неколку оперети,а некое време бил и диригент на прашката филхармонија, имал и своја оперска дружина, во Штип дошол со намера да го изучува јужнословенскиот мелос.

20 Лојзе Соколовски предавал музика и пеење во штипската гимназија, ја раководел соколската орга-


Štipsko Pevačko Društvo „Jedinstvo"

ШТИПСКО ПОЗОРИШТЕ

Гостовање у сали

ПРЕДСТАВА 1. РЕДОВНА

Štip 29 Kolovoza 1925 год.

ПРВИ ПУТ

ЦЕНЕ МЕСТА:

Почетак у 8 и по часова увече.

Плакатот во операта "Паљачи

Културно-уметничкиот живот во Штип започнал со голем интензитет во првата година по крајот на Првата светска војна, и претставува продолжение на традицијата започната уште од времето на учителите Димитар Павлов, Јосиф Ковачев, Александар Захариев а подоцна и Гоце Делчев и Дамјан Груев. Секоја недела предпладне во ресторанот „Ослободење", меѓу Шадрванот и главниот мост на реката Отиња, се организирале предавања и како и порано , по предавањата се развивала слободна дискусија околу темата, будно се следеле вестите за повоените настани во Кралството, развитокот на револуцијата во Русија, се поведувале и политички разговори[21]. Предавачи биле првите идни штипски студенти кои организирале и неколку музички концерти а биле приредувани и претстави на пиесите „Честитам" од Коста Трифковиќ, потоа „Лажа и паралажа" и „Белград некогаш и сега" од Јован Стерија Поповиќ. Пиесите ги режирал професорот Драган Илиќ - Веп. Набргу по концертите на првите штипски студенти, културно уметничкиот живот се збогатува со основањето на „Прво штипско пеачко здружение" под претседателство на музичкиот ентузијаст Синиша Јовичиќ родум од Ваљево. Хорот бил мешовит составен од 30 члена. По четири години пеачкото друштво на Драго Комарчиќ од Зајечар и хорот на Синиша Јовичиќ го формирале пеачкото друштво „Јединство", кое покрај сопствената концертна дејност се вклучило и во оперските изведби на штипскиот Повластен театар во1925-26година.

Еден од обновувачите на културно-уметничкиот живот во Штип, д-р Боро Пингов-Пингата, во своите сеќавања пишува: „Од јули до август организиравме три концерта и една театарска престава. Во музичкиот дел на концертите и пиесите, летото 1919 година учествуваме сите што требаше од септември да заминеме на студии: -јас, Тодор Нетков, Димитар Караџа, Бојан Санев Цифунката, Панче Настев, Панче Аџидимитрев, Петре Влашчето, Ристо Поп Ѓорѓичка, Славко Нетков, Илија Ќурчиски и кочанчанецот Петар Поп Јорданов[22], кој беше еден од најдобрите артисти на штипскиот театар"[23].

Преставник од нешто помладата генерација штипски студенти, д-р Глигорче Ќурчиски се сеќава: „Како ученици во вишите класови на гимназијата често приредувавме театарски престави под раководство на професорот Драгослав Илиќ. Ние често изведувавме драмски дела, а во нашата аматерска група сами се приклучуваа и талентирани младинци, занаетчии и трговски помошници, меѓу првите Митко Зајчето. Се сеќавам сум играл во „Лажа и паралажа", во „Ѓидо", „Покондирена тиква" и други драмски творби. Прво ние гимназистите учествувавме во изведбата а откако се оформи штипскиот театар имаше доста голем број на дилетанти од трговско-занаетчиските младинци, кои членуваа во

низација, го основал и раководел Музичкото училиште при штипскиот театар.

21 Во политичките разговори најчеста тема меѓу Штипјани биле Вилсоновите 14 точки за самоопределување на народите а поради секојдневното споменување на имињата на Ленин и Троцки, шумарскиот инжинер Страхил Санев – Дурудано го добил прекарот „Ленин" а аптекарот Васил Вошката за цел век го нарекле „Троцки". И тој бил истакнат член на првата театарска аматерска група по Првата светска војна.

22 Петар Поп Јорданов подоцна истакнат адвокат, е постар брат на трагично загинатиот медицинар Тодор Поп Јорданов.

23 Тодор Маневиќ, Културата и културните дејности во Штип меѓу двете светски војни, необјавен материјал.

Сергеј Михајлов

градскиот хор „Јединство“ раководен од Коле Ќулумо, Славко Нетков, Ристо Поп Ѓорѓичка и Мане Чучков, одлични музичари аматери и собирачи на народни песни од штипскиот крај. Јас од 1919 година пеев во гимназискиот хор, прв тенор и солист, а после учествував како Арлекино во операта „Паљачи“[24].

Благородна Бурева, првата македонска оперска примадона, потврдувајќи ги сеќавањата на д-р Пинга и д-р Глигорче Ќурчиски во своите спомени вели: „ Од самиот почеток меѓу првите аматери: Мане Чучков, Благој Монев, Никола Нетка, Киро Караџа, Тодор Поп Јорданов од Кочани, Тодор Мировски, Марика и Станка Зигови, Ленче Гочева, Невена Аџикимска, Невена Пенушлиска, Асенка Кошевалиска,Стојка Пецкова, Марика Кантарџиска, Роза и Васил Којзаклиски и други штипски младинци бев и јас, и тоа долги години. Последната наша претстава пред да биде формиран аматерскиот театар 1923 година, ја режираше матурантот Методија Попов од Берово, бидејќи Драгослав Илиќ-Вепо беше преместен во Гевгелија за директор на тамошната прогимназија. Методија беше голем ентузијаст. Меѓу првите пиеси беа „Ѓидо“ и „Зона Замфирова“, јас како Зоне а Мане Чучката како Мане кујунџијата“,.... На местото на Драгослав Илиќ 1923 год. дојде Душан Будимировиќ од Нови Сад. Тој со нас во април 1923 ја изведе Молиеровата комедија „Тврдица“ (Скржавецот), а во август истата година се основа Штипско театарско здружение под претседателство на адвокатот Сава Петровиќ, познат по својот поетски псевдоним „Арман Дивал“. Салата секогаш беше преполна, и за три години, додека Будимировиќ беше управник, дадовме во Штип и околните градови и села над 300 престави, но бевме млади и со голема љубов работевме, се разбира бесплатно....“[25] Професорот Душан Будимировиќ, првиот управник и организатор на аматерскиот театар во своите спомени за формирањето на аматерската театарска група во Штип што ги испратил во писмо 1958 година, по покана од штипскиот Народен театар вели: „Беше крајот на февруари 1923 година, кога со пајтон шибан од ветрови преку Овче Поле дојдов во Штип заедно со другите настинати патници. На sидовите пред Гранд хотел излепени, со рака напишани плакати со објава за изведување на Гогљевата комедија „Женидба“ во режија на матурантот Методија Попов....После два месеца, уште во април, ние ја игравме Молиеровата комедија „Граѓанинот благородник“/ неточно, тоа била комедијата „Скржавецот“ .... Меѓу артистите беше и Љупчо Арсов, тогаш ученик во VI клас / неточно, Љупчо никогаш не учествувал во изведбите а тогаш бил ученик во IIIклас.

Во весникот „Време“ од 1 мај, значи шест дена после премиерата изведена во штипскиот аматерски театар, објавена е една фотографија од „сцената со Луј XIV“, на која се препознаваат ликовите на Киро Караџа и неговата свита ,„дворски дами“ сестрите Марика и Станка Зигови, Ленчето Гочева и Тодор Поп Јорданов. Нешто подоцна, на 17 мај „Илустровани лист“ објавил една фотографија од III чин I призор на комедијата Скржавец, на која се препознаваат ликовите на Тодор Мировски, Блаже Монев, Никола Нетката, Методија Попов и Васил Вошката.

24 исто

25 Исто

Единствената просторија на штипската „сала“ која била во должина од 40-45 метри и ширина 15 метри завршувала со метар и пол крената сцена. Таму се проектирале филмови бидејќи хотелиерот Саво ја нашол закопаната апаратура во одлична состојба. Платното било поставено над влезот а од сцената механичарот Жак ја пуштал лентата, додека прочуениот мандолинист Тоде Симето ја приспособувал музиката за она што се прикажувало на екранот, најчесто молен од публиката да го свири валцерот „Туберкулозата“. Салата по барање на градежната управа од Штип, Сава Тодоровиќ генерално ја реновирал и во неа и понатаму продолжиле да се проектираат филмови и да се изведуваат театарски престави.

Имало и други забавно и спортско-гимнастички приредби: гостувале двапати Кубанските козаци, изведувајќи на рамништето зад старите касарни, џигитски атракции на своите коњи. Потоа одржал концерт и прочуениот хор „Донски козаци“, па студентскиот хор „Обилиќ“ од Белград чии член бил и Славко Нетков од Штип. Јуре Ткалчиќ, професор од загребскиот конзерваториум, виртуоз на виолина, доживеал овации од бројната штипска публика. Многу успешно гостување било петнаесетодневото гостување на скопскиот Народен театар, од 8 – 22 јуни 1923 година.[26] За овој настан белградска Политика објавила: „ Денес во Штип ќе пристигне скопскиот народен театар. Меѓу граѓанството владее голема заинтересираност. Репертоарот ветува убави наслади: Воображениот болен од Молиер, Ревизор од Гоголъ, Змија девојка од Чехов, Карлова тетка, Шокица и Коштана, во насловната улога Ана Дорјан и други. Билетите се купуваат како да е јамата“[27]. И навистина гостувањето на скопскиот театар бил голем поттик за штипските аматери па веќе на 22 август 1923 година започнала првата театарска сезона на штипскиот театар. Она што сакам да го кажам како сопствено видување е дека штипскиот театар во однос на другите театри во Македонија своите актери ги регрутирал од сопствените редови со многу мал процент на актери дојдени од страна.

Театарската дејност во Штип во периодот 1941-1944

Колку повеќе се ближеле бурните денови на Втората светска војна, толку повеќе културниот живот во Штип почнал да замира.Во време на воспоставување на бугарската администрација во 1941-1944 се правеле усилби за театарски живот но без успех. Биле доведени артисти од Бугарија да даваат приредби, но биле многу не квалитетни и населението не ги прифатило со кој знае каков интерес и симпатии. Единствено уметникот-војник, Анани Анев, артист од Софија успеал во првите месеци од административната власт на Бугарија, да собере еден дел од членовите на бившиот театар и други граѓани љубители на театарот, и со нив да ја подготви „битовата пиеса“ Неразделни од Иван Вазов, бугарска верзија на познатиот љубовен роман за Ромео и Јулија. Но на тоа застанало се, не се успеало возобновување на градскиот театар. Подоцна, група студенти и ученици од градот ја извеле македонската драма „Печалбари“ од Антон Панов, во режија на студентот Владимир Манев. Оваа престава имала и добротворна цел, целиот приход од преставата му даден на еден студент без родители за да може да ги продолжи студиите во Бугарија. Во 1943 година учениците од гимназијата ја одиграле комедијата „Големанов“ од бугарскиот комедиограф Ст.Костов. Делото било одлично подготвено и публиката многу убаво го примила. Во него учествувале: Блага Делибашова, Галба Џидрова, Дончо Арнаудов, Илија Пуздерлиев, Лазар Кескинов, Мијалче Коцев, Методи Николов, Ристо Џидров, Ристо Чепреганов, Светлана Чушкова, Станка Денкова, Тодор Трендафилов и др. Тоа бил целиот репертоар во тие години и обиди за обновување на Повластениот штипски театар немало.

26 „Политика“, 8 јуни 1923 година

27 Зборот„јама“ е карактеристичен за Штип,значи грабеж-разграбување, обично се користел во матните воени времиња кога во отсуство на административна власт, граѓаните просто разграбувале се што може да се земе од дуќаните и маазите и од напуштените домови и си носеле дома.

Ристе Стеафановски

ТЕАТАРСКИ ДЕНОВИ ЗА ПАМЕТЕЊЕ

1900 - 7 НОЕМВРИ

Праизведена е „Македонска крвава свадба“ (Софија, салон на „Славјанска беседа“) од Војдан Чернодрински,во изведба на кружокот на „Македонски зговор“. Режисер В. Ч., толкувачи на главните улоги С. Размова (Цвета) и В.Ч. (Спасе).

1900

Во почетокот на годината, Патувачкиот театар на Љуба Раичиќ-Чврга во Градскиот театар „Шубан и Ватан“ ја прикажал претставата „Коштана“ од Б. Станковиќ, а по тоа заради затоплување на зградата се префрлиле во хотелот „Турати“. Таму ги прикажале претставите „Ѓидо“ и „Ивкова слава“ и некои едночинки.

1900

Во декември во Софија е објавена драмата „Македонска крвава свадба“ (трагедија во 5 дејствија на македонски говор) од Војдан Чернодрински.

1903 - 3 ФЕВРУАРИ

Организирана театарска претстава пред борците на комитска чета и овчари на Сетинска планина. Претставата била прикажа во овчарска колиба, а исполнети биле борците Абдураман, Кице и Дине Кљусев.

1904 - 29 АПРИЛ

Списанието „Бранково коло“ го објавила написот на А. Гавриловиќ со наслов „Пред четвртата книжевност“ во кое, покрај другото, пишува: „... Зимоска, во Белград и уште некои други градови во Кралството Србија, гостуваше македонската театарска група под водство на Чернодрински. Таа, на македонски јазик, прикажа оригинални македонски драми. Кратко речено, бевме исправени пред обид на нова духовна култура, литература и уметност - македонска. Не треба да се залажуваме. Она што го прикажа Чернодрински не беше жаргон... самата појава на неговата македонска продукција, говори дека стоиме пред зачетоците на нова, четврта, литература на словенскиот југ. А ние на тоа му ракоплескаме...“.

1906.

Махмут Шефкет паша, скопски валија, ја изградил првата театарска зграда во Скопје.

1908 - 13-24 СЕПТЕМВРИ

Народниот театар од Софија гостува во Битола и Прилеп со претставите „Мадам Сан Жен“ од В. Сарду, „Доходно место“ од Островски, „Севилскиот берберин“ од Бомарше и „Дамата со камелии“ од А. Дима - Синот.

1908 - 3 ЈАНУАРИ

Во манастирот Св. Јован Бигорски, аматери-галичани прикажале театарска претстава во два чина од печалбарскиот живот. Претставата ја подготвил учителот Љутфиев, а артистите говореле на македонски јазик.

1909 - 28 СЕПТЕМВРИ

Во салонот на „Конституциониот клуб“ во Битола, театарот на Војдан Чернодрински ги прикажал претставите „Фамилијата на престапникот“ од Џакомети и „Жетвата“ („Македонска крвава свадба“).

1909 - 25-27 ОКТОМВРИ

Народно позориште од Белград, гостува во Скопје со претставите „Коштана“ од Б. Станковиќ, „Задужбина“ од М. Шапчанин, „Љубовно писмо“ од К. Трифковиќ, „Смешни прециози“ од Молиер и „Ѓидо“ од Ј. Весеиновиќ.

1913 - 1 ОКТОМВРИ

Основан прв професионален театар (народно позориште) во Скопје. Управител Бранислав Нушиќ, прва претстава „Крунисувањето на Душан“. Прикажана е на 9 јануари 1914. Подоцна е формиран театар во Битола.

1914 - 3 ФЕВРУАРИ

Пожар го претворил Турскиот театар во Скопје во прав и пепел.

1918 - ОКТОМВРИ

Непосредно по пробивањето на Солунскиот фронт, т.н. Воен театар со дејност во Солун, Воден и на фронтот, предводен од директорот Михајло Лазиќ, во Битола започнало со работа “Градско позориште у Битољу“.

1919 - 27 ЈАНУАРИ

Со претставата „Хеј Словени“ од Р. Одавиќ прикажана во ресторанот „Зрински“ по втор пат е отворено Народното позориште во Скопје на чело со Бранислав Нушиќ.

1919 - 19 ЈУНИ

Во Скопје е изградена „аренатa“ или „дрвената куќа“, а во неа театарот започнал со работа на 16 октомври 1919 година.

1923 - 16 АВГУСТ

Со акт на Великиот жупан бр. 8323 во Штип е основано „Штипско театарско друштво“. Театарот активно работи до 1927 година. Директор и главен режисер на театарот е Душан Будимировиќ. Изведувани се: „Венецијанскиот трговец“ и „Хамлет“ од Шекспир, „Царството на мракот“ од Толстој, „Сирано де Бержерак“ од Ростан, „Ревизор“ од Гоголь, „Македонка“ од Д. Будимировиќ и Славко Нетков и др.

1923 - 16 АВГУСТ

Со кат бр.8423 е основано „Штипско театарско друштво“ напредно по првото гостување на „Скопското народно позориште“ (јули 193 год.). За управител и главен режисер бил назначен Душан Будимировиќ, драматург и наставник во артистичката школа Ѓорѓе Обрадовиќ, секретар Миленко Батистиќ, благајник Михајло Пенушлиски, Кирил Караџиќ - технички раководител и сценограф, инспициент Глигорие Марковиќ, суфлер Љубомир Тасевиќ, членки-артисти Благородна Бурова, Даница Будимировиќ, Елена Парнаџиева, Олга Батистиќ, Роза Казаклиева. Членови: Божо Митровиќ, Васил Козаклиев, Глигорие Ќурчиќ, Глигорие Марковиќ, Иво Суиќ, Љубомир Тасевски, Миленко Батистиќ, Раде Трниниќ, Кирило Караџиќ.

1923

На 2 септември премиерно е прикажана „Македонка“ од Душан Будимировиќ и Славко Нетков. Народна со пеење во три чина. Напишано на македонски јазик а во изведба на театарот во Штип. Насловната улога ја толкува Благородна Бурева.

1925 - 29 АВГУСТ

Премиерно, за прв пат во Македонија е изведена операта „Палјачи“, режија Душан Будимировиќ, диригент Сергеј Михајлов, настапиле: Андрија Шчербаков, Благородна Бурева, Славко Нетков, Ристо Ѓорѓичков, Глигорије Ќурќиќ.

1926 - 6 МАРТ

Во Штипскиот театар е прикажана детската опера „Ружица“ („Трнорушка“) композитор Сергие Михајлов, а ја извеле учениците од гимназијата во третиот чин имала и балет во кореографија на Даница Будимировиќ.

1927 - 26-28 ОКТОМВРИ

Пуштена е во употреба новата зграда на Народното позориште во Скопје со премиерните

претстави: „Старо Скопје“ од П. Илиќ, „Господин од Пурсоњак“ од Молиер, „Пламен“ од А. Кистмекер. Театарот добил ново име: „Скопско народно позориште Краља Александра I“.

1928 - 16 ЈУНИ

Во „Народното позориште Краљ Александар I“ премиерно е изведена пиесата „Бежанка“ („Ленче Кумановче“) од Васил Иљоски, режија Јосип Срдановиќ, музика Стефан М. Шијачки на македонски јазик.

1931

Петре Прличко формирал „Државен повластен вардарски театар Боем“. Членови на трупата биле: Трајко Чоревски, Благоја Црвенков, Предраг и Блашка Дишленковиќ и други. Биле прикажувани пиесите: „Воскресение“ од Толстој, „На запад ништо ново“ од Ремарк, „Македонска крвава свадба“, „Печалбари“, „Антица“ и други. Во театарот гостувале Добрица Милутиновиќ, Раша Плаовиќ, Нада Урбанова...

1933

На 18 и 19 ноември 1933 година, гевгелиските аматери гостувале во Солун во организацијата на Југословенскиот клуб. Првата вечер ја прикажале претставата „Пороен дожд“ од Пецијо, а другата вечер „Зулејка“ од М. Димиќ. На 26 октомври 1935 год. по трет пат гостувале во Солун и со успех ги прикажале претставите „Коштана“од Б. Станковиќ, и „Белград некогаш и сега“. Второто гостување е во текот на 1934 г. со „Сомнително лице“ и „Печалбари“. Групата го добила и името „Повластено дилетантско позориште“, од неговото основање со него раководел Сава Павловиќ.

1936 - 3 МАРТ

Во Скопското позориште премиерно е прикажана пиесата „Печалбари“ од Антон Панов, режија Јосиф Срдановиќ, музика Стефан М. Шијачки, на македонски јазик.

1937 - 27 АПРИЛ

Во Скопското позориште премиерно е прикажана пиесата „Нагазио човек“ („Чорбаџи Теодос“) од Васил Иљоски, режија Јосиф Срдановиќ, музика Стефан Шијачки, на македонски јазик.

1937 - 12 ОКТОМВРИ

Во Скопското позориште, премиерно е прикажана пиесата „Заточеници“ од Анѓелко Крстиќ, режија Јосиф Срдановиќ.

1938 - 27 декември

Во Скопското позориште премиерно е прикажана пиесата на „Новац је убиство“ („Парите се отепувачка“) од Ристо Крле, режија Јосиф Срдановиќ, музика Стефан Шијачки, на македонски јазик.

1933 -1939

По Првата светска војна Димче Трајковиќ организирал своја театарска трупа. Својот „Скопски мал театар“ го создал 1933 година. Во него членувале Тодорче Николовски, Петре Прличко, Трајко Чоревски и други. Ги прикажувале пиесите: „Печалбари“, „Рудари“, „На синџирот“ и други.

1940 - 2 ЈАНУАРИ

Во Скопското позориште премиерно е прикажана пиесата „Антица“ од Ристо Крле, режија Јосиф Срдановиќ, сценографија Никола Мартиновски, музика Стефан Шијачки на македонски јазик.

1940 - 15 ОКТОМВРИ

Во Скопското позориште, премиерно е прикажана пиесата „Милион мученика“ („Милион маченици“) од Ристо Крле, режија Јосиф Срдановиќ, музика Стефан Шијачки, на македонски јазик.

1941 - 1 ЈУЛИ

Во Скопје е формиран „Народен театар - Скопје“ со царски указ бр. 1697 за директор е назначен Стоил Стоилов. Првата претстава на бугарски јазик „Борислав“ од Иван Вазов, режија Стоил Стоилов.

1943 - 17 СЕПТЕМВРИ

Со наредба од Министерството за просвета е основан „Областен театар Битола“, директор бил Живко Оџаков.

1944 - 27 ЈУЛИ

Владо Малески на Караорман формирал културно-уметничка екипа „Кочо Рацин". Во неа членувале: Лазе и Миро Најдовски, Ментеш Нехмијас, Боро Ацевски-Пашата, Благоја Поповски и Ристо Лазовски-Гиче.

1944 - НОЕМВРИ

АГИТПРОП при Главниот штаб на НОБ го основал раководното јадро на МНТ. Тогаш за директор на МНТ беше поставен Димитар Ќостаров, а за секретар-драматург Илија Милчин. Тогаш е основана и првата партиска ќелија со секретар Миро Најдовски, Димитар Ќостаров, Илија Милчин, Василије Поповиќ-Цицо, Мирко Стефановски и Аспарух Димковски.

1944 - 7 НОЕМВРИ

Во Битола артистичката група „Коста Рацин" приредила за граѓаните театарска претстава („Балада за гвардиското знаме"). Во септември 1946 година, Министерството за просвета дотогашната театарска група ја преименувала во Народен театар со седиште во Битола.

1945 - 3 АПРИЛ

Прва претстава во Македонскиот народен театар „Платон Кречет" од Александар Корнејчук, превод Блаже Конески, режија Димитар Ќостаров, сценограф Тома Владимирски, настапиле: Тодор Николовски, Драга Арсенска, Деса Прличкова, Димче Трајковски, Вера Вучкова, Крум Стојанов, Тодорка Кондова, Благоја Црвенков, Мирко Стефановски, Владимир Гашевски, Петре Прличко, Тома Киров, Александар Маркус, Трајко Чоревски, Тома Гогоски, Лена Тешанова, Славица Тодорова и други. Македонскиот народен театар официјално со решение на Президиумот на АСНОМ бр. 581/45 е основан на 31 јануари 1945 година.

1945 - 16 АВГУСТ

Премиерно прикажана „Чорбаџи Теодос" од Васил Иљоски, прва македонска пиеса, режисер Тодор Николовски и Петре Прличко, сценограф Тома Владимирски, музичко оформување Трајко Прокопиев.

1945 - 25 ЈУНИ-5 АВГУСТ

Народниот театар од Скопје оди на својата прва турнеја по Македонија со претставите: „Платон Кречет", „Народен пратеник" и „Татков дом".

1945 - 16 ОКТОМВРИ

Прв Молиер на македонска сцена, одржана премиерата на „Тартиф" во режија на Димитар Ќостаров во МНТ.

1945 - 31 ДЕКЕМВРИ

За прв пат од Министерството за просвета се доделени парични награди и тоа за: Димитар Ќостаров (5.000 дин.), Петре Прличко (2.500 дин.), и Тодор Николовски (2.500 дин.).

1946 - 21 АПРИЛ

Прва премиера на куклената секција при МНТ „Силјан Штркот" драматизација на Петре Прличко по текстови на Марко Цепенков, куклите ги подготви и режираше Светлана Малахова.

1946 - 28-31 МАЈ

Македонскиот народен театар за прв пат гостува во Белград каде во салонот на Народното позориште ги прикажал претставите: „Татков дом", „Прикаска за правдата" и „Чорбаџи Теодос".

1946 - ЈУНИ

Македонски народен театар заминува на двонеделна турнеја по Пиринска Македонија каде во Свети Врач, Разлог, Јакаруда, Неврокоп, Банско и Горна Џумаја ги прикажа „Чорбаџи Теодос" од Васил Иљоски и „Тартиф" од Молиер.

1946 - 30 ЈУНИ ДО 6 ЈУЛИ

Театарот заминал на седмодневна турнеја во Софија каде ги прикажала „Чорбаџи Теодос", „Татков дом", „Прикаска за правдата" и „Сомнително лице". Димитар Ќостаров бил одликуван со Орден на граѓански заслуги од IV степен, а артистите Тодорка Кондова, Петре Прличко, Тодор Николовски, Крум Стојанов и Илија Милчин со Орден на граѓански заслуги од V степен.

1946 - 1 ОКТОМВРИ

,Прва праизведба на македонски јазик на претставата „За родниот кат" од Венко Марков-

ски, режисер Петре Прличко, сценограф Томе Владимирски.

1946 - 17 ДЕКЕМВРИ

Прв Островски на македонска сцена. Одржана премиера на пиесата „На секој мадрец може да му се случи", режија Димитар Ќостаров на сцената на МНТ.

1947 - 9 МАЈ

Изведена премиерата на „Кавалерија Рустикана" од Пјетро Маскањи, диригент Тодор Скаловски, режија Бранко Поморишац, хормајстор Петре Богданов Кочко, инспициент Стефан Гајдов, суфлер Живко Фирфов, настапиле: Данка Фирфова, Елисавета Савченко, Петре Богданов-Кочко, Васил Ќортошев, Милка Гушевска, Стефан Русјаков и Ганка Атанасова.

1947 - 17 СЕПТЕМВРИ

Основана од Министерството за просвета (Уредба на Владата на НРМ бр. 7567 од 17. 09.1947) Државната театарска школа.

1947 - 7 НОЕМВРИ

Отворен Обласниот македонски народен театар во Горна Џумаја (Благоевград) со премиерната изведба на „Печалбари" од Антон Панов, режија Илија Милчин (истовремено и уметнички директор) и Крум Стојанов. Во две улоги настапија Петре Прличко и Тодор Николовски. Театарот работеше само една година и ги прикажа претставите: „Негде во Москва" од Мас и Червински; „Народен пратеник" од Бранислав Нушиќ и „Малограѓани" од Горки.

1948 - 9 МАРТ

Прв Гоголъ на Македонската сцена. Одржана премиера на „Женидба", режија Димитар Ќостаров на сцената на МНТ.

1948 - 1 НОЕМВРИ

Со Уредба на Министерството за просвета во Македонскиот народен театар се формира Опера на 1 јануари 1958 год. Хорот на Радио Скопје целосно преминува во Операта, а Симфонискиот оркестар станува оперски оркестар. Новоформираниот оперски ансамбл на 17 февруари премиерно ја изведе „Палјачи" од Руџеро Леонкавало, диригент Тодор Скаловски, режисер Хинко Лесковшек, превод Петре Богданов-Кочко и Владо Малески, сценограф Василије Поповиќ-Цицо, корепетитор Ладислав Палфи, изведувачи: Фанка Икономова, Петре Богданов-Кочко, Јован Стефановиќ Курсула, Стефан Русјаков и Томче Грнчаровски. За прв директор на Операта е назначен Тодор Скаловски (1.11.1947).

1948 - 29 НОЕМВРИ

Прв Верди на македонската оперска сцена „Травијата", либрето Франческа Марија Пјаве според „Дамата со камелии" од Александар Дима-синот, превод Венко Марковски, диригент Тодор Скаловски, режија Илија Џувалековски, настапиле: Зина Креља (Травијата), Томче Грнчаровски (Алфред Жермон), Јован Стефановиќ-Курсула (Жорж Жермон).

1949 - 27 ЈАНУАРИ

Беше изведен балетот „Валпургиска ноќ" од операта „Фауст" на Шарл Гуно во кореографија на Ѓорѓи Македонски, диригент Трајко Прокопиев, сценограф Василије Поповиќ-Цицо, костимограф Милица Бабиќ-Јовановиќ. Пред овој настан балетска група во кореографија на Ѓорѓи Македонски настапи во операта „Травијата".

1949 - 30 ДЕКЕМВРИ

Прв пат прикажан целовечерен балет „Бахчисарајска фонтана" од Борис Асафјев, кореограф Ѓорѓи Македонски, диригент Кирил Спировски, сценограф Василије Поповиќ-Цицо и Тома Владимирски, костимограф Милица Бабиќ, корепетитор Јуриј Тростјански. Асистент на кореографот Анализе Асман.

1950

На 17 мај умре Војдан Ченродрински (Селце, Дебарско, 12 јуни 1875 год.), писател и театарски уметник, основоположник на македонското драмско творештво и театар. Поради османлискиот терор, семејството му емигрирало во Софија. Учествувал во формирањето на кружокот „Македонски зговор" (1894), а подоцна ја организирал Македонска драмска група „Скрб и утеха" (1901) и со неа гостувал низ Бугарија, Македонија и Белград (10, 12, 13 и 14.12.1903). Автор е на драмите „Македонска крвава свадба"

(1900). „Од глаата си патиме“ (1901), „Робот и агата“ (1902) и други.

1951 - 11 ОКТОМВРИ

Праизведена драмата „Гоце“ (драма во 4 чина и 8 слики) во режија на Димитар Ќостаров и Тодор Николовски на сцената на МНТ.

1953 - 21 ЈУНИ

Прв македонски балет „Македонска повест“ од Глигор Смокварски, кореограф и режисер Димитрие Парлиќ, диригент Киро Спировски.

1953 - 24 СЕПТЕМВРИ

Праизведба на „Македонска крвава свадба“ од Војдан Чернодрински на Македонска сцена, преработка Венко Марковски и Петре Прличко, режија Димитар Ќостаров на сцената на МНТ.

1953 - 23 ДЕКЕМВРИ

На сцената на Народен театар Битола праизведена пиесата „Кузман Капидан“ од Васил Иљоски, режија Димче Стефановски.

1954 - 29 АПРИЛ

Прво „Отело“ на Македонска сцена, превод Блаже Конески, режија Димитар Ќостаров, настапиле: Илија Џувалековски (Отело), Илија Милчин (Јаго), Марија Бошкова и Добрила Пуцкова (Дездемона), на сцената на МНТ.

1954 - 24 МАЈ

На оперската сцена во МНТ праизведена првата македонска опера „Гоце“ од Кирил Македонски, по либрето на Венко Марковски, диригент Тодор Скаловски, режија Петре Прличко.

1957 - 11 ДЕКЕМВРИ

Првата македонска драма на театарска сцена во Словенија во Окрајно гледалишче - Птуј изведена е „Вејка на ветрот“ од Коле Чашуле, превод Е. Фрелих, режија Мирко Стефановски.

1958 - 1 ОКТОМВРИ

Прва македонска драма во Белград, СФР Југославија, „Вејка на ветрот“ од Коле Чашуле, режија Миња Дедиќ.

1959 - 11 ОКТОМВРИ

Прв Плаут на македонска сцена во Народниот театар Битола премиерно прикажана пиесата „Војникот фалбаџија“, превод и режија Димитрие Османли.

1960 - 19 АПРИЛ

Прв Чехов на македонска сцена, во МНТ прикажана пиесата „Галеб“, режија Димитар Ќостаров.

1960 - 29 ДЕКЕМВРИ

На сцената на МНТ праизведена пиесата „Црнила“ од Коле Чашуле, режија Илија Милчин.

1961 - 26 ДЕКЕМВРИ

На сцената на МНТ праизведена пиесата „Парадоксот на Диоген“ од Томе Арсовски, режија Вукан Диневски.

1963 - 9 ЈУНИ

Прва македонска драма во Полска-Катовице во театарот „Виспјањски“ изведена е „Црнила“ од Коле Чашуле, превод Петре Наковски, режија Љубиша Георгиевски.

1966 - 15 МАЈ

Прв „Хамлет“ на македонска сцена, во Народниот театар Битола, превод Ацо Шопов, режија Љубиша Георгиевски, (Хамлет) Ацо Стефановски.

1966 - 14 ДЕКЕМВРИ

За прв пат античка драма на македонска сцена. Во Драмски театар изведена „Тројанки“ од Еврипид, адаптација на Ж. П. Сартр, превод Ѓорѓи Сталев, режија Љубиша Георгиевски.

1967 - 2 СЕПТЕМВРИ

На сцената на Народниот театар во Скопје, премиерно прикажана „Антигона“ од Софокле, превод Ѓорѓи Сталев, режија Илија Милчин.

1968 - 13 ОКТОМВРИ

На сцената на Драмски театар Скопје премиерно прикажана „Лиситрата“ од Аристофан, превод Ѓорѓи Сталев, режија Димитар Христов.

1969 - 14 ОКТОМВРИ

На сцената на Драмски театар - Скопје за прв пат изведена „Магбет“ од Шекспир, превод Богомил Ѓузел, режија Гарет Морган, Кирил Ќортошев (Магбет), Милица Стојанова (Леди Магбет).

1971 - 25 ДЕКЕМВРИ

На сцената на МНТ праизведена пиесата „Под пирамидата“ од Бранко Пендовски, режија Илија Милчин.

1972 - 5 ФЕВРУАРИ

На сцената на Драмски театар Скопје праизведена пиесата „Свадба“ од Васил Иљоски, режија Димитрие Османли.

1973 - 27 ДЕКЕМВРИ

На сцената на МНТ праизведена пиесата „Ѕидот, водата“ според романот на Живко Чинго, режија Бранко Ставрев.

1974 - 12 ЈУНИ

Прв Пиранделo на македонска сцена во Драмски театар Скопје изведена пиесата „Хенрих IV, превод Атанас Вангелов, режија Виолета Џолева.

1974 - 26 ДЕКЕМВРИ

На сцената на Драмски театар-Скопје, праизведена пиесата „Јане Задрогаз“ од Горан Стефановски, режија Слободан Унковски.

1976 - 12 ЈУЛИ

На Самоиловата тврдина во Охрид премиерно е изведена пиесата „Цар Едип“ од Софокле, превод Ѓорѓи Сталев, режија Миле Корун.

1976 - 27 НОЕМВРИ

Прв Бекет на македонска сцена во Драмски театар Скопје премиера на „Среќни денови“, режија Борко Зафировски.

1979 - 20 ЈУНИ

На сцената на Драмски театар Скопје праизведена пиесата „Солунски патрдии“ од Миле Попоски, режија Коле Ангеловски.

1979 - 29 ДЕКЕМВРИ

На сцената на Драмски театар Скопје праизведена пиесата „Диво месо“ од Горан Стефановски, режија Слободан Унковски.

1982 - 28 ЈАНУАРИ

На сцената на Драмски театар Скопје праизведена пиесата „Еригон“ од Јордан Плевнеш, режија Љубиша Георгиевски.

1986 - 10 ФЕВРУАРИ

„Звездара театар“ - Белград, Србија, премиерно е изведена „Тетовирани души“ од Горан Стефановски, режија Слободан Унковски.

1987 - 20 МАРТ

Прва македонска драма на театарска сцена во Москва (СССР) во театарот „Московскиј драматически театар на Малој Броној“ прикажана е „Тетовирани души“ од Горан Стефановски, превод Наталија Вагапова, режија Слободан Унковски.

1988 - 10 ФЕВРУАРИ

На сцената на МНТ праизведена „Црна дупка“ од Горан Стефановски, режија Паоло Маџели.

1990 - 24 МАЈ

Прва македонска драма во Ташкент - Узбекистан, изведена е „Црна дупка“ од Горан Стефановски, режија Бранко Брезовац.

1991 - 17 МАЈ

Прва македонска драма на театарска сцена во Париз - Франција во Teatre de rive и Teatre de Shalands изведена е „Еригон“ од Јордан Плевнеш, режија Патрик Вершхуерен.

1992 - 24 ОКТОМВРИ

Прва македонска драма на театарска сцена во Софија во Народен театар „Иван Вазов“ - Национален дворец на културата, изведена е „Р“ од Јордан Плевнеш, превод Ганчо Савов, режија, декор и музичко оформување Љубиша Георгиевски.

Весникот „Зорица“ од 21 август 1894 год. Група ученици од Ресен, по повод осветувањето на месната црква, имаа решено за гостите да дадат претстава. Со таа претстава тие сакаа да им прикажат на присутните сцени од секојдневниот живот на народот, за работи што лошо се одразуваа врз него самиот. За изборот и подредувањето на такви сцени се имаше зафатено еден учител. Изборот беше многу успешен. Имаше избрано такви сцени, што најмногу се среќаваа во животот на луѓето. Зедоа случај од ресенскиот живот и прикажаа на сцената картации кои се среќаваат секој ден. Го искористија случајот дека ресенчани одат за градинари во Цариград и зедоа за пример еден таков градинар кој, откако се оженил, заминал во Цариград. Живеел таму многу години и се вљубил во една друга мома. Домашните ги заборавил. Се јавува за помош еден „паталец“ кој го разубедил момчето од втората љубов и го принуди да се врати дома. Драмата беше напишана во стихови. Актерите, иако прв пат учествуваа во претставата, ролјите ги одиграа мошне добро и публиката беше задоволна...“.

Наоден театар „Ј. Х.К. - Џинот“ Велес, започнал со работа во јуни 1948 година како градски околиски Народен театар. Укинат на 30 јануари 1967 година. Повторно отворен како професионален театар на 9 мај 1986 година, под име Народен театар „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“.

Околиски народен театар Гевгелија. Започна со работа на 5 јуни 1951 година. Укинат на 1 јули 1952 година. За директор на театарот бил назначен Душко Данаиловски.

Народен театар Кочани. Започна со работа кон крајот на 1949 година. Укинат во јули 1959 година. Директор и режисер бил Борис Стојчев.

Народен театар Куманово. Започнал со работа на 1 јануари 1948 година. Укинат на 30 јуни 1954 година. Повторно отворен на 28 март 1962 година. Укинат во 1989 и пак отворен на 8 мај 1990 година.

Градски народен театар Охрид започна со работа 1 јануари 1949 година. Укинат на 1 мај 1954 година. Директор и режисер Ѓоре Боче.

НТ „Војдан Чернодрински“ Прилеп. Започна со работа на 18 февруари 1950 година. директор Рампо Конески.

Драмски театар Скопје. Започна со работа како куклена секција при МНТ на 21 април 1946 год. Во 1949 година го добива името Градски куклен театар. Од 10 јануари 1958 година Младинско-детски театар. Од есента 1964 година Драмски младински детски театар, а во 1967 година го добива името Драмски театар Скопје.

Театар за деца и младинци започна со работа на 25 март 1990 година. Во свој театар се всели на 6 февруари 1998 година. Директор Љубомир Чадиковски.

Театар на народности Скопје. Започна со работа во декември 1950 година со две групи Албанска и Турска. Подоцна, во 2004 година се пререгистрира и од него произлегоа два одделни ентитета. Турски театар и Албански театар. Подоцна се поделија во Албански и Турски театар. Прв директор Абдуш Хусеин.

НТ „Антон Панов“ Струмица. Започна со работа на 1 мај 1979 година. Прв директор Стојче Боев. Новата зграда во употреба е дадена од мај 1986 година.

Градски НТ Тетово. Започна со работа во август 1950 година. Укинат во 1954 год. Прв директор Панче Николиќ.

НТ Штип започна со работа како Областен театар на 10 октомври 1949 год. Прв директор Методи Зенделски.

Зимата 1899/1900 година, група професори на Битолската женска гимназија ја припремиле претставата „Егмонт“ од Гете. Во главната улога настапил Тале Христов. Во пиесата се расправа за борбата на Холанѓаните против ропството, наметнато од шпанскиот суверен Филип II. Во лицето на Холанѓаните се препознаваат Македонците, а во лицето на Шпанците - Османлиите. Во ликот на Егмонт публиката имала можност да го препознаат својот безимен Егмонт или Гарибалди да го насетат патот што води кон слободата.

12 февруари 1883 година романската гимназија во Битола ја прикажала претставата „Беспарица“ (превод од делото на Тургењев) и „Цилиндар“ од Станчев. Актери биле учителите.

25 декември 1879 година во Велес била прикажана претставата „Пропаднатиот трговец“ или „Смртна жртва“ од К. С. Пишурката. Во текот на 1875 година била прикажана и втората претстава „Геновева“ од Кристоф Шмид. Улогите ги толкувале учителите (Д. П. Босилков (Хунс), Д. Каранфилов (Гроф) и учителката Тана Коларова (Геновева). Настапот на Коларова е од посебно значење во развојот на Театарот во Македонија бидејќи тоа е прва жена во Македонија која настапила на театарска сцена. Датумот 12 февраури 1874 година иако не ја имале поранешната дејност на Јордан Хаџи Константинов-Џинот во предвид е до сега најстар датум на одржана театарска претстава.

3 јануари 1903 година, во манастирот „Св. Јован Бигорски“, на прв ден на Божик била одржана претстава напишана од јероѓаконот Иван Христов. Како актери во изведувањето на претставата настапиле Харитон, Никола, Софроний, Галичанецот Љутфијев (кој ја играл Лујза) и Марко Плешката. Во пиесата се расправало за необичните перипетии на галичанецот кој се враќал од печалба.

По иницијатива на учителот Атанас Бадев и неколку други учители бил основан Оштински театар во Прилеп кој првата претстава ја прикажал на 20 октомври 1887 год. „По неволја доктор“ од Молиер. Потоа следувале „Рајна кнегиња“ од Добри Вујниов (12 декември 1887 год.). Првите претстави се одржувале во салонот на Женското училиште. По 25 години континуирана дејност Општинскиот театар во Прилеп престанал да работи со почетокот на Првата балканска војна.

Првото гостување на бугарскиот Народен театар под име „Солза и смев“ гостувала во Македонија. На 24 септември 1898 год. во Солун, во театарот „Одеон“ ја прикажала пиесата „Двете сирачиња од Д. Енери и Карман, во режија на Родул Конели. На 26 септември во театарот „Јупитер“ ја прикажале „Студентска фантазија“ од Карл Лафус. На 30 септември „Двете сирачиња“, а на 1 октомври „Студентска фантазија“ биле прикажани во Велес во училиштето „Св. Кирил и Методија“. Двете претстави биле прикажани и во Скопје, на 5 и 6 октомври. Претставите биле прикажани во Градската кафеана „Белидија“. Во 1899 година Скопје имало 35.000 жители. Во градот имало руски, австриски, српски, грчки и бугарски конзули, а се очекувал и англискиот конзул.

Македонскиот театарски фестивал се одржувал еднаш во годината од 1965 година. Во конкуренција учествуваат селектирани претстави од професионални театри. На фестивалот се наградуваат најдобрите претстави и индивидуални остварувања.

Фестивалот на Камерниот театар „Ристо Шишков“ Струмица, започнал со прикажување на претстави 1993 година. Фестивалот доделува една награда за актерско остварување „Златен медаљон“ со ликот на актерот Ристо Шишков (1940-1986).

Официјалниот почеток на Фестивалот „Охридско лето“ означен со дополнение 4 август 1961 година. На 5 март 1964 година со акт на НО на Општината Охрид, конституирана е Дирекција на фестивалот „Охридско лето“. За прв директор е назначен Миле Волкановски.

Од 26 јули до 10 август 2002 година се одржа првиот Интернационален фестивал на Античката драма Стоби со учество на ансамбли од Украина, Грузија, Бугарија, како и со театрите на Велес и Битола.

Лорета Георгиева

ПРОМОЦИЈА НА МОНОГРАФИЈАТА "ТУРСКИ ТЕАТАР"

Почитувани присутни, дами и господа

Ми причинува особена чест и задоволство што сум дел од чествувањето на значајниот јубилеј - 60 години од постоењето на Турскиот театар во Република Македонија. Јубилеј со кој ретко која институција кај нас може да се пофали, а што само по себе говори дека Турскиот театар е вграден во темелите на македонската современа култура. Задоволството е двојно со фактот дека имам пријатна должност да ја промовирам импозантната монографија насловена како „60 години Турски театар" од авторот Ристо Стефановски, составена од неколку важни поглавја: „Основање и историјат на националната установа Турски театар - Скопје", "Турските театри и медиумите на турски јазик во Макдонија", автор на поглавјето е Џанан Али, потоа деловите „Играни претстави", „Фестивали и гостувања", „Биографии" и „Фотографии од претставите".

И покрај тоа што упорноста и минуциозноста на фактографското истражување на Ристо Стефановски ми се добро познати, секоја средба со неговите текстови успева да ме изненади и на некој начин да ме зачуди. Обично се прашувам од каде се му се податоците, како успева да дојде до нив и покрај тоа што знам дека неговиот дом е претворен во архив на театарскиот живот поврзан со Македонија. Но, она што секојпат одново ме изненадува е фактот дека секогаш, без исклучок, тие факти така се презентирани што ме поттикнуваат на размислување и создаваат своевидна приказна. Така е и овој пат, па дозволете ми, да Ви ја раскажам.

Во на самиот почеток од монографијата е дадена констатацијата: „Напоредно со навлегувањето на народните театарски форми, како што се Караѓоз и други, во средината на 19 век во Турската Империја длабоко навлегле влијанијата на европската културна традиција и театар." Овие напори на турската интелигенција за, како што вели авторот Стефановски, „фаќање чекор со современиот европски, пред се француски театар" од културниот центар - Истанбул, се прошируваат и во другите краишта, па и во Македонија, а тоа ја посочува потребата од изградба на театарска зграда во Скопје. Задоволувањето на оваа потреба авторот ја врзува со името Махмуд Шефкет-паша, скопскиот валија, кој го изградил мостот на Вардар и првата театарска зграда во Скопје во 1906, на местото на старата зграда на МНТ. Зградата имала гледалиште во правоаголна форма со галерија и голем капацитет, сцена, рамен под кој дозволувал повеќе функционална употреба и ложи. На подот се седело крс нозе околу мангали во кои се варело кафе. Анамите ги следеле настаните од зад сцена. Во монографијата се наведува и уште еден интересен податок - името дека во 1909 во овој театар гостувало „Српското народно позориште" од Белград, а сведоштвата

велат дека салата била преполна. Публиката била сместена во два ката во ложи и во широкиот партер. На втората галерија „се белееја кечиња на салепчии и бозаџии, кои беа презадоволни од песните во 'Коштана' (...) а доле во партерот се се црвенееше од длабоките фесови на образованата публика. Од првите ложи се извиваа пердуви на големите женски шапки купени во Солун, Пешта и Белград".

Овој интересен почеток на монографијата, но и на Турскиот театар на почвата на Македонија, ме наведе на размислата за тоа кој дел од приказната ни недостасува за да ја создадеме нестереотипната слика за присуството на турЗападот која ги произведува термините Оксидент и Ориент како два бинарно спротивставени системи, ги стереотипизира и Турците и Балканците. Тие се Другото на Европа, Турција како Ориент, а Балканот како гранично место кое го дели Истокот од Западот и токму затоа го прави нестабилно или речено во стилот на познатата драма на Дејан Дуковски „буре барут" кое секој момент може да експлодира.

А што говорат фактите изнесени во Монографијата. Наспроти војната како облик на балканскиот идентитет и како што иронично посочува Едвард Саид „доказ" за ориенталната суровост, Балканскиот простор може да се види

Женскиот ансамбал на Туркиот театар

ската култура на Балканот, а со тоа и во Македонија. Од една страна, присуството на Османлиската Империја го создава стереотипот за војната како единствена идентитетна база, поврзана со борбата за национална слобода. Од другата страна, пак, во овој стереотип се разоткрива и европската фасцинираност со војната која претставува, како што вели Весна Голсворди - „романтизација на Балканот". Историскиот факт за владеењето на Османлиската Империја овозможува „митологизација" на борбата за слобода кај балканските народи, но и оксидентализација на Западот и ситуирање на Западот како спротивно на Балканот и Турција. Така, конструираната приказна од страна на и како суштински отворен простор за прифаќање и запознавање на многу и различни култури. Простор кој од секогаш бил и се уште е заедничко место на, како што кажуваат фактите, кечињата, фесовита и шапките, на гледалиште и партери во кои се седело крснозе, или речено со современ речник место на интеркултурна комуникација. Место на средба или мост помеѓу Истокот и Западот, што неминовно води кон заклучокот дека стереотипот за Турција и Балканот е рецентна (со распаѓањето на Отоманската Империја) и конструирана појава (со воспоставувањето на геостратешките интереси на големите, пред се европски, сили на овие простори).



Првиот директор на Турскиот театар

Токму тоа е делот кој што ни недостастува во приказната наречена македонско-турски културни врски - суштинското дефинирање на Балканот како отворено место, место на кое луѓето говореле и по неколку јазици, споделувале различни култури, меѓусебно се почитувале, се запознавале и споделувале заеднички вредности. И ете ја на дело, на показ и доказ, денешната толку актуелна интеркултурна комуникација како процес на вкрстување меѓу културите. Ете ги местата кои не зближуваат, местата на кои меѓусебно се разменуваат доблестите, како што ќе посочи Павис, ете ги хибридите создадени од ненамерната средба меѓу културите и изведувачките традиции. Инаку како да го објасниме фактот дека „Коштана" на Борислав Станковиќ е најизведуваната драмска претстава во Турскиот театар во Македонија која доживеа 10 премиери и беше постојан предизвик за режисерите, но и режисерката Тодорка Кондова-Зафировска, која во далечната 1974 година ја зема во рацете „диригентската палка", што во тоа време, ќе признаете, беше вистинска реткост. Популарноста на овој повеќенационален проект гледано од аспект на тимот кој ја сочинува секоја театарска претстава, но и од аспект на публиката, ни посочува дека луѓето, независно од етничката припадност, знаат да ги препознаат и споделат вредностите во кои веруваат. Тие стануваат „нивни вредности" без оглед на тоа од каде доаѓаат.

Од друга страна, разгледувајќи ги фактите на оваа, ќе повторам, импозантна монографија, воочив неверојатна разноликост на репертоарот. За пример ќе посочиме две случајно одбрани години - 1974 и 1975 во кои, покрај другите, се изведени и драмите на Карло Голдони „Слуга на двајца господари", Луиџи Пирандело „Шест лица го бараат авторот", Сулејман Хусеин „Алиш", Томе Арсовски „Убавината чекори сама" и Бранко Ќопиќ „Доживувањата на Николетина Бурсаќ". Како да ја толкуваме оваа интензивна културна размена освен како средство за раслојување на дадени театарски форми и за создавање на нови. Оттука, на овие театарски средби може да се гледа како на специфично ослободување на творечка енергија која е синоним за креативниот потенцијал за создавање на нова уметничка форма. И секако како подривачки елемент на конзервативното размислување според кое театарот создаден во една земја е израз само на неговата култура. Секој национален театар е театар на културни интеракции, а поставената теза, низ призмата на 60-годишното постоење на Турскиот театар во Македонија ја демонстрира нивната плодотворност. Од конституирањето на Малцинскиот театар со решение на Извршниот одбор на Градскиот народен одбор на Скопје во 1949 година и првата премиерна изведба на претставата „Сомнително лице" од Нушиќ, а во режија на Абдуш Хусеин на 9.7.1950 година, на која за жал јас не присуствував од „објективни причини", до последната „Госпоѓица Јулија" на Стриндберг и режија на Александар Поповски на 21.9.2009, на која уживав во мајсторството на екипата заедно со останатата публика во преполната сала, Турската драма е доказ дека културните средби не резултираат со хомогенизација на културата. Во театарските средби, впрочем како кај сите културни средби, разликите се прекршуваат низ многустраните призми и ги мултиплицираат безбројните начини на ком-

бинирање, мешање и реструктуирање на елементите преземени од различните култури.

Да се навратиме на почетниот извадок од Монографијата во кој се споменува составот на публиката, т.е. салепчиите и бозаџиите, образованата публика и дамите со шапки, кои иако ги заземаат за нив однапред одредените места во гледалиштето, сите заедно присуствуваат на претставата. Подоцна во Монографијата се поместува извадок од рецензијата на Илјами Емин во кој се нагласува „огромниот интерес на населението и барањата да се задоволат сите структури на публиката". Овие два навидум небитни и речиси незабележителни детаљи во морето податоци со кои се сретнуваме, за мене се многу значајни. Прво - го изразуваат континуитетот на репертоарската политика и второ - говорат за постојаната заложба да се води сметка за различните вкусови на публиката. Речено со модерен речник, репертоарот на Турскиот театар не ја познавал, а според наведените податоци не ја ни познава, дискриминирачката граница помеѓу елитната и популарната уметност, против која во 60-те години на 20 век се разбранува светската научна мисла и го донесе т.н. „знаење на реформаторите" во името на демократијата.

Дека овој концепт е концепт кој добива говорат и бројните гостувања на Турската драма во Турција, Бугарија, низ градовите од поранешна Југославија, но и наградите. Интересен е податокот дека во 1967 година претставата „Коштана" ја виделе 6600 гледачи на 17 претстави изведени низ градовите во Бугарија, а во 1968-та на гостувањето во Анкара со претставите „Хенри 4" од Пирандело и „Гозба во кафеана" од Курдет Аксл ја виделе 5 000 гледачи. Овие своевидни рекорди говорат за популарноста и успешноста на ансамблот на Турската драма, а повеќето награди на театарските игри „Војдан Черноджински", наградите „11 Октоври"и„ 13 Ноември", само ја официјализираат оваа констатација.

Вака погледнато, неминовно се поставува прашањето од каде потребата за создавање стереотипи, од каде потребата за поистоветување на термините на европеизација и модернизација? Веројатно, како и секогаш, од потребата да се владее, да се наметне своето над туѓото, да се апсорбира и асимилира. Процеси кои се сосем не можни од единствена и проста причина: во светот постојат места кои културната различност ја сметаат за своја предност, места кои се горди што можат да се пофалат со својата долговековна културна хибридност. Иако такви места во светот нема многу, на пример Турската драма во Скопје е единствена на Балканот, ги има доволно за да го насочат движењето.

Честитајќи Ви го големиот јубилеј - 60 години Турски театар во Македонија, посакувам многу успеси и многу плодни години.

Благодарам за вниманието.

Проф. Д-р **Васил Тоциновски**

ВРЕДЕН МОНОГРАФСКИ ТРУД



Неуморниот театарски работник Ристо Стефановски не само како човек-институција, туку и како летописец на историјата на театарот во Македонија трајно се запиша во традицијата и континуитетот не културните вредности не само во македонската практика, туку и пошироко. Времето немилосрдно минува и врз него се наталожуваат прашина и темнина. Се губат сечавањата и спомените, пожолтуваат фотографиите или остануваат неидетификувани, многу нешта останале незапишани и како никогаш да не биле. Стефановски со десетлетија грижливо се интересира и го собира и најмалиот, само навидум безначаен податокот. А не постојат мали и безначајни податоци. Посебно не во уметностите кои го подразбираат колективното работење и дејствување во кои секако мегу најстарите и најомилени дејности бил театарот. Оттука радува фактот што токму од грижата и трудољубивоста на овој автор произлегува и трудот за Турскиот театар, институција која во севкупното уметничко и културно жив-

еење и опстојување на Р Македонија има свое сопствено место и значење.

И во овој свој труд Ристо Стефановски го користи хронолошкиот пристап во проследувањето, толкувањето и вреднувањето на времето и настаните, општествените прилики и културни опкружувања, потоа театарските примиери и нивните многубројни создавачи на сцената за која се вели оти претстставува живот. Токму во големата и мочна Турска Империја театарот станал омилена игра, бил не само забава или отсликување на реалниот живот кое извонредно добро комуницирало со сите видови публика, туку и нераскинлива врска со светот. Естетската димензија на која авторот и обрнува посебно внимание постојано и луцидно покажува не современиот, модерен европски театарски концепт. Најубави и раскошни, на најдоброите места во градовите биле создавани театарските зграда кои прераснувале во вистински и посебни институции на културната мисија на човештвото. Таа стратегија била остварувана и на теренот на Македонија. Тоа се накратко уводните страници кои умело и уверливо не воведуваат во стожерната тема за Турскиот театар во Р Македонија.

А него авторот го проследува од идеја до реализација, од првата премиера до денешни дни, како мисла и смисла во афирмацијата на турското малцинство во Р Македонија. Така преку театарот имаме извонредна можност да го следиме неговиот растеж и низ литературата, сликарството, музиката, посебно фолклорот како одраз на националниот идентитет и непокор. Ристо Стефановски како што погоре забележавме е автор кој сака да ги забележи сите работи, да ги меморира до најмалиот детал, точно определувајќи оти нема големи и мали нешта во животот, па така и во театарската уметност сите тие го создаваат мозаикот што се именува театар. Или уште подобро театарски живот. Ете на тој театарски живот, нема во ваквата оценка ни претерување ни сентименталност, авторот возврача со сопствениот живот. Нурнувајќи во создавањето на институцијата театар Стефановски ни открива колку понекогаш најситниот детал бил одлучувачки фактор, колку малиот аргумент некогаш ја преземал врз себе улогата на арбитер. Само така со примена на аргументите, со користење на фактографијата, зашто науката не ги сака и не ги прифача емоциите, го проследуваме повече деценискиот развиток на Турскиот театар.

Од првите сценски настапи на Културно-уметничките друштва како негов зародиш, од едночинките и магијата на сцената дополнета со прекрасното чувство на аплаузите од публиката, театарските сезони на успеси и афирмација, но и на падови и резигнација. Репертоарската политика, свртувањето кон домашниот автор, гостувањата и фестивалите, наградите и признанијата, до доаѓањето на новата генерација високообразовани театарски кадри. Театарската критика будно ги следи премиерите на Турскиот театар. Како една можна негова валоризација Ристо Стефановски во своите текстови ги вградува и критичарските вреднувања кои несомнено претставуваат своевиден барометар на она што живее на осветлената магична сцена. Само со нему својствена љубов и почит авторот се обидува да забележи што повече податоци, да остави едноставно што поуверлива трага за личноста и за уметноста на актерот, режисерот, драмскиот автор и неговото дело, сценографот, костимографот, авторот на музиката до сите оние други луѓе, грижници и професионалци кои не ги гледаме на сцената. Најчесто остануваат непознати затскриени зад темнината на завесата и на сцената, во гардеробата или во шминкерната изречено со театарскиот жаргон. Но, едно е јасно, дека сите тие се рамноправни учесници во една театарска претстава. човек кој целиот живот го минал во театарот како Ристо Стефановски точно знае оти во него нема случајности. Во колективниот чин на создавање секој има сопствено и рамноправно учество, па оттука отуството или подвалуванјето од било кого јасно се покажува на сцената. Во нејзиното колективно меморирање има место за сите. А тоа во своите многубројни театарски книги, земено како посебен израз, а и како вредносна естетска мера, ниту еднаш Стефановски не заборавил а да не го оствари целосно. Оттука неговото дело секогаш е добредојдено не само во сферата на сценските уметности, туку со наброените детали погоре,

Актери на Турскиот театар

и во културата како комплекс од поими, акции и институции.

Факторграфијата ни се чини е онаа најмоќ ната страна во истражувањата на Ристо Стефановски. Сите нешта се собрани на едно место. Печатените материјали, програми и покани, фотографии, влезници, благајничките извештаи кои децидно покажуваат колку долго живеела една претстава или колкав бил одгласот на публиката за неа. Така театарот излегува од сопствените рамки, мора да ги надмине естетските вредности, зашто публиката и нејзините желби, а тие желбите се присутни на оваа магија-театар, па се трага по заеднички јазик. По театар од и за народот. Тие дилеми до денеска никој не ги разрешил, ниту пак дал некаков конкретен предлог и одговор. Ниту авторот на монографијата за Турскиот театар инсистира на тоа. Но, притоа сакавме да укажеме на фактот колку Стефановски не само го следи или го сака театарот, но и го разбира, зашто негов составен дел е публиката. Заради неа тој и постои, едноставно бил измислен за непосредна и јавна комуникација. Во таа смисла ја следи програмската политика на театарот која честопати под одредени општественополитички и културни прилики, најчесто по задача на денот, мора да се сврти и кон една возвратна мерка. Кон афинитетите на публиката од една и кон профитот како вулгаризација на уметноста од друга страна. Ваквите развојни процеси и фази всушност се неодминлив дел од севкупноста на светот на театарот.

И уште едно чувство што неизбежно ни се наметнува со исчитување на монографијата за Турскиот театар од Ристо Стефановски. Овој ансамбл на најуверлив начин низ колективниот чин на создавање ги покажал и ги докажал љубовта, довербата и соработката мегу луѓето кои припаѓале на разни народи, вери и традиции. Умееле да се обединуваат и за не мал дел од нив да создаваат уметност на јазик кој не бил нивен мајчин јазик. Тоа пак од своја страна ја покажува универзалноста на уметноста, без која таа и нема смисла. Секој миг со замената на нов миг станува историја. Така стрпливо и грижливо, искрено и честито членовите на Турскиот театар ја создавале сопствената уметност како дар за публиката, како миг кој бил врска со минатото и иднината. Така се истрајува, така се опстојува. Се битисива низ времињата и невремињата. Од тие егзистенцијални значења на минливоста, бесмислата па и апсурдот не можел да побегне ни Турскиот театар. Но, затоа пак, и токму таков и токму така, успеал да опстои до денешни дни. Во ова наше превртено време неговиот колектив само потврдува оти иднината е пред него.

Ете, накратко тоа се дел од сумираните вредности на влогот на Ристо Стефановски во трудот за Турскиот театар. Тој е негова своевидна историја и секако дел од историјата на театарот во Македонија и пошироко на балканските простори. Зборот во сценската уметност е само дел од средствата за искажување. Затоа со него во оваа книга просторот го делат многуте страници на илустративен материјал, тој нормално и доминира, зашто да не заборавиме театарот е една слика која говори, диши и се движи. Напишана на едноставен и разбирлив јазик, достапна за секој читател, книгата е и убав пирлог за домашната библиотека. А за Турскиот театар во Р Македонија е и достоинствен споменик. На најдобар можен начин Ристо Стефановски на генерациите кои минале низ него им возвратил со потребна почит и љубов, самиот превреднувајќи оти во него учествувале само луѓе со немерлива љубов кон сцената која како по некое непишано правило не била моќна и финансиски да им возврати. Во тоа всушност е убавината и древноста, зошто не и мудроста на театарот. Ни причинува чест и задоволсвто триудот да го предложиме за публикување.

Петре Бакевски

ЖИВО СВЕДОШТВО, ЦЕЛА ИСТОРИЈА!

(За книгата "Алтернативен театар во Македонија" од д-р Љубиша Никодиновски-Биш)



Фотографија на книгата "Алтернативен театар во Македонија"

Пролетва, во една дождлива вечер, кафе-книжарницата на "Магор" пред Буњаковац во Скопје ми донесе убаво и возбудливо сеќавање. Таа вечер таму беше претставена или промовирана, како што велиме, книгата "Алтернативен театар во Македонија" од Љубиша Никодиновски-Биш. Се разбира, и книжарскиот простор, внатре, и платото во тесното уличе, надвор, беа претесни за да ги соберат сите вљубеници и љубопитници за овој јавен промотивен чин. Малку необично, нели? Промоција на книга, банални форми, здодевни, многупати лицемерни, напразно фалбозборни, и, ако така помислиш, одиш, а нозете ти се враќаат назад!? Ама овој пат не беше така. Итав со отвореното чадорче на дождот и ноќта и во брзаницата на итањето низ мене како низ молскавично вртење на филмска лента се враќаа во сеќавањата изминативе четири децении. Тоа беа оние театарски содржини што токму вечерва треба да бидат претставени, објаснети, доистолкувани и сублимирани.

"Голтарите" пред заминување на турнеја во Белград и Нови Сад , 1971

Само во еден свечен згустен момент на кажувачка треба да нè потсетат дека зад нас има некое трајно сведоштво, нешто што се работело, се создавало, се творело... Ете, било занес, потреба, страст, борба со ветерници, нешто што ја артикулирало смислата на младоста, но и потребата за духовно отворање кон повозвишени и поризични предизвици на времето во кое, ете, имало палави луѓе, кои ниту рамнодушно, ниту обездушено се помирувале со *даденатa стварност* во животот и во живејачкава.

Во тој необичен, оригинален и напрегнат од на македонската театарска алтернатива, некако, отстрана, можеби, но со активна опсервација, од мој агол, сум го минувал и јас мојот новинарски, театарски и писателски пат. Сум се прекршувал низ тие предизвици, искушенија и премисли, сум се дружел со тие луѓе, сум пишувал за нив, некако со своја набрекната емоција сум го доживувал сето тоа.

А сето тоа - (еве, дојде време да го заокружиме) - е еден живот.

И веднаш да запишам: таа вечер, таму во "Магор" беа сите што требаше да бидат!.. Сите што оставиле своја трага, свој белег, свое духовно соѕвездие минувајќи низ млечниот пат на македонските алтернативни театарски и уметнички искушенија. Дури и оние, Великите, што Господ предвреме ги зел кај себе, под свое прибежиште, таа вечер беа со нас. Живи беа, со полн елан, со громовна енергија такви какви што ги освојуваа времињата што тешко се надминуваа, што ги разбиваа темните, оловни облаци кои со неверојатни храбри уметнички походи донкихотски го менуваа нашиот свет. На пример, тука беше големиот дух на Ненад Стојановски, легендата наша театарска, човекотубавец и актерот-ѕвезда кој е запишан во летописот на светкавичавите мигови на алтернативниот театарски крик со златни букви, и тоа во свети македонски места, во најсветлите духовни храмови на македонската опстојба. А токму таму, во тој светол храм, во охридската "Света Софија", меѓу блажените погледи на светците и

мирниот лет на ангелите низ сините небесни пространства на црковниот свод на македонските премрежија и неизвесности, Ненад со легендарните, веќе митски "Голтари" ја оствари најдраматичната, највпечатливата и најпотресната сцена во историјата на македонскиот алтернативен театарски израз. Угул гол, како од мајка роден, со целото свое македонско битие, со отворена душа, со зазбивтан ритам на чукањето на срцето, со целата тегоба на дилемите, достагите и премислите на тоа време в раце ја држеше двоумноста на македонската земја. Ја оплодуваше?! Што со неа? Каде понатаму? Во чие раце е, кому да се предаде македонската судбина?

Тие загрижувачки прашања бараа јасни одговори, сигурна верба дека ќе нѐ биде, ќе постоиме, ќе си го најдеме вистинскиот заслужен историски и достоинствен пат кон иднината?

Таа сцена во "Света Софија" се одвиваше пред највисокото, најодговорното политичко раководство на македонската држава. Но, во таа сцена се отсликуваа и дилемите и вриежите на македонските делби и поделби, разидувања и нетрпеливости! Тоа беа мачнотии што ја мачеа целата наша генерација. И токму "Голтарите" или Театарот "Кај свети Никита Голтарот" се најзначајното и најблескавото средиште на целото театарско алтернативно движење во Македонија. Нивната појава не беше случајност. Тоа беше осмислен творечки процес, јасна идеја, системно и постапно втурнување во жестока и директна акција и развивање на експлозивна, па дури и бунтувна идеја, плодородно зреена и проникливо и суптилно осмислувана театарска активност со подалекусежни позитивни и пресвртни тенденции и очекувања. Околу него беа собрани генерација на луѓе кои уште во својата најрана младост јасно се определиле да чекорат по своите убедувања, да ги бараат можните потскриени одговори за својата земја и за своето време, критички и со копнеж и верба во постоењето на можна поголема човечка слобода да ги подрасчистат бурјаните на нејаснотиите и да отворат нови мегдани и посветликави и позрачни видици кон иднината и перспективите за освојување на поголеми и подостижни вредности на уметноста, но и на животот.

Идејните втемелувачи, духовни градители на "Голтарите" беа Владимир Милчин, Слободан Унковски, Мартин Панчевски и Русомир Богдановски. Околу нив уште мнозина златни луѓе. Актери, студенти, млади интелектуалци, сонувачи и фантасти, спонтано склопена дружина, во вистинско време на вистинско место, сите под исто македонско небо, потпалени од еден оган, оѕвездени од иста sвезда. Меѓу нив, меѓу сите, и напред и назад, и горе и долу, и дење и ноќе, и видлив и невидлив, а секогаш тука и пак тука, буден и вжештен, во постојано движење, во акција, комуникативен и одмерен во обраќањата, и актер и организатор, и скомрах и сојтарија, и мајстор и сонувач, тој, токму тој, секогаш - Биш.

Љубиша Никодиновски се вика.

Така се вика со име и презиме, ама ние никогаш така не го викавме, оти не го знаевме како таков. Тој секогаш беш само - Биш. Со кадрава коса, височок, море извишен, слабичок, костест, полетен, растрчан, разигран и занесен како да лета во облаци, како да прави еленски скокови над своето време, копнее да дофати нешто мечтателно, чудо од човек.

И, еве го сега повторно Биш. Еве го во оваа пролетна врнежлива ноќ, со обемна книга, сведоштво, факти, аргументи, податоци, фотографии, сѐ ред до ред, прецизно, доживеано, проучено, потврдено и верифицирано. Еве го сега како - доктор по филозофија, кој пред еминентна професорска екипа ја одбранил својата докторска дисертацијата за алтернативниот театар во Македонија, а ја објавил во некој вид

Темков, Биш и Милчин во "Магор", промоција на 19.06.2010

скратена, редактирана верзија како посебно издание на престижниот "Магор". И згора на тоа - ја промовира... Како што се промовираат многу книги кај нас. Пред свои луѓе. Но, овие *свои луѓе* се нешто - друго. Многу необично. Сѐ избор до избор, човек до човек со зрачност, секој е своја приказна, своја вредност во историскиот летопис на алтернативниот македонски театар и во развојот и афирмацијата на македонската театарска култура, па дури и пошироко.

Затоа во "Магор" беше тесно. Биш ги собра сите. Многу, многу луѓе, зашто сите тие имаа свој удел, ставено свое груменче злато во големиот и многу значаен мозаик на алтернативниот театар кај нас.

Затоа и оваа промоција не беше обична промоција, затоа и промоторите не беа уштиркани академски промотори, всушност, сите беа на една нова закажана живожарна средба, на некоја нова, необична возбудлива претстава за да се потсетат на *старите времиња!* Имав чувство дека сите се чувствуваа и актери и промотори и учесници и слушатели и гледачи, и сите во себе имаа доволна количина на позитивна емоција за она што било, што е останато како трајна вредност и како трајно сведоштво за едно време, за една генерација и за еден одминат живот.

И професорот Киро Темков и режисерот Владимир Милчин како главни промотори и аниматори беа природни, едноставни и спонтани за да ја возвеличат оваа промотивна вечер искрено и признателно посветена на човекот кој целиот свој живот страстно го посвети на алтернативниот театар. Како создавачи и поттикнувачи на театарската алтернатива, на цела низа од преблесни и естетски и теоретски поткрепи на тие движења, како носители на многу слободоумни идеи кои со личен ангажман настојуваа да се оживотворат, и Темков и Милчин, сепак, оваа вечер искрено и емотивно му ја подарија на Биш.

И тоа многу ме радуваше, ме исполнуваше со убаво чувство на чесност, на почитување.

Биш едноставно е и самиот историја на македонската театарска алтернатива. И тоа е добро да се признание, да се почитува и да се каже. Јавно, па дури и меѓу пријатели и меѓу творци и соучесници во таа историја.

Уште на самиот почеток од летописните редови на книгата Биш самиот признава за себе дека алтернативата била негов живот. Негово убедување, слободен избор, смисла за да си го осмисли својот живот, да му вдахне и креативна енергија и водителка за ангажирано и творечки да се бори за да го менува својот свет и своето време. Вели: "Театарската алтернатива, како и сите современи алтернативни форми на творештвото и живеењето, е движење. Сите ние од алтернативните движења ја почувствувавме оваа покреативна функција на нашето дејствување. Алтернативата беше наш живот, кој се обидовме да го направиме поинаков, подобар, покреативен, позначаен".

Од 60-тите години наваму, особено во 70-тите, светот бараше нови патишта за развој на нови идеи. Во сите сфери на уметностите се разгоруваа инспиративни и истражувачки процеси. Новите генерации бараа свое место под сонцето, но за да го заслужат и да си го обезбедат тое место, да го освојат новиот свет, мораа да се спротивстават на наметнатите идеолошки, институционални стеги, на железната поделба на поствоениот свет, на ѕидовите на поделбите, на тврдата и сурова реч, на стравот, на заплашувањата, на прогоните, на вербалните деликти. Во сите уметнички сфери, во музиката, во филмот, во сликарството, во литературата, а особено во театарот, со сите сили се удираше по тие тврдини. Се бараа промени, се истражуваа нови патишта за ослободување на човекот од *заробениот ум*, како што велеше Нобеловецот Чеслав Милош. Затоа алтернативата беше најдобрата форма. И најсилна и најмоќна и најприфатлива. Таа се покажа со сета из'ртлива виталност за испробување на новите и посвежи идеи за пресуредба на светот.

Алтернативните изразни форми во театарот на големо удираа по *тапаните на нокта*. Надоврзувајќи се на новиот европски дух започнат со "Кралот Иби" на Жари, на големата ослободена енергија од театарот на Бертолд Брехт, Европа ја заплиска физичкиот театар на Јежи Гротовски, од Америка задуваа силните ветрови на Ливинг-театарот, театарот на апсурдот (Арто, Бекет, Јонеско) ги обзеде и ги преокупира "позапалените" алтернативни театарски групи и навистина насекаде низ Земјината топка зав-

Соске Рахим

ладеа посвежо и поизострено критичко театарско движење. Алтернативата се покажа со ударната движечка сила. Сите овие театарски движења, испреплетени меѓу себе, имаа и своја естетика, свои принципи и свои идеи. Своја филозофија. Сите тие беа жив театар, жива мисла, се провлекуваа низ *иглени уши* на разни идеолошки системи и низ разновидни социјални и културолошки парадоксални прилики.

Но, како што образложно, студиозно и аналитички пишува Никодиновски за појавата, значењето и смислата на алтернативата и како естетска и како филозофска појава, тие "се потпираат врз еланот на неговите учесници, претставуваат големо вложување и излачување на енергија, се трудат да бидат нешто друго и повеќе отколку обичните животни и творечки пројави".

По убавиот и сестран синтетизиран вовед за поимите на алтернативата, и од теоретска и од фолозофска гледна точка, а низ примерите и движењата низ театарските простори во Европа и во светот, Љубиша Никодиновски-Биш подетално се задржува на појавите, искуствата, резултатите, приликите и неприликите на театарските алтернативни движења во Македонија. Тоа е муниционо прецизна и хроника и студија, и анализа и коментар, и лично сведоштво за целокупното алтернативно театарско движење во Македонија. Тука е сè што било пројавено, што проблеснало, што оставило значајни творечки, идејни, естетски и театарски траги. Тоа е сведоштво и за нашите политички и културолошки состојби, за движењата на идеите, за спротивставувањата, судирите и жилавата борба меѓу новото и старото, за надоаѓањата и заплискувањата на верољубните бранови на модерната театарска естетика и за тврдокорната борба да се задржат традиционалните, конвенционалните и конзервативните надминати театарски изразни средства.

Токму оваа генерација што го поттикна и го воздигна алтернативниот театарски израз со примеси на бунт, на револт, на побуна против зачмаениот конзерватизам, подоцна легитимно ќе навлезе во механизмите на водечките национални професионални театарски институции и преку потврдената нова модерна, современа естетика, преку нова креативна професионална енергија и низ личниот сензибилитет на веќе надојдените театарски вредности ќе го распламти, ќе го разграни и ќе го развие автентичниот македонски театарски израз низ југословенските водечки театарски фестивали. Едно време македонскиот театар беше апсолутен господар на југословенскиот театарски простор. Беше мало чудо, прогласен за најсвеж израз, неистрошен, нешто сосем ново и автентично, оригинално.

Така се вивнавме и во Европа. И долго беше така.

Тој период и тие блескави и горделиви резултати на македонскиот професионален театар припаѓаат на оваа генерација која првите смели, секавични творечки чекори ги направи со театарската алтернатива. Со тоа театарската алтернатива си зазеде значајно место во историјата на развојот и растежот на целокупниот театарски живот, во зацврстувањето на националното ткиво на културниот и историскиот развој и воздигнување на македонската нација и на македонскиот народ. Скоро сите творци од таа значајна зачетна и челна генерација на македонската театарска алтернатива, секој на свој начин и со свој сензибилитет, сега се целосно вградени во здравата градба на развојот и растежот на македонскиот театар и на македонската култура и историја. И сите тие зад себе имаат значаен творечки опус, долги листи на домашни и странски награди и признанија, високо и sвездено место на културолошката мапа на Македонија.

Затоа читајќи ги возбудливите страници од книгата на Љубиша Никодиновски-Биш, секој

податок, секое сведоштво, секоја изведена претстава се живо сеќавање и убав момент во нашите животи.

Минувам низ секој напишан ред со ширум отворени очи, со трепет, сè е оживеано пред мене, сега, тука, во овој миг, секоја претстава и секој настан повторно силно и со возбудува го доживувам, па сеќавањата повторно стануваат жив театар, живо време. Еве ја целата приказна за "Голтарите", од почеток до крај, до распаѓањето. Ништо не е додадено и ништо не е одземено. Ова е сведоштво, документ, аргумент, факт, факсимил на човекот кој е стожерот околу кој се вртеа, се одвиваа и се создаваа сите овие настани. Тоа е обдарена приказна. Тука се записите, документите, синопсите, сценаријата, начелата и принципите на групата, тука е и дневникот воден во двомесечната театарска комуна во средновековниот манастир "Св. Никита Голтарот" во скопска Црна Гора каде што се подготвуваше претставата "Скици од преданието каинавелско", тука одзвонуваат болните стихови на Славко Јаневски од книгите "Евангелие по Итар Пејо" и "Каинавелија", тука е духот на Итар Пејо, шегобиец и умнозборец, грижник и ѕвездочатец, тука се пофалбите и кудењата, восхитите и разочарувањата, подметнувањата и приземностите, тука се и стравот и храброста, измешаните чувства, изливите на радост и тага, на победа и пораз, тука е нашиот менталитет, нашите нарави, нашето време што сме морале да го живееме, да го менуваме и да го освојуваме спроти ветерниците на отпорот и мелниците на празнотијата. Потоа дојдоа "Зелената гуска на нашата лудост", "Фарса за храбриот Науме" и "Сцени од рицарските времиња". Од 1970 па натаму "Голтарите" егзистираа, возбудуваа и бранувааа околу десеттина години. Своето постоење и работење го запишаа со дебели букви. Трајно, пресвртно.

Тоа е наша приказна. За нас. Без неа и ние самите би биле обезличени, посиромашни во духот, сè уште ќе го живеевме летот во место, на фрескоживописот на новото време ќе си го гледавме бледиот отпечаток на сивилото и безличноста, на студенилото и скомразот во душата.



"Голтарите" на Охридско лето во Св. Софија, Ненад Стојановски исправен во средина, 1971

Љубиша Никодиновски-Биш настојува сублимирано, со неколку јасни реченици и ставови да ја заокружи приказната за "Голтарите", да ја дефинира нивната животна, естетска и филозофска окосница. Вели: "Основната карактеристика на Голтарите е естетска, творечки естетска. За тие млади луѓе занимањето со театар не беше хоби, туку израз на желбата да дадат нешто значајно од себе, да придонесат за убавите градски доживувања во Скопје и во целата земја. (Скопје непосредно пред тоа катастрофално го разурна земјотрес и младите сакаа да ги надминат и залечат раните од смртта и од ужасните поместувања на почвата). Беше дојдено времето и со нов поглед на нештата и за особена артистичка новина. Претходната генерација млади творци, а посебно оние што се определија за театарот, имаа амбиција и визија за непосредни социјални промени. Алтернативата значеше променет живот на граѓаните и на

селаните, на старите и на младите, индустријализацијата и дерурализацијата. И "Голтарите" беа модерни социјални творци, ги познаваа тогашните социјални движења, политички цели и најсовремените хуманистички тенденции, но изворно тие беа креативци, кои сите страсти ги изразуваа со уметничка експресија. Тоа е специфичноста на таа група млади личности и творечки таленти",заклучува и недвосмислено констатира Биш.

Македонската театарска алтернатива како паралелен свет ми се чини дека во некои развојни етапи беше многу позначајна од тековниот театарски живот. Беше повозбудлива, ни носеше големи и восхитувачки уметнички резултати. Да го споменеме "Пралипе" на Рахим Бурхан. И тоа е една цела историја од нашиот паралелен театарски живот. Во книгата на Биш појавата, развојот, експанзијата и широката тогашна југословенска и светска афирмација и слава на "Пралипе" е максимално педантно запишана и обработена. Покрај многуте поддржувачи на "Пралипе" и на Рахим Бурхан, Биш е човекот кој постојано беше со овие земни и небесни фантасти од скопска Шутка (населбата Шуто Оризари). Во Домот на младите "25 Мај" каде што најчесто Љубиша го минуваше своето ангажирано време постојано им овозможуваше да играат, да пробаат, да настапуваат и да земат учество и на разни фестивали и на театарски натпревари. Силно ги поддржуваше.

Оттука почна сè со "Пралипе".

Тие подоцна станаа европски синоним за модерен, авангарден алтернативен истражувачки театар со оригинален, изворен имиџ, со свои митски врутоци, нешто што сè уште чудесно трае низ сите меридијани на Земјината топка. Рахим Бурхан стана водечко европско театарско режисерско име. Уште тогаш, на почетокот на пробивањето и докажувањето, Бурхан ќе ја објасни својата цел што си ја поставил со театарот "Пралипе" ("Братство"). Во основа беа истите идеи како и кај "Голтарите", радикален, сиромашен и ангажиран театар! Но, кај Бурхан има и нешто специфично, магиско, нешто што постојано силно нè предизвикуваше и ни приредуваше голем трепет и нескротлива возбуда. Бурхан велеше: "Нашата цел не е забава на публиката, туку прикажување на историјата на Ромите, на нивната традиција и култура. Ние ја чувствуваме потребата на светот да му го покажеме минатото на нашиот народ. Олдучувајќи се за ромска тема, ние се одлучуваме за самооткривање!"

Некои претстави станаа симбол и на македонската театарска култура. "Бибахтали", "Соске", Лоркините "Крвави свадби", "Луѓе и гулаби", "Орестија" и "Цар Едип" го обиколија светот, секаде беа прифатени со одушевување, наградувани, фалени, опсипани со восхит.

Театарот "Пралипе" и Рахим Бурхан својата дејност ја продолжија во Германија, во свој театарски дом, со силна светска поддршка.

Околу појавата и уметничките резултати на "Пралипе" се пишуваше многу, и овде, и низ југословенските простори, и низ светот. Мнозина

Театар на Ромите, "Соске" (Зошто), 1977

театарски аналитичари, теоретичари, театролози и професори се обидуваа до крај да проникнат во филозофијата на ромскиот театарски израз, на нивните специфики, ритаулни игри и танци, на болешливите и таговни извици и гласови, низ морничавиот трепет на магијата, настојувањата со страст театарски да се пресоздаваат и да се дообјаснуваат низ разголувањето на душите.

Низ овие двоумности и премисли минувал и професорот Кирил Темков, човекот кој беше моторната сила на овие вруточни театарски алтернативи, на овие чудесни уметнички појави во македонскиот културен простор. Има пишувано многу, ги има јавно изнесувано своите опсервации и толкувања. Биш мошне системно ги има избрано тие ставови и мисли на профе-

сорот Темков со намера подетално, поизворно и покомпетентно да ги објасни појавите на алтернативата, а особено во оној дел во книгата каде што ја обработува појавата и историјата на ромскиот театар. Така, пишува и цитира Биш, професорот Темков децидно зазема јасен став за појавата на "Пралипе" велејќи дека "станува збор за настојување не да се прикаже, туку да се мисли, со театарски средства, смислата на поминот човеков "под ѕвездите небески", да се даде и универзална и актуелна оценка на човекот како социјално суштество, да се вреднува неговото остварување (во минатото, а со тоа и денес), да се проговори со зборот на разумот против безумието на човековиот досегашен живот".

Тука беше центарот и на Младиот отворен театар на кој повеќе децении Биш беше единствениот симбол на издржливоста и опстанокот. Од година во година фанатично го градеше, го развиваше, го прошируваше, го интернационализираше и го интегрираше во сличните југословенски и европски фестивали, со што по многу упорност, издржливост и самопрегор го афирмира и го воздигна до високото ниво на еден од најпознатите фестивали на алтернативниот истражувачки и експериментален модерен, современ театарски израз кој е во постојана потрага по нови театарски форми и откривања на нови театарски светови. Биш го наметна тој концепт, тоа темпо, тој ангажман. МОТ има голема сегашност и уште поголема европска иднина. Зачнат е на здрава основа, со многу љубов, со многу занес и емоции, со многу издржливост и упорност, со позитивна космичка енергија пренесена преку еден полетен човек кој знаеше правилно да ја распореди, искористи и животворно да ја отелотвори. Затоа страниците посветени на појавата, развојот и историјата на "Пралипе" и на Рахим Бурхан се крајно впечатливи страници испишани од човек кој сведочи со радост за оваа вредност оти и самиот се вградил во тој успех. Затоа и спомнувањето на МОТ го изедначуваме со равенката за спомнување и на Биш. Некако, барем за нашата генерација, и МОТ и БИШ се едно исто. Поврзани, неразврзани. Недделиви.

Во книгата "Алтернативен театар во Македонија" авторот посебно место му изделува и

Драма студио од Лондон, со пантомимата "Пруфрок" беше отворен првиот МОТ, аула на Филозофскиот факултет, 1976

на театарот "Чекори" на Боре Ангеловски. И оваа алтернативна група е многу значајна за развојот и афирмацијата на театарските идеи што циркулирале, се развивале и бранувале во македонското театарско живеење. Боре Ангеловски е првиот режисер што беше опседнат со појавата на театарот на апсурдот, со Арто, Бекет и Јонеско. Прв во Македонија го постави и го одигра "Чекајќи го Годо", убаво и оригинално ја оформи својата театарска естетика и ја физионимира својата театарска група. До последен здив на животот остана фанатик во театарот. Веруваше во прокламираните театарски идеи, доследно со жар сценски ги остваруваше и ги потврдуваше, низ неговата естетска лабораторија, низ неговиот фанатизам и упорност минаа многу генерации на млади вљубеници во театарот. Биш во книгата со респект му оддава достојно внимание и почит, му ги бележи, објаснува и трајно ги потврдува неговите претстави, истражувачки проекти и заложби на кои Боре Ангеловски им го посветил животот.

Но, за посеопфатно и покомпактно да се сфати, па целосно да се разбере и да се објасни феноменот на појавата, развојот и растежот на алтернативните изразни форми во македонскиот културен простор, Љубиша Никодиновски-Биш темелно внимание посветува на никулците на овие идеи, на луѓето и нивните визии за зародиш на овие процеси, едноставно ја лоцира базата, големото извориште и жариштето каде е сè зачнато, поттикнато и визионерски проектирано.

Тој првиот зародиш го лоцира во формирањето на Естетичката лабораторија при Филозофскиот факултет, некаде во 60-тите години на минатиот век со доаѓањето за професор во Скопје на познатиот филозоф д-р Павао Вук-Павловиќ. Оваа исклучителна личност ги поттикнува истражувачките процеси на естетичките феномени во нашата средина. Заедно со неговиот тогашен асистент, сегашниот академик и претседател на МАНУ, Георги Старделов, а подоцна и со чудесниот и енергичниот Кирил Темков, па тука е и Кица Барџиева, па тука е уште како студент и Љубиша Никодиновски-Биш, заедно со уште многу поклоници на овие движења се оформува генезата на појавата и развојот на алтернативните движења и појави во разни области на културното и уметничкото живеење.

Бројни се акциите, потфатите и истражувањата и идеите со кои овие луѓе се обидувале да поттикнат на нешто ново, на нови предизвици и поголеми уметнички вредносни досега во уметничките дејности. Во тој процес видно место зазема театарската активност, за што Биш во студијава јасно и децидно кажува дека во "театарската алтернатива секогаш се мошне значајни естетичките идеи и истражувања. Понекогаш, алтернативата првин се јавува како теориска замисла за нови или посебни видови театарско творештво, по што следуваат и драмски дела и театарски реализации во тој дух..."

Така од Естетичката лабораторија директно се разви и израсна "Отворениот театарски универзитет" кој почетокот го означи со претставата "Димна јуда град градила" на Виолета Џолева. Низ бројни активности Отворениот театарски универзитет ги проверуваше естетските резултати, изведуваше многу претстави, водеше отворени разговори и дијалози со публиката, дефинираше ставови и сознанија, градеше платформа за натамошни акции и критичко преиспитување на стварноста. Акциите произлезени од Естетичката лабораторија во 70-тите години Георги Старделов ги нарече "херојско доба" кога нејзините соработници верувале во иднината и неа ја започнувале - кога барале да се разурнат сите стари и нови пречки и бариери кон слободен пристап кон уметноста и творештвото. Луѓето од Естетичката лабораторија и од Отворениот театарски универзитет во тоа време беа во постојани големи и динамични акции, насекаде во културното живеење во Македонија беа присутни, внесоа нов квалитет и наметнаа нови вредности критериуми во создавањето и восприемањето на уметничките резултати.

Од ова извориште на Естетичката лабораторија и од Отворениот театарски универзитет посебно е интересна појавата на Театарската работилница при Филозофскиот факултет. Таа е логична надградба на идеите на "Голтарите" и на "Пралипе", но со една поинаква визија - да истражува и да создава во општата културна алтернатива. Тука пак беше професорот Кирил Темков, па Биш, им се приклучи Владимир Милчин. Се продолжи со истражување на нови театарски идеи под мотото "Ајде да си играме театар!"

И - дојде и првата претстава: "Најмалото театарче на светот Зелената Гуска" работена според текст на полскиот поет и сатиричар Константи Галчински во режија на Владимир Милчин. И пак нови возбудувања, приподигната театарска атмосфера, многу недоразбирања, пофалби и оспорувања, многу дебати и противречности. "Гуската" се претвори во цело едно интелектуално движење, тоа отвори пошироки видици за храбар творечки поход кон мегданите на слободата на творештвото, тоа охрабри многу млади луѓе кои сакаа на свој начин, слободно, без предрасуди и без наметнати стеги слободно и слободоумно да се искажуваат за тегобите, појавите и различијата на своето време, тие сакаа да бидат активни, ангажирани, да не бидат неми набљудувачи на својата суд-

Премиера на "Зелената гуска" во аулата на Филозофскиот факултет, 1980

бина, туку одговорни градители и на таа судбина, на тој зазбивтан од на времето кон желбата за освојување на поголеми вредности во сите пори на животот.

Така *Театарот стана достапен за сите*, што беше една од главните заложби и носечки мотивирачки принцип на луѓето собрани околу "Гуската". "Гуската" имаше свој природен и динамичен живот. Ја оствари целта и повеќе отколку што можеше да се претпостави. Разви послободно поимање на современиот отворен и ангажиран театар. Театарската работилница ја продолжи работата со новата претстава "Животинска фарма" од Орвел, па "Пепелашка во поправен дом", па "Сцени за шмеќерите", сите во режија на Владимир Милчин.

Покрај ова студија на Љубиша Никодиновски-Биш за појавата на Естетичката лабораторија при Филозофскиот факултет во Скопје, за нејзините акции, резултати, естетички вредности и уметнички достигнувања пишува и проф. д-р Иван Џепаровски во својата обемна студија "Уметничкото дело во втората половина на XX векѐ. Тој пишува: "Петте најбурни години од дејноста на Естетичката лабораторија (1976-1981") исполнети се со недобројни конкретни активности: организирање на преку 250 театарски претстави, ликовни изложби и хепенинзи, оперски и симфониски концерти, филмски проекции и поетски читања, на преку 60 најразлични простори со присуство на над 180 илјади гледачи. Како куриозум може да се наведе фактот што театарската претстава *Зелената гуска (...)* само во текот на шест месеци од 1980 година се прикажа 27 пати, на 25 различни простори во сосем хетерогени социјални средини, пред повеќе од 30 илјади гледачиѐ.

Професорот Џепаровски го изнесува и своето лично доживување и видување од својот ангажман во работата на Естетичката лабораторија. Тој пишува: "Сите ние, тогаш, во најубавите часови од работата на Хефестовата ковачница, ја обликувавме нашата средина со една голема работилница, во една голема "лабораторија" каде што царуваше убавината, играта, фантазијата, сетилноста, со еден збор се трудевме животот и работата да ни 'станат' уметност!"

Љубиша Никодиновски-Биш својата книга ја заокружува и со опфатноста и на други алтернативни театарски групи ширум Македонија. Тој ги разработува и активностите на Драмската група "Сцена 71" од Виница, Драмското студио "Зер" од Пробиштип, Драмското студио од Штип, а како основач и подвижник на Младиот отворен театар тука детално ги бележи и развојните етапи на овој значаен театарски фестивал, па доаѓаат активностите на Поетскиот театар "Скрб и утеха" и друго.

Вдахновената студија за алтернативниот театар во Македонија Биш ја заокружува со ставот дека "од претставувањето и анализата на алтернативните театри во Македонија можат да се извлечат повеќе филозофски, театролошки и естетички заклучоци што се значајни и за разбирањето на театарското дејствување во нашата земја, како и пошироко, за осмислување на духовните предизвици и естетски дострели во современото македонско творештвоѐ.

Книгата "Алтернативниот театар во Македонија" на Љубиша Никодиновски-Биш е своевидна историја, жива, вруточна, која сѐ уште трае. Отворена кон еден феномен со кој нашата македонска култура отворено се соочи и себеси коренито се пронаоѓаше низ искушенијата и недоуменијата. Тоа беа големи предизвици во кои, во нивниот центар, беше нашиот виталeн творец, со немирен дух, пргав, обзорен, врз чии плеќи и натаму се крепи македонскиот творечки дух, историската опстојба македонска.

Биш е еден од тие обични македонски фантасти кои сосем нормално, работно, скромно и ангажирано, катаден со личен занес, со човечка потпалена природна страст за создавање си го осмислува животот и упорно го гради и сѐ уште активно продолжува да го доградува својот човечки идентитет и профил на личност со обична природна господова мера. Дај боже таквите да ги има повеќе. Оваа книга е потврда за таков човек.

БЕА СО НАС МИЛЕ ПОПОСКИ, ДИМИТАР ХРИСТОВ, ПЕТАР СТОИЛКОВСКИ-БАБЕЦ, КИРИЛ ЗДРАВЕВСКИ, ДИМИТАР ЗОЗИ, РАДМИЛА ЗЛАТКОВИЌ

ДИМИТАР ХРИСТОВ
(Битола, 1938 - Скопје, 2010)

Пред извесно време, не напушти познатиот театарски и телевизиски режисер Димитар Христов, роден на 17 декември 1938 година во Битола. Основното и средното училиште го завршил во родниот град, а Театарска академија, отсек режија, во Љубљана. Дипломска претстава имаше на сцената на Народниот театар во Битола со „Дамата со камелии" (1962-63 год.). Почетокот на своето забележливо креативно ниво го започна нешто порано со Молиеровата комедија „На сила лекар". Забележлива е неговата творечка преокупација кон Молиер што се гледа од неговите изведби „На сила лекар", „Тартиф" (1965), „Жорж Данден" (1971), „Вообразен болен" (1970), а ги поставувал на повеќе сцени во Македонија. Почесто се навраќа на француската класика „Севилскиот бербер" на Бомарше, „Андромаха" од Расин. Едно од неговите најдобри претстави во битолскиот театар е Шекспировиот „Отело", поставен со современи релации во која Јаго и неговата драма доаѓаат во прв план. На Фестивалот „Класика на југословенската сцена" во Лесковац, изведбата од Битола е прифатена како „најголемо позитивно изненадување" за посебно да биде издвоен уделот на Димитар Христов и на толкувачот на Јаго, кој најмногу го „оправдаа творечкиот ризик во кој тие се впуштија". И покрај двете награди за Јосиф Јосифовски (Јаго), и Олга Наумовска (Емилија), критичарот жали што по заслужено би било да биде награден и режисерот Димитар Христов. Критиката претставата „Разбојници" од Шилер, во режија на Димитар Христов за сериозно уметничко остварување значајноста ја гледа во можноста битолскиот театар да се види во неговата вистинска светлина. Оценувајќи ја постановката на Димитар Христов се наведува дека тоа се одликува „со очигледен и мошне амбициозен стремеж - низ подлабоко сенчење на ликовите што повеќе да се долови самиот Шилер и неговата филозофска и литературна големина...". Третите театарски игри му донесоа за претставата „Разбојници" на битолскиот театар пет награди. Покрај режисерот награда доби Јосиф Јосифовски (Франц Мор), Петар Ангеловски - сцено-

граф. За прв пат се додели награда за костимографија на Сотир Наумовски, како и за најдобра претстава во целина.

Треба да се спомене и неговиот ангажман во реализирање текстови од посовремената драматургија „Копнеж од брестовите“ О'Нил, „Глувчевата патека“ Гарфош, „Светиот пламен“ од С. Мон. Во првите години (1968), од својата режисерска дејност гостуваше во Драмскиот театар каде ја постави Аристофановата комедија „Мизистрата“. Театарската критика за неговата постановка пишуваше мошне добро, а за Театарот дека е очигледно на хоризонтот на Драмскиот театар почнува јарко да го зазема своето место една значајна репертоарска димензија. За режисерот Димитар Христов пишува дека успеал на комедијата да и вдахне жизенерадост што го мачеше и некогашното елинско општество , војна и мир.

Се сеќавам како вчера да беше, беа гости на ручек во мојот дом заедно со костимографката од Љубљана, Бартлова. Младо црнооко момче, полно со жар и енергија, остар и прецизен во разговорот за убавите и особено и за лошите особини кај луѓето. Аскетски ја исполнуваше својата работа и во работната дисциплина се гледаше покрај другото и цврстото етичко начело кое никогаш не го изневеруваше. А без кое, по сеж се чини е невозможно со исправен 'рбет да се помине низ театарската џунгла.

Неговата работна дисциплина му помагаше и беше плодоносна, инаку своите најдобри режии не би можел да ги оствари. Остана самотник до крајот од животот. Беше болен, но на нозе. Често проаѓаше во нашата улица, со сладолед во рацете, како затечен ќе ми речеше не кажувај на докторката (ќерка ми) дека си ме видел со корнет и сладолед во рацете. Потоа ми се изгуби од очите. Потпрашав негови комшии - ми рекоа дека го нашле умрен во станот.

Од 1968 година замина во Телевизијата во која има над 800 часови програма, во културниот, образовниот, документарниот и информативниот сектор. На телевизијата дебитирал со ТВ драмата „Крстопат“ од Лазо Каровски (1967), а потоа режирал драми, театарски претстави, опери, ТВ серии за деца „Волшебниот воз“, „Чавката Славка“ (35 епизоди), „Скриениот прозорец“, „Илустриран ТВ речник“, „Девојката на Марко“... Во Радио Скопје има околу сто режии. На Театарскиот фестивал „Војдан Черноодрински во Прилеп учествувал со претставите „Разбојници“, Битола, „Резервист“ Прилеп, „Отело“, „Агамненон“, „Електра“ Битола, „Електра“ и „Млади синови“, НТ Куманово, и „Воообразен болен“ Штип. На „Охридско лето“ со осум претстави, на Фестивалот на детето во Шибеник со две претстави, на „Класиката на југословенска сцена“ Лесковац, три пати.

Автор е на монографијата „Развитокот на театарскиот живот во Битола 1897-1964“, „Станиславски и художествениците - валери и акценти“, „Античкиот театар - Египет-Грција-Рим“, „Црквено-литургиски европски театар“, „Ренесансниот театар - комеди Франсез“, „Театарскиот мониризам и мисла во барокот, реформацијата и романтизмот“, „Антона реализам, натурализам во театарот, симболисти... Направил повеќе вечери на поезијата, приредби, избор на монолози, монодрами... Остварил околу 80 драмски претстави. Добитник е на наградите за најдобра режија на Театарскиот фестивал „В. Ченродрински“ за претставите „Разбојници“ од Шилер и „Резервист“ - Ривемал.

Р.С.



КИРИЛ ЗДРАВЕСКИ
(1942, Прилеп - 2010, Струмица)

Во Народниот театар „Антон Панов“ Струмица е од 1965 година, со професионална театарска дејност се занимава од 1962 година. Настапувал низ повеќе од 120 улоги. Од новинарот во „Покојник“ во далечната 1959 година има остварено бројни улоги кои уште долго ќе се паметат. Како негов креативен врв треба да се посочат улогите во „Смртта на Тарлекин“ (Расплуев) со Дедо Адам во „Векутума века или житие Адамово“ за кој во 1973 година, два пати едно по друго ја добил наградата за најдобра машка улога на Театарските игри „В. Чернодрински“. Но, не треба да се забораваат и неговите улоги во претставите „Тутунски пат“,, „Сите мои синови“, „Шентфлар и јонската долина“, „Хамлет од Долно Гаштани“, „Лет во место“, „Големиот смок“, „Сенката“, „Пуста земја“, „Пат за Лихнидос“, „Магла“, „Пиликатни“, „Галеб“, „Адска машина“, „Електра“, „Бумеранг“, „Кројач за дами“, „Големата награда“, „Женидба“, „Непријател на народот“, „Мојот татко социјалистички кулак“ и многу други.

Негови творечки одлики се природност во гестот и мимиката, смисла за трансформации како и чувство за колективна игра.

Покрај големиот број мошне успешни улоги на сцената, настапувал и во повеќе телевизиски серии и филмови. „Клошари и плакат“, „Сонце на дланка“, „Белото циганче“, „Волшебното самарче“, а во магичниот театар остварил и неколку забележливи режии „Полната птица“„ „Мојот татко социјалистички кулак“ и други. На три наврати бил вршител на должноста директор на НТ „Антон Панов“. Добитник е на повеќе награди, а го добил високото признание за Денот на ослободувањето на Струмица.

Повеќе нема да е со нас актерот кој лесно воспоставувал контакт со публиката, со магична привлечност да ги понесе аудиториумот и со прелест на голем и упорен работник да се искачи во врвовите на македонското глумиште.

Р.С

ПЕТАР СТОЈКОВСКИ - БАБЕЦ
(1931, Битола - 2010 Битола)

Артист во народниот театар Битола. Со професионална актерска дејност се занимава од 1953 година. Освен со глума и режија особено претстави за деца, неговиот талент најповеќе доаѓа до израз во комедиографскиот жанр. Комичарите секогаш биле во сенка на трагичарите, ги сметале за артисти од втор ред. Меѓутоа, Бабец ги демонстрираше со своите различити креации и широкиот дијапазон на глумата бидејќи беше актер со врвни можности кои подеднакво може да настапува во сите родови на драмата. Повеќе од четири децении е присутен на театарската сцена „свежа, полетна и инспиративна игра... Во што публиката и критиката ја прима со задоволство. Негови позначајни актерски остварувања се насловните улоги во „Вук Бубало“ од Бранко Чопиќ и „Швејк во Втората светска војна“, како и Помет во „Дундо Марое“, Жан во „Мистер долар“, Вујко Васа во „Г-ѓа министерка“. Со голема студиоз-

ност и сигурна игра се покажува во делата на Иљовски, Владимир Костов, Петре М. Андреевски... „Забележливи резултати постигна и во претставите „Татови“, „Ужалена фамилија“, „На сила лекар“, „Севилски бербер“, „Свечена вечера во погребалното претпријатие“ и „Натемаго на Филозофовскиот факултет“ од Иво Брешан, „Маратонците го трчаат почесниот круг“ од Душан Ковачевиќ и други.

И по 1984 година, кога заминува во пензија продолжува да настапува, не се повлече од сцената. Во тој период значајни се неговите остварувања во „Патувачкиот театар Шопаловиќ“ (во насловна улога) од Љубомир Симовиќ.Во „Бегалка“ во едно посовремено нејзино звучење го толкуваше ликот на Трендо и во неколку водвиљи на Фејдо „Одам на лов“, „Ти си на ред“. Една до неговите познати улоги е и онаа во „Последните селани“ од Петре М. Андреевски.

Три пати е наградуван со наградата на градот Битола, „4 Ноември“, како награда на Здружението на драмските уметници на Македонија на фестивалот „Месс“ во Сараево, ја доби специјалната награда на публиката „за најдолг аплауз“, исто таква награда доби и на Фестивалот „В. Чернодрински“. Кон наведените признанија да го наведеме и последното крунско признание наградата на Театарскиот фестивал во Прилеп за животно дело. Во богатиот креативен опус на Петар Стојковски влегуваат и поголем број постановки наменети за деца.

Замина Петар Стојковски-Бабецот на далечен пат од кој нема враќање. Ја остави својата публика. Не би рекол. Во срцата на неговата публика ќе остане за секогаш, актерот кој во изминатите години им ги топлеше и срцата и душата со неговото врвно актерско мајсторство кое знаеше да им ги отргне мислите од секои од нивните проблеми, да ги засмее, да ги оразположи, да ги збогати, да им подари дел од себе.

Р.С.



МИЛЕ ПОПОСКИ
(1922, Прилеп - 2009, Скопје)

Современ македонски писател. Завршил Филозофски факултет. Автор е на неколку збирки хумористични раскази. Неговиот интерес е драматургијата. Негови пиеси се играни низ театрите во Македонија „Триста коли трње“, „Ученици на ѓаволот“, „Глувци оро водат“, „Солунските патрдии“, „Викенд на мртовци“, како и радио драмите „Домашна задача“ и „Луѓе и пци“ и други. Поповски се занимава уште и со преведување на уметничка литература, лектура и друго. Живото и ненаметливо опсервирање, гипката реченица, богатиот колоритен јазик се достоинствено на неговите комедии. Никој од нив имаа голем успех особено „Солунските патрдии“ кои доживеаја над 300 изведби. Доби и награда за најдобар текст на Театарскиот фестивал „Војдан Чернодрински“ во Прилеп. Истата награда ја добил и за претставата „Триста коли трње“ во 1966 година. Повеќето негови текстови се преведени и на јазиците на народностите кај нас како и на бугарски и украински. Големи бранувања и возбуди донесе и „Викенд на мртовци“ кој покрај сценска верзија доживеа и екранизација.

Р.С.

ДИМИТАР ЗОЗИ

Последниот театарски боем

Починал на 26 септември 2010

Еден од најголемите театарски боеми - актерот Димитар Зози почина на 58-годишна возраст. Актерот што колегите го познаваа како човек кој целосно и беше посветен на актерската професија, ја заврши Високата музичка школа во Скопје, отсек за драмски актери во класата на професорот Илија Џувалековски, а само една година по завршувањето на школата, во 1977, се вработи во Драмскиот театар

Во почетокот на кариерата остави печат во остварувања наменети за деца, („Чук, чук Стојанче"). Во проектите на вечерната сцена овој актер се наметна со својот несомнен талент, со смислата за живи опсервации, со моќната сценична појава и со изострено чувство за лично боење на текстот. Остави незаборавни остварувања во претставите „Хамлет", „Непокор", „Чудото на Св. Ѓорѓија", „Карамазови", „Од првиот здив", „Ревизор" и др. Како една од неговите најдобри улоги се спомнува неговата креација во монодрамата „Дневникот на лудиот", а го паметиме и по неговите филмски улоги во филмовите: „Македонски дел од пеколот", „Јад", „Тајната книга", „Пресуда". За својата креативност Зози ја доби и Републичката награда на аматерски смотри.

Р.С

РАДМИЛА ЗЛАТКОВИЌ

Радмила Златковиќ, (10 мај 1925 – 29 април 2010) своите почетоци како актерка ги остварува во својот роден град Ниш. Во театарот ја воведува нејзиниот постар брат Војислав Златковиќ(Милојковиќ), кој во кралска Југославија глуми во разни патувачки театри меѓу кои и во „Боеми" на Петре Прличко како и во трупата на Димче Трајковски. Својата предана работа како актерка во Р.Македонија ја започнува во Охридскиот театар каде што како актерка професионално работи во периодот од 1951 -1952 година.

Во Народниот театар во Прилеп доаѓа во сезоната 1955-1956 година. Оттогаш се сели во разни театри во Македонија така што во периодот 1957 – 1959 работи во Народниот театар во Кочани, а од 1959-1961 во Градскиот театар во (Титов) Велес.

Својата кариера како актерка ја завршува во Народниот театар во Куманово каде што работи од 1962 – 1965 за потоа да помине во Младинско – драмскиот театар во Скопје каде што до пензионирањето работи како суфлерка.

Како актерка има остварено бројни и разновидни улоги меѓу кои се Тетка Савка во „Госпоѓа Министерка", Цица во „Луѓе", Таа во „Дали оттука поминал млад човек", Леди Милфорд во „Интрига и љубов", Г-ѓа Драга во „Др", Фјокла во „Женидба", Дока во „Зона Замфирова", Кручинина во „Без вина виновни", Бела во „Длабоки корени", „Анѓа во „Сомнително лице", и други.

Р.Б.

Иван Ивановски

БРИЛИЈАНТЕН ТВОРЕЧКИ ДУХ

(По повод смртта на еминентниот бугарски режисер Крикор Азарјан, кој на сцената на Народниот театар во Битола реализира постановки од антологиско значење)

Крикор Азарјан

Од ослободувањето до денес во Македонија гостувале повеќемина режисери што се наоѓаат на самиот врв на бугарската современа театарска режисерска уметност (Бојан Дановски, Вили Цанков во скопскиот Драмски театар, Александар Морфов и Иван Допчев во МНТ, Красимир Спасов во битолскиот театар и во театарот во населбата „Карпош", Боњо Лунгов во Театарот за деца и млади во Скопје). Овие и уште некои други бриљантни мајстори на театарската режија со своите капитални постановки, освен во својата земја, се прославија и на гостувањата во најголемите светски театарски метрополи во Источна и Западна Европа, во Америка и Канада, во Австралија и Азија... На пиедесталот во таа голема плејада на врвни режисерски творци од соседна Бугарија, едно од челните места несомнено му припаѓа на режисерот и педагог Крикор Азарјан (Пловдив 1934 – Софија 2009 г.). Неговата смрт по подолга болест во предвечерието на Новата година, т.е. кон крајот на декември 2009г., е секако повод, макар во еден најлапидарен облик, да се навратам на неговите незаборавни гостувања во градот под Пелистер, на чија сцена со голем успех единствено гостуваше кај нас - во Македонија.

Крикор Азарјан, по потекло Ерменец, е роден во Пловдив пред 75 г., а на софиската Театарска академија се запиша во нешто "постари" години, т.е. неколку години подоцна од пријателите на неговата генерација од гимназијата. Пред тоа, се занимаваше со повеќе професии, а работеше и како физички работник. Сето тоа му беше од огромна корист и му помогна, т.е. му овозможи да го запознае вистинското лице на животот, да навлезе во сите тајни на суровото секојдневие, полесно да излезе на крај со најсложените проблеми во театарската практика. Првиот ангажман како тукушто дипломиран режисер го доби во родниот град, т.е. Драматичен театар „Николај Масалитинов".

...Меѓутоа, поради неговиот буен карактер и немирен темперамент, кој постојано трагаше по

нешто ново, актуелно, свежо и автентично, а најмногу поради конфликтите што сé почесто се појавуваа меѓу младите творци и Управата на театарот, која, се имаше впечаток како да се исплаши од енергијата на актерите кои незапирливо доаѓаа и донесуваа едно ново и поинакво гледање на театарот, дојде до неизбежната разделба со театарот на неговата младост, што не беше ни толку лесна ни толку едноставна... Заедно со дел од актерите на театарот, побара и најде ангажман во Драматичниот театар „Константин Величков" од Пазарџик, што овозможи, овој пред тоа не толку познат и голем град и театарски центар, да стане најголемо средиште на театарските збиднувања и доживувања. Трите години поминати во пловдивскиот театар (од 1966 до1969 г.) и годините сврзани за развојот и афирмацијата на драмскиот ансамбл во Пазарџик кон крајот на 70 –те години на минатото столетие, на чија сцена како гостин оствари поголем број постановки, и за него и за бугарскиот театар воопшто, можат и треба да се сметаат од пресудно значење, бидејќи тогаш се раѓаа новите театарски тенденции во Бугарија, задуваа "нови ветрови", зашто во тој период најдобрите актерски сили од средната генерација го постигна својот најголем врв.....

...Инаку, во софискиот Воен театар, во кој се задржа најдолго време и му стана матичен театар, ги реализира, можеби, своите најдобри режии и се експонира во полн замав, што не значи дека и на гостувањата во другите софиски театри и театрите надвор од главниот град на Бугарија, немаше реализации кои не беа оценувани мошне високо и од публиката и од тековната критика....

Како постојано вработен се најде и на пултот на националниот театар „Иван Вазов" во Софија, за оттука да премине во еден друг скорооснован софиски театарски ансамбл – „Театар 199", станувајќи негов уметнички раководител. Следна негова фаза беше вработувањето во софискиот Сатиричен театар, за одново да му се врати на Воениот театар и да остане во него до крајот на животот. Во театарот на сатирата замина бидејќи во таа средина можеше да се чувствува послободен во работата, а таа слобода и тој истражувачки дух не помалку ги имаше и во Воениот театар, кој долго години беше водечки во Софија, како што претходно таа позиција ја имаше Сатиричниот театар...Каде и да се наоѓаше на работа, се бореше против козметичките промени во театарот, против сето она што анахроно, ефемерно, закостенето, стереотипно, конвенционално. Едноствно, имаше желба и потреба да работи со изведувачки состави кои се во добра кндиција, кои можат да овозможат добра организација, ред и дисциплина, кои можат да овозможат вистинска творечка атмосфера..А таков своевремено беше Сатиричниот театар и со години на ред Воениот театар...

...Некаде кон крајот на минатиот миленум, а и подоцна, што е период на вистинско созевање на Крикор Азарјан во еден од водечките режисери во Бугарија, овој реномиран режисер реализира неколку значајни гостувања во поранешна Југославија, потоа во Русија, Полска и тн. Во угледното Југослеовенско драмско позориште во Белград во 1980 г. со голем успех го режираше најновиот драмски текст на истакнатиот современ драмски писател, денес класик на бугарската драматргија – Јордан Радичков „Јануари", игран пред повеќе сезони и во МНТ. Тогаш, виспреното критичарско перо на Јован Ќирилов во белградска „Политика" имаше само комплименти за полнокрвната и свежа режија на Азарјан на спомнатото драмско дело на Радичков во Белград....

Една година подоцна (1981), Крикор Азарјан реализира постановка на драмско дело на истиот автор (Радичков), овојпат на гостување во Полска. Станува збор за пиесата „Обид за летање". И ова гостување во Варшава го привлече вниманието на публиката и на стручната театарска критика....

Не изостанаа гостувања ни во поранешниот Советски Сојуз, меѓу кои и во Москва, каде што гостуваше со постановката на Бекетовата пиеса „Последната лента на Крап". Тоа беше режија која се одликуваше со доста смели сценски решенија, која се издвојуваше со низа продуктивни режисерски замисли и сл.

...Во циклусот гостувања надвор од Бугарија, за Крикор Азарјан од посебно значење претставуваа гостувањата на сцената на Народниот театар во Битола, каде што со задоволство работеше на две дела од светската драмска

класика („Дванаесетта ноќ“ или „Како што сакате“ и „Лоренчато“) и на исто толку наслови од современата американска драмска литература – „Три високи жени“ од Едвард Олби и „Пametењето на водата“ од Шила Стивенсон...

....Инаку, првото гостување на Крикор Азарјан во Македонија, односно во градот под Пелистер – Битола, е реализирано на 8 октомври 1993 г., кога во негова режија беше прикажана премиерата на познатото Шекспирово комедиографско дело „Дванаесетта ноќ“, што претставуваше почеток на една подолгорочна соработка на овој режисер со битолскиот Народен театар. Слободно може да се тврди дека во прашање беше една од култните претстави на битолската професионална драмска сцена, еден од оние проекти што му отвориј широк пат на битолскиот ансамбл за негова поширока афирмација во земјата и во странство. Самиот факт што овој проект се задржа на репертоарот три сезони и што со него реализира некоку гостувања надвор од Македонија, доволно убедливо говори за една вонсериска сценска реализација, за еден маркантен сценски резултат, за едно вистинско театарско доживување.Оваа мошне впечатлива, ефектна, амбициозно работена изведба, Крикор Азарјан ја оствари со ангажирање на една интернационална екипа, во која беа вклучени: Ан Дешантр од Франција, автор на сценографијата, Елена Иванова од Бугарија, чии костими се одликуваа со богата имагинација и поетичност и др. Под сигурната "диригентска" палка на гостинот од Бугарија, актерскиот состав на Народниот театар од Битола не можеше да игра поинаку, освен препородено, полетно, вдахновено (настапија: Валентина Грамосли како Виола, Петар Мирчевски во улогата на Малволио, Соња Михаљова - Оливија и др.).

Неполни две години подоцна (1995 г.) угледниот режисер и педагог од Бугарија – Крикор Азарјан по вторпат се најде на режисерскиот пулт на битолскиот театар. Сега тој, како фестивалска премиера на најпрестижната летна уметничка манифестација во Македонија – „Охридско лето“, во негова преработка, односно адаптација, ја режираше пиесата „Лоренчато“ од класикот на француската литература – Алфред де Мисе. Оваа значајна фестивалска претстава, гостинот од Бугарија ја оствари амбиентално - во природниот амбиент пред црквата „Света Софија“ во Охрид, извлекувајќи го максимумот од ансамблот, од просторот под отворено небо и од она што е екстрат во стариот и поретко игран текст на Мисе.. Карактеристично за постановката на Азарјан беше тоа што неа ја развиваше на два крупни плана - по хоризонтала (платото пред спомнатата црква) и по вертикална линија, со користење на горниот дел на црквата. Беше тоа спектакл во вистинска смисла на зборот, изведба што ги задоволи и најпробирливите вкусови на публиката и онаа во Охрид и онаа на својата матична сцена во Битола. И во оваа сценска реализација, тој се "потпираше"на најдобрите актерски сили на битолската професионална драмска сцена, ангажирајќи ги ,покрај другите, Илко Стефановски, Кирил Ристески к.г., Владимир Талевски, Соња Михајлова и др.

Требаше да се чека да поминат три театарски сезони, па Крикор Азарјан одново да гостува во театарот во градот под Пелистер. Третото по ред негово претставување пред битолската театарска публика беше одбележано со поставување на камерната драма „Три високи жени“ од современиот американски драмски писател Едвард Олби, ангажирајќи го и овојпат "кремот" на женскиот актерски состав на битолскиот театар, т.е. актерското трио Јоана Поповска, Елена Моше и Менка Бојаџиева, остварувајќи со нив изведба со многу рафиниран вкус и со голема театарска култура во секој поглед. И ова остварување на битолскиот Народен театар се најде на репертоарот на неколку значајни интернационални театарски фестивали во земјата и во странство, а на еден од нив (Фестивалот на камерниот театар „Ристо Шишков“ во Струмица, една од трите одлични актерки (Јоана Поповска) ја доби единствената награда на оваа театарска манифестација во градот по Беласица....

.....И наредното, четврто по ред и за жал последно гостување на Крикор Азарјан во Македонија, односно на битолската професионална драмска сцена помина во знакот на презентација на современо драмско дело од камерен карактер. Тоа е пиесата „Пametењето на водата“ од аме-

риканската писателка Шила Стивенсон, која премиерно беше реализирана на 6 октомври 2000 г. Високиот професионализам што овој режисер го презентираше во претходните три гостувања го повтори и сега на најубав можен начин. Со конципирањето на длабоки и сериозни студии, особено оние што им беа доверени на Габриела Петрушевска, Елена Моше и Јулијана Стефановска, режијата на Азарјан оствари повеќедимензионална, компактна и зрела драмска структура, која водеше исклучиво сметка за продлабочувањето на текстот, поради што неговата постановка беше мошне дискретна, одвај забележлива....

..Постоеја повеќе причини зошто гостувањата на Азарјан беа исклучиво ориентирани на битолската сцена. Пред сé, затоа што за овој ансамбл имаше високо мислење и сметаше дека во соработка со него најцелосно може да ги изрази своите режисерски идеи и замисли; затоа што со театарот во Битола постоеја цврсти договори, а не празни зборови и ветувања, како со некои други театри кај нас. Едноставно, затоа што веруваше во виталноста, дисциплинираноста, амбициозноста , што му ја гарантираа посакуваната атмосфера за работа. Со оглед дека го красеше искреност, отвореност во комуникацијата, чесност и во животот и во работатата како педагог и режисер, знаеше да укаже и на некои латентни опасности што можат да го демнат битолскиот театар, впрочем како и сите други репертоарски театри, што се покажа, многу подоцна за апсолутно точно. Кога укажуваше на нив, мислеше пред сé на можната опуштеност, самозадоволството, препуштањето на инерцијата. Сметаше дека театарот е пред сé изненадување, неспокојство, дека тој бара неминовни промени, нови сили, нова крв. Крикор Азарјан беше дециден во размислувањето за тоа дека спокојството е најголемиот непријател на театаската уметност.

А што се однесува до отсуствата на неговите гостувања и на другите драмски сцени во Македонија, нив ги правдаше со слабото здравје и презафатеноста на Софиската тееатарска академија. Не беше од типот на оние режисери што се зафаќаат за сé и сешто, ad-hoc, кој настојува да гостува под пресија и под какви годе услови наметнати од страна на театрите. Се залагаше за цврсти и далекусежни договори, какви што беа оние со битолскиот Народен театар. Тоа ќе рече дека Крикор Азарјан остана докрај доследен на своето кредо – да гостува единствено таму каде што постои вистинска клима за работа, каде што творечката атмосфера е на потребната висина, а Битола беше една од таквите средини во тоа време (крајот на минатиот милениум) и едноставно не можеше да го заобиколи.

Македонски народен театар

СУД

05. 02. 2010

КОЛЕ ЧАШУЛЕ
Режија: ЉУПЧО ЃОРЃИЕВСКИ

Играат:Оливер Митковски - војводата Дамјан, Славиша Каевски - Темелко, Гораст Цветковски - Андон дрварот, Сашко Коцев - Дрен, Борче Начев - даскал Наум и комитата, *Сценограф:* Валентин Светозарев, *Костими*: Благој Мицевски, *Музика*: Марјан Нечак, *Инспициент:* Вукица Александрова, *Светло мајстор:* Илија Тарчуговски, *Тон мајстор:* Александар Петровски, *Суфлер:* Агна Николовска, *Лектор:* Цветанка Недановска

Суд

ТУПАНИЦА ПОЛНА ЉУБОВ

16. 04. 2010

Режија: САНДИ ЛОПИЧИЌ

Според драмскиот текст *Празен град* на Дејан Дуковски, *Либрето:* Дејан Дуковски и Санди Лопичиќ, *Оригинална музика:* Санди Лопичиќ, *Сцена и костим:* Хана Линдес, Играат: Јелена Јованова – Марија, Сенко Велинов - Ѓоре, Гораст Цветковски – Геро, *Музичари:* Џијан Емин, Иван Бејков, Георги Шаревски, Александар Секуловски, Инспициент: Никола Кимов, *Светло:* Дарко Младенковски, ИлијаТарчуговски, *Тон:* Александар Петровски, НенадТрпеновски, *Реквизита:* Страше Доневски

Тупаница полна љубов

СРЕБРЕНА СВАДБА

05. 05. 2010

Режија: SВЕЗДАНА АНГЕЛОВСКА

Според оригиналното дело на Габриел Гарсија Маркес ,,Љубовна расправа против еден седнат маж,, Во улогата на *Грасиела* : Катина Иванова, *Превод од шпански:* Огнена Никуљска, *Адаптација:* Звездана Ангеловска и Катина Иванова, *Дизајн:* Теодора Стојановска, Јасмина Дракул (Студио Дракул), *Светло:* Илија Тарчуговски, Дарко Младеновски, Тон*: Ненад Трпеновски*
Копродукција ,, Македонски народен театар-Скопје,, ,,ПИРАСТРО,, и ,,Мал драмски театар,,

Сребрена свадба

ВИШНОВА ГРАДИНА

Играат: Снежана Коневска Руси – Раневска Љубов Андрејевна, Никола Ристановски – Епиходов Семјон Пантелејевиќ, Јулија Милкова – Ања, Томе Витанов- – Гајев Леонид Андрејевиќ, Сашко Коцев – Лопахин Ермолај Алексејевиќ, Гораст Цветковски –Трофимов Петар Сергејевиц, Кирил Коруновски – Симеонов – Пишчиќ Борис Борисовиќ, Благица Трпковска – Варја, Сашка Димитровска- Дуњаша, Валентин Костадиновски – Јаша, Александар Шехтански – Фирс

Вишнова градина

Македонска Опера и Балет

ИЗГУБЕНА ВЕРБА

30. 06. 2010

Музика: Љубомир Ангелов – Љупа
Кореограф: Саша Ефтимова

Солисти: Мими Поп Алексова, Бобан Ковачевски, Дмитро Чеботар (Украина), Дафина Данилоска, Марија Глигорова, Билјана Басмаџиева, Саша Ефтимова, Игор Веланоски, Трајче Стојковски, Мирослав Митрашиновиќ, Хозе Карлос, Лосада Моралес (Куба)

ДОН КИХОТ

18.12.2009

ЛУДВИГ МИНКУС

Диригент: Саша Николовски - Ѓумар
Кореограф: Виктор Јеременко (Украина)
Асс. кореограф: Т. В. Тодоровска и К. Павлов
Сценограф: Андреј Злобин (Украина)
Костимограф: Гана Ипатиева (Украина)

Солисти: Александра Мијалкова, Мими Поп Алексова, Ивана Коцевска, Бобан Ковачевски, Дмитро Чеботар (Украина)

Дон Кихот

ПЕПЕЛАШКА — 13. 11. 2009

ЏОАКИНО РОСИНИ

Диригент: Бисера Чадловска
Режисер: Урсула Хорнер (Австрија)
Костимограф: Марија Пупучевска
Улоги: Пепелашка - Ирена Кавкалевска, Елена Петрушевска, Дон Рамиро - Дејан Тошев, Никола Стојчевски, Дандини - Драган Ампов, Кристијан Антовски, Дон Мањифико - Невен Силјановски, Клоринда - Катерина Стојановска, Билјана Ѓуровска, Тисбе - Катерина Бошковска, Ирена Крстевска, Марика Поповиќ, Алидоро - Бранислав Поп Георгиевски, Борко Бицовски, Алидорина - Маја Блажевска

ЉУБОВНА НАПИВКА — 9. 05.2010

ГАЕТАНО ДОНИЦЕТИ

Диригент: Саша Николовски - Ѓумар
Режисер: Гордан Драговиќ-Черногорски (Србија)
Сценограф: Марија Ветероска, Костимограф: Љупка Арсовска, Кореограф: Тања Поповиќ (Србија), Асс. режисер: Трајко Јордановски, Асс. кореограф: Олга Панго
Улоги: Неморино - Марко Фрузони (Италија), Адина - Елвира Фатихова (Русија), Белкоре - Горан Начевски, Др. Дулкамара - Владимир Саздовски, Џоанета - Катерина Стојановска

Драмски театар Скопје

ХАМЛЕТ — 16.07.2010 - ФЕСТИВАЛ "ОХРИДСКО ЛЕТО"

ВИЛИЈАМ ШЕКСПИР

Режија: ДЕЈАН ПРОЈКОВСКИ
Превод: Богомил Ѓузел, Музика: Горан Трајкоски, Сценографија: Владо Ѓорески, Костими: Благоја Мицевски, Асистенти на режија: Небојша Јовановиќ и Теа Беговиќ, Сценска борба: Кире Ѓорески, Клавдиј - Бранко Ѓорчев, Хамлет - Дејан Лилиќ, Полониј - Драган Спасов, Хорацио - Филип Трајковиќ, Лаерт - Игор Стојчевски, Розенкранц - Игор Ангелов, Гилденстерн - Никола Ацески, Гертруда - Катерина Коцевска, Офелија - Викторија Степановска, Духот - Лазе Манасковски, Марсел - Александар Ѓеорѓиески, Бернардо - Игор Георгиев, Франциско - Слободан Трендов, Инспициент: Кире Ставревски, Суфлер: Жаклина Цветковска

ДОГОДИНА ВО ИСТО ВРЕМЕ

13.11.2009 - Isabel Bader Theatre, Toronto, Canada

БЕРНАРД СЛЕЈД

Дорис - КАТАРИНА КОЦЕВСКА, Џорџ -БРАНКО ЃОРЧЕВ, Чалмерс - ДЕЈАН ЛИЛИЌ

Костими: Тихомир Спировски, Избор на музика: Катарина Коцевска, Инспициент: Кире Ставревски, Суфлер: Жаклина Цветковска, Светло-мајстор: Игор Георгиев, Тон-мајстор: Димитар Илиоски, Мајстор на сцена: Нури Рушити

Догодина во исто време

ВЕТЕР НИЗ ТОПОЛИТЕ

16.11.2009

ЖЕРАР СИБЕРНИЈАС

Благоја - БЛАГОЈ ЧОРЕВСКИ
Ѓорѓија - ЃОКИЦА ЛУКАРЕВСКИ
Владимир - ДАДИ АНГЕЛОВСКИ
Превод адаптација и режија: КОЛЕ АНГЕЛОВСКИ
Инспициент: Жарко Намичев, Суфлер: Даница Илиева, Светло-мајстор: Кире Бубулевски, Тон-мајстор: Чедомир Младеновски

Ветер низ тополите

ИНТЕРМЕЦО

20.01.2010

САШО ТАСЕВСКИ

РУБЕНС МУРАТОВСКИ
САШО ТАСЕВСКИ
Режија: РОБЕРТ ВЕЉАНОВСКИ
Сценографија и костими: Тихомир Спировски, Музика: Горан Трајковски

СПИНОЗА

01.07.2010 - "СКОПСКО ЛЕТО"

ГОЦЕ СМИЛЕВСКИ

Режија и сценографија: ЗОЈА БУЗАЛКОВСКА
Костимографија: Лира Грабул
Композитор: Оливер Јосифовски
Спиноза - Васил Зафирчев
Јахве - Александар Степанулески
Клара Марија - Дарја Ризова
Клара Марија – старица
Мајката - Катина Иванова
Јохан - Борче Начев
Акробат - Петар Стојановски

Спиноза

2012 - ПОСЛЕДНИТЕ МАКЕДОНЦИ

29.04.2010

Актери: Билјана Беличанец - Алексиќ, Билјана, Драгичевиќ - Пројковска, Трајанка Илиева, Рубенс Муратовски, Зоран Љутков, Игор Ангелов

Автори: Сашо Миленковски, Тихомир Спировски Велика Стојкова - Серафимовска, Марко Коловски, Бојан Трифуновски, Љупчо Маневски, Снежана Балканска, Венко Серафимов

Инспициент: Жарко Намичев, Суфлер: Жаклина Цветковска, Светло - мајстор: Игор Георгиев, Тон - мајстор: Димитар Илиоски

2012 - последните македонци

Турски театар Скопје

ГОСПОЃИЦА ЈУЛИЈА

20.11.2009

АВГУСТ СТРИНДБЕРГ

Режија : АЛЕКСАНДАР ПОПОВСКИ
Сценографија и костимографија: Свен ЈОНКЕ
Асистент на режија : Лука КОРТИНА

Улоги : Госпоѓица Јулија: Сузан АКБЕЛГЕ, Жан: Осман АЛИ, Кристина: Несрин ТАИР, Грофот: Салаетин БИЛАЛ
Инспициент: Рамадан ИБРАХИМ, Суфлер : Фејхан АХМЕТ, Координатор: Џанан АЛИ – ЏУМКАР, Шеф на сцена: Скендер ДАЦИ, Декоратери: Мехмет ИСМАИЛ, Суат РАХМАН, Џенгиз ХАЛИЛ, Зекирија АБДИ, Сами ЈАКУПИ, Џелал ЛУЖА, Африм РУСТЕМИ, Изработка на декор: Дилавер РАХМАН, Нури ИСМАИЛ, Тон : Фахредин БУШИ, Светло: Орхан МЕХМЕТ, Изведба на костими: Керим ЕТЕМИ, Хулја РУСТЕМИ, Гардероба: Муаља САЛИХИ, Атиџе ДЕМИРИ, Аднан РЕЏЕП, Шминка: Авди БИЛАЛ, Нора ПИТАРКА, Реквизита: Танкут ИБРАХИМ, Исни ВИЛА



Сузана Акбелге во "Госпоѓица Јулија"

ШЕЌЕРНА ПРИКАЗНА

02.04.2010

СЛАВКО ЈАНЕВСКИ

Сцена од "Шеќерна приказна"

Режија : КОЛЕ АНГЕЛОВСКИ
Сценографија, костимографија, дизајн на плакат : Илина АНГЕЛОВСКА
Музика : Љубчо МИРКОВСКИ
Изработка на кукли : Кирил ВАСИЛЕВ, Енес ДЕАРИ
Улоги: Зубејде СЕЛИМОВСКА , Наџи ШАБАН, Ердоан МАКСУТ, Зиба РАДОНЧИЌ, Фунда ИБРАХИМ, Џенап САМЕТ, Селпин КЕРИМ, Неат АЛИ, Аксел МЕХМЕТ
Инспициент : Рамадан ИБРАХИМ, Суфлер : Фејхан АХМЕТ, Координатор : Џанан АЛИ – ЏУМКАР, Технички директор: дипл.инг.арх. Стојан МИХАЈЛОВ, Шеф на сцена: СкендерДАЦИ, Декоратери: Суад РАХМАН, Џенгиз ХАЛИЛ, Зекирја АБДИ,Африм РУСТЕМИ, Сами ЈАКУПИ, Џелал ЉУЖА, Мемед ИСМАИЛ, Тон: Фахредин БУШИ, Светло: Орхан МЕХМЕД, Реквизита: Танкут ИБРАИМ, Исни ВИЉА, Гардероба: Муаља САЛИХУ, Аднан РЕЏЕП, Шминка: Авди БИЛАЛ, Нора ПИТАРКА, Сликоизведувач: Енес ДЕАРИ, Изработка на декор: Дилавер РАХМАН, Исмаил НУРИ, Изработка на костими: Керим ЕТЕМИ, Хилија РУСТЕМИ, Изработка на браварски работи: Џемаил МАНДАЛ

Театар за деца и младинци

БЕСКРАЈНИ СОНИШТА

25.03.2010

Бескрајни соништа

Режија: БОЊО ЛУНГОВ
Автор на кукли и сценографија: Боњо Лунгов
Либрето по мотивите од песната ,,Јас ве љубев,, од А.С. Пушкин
Ас. на режија и костимографија: Маја Енчева, Превод и препев: Томислав Османли, Ас. на режија, избор на музика, мултимедија и кореографија: Константин Каракостов, Избор и изработка на, Народни носии во претставата: Љубица Велкова, Изработка на кукли и реквизита: Кирил Василев, Уметничко осветлување: Оливер Ставрев, Тон мајстор: Ангеле Насковски, Учествуваат по азбучен ред: Ана Левајковиќ, Винета Дамческа, Катарина Илиевска, Марија Ѓорѓијовска, Тања Кочовска, Владимир Лазовски, Драган Довлев, Предраг Павловски, Инспициент: Ѓуро Дракулоски

МАЛАТА СИРЕНА

16.01.2010

РУСОМИР БОГДАНОВСКИ

Режија: Деан Дамјановски
Сценографија: Љубомир Чадиковски, Костимографија: Александар Ношпал, Музика: Љупчо Мирковски, Кореографија: Сања Шутевска, Лектор: Јелица Инадевска
Учествуваат: Малата Сирена - Винета Дамческа, Принцот - Ефтим Трајчов, Морскиот лав Андерсен - Владимир Лазовски, Кралот на морето - Предраг Павловски, Златниот крал - Драган Довлев, Морската самовила/Златната кралица - Зорица Стојановска, Морската вештерка/Сребрената принцеза - Катарина Илиевска , Октоподот Кутричок - Марија Ѓорѓиовска, Големата Сирена - Ана Левајковиќ
Инспициент: Ѓуро Дракулоски

Малата сирена

Народен театар Битола

КАЛЕШ АНЃА ДЕ́ФИНИТИВНО

16.07.2009

КАТЕРИНА МОМИРОВА
Режија: ДРАГАНА ПОПОВА

Режија на сценско движење: Васил Зафирчев
Музика: Марјан Неќак
Сценографија: Драган Анѓелковиќ
Костимографија: Благој Мицевски
Играат: Илина Чоревски, Никола Пројчевски, Соња Михајлова, Петар Горко, Огнен Дранговски, Илко Стефаноски, Јулијана Мирчевска, Филип Мирчевски, Кристина Христова Николова, Маја Андоновска, Марјан Ѓеорѓиевски



ПИНОКИО И ДЕДО МРАЗ

26.12.2009

КАРЛО ГОЛДОНИ
Аааптација и режија: ЉУПЧО ЃОРГИЕВСКИ

Играат: Валентина Грамосли, Елена Моше, Јулијана Стефановска, Сашо Огненовски, Душко Јовановиќ, Слободан Стефановски, Габриела Петрушевска, Мартин Мирчевски

ГОТВЕЈЌИ ГО ШЕКСПИР

07.08.2010

Режија: МАРТИН МИРЧЕВСКИ

(копродукција на НУ Народен театар Битола со детски театар Бабец)
Костими и сцена: Благој Мицевски, Музика: Марјан Неќак, Играат: Валентина Грамоски, Маријан Ѓорѓиевски, Светло: Димче Спасевски



ПОКОЈНИК

22.04.2010

БРАНИСЛАВ НУШИЌ

Режија: ЉУПЧО ЃОРГИЕВСКИ

Сценографија: Драган Анѓелковиќ
Костимографија: Благој Мицевски
Музика: Марјан Неќак
Светло дизајн: Илија Димовски
Играат: Петар Горко, Иван Јерчиќ, Петар Мирчевски, Слободан Степаноски, Мартин Мирчевски, Борис Чоревски, Никола Пројчевски, Васко Мавровски, Соња Михајлова, Огнен Дранговски, Сашо Огненовски, Габриела Петрушевска, Илина Чоревска, Душко Јовановиќ, Јулијана Стефанова, Маја Андоновска



ГРАДИНАТА

15.08.2010

ЕДВАРД ОЛБИ

Режија: ЈОВАН РИСТЕВСКИ

Костимографија: Благој Мицевски
Избор на музика: Јован Ристовски
Музички соработник: Марјан Неќак
Светло дизајн: Димче Спасевски
Играат: Габриела Петрушевска, Васко Мавровски, Гораст Цветковски, Јулијана Мирчевска, Филип Мирчевски, Александра Кочовска, Никола Пројчевски, Петар Спировски, Елена Моше, Соња Ошавковка, Јулијана Стефанова, Катерина Аневска

РЕВИЗОР

2009

Адаптација и Режија: МАРТИН МИРЧЕВСКИ

Сценографија: Драган Анѓелковиќ
Костимографија: Благој Мицевски
Музика: Миодраг Нечак
Светло: Димче Спасевски
Играат: Филип Мирчевски, Петар Мирчевски, Валентина Громосли, Маја Андоновска, Марјан Ѓорѓиевски, Иван Јерчиќ, Васко Мавровски, Елена Моше, Никола Пројчевски



НУЦК"Марко Цепенков" - Прилеп
Театар "Војдан Чернодрински"

КАВКАСКИОТ КРУГ СО КРЕДА

30. 04. 2010

БЕРТОЛТ БРЕХТ
Режија: МАРТИН КОЧОВСКИ

Превод: Благоја Ивчески, Драматург: Владимир Ѓорѓијоски, Сценографија: Јулијана Војкова - Најман/ Филип Јовановски, Костимографија:Јулијана Војкова - Најман, Музика: Фолтин (Бранислав Николов, Пеце Трајковски, Гоце Јовановски), Дизајн на плакат: Филип Јовановски, Светло: Ристо Гркоски, Инспициент: Валентина Пирганоска, Суфлер: Лилјана Батлеска, Играат: Димитар Ѓорѓиевски, Владимир Ѓорѓијоски, Зоран Иваноски, Андон Јованоски - Аша, Јасмина Мицовска- Станкоска, Никола Настоски, Наташа Наумоска, Милан Секулоски, Марија Спиркоска-Илијеска, Александар Степанулески, Даниела Стојковска, Александар Тодески, Игор Трпче, Димитар Црцороски, Виолета Чакарова, Катерина Чакмакоска

Кавкаскиот круг со креда

МАЛИОТ ПРИНЦ

29.11.2009

АНТОАН ДЕ СЕНТ ЕГЗИПЕРИ
Режија: КИРИЛ ПЕТРЕСКИ

Сценографија: Олгица Антовска,
Костими: Даниела Настоска
Играат : Бобан Алексоски, Најдо Тодески, Ивана Атанасоска, Димитар Црцороски, Александар Тодески, Јасмина Мицовска Станкоска, Наташа Наумоска, Владимир Ѓорѓијоски

Малиот принц

АНТИЦА, битова музичка драма

8 И 9.10.2010

РИСТО КРЛЕ
Режија: БРАНКО БРЕЗОВЕЦ

Музика: Марјан Неќак, Кореографија: Кире Миладиноски. Играат: Викторија Степановска, Милан Секулоски, Марија Спиркоска - Илијески, Сузана Брезовец, Андон Јованоски, Трајче Иваноски, Најдо Тодески, Виолета Чакарова, Игор Трпчески, Марјан Чакмакоски, Димко Вандески, Александар Степанулески, Наташа Наумоска, Катерина Чакмакоска, Димитрина Мицкоска, Владимир Ѓорѓијоски, Димитар Ѓорѓиевски, Александар Тодески, Зоран Иваноски, Димитар Црцороски и Никола Настоски



Антица

Народен театар Штип

АДВОКАТОТ ПАТЛЕН

21.04.2010

Француска фарса од непознат автор од XV век
Режија: НЕНАД ВИТАНОВ

Испитна претстава на завршна година(III година) на основни студии
(Bashelor) по театарска режија на ФДУ – Цетиње, Црна Гора во класата на проф.Радмила Војводиќ и асистент Петар Пејаковиќ
Улоги: Патлен-Владимир Тулиев, Гијмета-Јорданка Тодорова, Гијом-Миле Вратеовски , Тибо-Јордан Витанов, Судија-Кирил Гравчев
Превод: Ивана Дуковска

Адвокатот Патлен

БАЛКАНОТ НЕ Е МРТОВ

18.04.2010

ДЕЈАН ДУКОВСКИ

Режија, сцена и избор на музика: СТОЈАН СТОЈАНОВСКИ, Костимографија: Елена Дончева
Ликовно обликување: Боро Матевски
Улоги: Цвета-Кристина Атанасова Арсова, Осман-Миле Вратеовски, Спасе-Јордан Витанов, Расим-Влатко Тулиев, Дуко-Ефтим Трајчов, Валијата-Суад Беговски, Крстана-Јорданка Тодорова, Петкана-Елица Арева , Кемал Ататурк-Пеце Ристевски, Елени Каринте-Валентина Ѓеоргиевска, Икономо-Суад Беговски, Ефтим-Лазар Атанасов, Едис-Рујиш Беговска, Трајан-Стојан Арев, Ристо-Миланчо Ѓеоргиев Роне, Богдан-Стојан Арев, Благуна-Елица Арева, Попот-Стојан Арев, Овчарот-Виктор Арев, Прв турчин-Милорад Ангелов, Втор турчин-Виктор Арев, Прв стражар-Милорад Ангелов, Втор стражар-Виктор Арев

Балканот не е мртов

ЉУБОВНИКОТ СО ГОЛЕМ СТИЛ

5.06.2010

РЕЈ КУНИ

Режија, сцена и избор на музика: СТОЈАН СТОЈАНОВСКИ, Костимографија: Елена Дончева, Ликовно обликување: Боро Матевски
Улоги: Цвета-Кристина Атанасова Арсова, Осман-Миле Вратеовски, Спасе-Јордан Витанов, Расим-Влатко Тулиев, Дуко-Ефтим Трајчов, Валијата-Суад Беговски, Крстана-Јорданка Тодорова, Петкана-Елица Арева , Кемал Ататурк-Пеце Ристевски, Елени Каринте-Валентина Ѓеоргиевска, Икономо-Суад Беговски, Ефтим-Лазар Атанасов, Едис-Рујиш Беговска, Трајан-Стојан Арев, Ристо-Миланчо Ѓеоргиев Роне, Богдан-Стојан Арев, Благуна-Елица Арева, Попот-Стојан Арев, Овчарот-Виктор Арев, Прв турчин-Милорад Ангелов, Втор турчин-Виктор Арев, Прв стражар-Милорад Ангелов, Втор стражар-Виктор Арев



Љубовникот со голем стил

Јордан Х. К. Џинот
Велес

ЖЕНИ

07.11.2009

Режија и сценографија: СОФИЈА РИСТЕВСКА

Превод и драматизација: Софија Ристевска
Улоги: Маја Љутков, Кети Борисовска, Весна Димитровска, Славица Манаскова
Костими:Софија Ристевска, Маја Љутков, Кети Борисовска, Весна Димитровска и Славица Манаскова, Избор на музика: Илија Тирицовски, Лазо Теов и Софија Ристевска, Дизајн на видео: Филип Јовановски, Камера и монтажа: Данчо Стефков, Кореографија, Кире Миладиноски, Инспициент: Славиша Ѓеорѓиев, Светло Мајстор: Маријан Тодоровски, Тон Мајстор: Лазо Теов, Гардероба: Јулијана Ангеловска, Шеф на Сцена: Дејан Трипуновски, Реквизитер: Спасе Петрушев, Сценска Техника: Игор Гаврилов, Дејан Крстевски, Никола Пауновски, Ѓоре Павлов, Плакат и програмче: Данчо Стефков

Жени

БЕЛЕГ ОД ЧОВЕЧКИ ЗАБИ

27.11.2009

МИРЈАНА ОЈДАНИЌ
Режија: НЕНАД ВИТАНОВ

Улоги: Зорица П. Панчиќ, Кица Ивковска Велјановска, Костими: Марија Николовска, Дизајн на видео: Данчо Стефков, Инспициент: Никола Подлешки, Организатор; Славиша Ѓеорѓиев, Светло Мајстор: Маријан Тодоровски, Тон Мајстор: Лазо Теов, Гардероба: Јулијана Ангеловска, Шеф на сцена: Дејан Трипуновски, Реквизитер: Спасе Петрушев, Сценска Техника: Игор Гаврилов, Дејан Крстевски, Никола Пауновски, Ѓоре Павлов, Плакат и програмче: Данчо Стефков, Ана Лазаревска

Белег од човечки заби

БАХАНАЛИИ

27.03.2010

Автор: Горан Стефановски
Режија: Наташа Поплавска
Кореографија: Олга Панго, Дизајн на сцена и видео: Емил Петров, Музика: Џенгиз Ибрахим
Костимографија: Александар Ношпал, Фотографија за плакат и програмче: Доријан Миловановиќ
Улоги: Васил Зафирчев, Маја Љутков, Роберт Ристов, Кица Ивковска Велјановска, Кети Борисовска, Самоил Стојановски, Зорица П. Панчиќ, Слободанка Чичевска, Весна Димитровска, Едмонд Сотир, Славица Манаскова, Инспициент: Славиша Ѓеорѓиев, Светло Мајстор: Маријан Тодоровски, Тон Мајстор: Лазо Теов, Гардероба - Јулијана Ангеловска, Шеф на сцена: Дејан Трипуновски, Реквизитер: Спасе Петрушев, Сценска Техника: Игор Гаврилов, Дејан Крстевски, Никола Пауновски, Ѓоре Павлов, Плакат и програмче: Емил Петров, Видео и фотографија : Данчо Стефков, Уметнички директор: Васил Зафирчев, Директор: Јордан Витанов

Баханалии

НУКЦ "Антон Панов" Струмица

ЦРВЕНА МАГИЈА

02.09.2010

МИШЕЛ ДЕ ГЕЛДЕРОД
Режија: ВЛАДИМИР МИЛЧИН
Сценографија: Крсте Џидров, Костимографија: Марија Пупучевска, Композитор: Марјан Неќак, Превел: Владимир Милчин
Улоги: ЈЕРОНИМ – Тони Михајловски, СИБИЛА- Анѓелка Арсова, РИЦАРОТ АРМАДОР- Стојан Велков, РОМУЛ – Ванчо Крстевски, МОНАХОТ- Ванчо Мелев, СУДИЈАТА- Томе Ментинов

Некогаш во земјата на Бош и Брејгел

Црвена магија

СЛЕПИ ПТИЦИ

Праизведба: 13.07.2010

Автор: Јани Бојаџи
Режија: Јани Бојаџи
Сценографија: Јани Бојаџи, Костимографија: Ванчо Василев, Композитор: Томе Лазаров, Игор Ангелов
Играат: Игор Ангелов, Бранко Бенинов, Ванчо Василев, Стојан Велков, Јасмина Вучкова, Милка Ганчева, Кире Ѓорѓиев, Зора Ѓорѓиева, Крсте Јовановски, Душко Костов, Ванчо Крстевски, Ѓорѓи Лазаров, Томе Лазаров, Оливера Аризанова Мансбард, Ванчо Мелев, Томе Ментинов, Васил Михајлов, Ален Нанов, Борче Начев, Тинче Ристеска, Игор Тодоров, Симеон Фончев, Кољо Черкезов



Слепи птици

СТРИНДБЕРГ ДОСИЕ

26.12.2009

(по текстови на Аугуст Стриндберг)
Режија: Владо Цветановски

Сценографија: Владо Ѓорески
Костимографија: Благој Мицевски
Композитор: Христо Бојаџиев
Видео дизајн: Андреј Цветановски
Играат: Владо Јовановски, Томе Ментинов, Ален Нанов, Ангелина Тренчева, Ванчо Василев, Стојан Велков, Коста Ангов, Јасмина Вучкова, Кристина Ласовска

Стриндберг досие

НУКЦ "Трајко Прокопиев" Куманово

ПЕЧАЛБАРИ

22.01.2010

АНТОН ПАНОВ
Режија: ДЕЈАН ПРОЈКОВСКИ

Музика: Горан Трајкоски. Сценографија: Владо Ѓорески, Костимографија: Благој Мицевски
Играат: Горан Илиќ, Дубравка Киселички, Сања Арсовска к.г., Кети Дончевска Илиќ, Ивица Димитријевиќ, Драгиша Димитријевски, Димитрија Доксевски к.г. и Музичарите: Филип Стамевски, Игор Зотиќ и Сашко Темелкоски.

Печалбари

НЕ ИГРАЈ НА АНГЛИЧАНИ

16.04.2010

ВЛАДИМИР ЃУРЃЕВИЌ
Режија: КИРИЛ ПЕТРЕСКИ

Сценографија и избор на костими: Бојан Маневски
Играат: Димитрија Доксевски к.г., Ивица Димитријевиќ и Зоран Иваноски к.г.
Превод: Григориј Маркоски

Не играј на англичани

СИЛВИЈА

12.05.2010

А. Р. ГУРНЕЈ
Режија: КИРИЛ ПЕТРЕСКИ

Сценографија и избор на костими: Бојан Маневски
Играат: Димитрија Доксевски к.г., Ивица Димитријевиќ и Зоран Иваноски к.г.
Превод: Григориј Маркоски



Силвија

ДУШИЧКИ

26.06.2010

ЗАГОРКА ПОП АНТОСКА АНДОВСКА
Режија: ЗАГОРКА ПОП АНТОСКА АНДОВСКА

Сценографија: Александар Андовски
Костимографија: Фросина Настевска
Кореографија: Александра Пешевска
Играат: Александра Пешевска, Горан Илиќ, Драгиша Димитријевски, Весна Гаврил к.г. и Едмонд Сотир к.г.

Душички

Албански театар Скопје

НОРВЕШКА ДЕНЕС

09. 03. 2010

ИГОР БАУЕРШИМА
Режија: ЗОЈА БУЗАЛКОВА

Играат: Амернис Јовановска - Нокшиќи и Фисник

Норвешка денес

ПЕР ГИНТ

27 . 05. 2010

ХЕНРИК ИБЗЕН
Режија: СЛОБОДАН УНКОВСКИ
Помошник режисер. Куштрим Бектеши, Асис. на реж.: Ивана Ангеловска и Кристина Димитрова, Сценограф: Миодраг Табачки, Костими: Александар Ношпал, Музика: Јордан Костов, Кореографија: Ѓерѓ Превази
Играат: Пер Гинт: Бајруш Мјаку, Џевдет Јашари и Фисник Зеќири, Илка Мујо, Беќир Нуредини, Амернис Јовановска – Нокшиќи, Албулена Криезиу, Влора Никчи, Мирлинда Саити, Адриан Морина, Флутура Баша, Мирсад Исени, Беким Гури, Илбер Муртези, Зарије Јонузи, Блерим Дардишта, Висар Етеми, Бесарт Зенели, Вјоса Абази, Флутра Зуми...

Пер Гинт

Театарот во Кавадарци "Иван Мазов-Климе"

КАПЕТАНОТ ЏОН ПИПЛФОКС

СЕЗОНА 2010/2011

ДУШАН РАДОВИЌ
Режија: МИЛИЦА ГОЧЕВСКА

Улоги: Диме Коцевски, Данчо Бањански, Милица Гоцевска, Боше Бошев, Блаже Златев, Бобан Илиевски, Благица Ѓорѓиева, Тијана Дукова, Теодора Ѓорѓиева, Елена Маркова, Крсте Трифунов, Ристе Зимовски, Сара Мојсова, Сузана Димова, Драгица Гочевска, Верица Тасева,Ивана Златева, Наталија Илиева, Јана Спасовска и Наталија Славева
Маски: Наташа Трајковска, Мајстор на сцена: Диме Наумчев, Кореографија: Билјана Грозданова, Инспициент: Марјан Тодоровски, Фотографија: Тони Галабов

БОЛВА ВО УВО

02.12.2010

ЖОРЖ ФЕЈДО
Режија: МИТЕ ГРОЗДАНОВ

Улоги: Александар Видиков, Диме Коцевски, Дејан Атанасов, Ѓоко Делов, Данчо Бањански, Љупчо Настов, Бобан Илиевски, Крсте Трифуновски, Васо Ангелов, Коле Колев, Милица Гочевска, Снежана Карова, Благица Ѓорѓиева, Ангела Темелкова.
Суфлери: Тијана Дукова и Сара Мојсова, Музика: Марјан Тодоровски, Кореограф: Билјана Грозданова - Ивановска, балетско студио "Венус", Сценографија: Данчо Бањански, Изработка на декор: Ацо Ставров - Мајсторот, Диме Наумчев, Испициент: Јованка Новевска

ПЕТЛИ

СЕЗОНА 2010/2011

М. ПОПОВСКИ

Режија: МИТЕ ГРОЗДАНОВ
Играат: Милица Гочевска, Мите Грозданов, Александар Видиков
Сценограф: Диме Наумчев
Музика: М. Грозданов и М. Тодоровски
Костими:Милица Гочевска
Организатор: Александар Видиков

Петли

ГОСПОЃА МИНИСТЕРКА

09 . 10. 2010

БРАНИСЛАВ НУШИЌ
Режија: ДУШАН НАУМОВСКИ

Сценографија ;Ристо Соколов и Билјана Соколова, Дизајн на костими:Сузана Димова, Суфлер:Блашко Мелов, Кореографија :Билјана Грозданова Иванова Стојанче Ајтов, Инспициент:Марјан Тодоровски, Мајстор на сцена: Диме Наумчев
Играат: Милица Гочевска, Љупчо Настов, Стефанија Темелковска,Маргарита Карова, Крсте Трифунов,Диме Коцевски, Диме Боцев, Александар Малинков, Костадин Проков, Данчо Бањански, Васо Ангелов, Ацо Видиков, Јана Спасовска, Сузана Димова, Александар Мелов, Дејан Атанасов, Дејан Аврамов, Снежана Карова, Коле Колев, Боби Илиевски, Марјан Шошев, Ангела Темелкова и Драгица Гочевска.

Госпоѓа министерка

Продукција и копродукција на СКОПСКО ЛЕТО 2010

ПАГО СУНО (СКРШЕН СОН)

27.06.2010

Музика: БАЈСА АРИФОВСКА
Кореографија и режија: ЈАГОДА СЛАНЕВА
Играат: Санела Емин, Наташа Николова, Драган Кочоски
Продукција на Скопско лето 2010

Паго суно (Скршен сон)

"3327 (ДЕВЕТТЕ КНИГИ НА НИКОЛА ТЕСЛА)

8.07.2010

Текст, режија, сценографија и видео концепт ЗЛАТКО СЛАВЕНСКИ
Музика: Кокан Димушевски
Видео и аудио креативна реализација: Милчо Узунов (3 - D project Studio)
Учествуваат: Вјолца Бектеши, Славица Галиќ – Петровска, Васко Здравков
Копродукција со Little Brother

"3327 (Деветте книги на Никола Тесла)

ВЛАДИМИР И КОСАРА

23.07.2010

ЗАГОРКА ПОП - АНТОСКА АНДОВСКА (МК)
Режија: СЛОБОДАН МИЛАТОВИЌ (ЦГ)
Драматург и преведувач: Љубомир Џурковиќ (ЦГ)
Композитор: Иван Маровиќ (ЦГ)
Костимографија: Анастазија Мирановиќ (ЦГ)
Сценографија: Слободан Милатовиќ (ЦГ)
Сценски движења: Александра Печевска (МК)
Главен организатор:Драгиша Симовиќ
Улоги: Владимир - Мичо Обрадовиќ (ЦГ)
Косара - Весна Гаврил (МК)
Хор - Ивана Маровиќ, Миливоје Пеќуриќ, Блажо Татар (ЦГ), Солист - Александра Војводиќ (ЦГ)
Ходочасници - Ева Скендеровска, Ана Стојкова Сања Русеска (МК), Стражар - Жарко Димоски (МК)
Копродукција со ЈКП" Центар за култура – Црна Гора и фестивалот "Барски летопис"- Црна Гора



Владимир и Косара

Разговор со Спиноза

Phago Suno (Скршен сон)

Изгубена верба



Деветте книги на Никола Тесла

Владимир и Косара

Премиери на СКОПСКО ЛЕТО 2010